

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И АРХЕОЛОГИЈА



ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

Конзервација и реставрација на археолошки откриени градежни објекти од римскиот период во Република Македонија (третирани од 4. деценија на XX век до 1. деценија на XXI век).

Кандидат:

м-р Миле Велчовски

Ментор:

проф. д-р Никос Чаусидис

С О Д Р Ж И Н А :

Вовед 9

ПРВА ГЛАВА. Термини, методи, основни поими и концепти 14

I. Општи поими и принципи поврзани со заштитата на градителското културно наследство 14

II. Конзервација и реставрација на градежни остатоци 28

ВТОРА ГЛАВА. Базилика Екстра Мурос 44

I. Основни информаци

1. Локација на објектот

2. Тек на истражување на објектот

3. Опис на објектот

4. Досегашни истражувања

II. Претставување на резултатите од истражувањето на објектот

III. Фази на објектот

IV. Резултати и анализи од конзерваторски истражувања

1. Состојба на зачуваност на објектот

V. Оперативни програми за изработка на основен проект за конзервација

1. Технички опис

2. Подготвителни работи

3. Хемиско-биолошки испитувања

4. Оштетувања на објектот

5. Предложени мерки на заштита

6. Конзерваторски интервенции

VI. Заклучни согледувања

ТРЕТА ГЛАВА. Палата на Перистерија_____84

I. Основни информаци

1. Локација на објектот

2. Тек на истражување на објектот

3. Опис на објектот

4. Досегашни истражувања

II. Претставување на резултатите од истражувањето на објектот

III. Фази на објектот

IV. Резултати и анализи од конзерваторски истражувања

2. Состојба на зачуваност на објектот

V. Оперативни програми за изработка на основен проект за конзервација

1. Технички опис

2. Подготвителни работи

3. Хемиско-биолошки испитувања

4. Оштетувања на објектот

5. Предложени мерки на заштита

6. Конзерваторски интервенции

VI. Заклучни согледувања

ЧЕТВРТА ГЛАВА. Резиденцијална градба (Коцкарница)_____120

I. Основни информаци

1. Локација на објектот

2. Тек на истражување на објектот

3. Опис на објектот

4. Досегашни истражувања

II. Претставување на резултатите од истражувањето на објектот

III. Фази на објектот

IV. Резултати и анализи од конзерваторски истражувања

3. Состојба на зачуваност на објектот

V. Оперативни програми за изработка на основен проект за конзервација

1. Технички опис

2. Подготвителни работи

3. Хемиско-биолошки испитувања

4. Оштетувања на објектот

5. Предложени мерки на заштита

6. Конзерваторски интервенции

VI. Заклучни согледувања

ПЕТТА ГЛАВА. Цивилна Базилика 165

I. Основни информаци

1. Локација на објектот

2. Тек на истражување на објектот

3. Опис на објектот

4. Досегашни истражувања

II. Претставување на резултатите од истражувањето на објектот

III. Фази на објектот

IV. Резултати и анализи од конзерваторски истражувања

4. Состојба на зачуваност на објектот

V. Оперативни програми за изработка на основен проект за конзервација

1. Технички опис

2. Подготвителни работи

3. Хемиско-биолошки испитувања

4. Оштетувања на објектот

5. Предложени мерки на заштита

6. Конзерваторски интервенции

VI. Заклучни согледувања

ШЕСТА ГЛАВА. Синагога базилика 194

I. Основни информаци

1. Локација на објектот

2. Тек на истражување на објектот

3. Опис на објектот

4. Досегашни истражувања

II. Претставување на резултатите од истражувањето на објектот

III. Фази на објектот

IV. Резултати и анализи од конзерваторски истражувања

5. Состојба на зачуваност на објектот

V. Оперативни програми за изработка на основен проект за конзервација

1. Технички опис

2. Подготвителни работи

3. Хемиско-биолошки испитувања

4. Оштетувања на објектот

5. Предложени мерки на заштита

6. Конзерваторски интервенции

VI. Заклучни согледувања

СЕДМА ГЛАВА. Виничко Кале - Виница 245

I. Основни информаци

1. Локација на утврдувањето

2. Тек на истражување на утврдувањето

3. Опис на утврдувањето

4. Досегашни истражувања

II. Претставување на резултатите од истражувањето на утврдувањето

1. Вид и обем на истраженост

III. Хронолошки фази на градбите

IV. Досегашни публикации

V. Резултати и анализи од конзерваторски истражувања

1. Зачуваност и состојба на целината

VI. Оперативни програми за изработка на основен проект за конзервација

VII. Конзерваторски интервенции

VIII. Заклучни согледувања

ОСМА ГЛАВА. Црквиште - с. Мородвис_____283

I. Основни информаци

1. Местоположба на локалитетот со комплексот цркви

2. Тек на истражување на комплексот цркви

3. Опис на локалитетот (комплекс - цркви)

II. Претставување на резултатите од истражувањето на археолошкиот комплекс цркви во с. Мородвис

III. Хронолошки фази на локалитетот (комплекс цркви)

IV. Досегашни публикации

V. Досегашни конзерваторски интервенции

VI. Резултати и анализи од конзерваторски истражувања

1. Зачуваност на сакралните градби

VII. Оперативни програми за изработка на основен проект за конзервација и негова реализација

VIII. Заклучни согледувања

ДЕВЕТА ГЛАВА. Исар с. Марвинци - с. Марвинци_____303

I. Основни информаци

1. Локација на акрополата

2. Тек на истражување на акрополата

3. Опис на акрополата

II. Претставување на резултатите од истражувањето на акрополата и дел од нејзината фортификација

1. Вид и обем на истраженост

III. Хронолошки фази на локалитетот

IV. Досегашни публикации

V. Досегашни конзерваторски интервенции

VI. Резултати и анализи од конзерваторски истражувања

1. Зачуваност на објектите и општа состојба на акрополата

VII. Оперативни програми за изработка на основен проект за конзервација

VIII. Заклучни согледувања

ДЕСЕТТА ГЛАВА. Св. Пантелејмон - Борче, с. Никифорово_____338

I. Основни информаци

1. Локација на комплексот цркви

2. Тек на истражување на комплексот цркви

II. Претставување на резултатите од истражувањето на археолошкиот комплекс цркви „Борче“, с.Никифорово

1. Вид и обем на истраженост

III. Хронолошки фази на локалитетот (комплекс цркви)

IV. Досегашни публикации

V. Досегашни конзерваторски интервенции

VI. Резултати и анализи од конзерваторски истражувања

1. Зачуваност на сакралнитеградби

VII. Оперативни програми за изработка на основен проект за конзервација и негова реализација

VIII. Заклучни согледувања

ЕДИНАЕСЕТТА ГЛАВА. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА 351

КРАТЕНКИ 365

БИБЛИОГРАФИЈА 366

ВОВЕД

- Тематски рамки

Тема на овој докторски труд се конзерваторските и реставраторски зафати на градежни објекти од римскиот период откриени на територијата на Република Македонија по пат на археолошки ископувања. Трудот не е замислен како сеопфатна студија на сите вакви зафати од оваа територија туку е фокусиран на неколку конкретни објекти и тоа поради следниве причини: - обемот на граѓата кој би бил преголем дури и за еден докторски труд; недостапноста на соодветна документација поврзана со интервенциите на други објекти кои не се влезени во неговата содржина; - немање непосреден увид во овие активности. Поради овие причини во ова истражување се опфатени оние градби во чија конзервација и реставрација неговиот автор зеде непосредно учество како раководител или соработник или имаше увид врз основа на достапната документација или непосредните консултации со изведувачите на овие зафати. Бидејќи процесот на конзервација и реставрација на овие објекти трае континуирано и денес, рамките на оваа студија мораше да се ограничат и од временски аспект, завршно со првата деценија на XXI век. Почетната точка на овој распон нужно мораше да се ограничи на 4. деценија на XX век што беше диктирано од првите такви документирани интервенции.

За тука претставените заштитни активности е пишувано и до сега, но, во овие трудови не е специјално анализиран самиот заштитен режим во сите негови аспекти. Недостигот од вакви поединечни анализи и посеопфатни истражувања беше повод да се зафатиме со оваа тема при што како директен поттик и обврска може да се земе нашиот тридециски ангажман на работното место археолог-конзерватор при Националниот Конзерваторски Центар - Скопје (порано Завод за заштита на спомениците на културата на Република Македонија). Посочената функција во изминатиов период ни обезбеди можност, преку увид и активно учество во заштитата на археолошките локалитети од територијата на Р. Македонија, да се стекнеме со соодветни практични искуства, информации и теориски знаења кои би биле неопходен предуслов за пристапување кон еден ваков научен зафат.

- Цели

Структурата на овој труд е резултат на неколку цели т.е. задачи што си ги поставивме при негово конципирање, а кои ги претствуваме во наредните редови.

- Документирање на конзерватрските интервенции. Увидот во овие интервенции реализирани во изминатите години се сведува главно на официјалните извештаи приложени во архивата на Конзерваторскиот центар и на локалните установи за заштита на спомениците на културата. Но, тој е мошне ограничен поради скромниот обем на информации кои се таму содржани, недостигот на некои документи (поради објективни и субјективни причини) како и сложените процедури за нивно користење од страна на пошироката јавност. Според тоа, сметаме дека еден труд на оваа тема ќе обезбеди повисоко ниво на документирање и пристапност во однос на значителен дел од досега спроведените конзерваторски зафати од оваа сфера.

- Следење и проценка на состојбата на реализираните конзерваторски интервенции. Во Р. Македонија досега не се обраќало доволно внимание на следењето на состојбата на конзервираните објетки по завршувањето на нивниот третман. Во најдобар случај овие проценки завршувале како интерна документација во соодветните институции. Тоа значело и отсуство на јавна проценка на квалитетот на овие интрвенции и нивна соодветна валоризација. Целта на овој труд е внесување на овој аспект во сферите на стручната литература која се однесува на нашата земја, со цел подобрување во наредниот период на ефикасноста на конзерваторските третмани од овој вид.

- Пренесување информации и искуства на идните генерации. Еден од најважните аспекти од конзерваторската дејност е оспособувањето на нови кадри и пренесувањето на нив на искуствата и информациите од поискусните колеги. Една од целите на овој труд, покрај веќе наведените, е насочена и кон оваа едукативна дејност.

- Откривање на локалните специфики. Конзервацијата и реставрацијата се егзактни и практични дејности кои се одвиваат на глобално светско ниво, со примена на технологии и решенија кои ги водат големите светски конзерваторски центри и производители на конзерваторска опрема и материјали. Таков глобален предзнак има и конзервацијата на римските градби за кои постои убедување дека биле исти во целата Римска империја. Но, праксата покажува дека секоја одделна средина во рамките на империјата имала и свои специфики базирани на локалните климатско-географски и културни компоненти, како и на присуството градежни материјали создавани од суровини (камен, песок, глина ...) специфични за конкретниот регион. Овие локални компоненти имаат решавачки удел и во оштетувањата на древните градби и на

конзерваторските интервенции што се на нив изведени. Веруваме дека овој труд ќе понуди одредени согледувања и искуства во однос на овие локални специфики кои не само што не можат да се копираат од глобалните светски искуства, туку обратно - можат во нив и да се вклучат со свој удел. Сметаме дека овој пристап ќе има придонес во оправданоста за примена на некои нови, современи конзерваторски техники и препарати, прилагодени и адаптирани на климатските и другите параметри специфични за македонскиот регион.

- Содржина

Содржината на овој докторскиот труд е организирана во 11 глави од кои првата е воведна и во неја се елаборирани клучните стручни поими, термини, во наредните 9 глави се претставни одделните објекти кои се предмет на истражување, додека последната е посветена на завршните согледувања.

Во **првата глава** е обработена сета стручна терминологија која се однесува на оваа дејност, при што се дефинирани основните термини и тоа во сооднос со меѓународната номенклатура. Ова е реализирано со цел воспоставување на терминологија која би била компатибилна на светските стандарди. Спроведена е и елаборација и дефинирање (хемиско - технолошко и терминолошко) на основните материјали вклучени во ова област. Тука мислиме на изворните материјали употребени во минатото (варовник, лапорец, хоросан и др.) и современите материјали кои се користат во светската пракса (пластични врзивни материјали, продолжен малтер со различни адитиви и др.). Важно место им се дава и на основните принципи на конзервацијата и реставрацијата и тоа: принципот на автентичност, научна заснованост, транспарентност и реверзибилност. Опфатени се и постапките на превентивната заштита (покривање со полиуретанска фолија и настрешници), при што е направена проценка на досегашната практика и нејзиниот ефект согласно локалните еколошки компоненти. Засебно поглавје е посветено на долните зони од откопаните градежни објекти, кои вообичаено остануваат под нивото на земјата но, имаат огромна важност за квалитетот на изведбата на горните партии, и тоа како нивни фундаменти. Тука мислиме на темелните супструкции на самите ѕидови, обичните и мозаичните подови и околната инфраструктура. Освен древните решенија, опфатени се и современите конзерваторски интервенции со цел за зајакнување на стабилноста кај објектите. Посебно внимание е посветено на конзервацијата и реставрацијата на ѕидните партии од градежните објекти.

Од конкретните конзерваторски техники се претставени следните: снимање на ѕидовите, отстранување на дерутираните партии, консолидирање, фундирање, фугирање и надѕидување. Во тие рамки се опфатени и методите на анастилоза т.е. враќање на камената пластика на својата автентична позиција. Анализирани се и досегашните постапки и искуства кај нас и во светот, при што се предложени соодветните оптимални решенија. Иако не посебно, во овој случај е допрено и прашањето на третманот на мозаиците, фреските и штукатурата.

Во наредните девет глави се презентирани и анализирани конретните конзервирани и делумно реставрирани градежни објекти кои се предмет на ова истражување. За секој од нив најпрво се претставени резултатите, добиени преку археолошките и конзерваторски истражувања, кои се однесуваат на изградбата на дадениот објект: - структура односно типологија на градбата; - употребени градежни и архитектонски решенија; - техники на градење; - градежни материјали. Потоа е претставена историјата на градбата, од почетокот на нејзиното градење, преку фазите на постоење и промените што таа ги доживувала во секоја од фазите, завршно со нејзиното замирање, напуштање и уривање. При определувањето на овие аспекти се земени предвид резултатите од археолошките истражувања (датирање преку стратиграфијата, подвижните наоди и археолошките контексти). При тоа се претставени сознанијата на досегашните истражувачи на објектите и тоа преку архивираните извештаи или на јавно публикуваните стручни и научни трудови. Во некои случаи, врз основа на наши сознанија базирани на увидот во документацијата или на лично водени истражувања, претставени се и нашите согледувања во однос на некои аспекти од егзитенцијата на градбата (нејзината историја, фазите на постоење или намена на просториите). Потоа следи претставувањето на состојбата на зачуваност на објектот т.е. видот и степенот на оштетување на сите негови поважни елементи, вклучувајќи ја и камената пластика, како органски дел на архитектурата, а донекаде и мозаиците и фреските. Натаму ги претставуваме и конзерваторските и реставраторските третмани на градбите, почнувајќи од елаборатите, преку извршените физичко-хемиски и градежни анализи, сé до употребените материјали, техниките на санација и завршните конзерваторски и реставраторски интервенции. На крајот ги допираме и техничките решенија за музеолошка употреба на објектите (пристап, заштита на посетителот, визуелни решенија) и нашите предлози за такви зафати кои би се спровеле во иднина. Се работи за следните објекти:

- **Глава 2. Базилика Екстра Мурос, Стоби**
- **Глава 3. Палата на Перистерија, Стоби**

- **Глава 4. Резиденционална градба (Коцкарница), Стоби**
- **Глава 5. Цивилна базилика, Стоби**
- **Глава 6. Синагога базилика, Стоби**
- **Глава 7. „Виничко Кале“, Виница**
- **Глава 8. „Црквиште“, Мородвис**
- **Глава 9. „Исар“, Марвинци**
- **Глава 10. „Борче“, Никифорово**

Единаесеттата глава ги содржи завршните согледувања. Тие се сумирани врз основа на приложената граѓа, спроведените компарации, анализи и заклучоци, а се однесуваат на квалитетот и ефикасноста на досега остварените конзерваторски и реставраторски интервенции. Сево ова се однесува на аспектите на автентичноста, издржливоста и музеолошките квалитети на објектите во однос на нивното претставување пред јавноста.

Докторската дисертација е проследена со обемна техничка документација (основи, изгледи и пресеци), фото-документација и рецептури на употребените материјали. Приложена е и сета достапна литература (публикации и извештаи) кои се однесуваат на конкретните конзервирани објекти од Р. Македонија, како и светските искуства од оваа област.

ПРВА ГЛАВА

ТЕРМИНИ, МЕТОДИ, ОСНОВНИ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ

Во оваа глава ќе биде претставена стручната терминологија која се однесува на конзервацијата и реставрацијата на археолошки откопаните градежни објекти при што ќе бидат дефинирани основните поими, методи и концепти применети при третманот на објектите кои се предмет на овој труд. Сметаме дека е неопходно овие аспекти да се претстават не само во конкретна т.е. оперативна смисла туку и во еден поширок концептуален контекст кој се однесува на генерално ниво коешто е воспоставено и регулирано со меѓународните прописи и препораки за заштитата на културното наследство.

I. ОПШТИ ПОИМИ И ПРИНЦИПИ ПОВРЗАНИ СО ЗАШТИТАТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Повеќето од тука претставените постапки, во рамките на конзерваторско-реставраторските интервенции, се регулирани со официјални меѓународни конвенции. Сите земји-учеснички, со потпишувањето на претходно договорените принципи и повелби, се обврзуваат да ги почитуваат истите со донесување на правни акти како дел од законот за заштитата на културното наследство во рамките на секоја земја.

1. Конзервација (консолидација)

Согласно општата дефиниција на овој поим, конзервацијата на градителското наследство може да се определи како систем од активни постапки насочени кон негово зачувување во затекнатата состојба и постапки на одржување т.е. создавање услови за спречување на негови идни оштетувања. Под предзнакот на одржување се подразбираат и постапки на консолидација и замена на поедини дотраени делови на објектот. Денешниот заштитарски однос кон градителското наследство не се ограничува само на ова ниво на „конзервација", како што тоа се предлагало во некогашните теории на заштитата, во кои

доминирал концептот на конзервација но не и реставрација.[1] Овој концепт може да се следи од периодот на „конзерваторскиот романтизам“ во XIX век, па сé до некои екстремни ставови на пасивна „биолошка” заштита, присутни во текот на XX век. Евидентно е дека денес потребите за зачувување на објекти со карактер на културно наследство, воопшто не се со иста природа како оние што ги мотивирале нашите претходници. Во современото доба при реализација на заштитата на недвижното културно наследство се бараат најсовршените и најприменливи начини на заштита во кои се вклучуваат најновите достигнувања на модерната наука и технологија.

Во Венецијанската повелба од 1964 год. најпрво се зборува за конзервацијата, која првенствено значи постојано одржување на спомениkот, но се дозволува и примена на реставраторски зафати.[2] Нејзината цел е да се зачува, но и да се открие и претстави естетската или историската вредност на спомениkот, а се темели на почитувањето на стариот т.е. изворниот материјал и автентичната документарност содржани во него.[3] Од неа сепак произлегува можноста и за примена на различни методи на обнова на историските средини, вклучувајќи го и присуството во нив на современата архитектура. Апсолутната конзервација полесно се применува кај единечните историски градби, отколку кај населбинските т.е. градски комплекси, бидејќи урбаните и руралните целини, претставуваат далеку посложен организам, кој бара покомплицирани интервенции.

Изведувањето на конзерваторските интервенции е сложен и сестран процес кој идејно се заокружува во документот наречен Елаборат за конзервација, чија подготовка изискува високо ниво на проектирање и постапки на проверки и верификација. Врз база на овој елаборат започнуваат конкретните конзерваторски интервенции.

- Конзервацијата на историските градби се применува во следните ситуации. Во случаи кога градителското добро е со степен на солидна зачуваност, кога тоа на високо ниво ги презентира своите културно-уметнички вредности, и

---

[1] T. Marasović, 1984, 138.
[2] Ј. Ристов, 2008, 81.
[3] V. Brguljan, 1985, 111 - 115.

кога има своја функција во рамките на современиот живот. Тогаш нема потреба ниту оправдување за било какви интервенции, со кои би се менувал неговиот карактер или намена, освен евентуалните консолидациски постапки. Во ситуации кога градителското добро е до тој степен разурнато што носи предзнак на „археолошки објект" кај него, освен евентуалните консолидациски и останати заштитни интервенции, не се потребни ниту се дозволени, било какви поголеми зафати.

Одржувањето е еден од основните предуслови за конзервација. Меѓутоа, тоа е често пати поврзано и со промена на одредени делови на објектот кои се подложни на побрзо распаѓање. Ова почесто се однесува на органските материјали (особено на дрвото), отколку на трајните материјали како што е на пример каменот.[4] При тоа, често пати е тешко да се следи линијата која што во текот на долгиот период на живот довела до вакви замени и измени, поради нејзино трајно одржување. Кај камените згради, овие измени се попрепознатливи бидејќи фазите на ваквите рутински обнови можат да се детектираат на нивните фасади, врз основа на специфичниот начин т.е. техника на делкање на камените блокови или промените во опусот на ѕидање.[5] Кај останатите материјали ваквите замени се препознаваат многу потешко. Се поставува прашањето колку некоја историска градба, на пример, од глина или дрво, е автентична доколку во текот на својот долг временски период на постоење била подложна на чести измени на овие делови. Дали степенот на оваа автентичност треба (или дали воопшто може) да се проценува врз основа на тоа колку посочените делови при замената ја задржувале својата автентичност во смисла на облик и функција. Неможноста за датација на овие обновувања произлегува поради немање доволно историски податоци, ниту соодветни архитектонско-уметнички елементи кои, барем приближно, би го датирале нивното настанување.[6] Дадената целина постојано се обновувала со истиот материјал (на пример кал, т.е. глина) со кој се обложувале ѕидните површини и кровната конструкција па со тоа се постигнувала заштита од продирање на водата. И покрај тоа што обликот и намената на еден таков објект

[4] S. Polić - Radovanović (и други), 1980, 10 - 20.
[5] В. Кораћ и други, 1990, 122 - 132.
[6] J. M. Fitch, 1982, 84 - 85.

постојано се одржуваат, денес немаме можност да дознаеме колкав е всушност процентот на изворната градба.[7]

Константното одржување на една градба според светските стандарди за заштита, изискува нејзино редовно третирање (на пример, секои десет години). Земајќи го ова предвид следи дека, по одреден подолг период, изворната градба всушност ќе се претвори во реплика што донекаде значи дека репликата е единствен начин на трајна заштита на еден комплекс. Овие екстремни концепти покажуваат дека и во рамките на конзервацијата постои голем распон на методи на одржувањето на историските градби од апсолутна заштита до целосна промена на изворниот употребен материјал.[8]

Под конзервација и одржување се подразбира и опслужувањето на градбите со неопходни технички уреди (комунални инсталации, греење, кондиционирање и др). Тука спаѓаат и цела низа консолидациски постапки како што се зацврстувањето на темелните партии, ѕидните површини и кровните конструкции, исправање на ѕидовите и нивно затегнување со хоризонтални серклажи и затеги, поправки на урнатите или загрозени делови и други технички зафати, кои се постигнуваат со примена на современи градителски методи.[9] Техничките постапки на консолидација ги следат и останатите посуптилни методи како што се анастилозата и реставрацијата.

Самото одржување на историските градби, често пати се поврзува со одредени заштитни додатоци, кои можат да бидат од времен или траен карактер.[10] Со времен карактер се обично заштитните кровови, кои барем во еден одреден временски период, нив ги штитат од натамошно пропаѓање. Сосема е очевидно дека археолошките објекти, кои се всушност урнатини под отворено небо, се многу повеќе изложени на пропаѓање отколку оние покриени со автентичен кров. Заштитните кровни конструкции некогаш се и со траен

[7] M. Fitch, 1982, 124.
[8] J. M. Fitch, 1982, 128.
[9] S. M. Nenadović, 1980, 183.
[10] T. Marasović, 1985, 124.

карактер, за што можат да се приложат бројни примери од современата конзерваторска пракса (повеќе или помалку успешни).[11]

2. Реставрација (обнова)

Под поимот реставрација на градителското наследство се подразбира постапка на негова обнова со кое на историските градби им се додаваат нови делови што изгледаат како изворните, кои биле дел на истата градба во текот на одреден временски период или една од неговите фази на постоење, а денес не постојат. Преку методот на реставрација се обновува културното добро, делумно или во целост, и тоа во изворен облик или во облик кој, врз основа на валоризација, ќе се потврди дека е најприкладен за заштита, современа презентација и користење.

Реставрацијата е еден од најстарите методи кој во историјата на заштитата на градителското наследство е познат одамна. Особено бил развиен во време на романтизмот при што тој □ даде своевиден печат дури и на целата епоха. Но, во истиот тој период, во рамки на спротивниот конзерваторски пристап, таа била прогласена и како сосема неприфатлива. Ваквиот однос кон реставраторските постапки, ќе биде преземен е од конзерваторските доктрини својствени на следниот период на таканаречената „биолошка" заштита, кој ја одобрува единствено постапката на конзервација.[12] Во таа смисла и во Атинската повелба од 1931 год., во која иако реставрацијата во принцип се оспорува, сепак се дозволува можност за обнова на објектот која би водела сметка за различните историски слоеви што него го конститутираат.[13] Во многу земји и денес се сé уште во сила посочените начела, правила и норми во однос на реставрацијата.[14] Дел од нив ги презентираме во следниве алинеи:

- Кај реставрацијата на историските градби не се забранува вградување на нови елементи, но во најмала можна мера при што сепак не е можно утврдување на поконкретен процентуален сооднос помеѓу старото и новото. По правило

[11] B. Ilakovac, 1969.
[12] Materijali, Tehnike i strukture, 1980.
[13] T. Marasović, 1979, 91, 139.
[14] T. Marasović, 1979, 139.

обновените делови не би требале да го надминуваат обемот на постоечките автентични делови, бидејќи во спротивен случај целата постапка не би можела да се третира како реставрација туку како реконструкција.

- Реставрацијата не може да има за цел само враќање на првобитниот изглед на историската градба или целина, туку и на одделните нејзини историски слоеви, зависно резултатите од претходно спроведената научно-истражувачка постапката и валоризација.

- Како што е укажано и во Венецијанската повелба, реставрацијата мора да се базира на објективни и научно засновани сознанија кои се однесуваат на формата, изгледот и техниките на изведба на еден историски објект. Во моментот кога таа не се изведува според овој принцип туку врз основа на претпоставки, таквата постапка го губи карактерот на реставрација. Ако при вакви постапки се презеде доградување на објектот поради естетски или функционални причини, ваквите доградби мораат да го носат печатот на современоста т.е. времето во кое се реализираат. Во рамките на концептите на реставрација се сметаат за недопустливи, или во најмала рака како непожелни, обновувањата на одредени елементи врз основа на аналогии.

- Новододадените елементи мораат да бидат обележени за да се разликуваат од автентичните.

Во современата пракса сé повеќе се отстапува од горе наведените препораки. Барањето за издвојување на овие додатоци во однос на изворните делови и тоа преку испакнување или вдлабнување на нивното лице или други начини, се сметаат за обележје на „биолошкиот" период од заштитата на културното наследство. При реставрацијата на старите градби денес се применуваат и современи материјали проследени и со нови градежни технологии. Според денешните прописи на реставрација е дозволена нивна примена но, по можност, не во видливите туку во скриените делови, односно во внатрешната структура на историската градба.[15]

- Според постојните правила се препорачува избегнување на обновата на декоративните елементи на една историска градба, освен во случаи кога нејзината

[15]T. Marasović, 1983, 134 - 135.

функција изискува заокружување и во тој дел на реставраторската постапка, и тоа поради естетски и други причини.[16]

3. Рекомпозиција (анастилоза)

Рекомпозиција или анастилоза е метод со кој обрушените автентични делови од објектот, се поставуваат на своето изворно место и во својата првобитна функција, со што на историското добро делумно му се враќа првобитниот облик и изглед. Таа може да се применува како самостојна постапка и тоа главно кај археолошки откриените градби или комбинирана со другите методи на реставрација и ревитализација.[17] Целосна рекомпозиција се применува кај моментните разорувања на културното наследство во случај на воени конфликти, земјотреси и други елементарни непогоди. При таквите појави градежните објекти се уриваат, но во нивните урнатини успева да се зачува значителен дел од градежните т.е. архитектонските елементи кои се неопходни за анастилоза. За да се овозможи примена на овој метод, неопходно е во остатоците на урнатините да се пронајдат сите потребни делови, но и да се обезбеди техничка документација (скици, планови, фотографии) за првобитниот изглед на објектот.[18] На пример, со примена на овие методи се рекомпонирани бројни објекти од отоманскиот период кои во Скопје настрадале по катастрофалниот земјотрес од 1963 год. Од поновите вакви постапки треба да се спомене и црквата Св. Атанасие во село Лешок, разурната за време на конфликтот од 2001 год.

Делумната анастилоза е највообичаениот метод на обновување и уредување на археолошките објекти кои се градени од камен. Со примена на оваа постапка се делумно обновени бројни градби кои припаѓаат на медитеранските и блискоисточни цивилизации од Стариот Век, особено антички храмови и други јавни згради од архајскиот, класичниот, хеленистичкиот и римскиот период. На тој начин изворните делови на столбовите, архитравите и другите елементи на камената пластика се поставени на своето првобитно место, при што е доловена изворната просторна структура и првобитниот изглед на градбата. При

[16] T. Marasović, 1983, 134 - 135.
[17] T. Marasović, 1983, 134 - 135.
[18] I. Maroević, 1976 - 1977.

издигањето, спојувањето и фиксирањето на изворните елементи се користени современи технички средста (бетон, железо, спојки од друг метал и др).[19]

Примената на анастилоза е одобрена во меѓународните документи како што е Атинската повелба од 1931 год. Во неа се подвлекува дека кога се работи за урнатини, се наметнува потребата од крајно совесна конзервација, а кога условите тоа го дозволуваат, треба да се изнајде решение кое ќе овозможи поставување на изворните елементи на своето првобитно место.[20] Венецијанската повелба од 1964 год., го потврдува тој став но при тоа априори се исклучува секаков вид на реконструкциони зафати. Единствено може да се разгледува можноста за анастилоза или рекомпозиција на постојните или растурените делови. При тоа дополнувањето на загубените елементи треба се сведе на минимум, секогап со тежнеење за нивно визуелно препознавање во однос на автентичните делови. Сево ова е со цел зачувување на споменикот во неговата изворна форма односно одржување на континуитетот на неговиот изглед т.е. идентитет.

Цела низа на успешни анастилози на римски објекти се изведени на територијаста на СФР Југославија како што е на пример рекомпозицијата на галеријата на доцноантичката палата во Гамзиград (римска Феликс Ромулијана).[21] Еден од најстарите такви примери на територијата на Р. Македонија беше анастилозата на колонадите и на парапетните плочи на малата базилина во Хераклеја и столбовите од портикот на истиот антички град.[22] Неколку децении подоцна, на истиот локалитет е изведена и рекомпозиција на парапетите на античката чешма т.е. фонтата. Неодамна, во рамките на новата поставка на Археолошкиот музеј во Скопје е изведена анастилоза на олтарната преграда од ранохристијанската базилика во Суводол.

Рекомпозицијата е возможна и кај историските живи градби во рамките на старите градски јадра. Вообичаено се појавува во комбинација со методот на

---

[19] T. Marasović, 1979, 114.
[20] M. Ćanak - Medić, 1957, 23 - 28.
[21] M. Ćanak - Medić, 1977, 31.
[22] M. Ćanak - Medić, 1976, 88 - 109.

реставрација и ревитализација како што се некои примери во Диоклецијановата палата во Сплит.[23]

4. Реконструкција

Реконструкцијата е постапка на зачувување на градителското наследство, со кое се обновува некоја историска градба или целина, што била потполно или во поголем дел разурната. Реконструкцијата според тоа може да се третира како поцелосен и порадикален вид на реставрација во кој поголем е процентот на обновените отколку на автентичните делови на објектот.

При реконструкцијата на историските градби или целини можат да се применат два методи, кои прилично се разликуваат: првиот е факсимилната обнова, а вториот изградба на нов објект кој според својата позиција, волумен, амбиент и други карактеристики се вклопува во околното историско опкружување. Треба да се нагласи дека и при реализација на постапки со предзнак на реконструкција треба да се почитува принципот на автентичност во смисла на употреба на сите достапни автентични делови од градбата (доколку ги има) или во најмала рака употреба на материјали аналогни на автентичните.[24]

а) Метод на „факсимилска" реконструкција

„Факсимилската" обнова е постапка која, во посебни случаи, на историската градба или целина го враќа првобитниот изглед односно изгледот на една или повеќе нејзини развојни фази кои таа, во поголем дел или целосно, ги загубила преку нагло или постепено уривање. Називот т.е. епитетот „факсимилска" се употребува поради нагласување на основната карактеристика на тој вид обнова, според кој таа треба да биде верна репродукција на првобитната односно претходната состојба на дадениот објект.[25]

До примена на факсимилската реконструкција во современата конзерваторска пракса се доаѓа само во специфични ситуации. Првата е во случаи кога автентичната градба или целина е разурната одеднаш (поради воени

[23] T. Marasović, 1985, 137- 138.
[24] T. Marasović, 1977, 146.
[25] T. Marasović, 1977, 146-150.

разорувања, елементарни непогоди или некои други причинители), при што постојат силно изразени културни, естетски, политички, култни или други потреби за нејзина обнова според првобитниот изглед. Втора ситуација е кога се смета дека таквата обнова, без разлика на времето или начинот на уривањето на даденото градителско наследство, ќе има исклучително културно или некакво друго значење.

За факсимилската реконструкција важи истото основно начело кое се однесува и на постапката на реставрацијата, а тоа е тенеденцијата за постигнување на апсолутна факсимилска сличност во однос на оригиналот, која би се однесувала не само на општ план туку би ги вклучувала и сите детали.[26]

б) Нова градба, вклопена во историски амбиент

Во ситуација на уривање на одредени историски градби, често се јавува потреба тие да се надоместат преку изградба на нови објекти или обнова на некаква поширока историска целина. Неретко, во такви случаи се применува методот на изведба на новоградби кои ќе се вклопат во постојниот историски амбиент. Овој метод е прифатен и во современата теорија на заштитата на градителското наследсво.[27]

Поставувањето на нови градби во ткивото на една историска целина се нарекува интерполација, која како метод се разгледува и применува во рамките современото уредување на градителското наследство. За разликата од реконструкцијата, која се стреми кон враќање на автентичната урната градба во нејзината првобитна состојба (според горе наведените концепти), целта на интерполацијата се состои во поставување на нови градби во постојното историско јадро поради одржување или заокружување на неговиот амбиент.[28] Модалитетите на новото решение, кое во секој случај мора да го респектира постојниот историскиот амбиент, се различни и можат да зависат од дадената средина, но сепак најмногу, од архитектонскиот израз што во себе го носи секој

[26] T. Marasovič, 1977, 146-150.
[27] T. Marasović, 1979, 151-154.
[28] R. Ivančević, 1983, 184-185.

потенцијален проектант, бидејќи интервенциите од овој вид носат изразито креативен пристап.[29]

Околу интерполацијата на новото во старото, се дискутирало особено во последните три децении на XX век. На III конгрес на ICOMOS одржан во Будимпешта во 1972 год., се усвоени четири начела на вметнување на современата архитектура во старото ткиво. Преку нив се дефинира пристапот и начинот на примена на овој метод:

- Интеграција на современата архитектура со историската средина по пат на урбанистичко планирање;
- Слободна примена на новите техники и материјали, почитувајќи ги постоечките односи;
- Почитување на автентичноста на историскиот амбиент кој ја отстранува можноста за создавање несоодветни градби;
- Повторно оживување на урбаниот простор со пренаменување.

Тука треба да се спомне и И. Мароевиќ, едниот од најпознатите теоретичари од поранешните јогословенски простори што се занимавале со оваа проблематика, кој класифицира четири методи на интерполација на новото во старото:

- метод на факсимил, кој во однесувањето со постоечкиот амбиент се граничи со факсимилската реконструкција;
- метод на прилагодување, т.е. обид за што помало истакнување на новото во споредба со старото;
- метод на нагласување заради равноправен однос;
- метод на контраст, преку кој се бара начин за доминација на архитектонскиот израз на постоечката средина.[30]

5. Дислокација

Овој назив се однесува на методот на преместување на определени историски објекти (во тие рамки и такви откриени при археолошки ископувања) од нивната автентична местоположба, на некоја друга локација која е помалку

[29] T. Marasović, 1979, 151.
[30] Според: R. Ivančević, 1983, 184 -185.

или повеќе оддалечена од неа. Станува збор за особено деликатен метод кој подразбира вклучување специјалисти од разни дисциплини како и сестрана документација базирана на сложени и долготрајни анализи и подготовки. Се состои од метод на демонтажа за која е неопходен сложен систем на нумерација и соодветна механизација за подигање и транспорт на особено габаритни и тешки објекти.[31] Може да се реализира преку демонтарање или сечење на објектот во одделни сегменти, нивно нумерирање и повторно спојување на новоподговтвената локација или преку подигање, транспор и повторно поставување на градба во форма на еден монолитен сегмент. Обично се практикува при големи градежни зафати од национален интерес кои се реализираат на локацијата на дадениот историски објект (вештачки езера, патни комуникации, канали). Вообичаено, од овие големи зафати се црпат финасии за овие исклучително скапи интервенции. Од македонските примери можеме да спомнеме еден таков незавршен потфат (демонтажа на „Гореничкиот мост“ во рамките на Дебарското Езеро) и еден успешен потфат (црквата во село Здуње, во рамките на вештачкото езеро Козјак).

6. Реплика

Репликата е метод на факсимилска реконструкција на историска градба кај која, поради музејски, образовно-едукативни или заштитни причини, се копираат изворните градителски и уметнички елементи и тие се поставуваат на иста или друга локација. Гледајќи од тој аспект репликата не можеме секогаш да ја третираме како заштитен метод, освен во ситуации кога оригиналното дело, поради заштита, се надоместува со копија. Но, без обзир на заштитната улога, репликата исто така има вредност на градителско наследство, и тоа првенствено во оние случаи кога, поради староста, егземпларноста, уникатноста или други причини, таквата градба сама по себе станува составен дел од историското или амбиенталното добро. Научната вредност на реплицираните градителски објекти и целини денес најмногу доаѓаат до израз кај таканаречените „музеји на отворено”, кои овозможуваат согледување на едно место на историско-

[31] T. Marasović, 1979, 156 - 161.

уметничкото, техничкото, културното, амбиенталното и осебено на етнолошкото наследство.[32]

Заштитната улога на репликата доаѓа до израз во оние ситуации кога се работи за зачувување на осетливите и загрозени оригинали кои се отстрануваат од автентичната локација и на нивно место се поставуваат копии. Во овие случаи смислата на замена е целосно оправдана, особено во оние зони каде што атмосферските услови се несоодветни, пред сé поради загаденоста на воздухот и другите негативни еколошки состојби. Главно се работи за големите урбани средини и индустриски зони кои можат да бидат причинители за оштетување на овие објекти.[33]

7. Нова изградба со историска реминисценција

Прегледот на методите за зачувување на градителското наследство го завршуваме со постапката која не можеме да ја одредиме како заштитен метод во поширокаta смисла на зборот, бидејќи се однесува на нова изградба во историската средина. Но, без разлика на тоа, присуството на поголеми или помали историски реминисценции придонесува за зачувувањето на традиционалниот карактер на поширокиот историски амбиент во кој таа се остварува.[34]

Независно од констатацијата дека некои историски реминисценции всушност се појавуваат и во рамките на современите архитектонски правци (таканаречената постмодерна архитектура), тука треба да се обрати внимание на тенденцијата, во пошироките историски зони да се среќаваат сé повеќе проекти кај кои се подражуваат историските стилови. Новите остварувања се поттикнати од некои законитости кои се произлезени од проучувањето на градителското наследство, што се заснова на мерилото за организација на просторот, а кај некои примери и во обликот на градбата, вклучувајќи ги и деталите. Овој концепт се смета за еден нов бран на историцизам кај кој градителското наследство е само

[32] T. Marasović, 1985, 161-166.
[33] J. M. Fitch, 1982, 202.
[34] T. Marasović, 1985, 166-168.

насока во обликувањето на новите градби во пејсаж кој, во поширока смисла, може да се третира како историски.[35]

8. Ревитализација (Адаптација)

Концептот на ревитализација се состои во промена на изворната намена на една градба која останала без жива функција. Овој активен пристап подразбира напоредно реализирање и на други активности врз затекнатиот објект како што е неговата конзервација и реставрација во помали или поголеми зафати како и соодветна адаптација за неговата нова функција. Се работи за еден од најефикасните начини на современата заштита и уредување на градителското наследство кој подразбира неговото вклучување во тековите на современиот живот, што обезбедува услови за негово трајно зачувување.

Во многу документи, меѓународни и национални повелби и препораки, кои ја дефинираат активната заштита на културното наследство, давањето нова функција на доброто се истакнува како еден од најбитните предуслови за негова заштита.[36] Проблемот на намената на една историска целина го зафаќа и препораката на UNESCO издадена во Најроби во 1976 год. во која се вели дека заштитата и реконструкцијата треба да ја следат дејноста на ревитализација. Според тоа, би било добро да се задржат постоечките функции на едно културно добро, доколку тоа ги има, а доколку ги нема потребно да се воведат нови и тоа во склад со економските и општествените карактеристики на местото каде што тоа се наоѓа.[37]

Голем број на историски целини денес се оставени без било каква намена, што во некој случаи претставува и намалување нивната општа културна вредност, земајќи предив дека градителското наследство има свој удел и во осмислувањето на животот на современиот човек. Тука во прв ред се мисли на археолошките објекти кои како урнатини ја загубиле својата првобитна намена, при што во најголемиот број случаи не е можно да им се даде нова функција. Во таков случај нивната улога на „споменик на минатото“, може да ја надополни некоја друга

[35] T. Marasović, 1985, 166-168.
[36] G. Celada и (други), 1980.
[37] S. M. Nenadović, 1980, 156.

современа намена која не би се косела со основниот карактер на тој објект. При тоа многу е битно дали оваа нова намена соодветствува на архитектонско-уметничкиот амбиент и просторните карактеристики на самата градба, и дали таа обезбедува технички услови за квалитетно остварување на оваа нова намена. Во многу случаи, независно од претходната намена на градбата, нејзиното користење во музејќи цели се покажува како најсоодветно за што постојат бројни примери во светот, Европа и во непосредното опкружување.[38]

Мора да се признае дека значително е поретка праксата на ревитализирање на постари објекти откриени при археолошките истражувања, вклучително и градбите од римскиот период и тоа поради две причини. Најпрво тоа е високиот степен на дотраеност на објектот и неможноста за негово адаптирање без посериозни градежни интервенции кои би ја нарушиле неговата автентичност. Од друга страна, се смета дека древноста на овие објекти е сама по себе доволна за негово функционирање како „музејски употребуван споменик на културата". Ревитализацијата кај историските градови и населби во целина е многу посложен процес, и тоа не само поради нивните културно-уметнички и градежно-технички аспекти, туку и затоа што во себе содржат и значајни економски и социо-демографски вредности.[39] Прашањето на новата функција во процесот на ревитализација на старите градителски целини, зависи и од нивните архитектонско-амбиентални, типолошки и топографски карактеристики.

II. КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНИ ОСТАТОЦИ

Во ова поглавје ќе бидат претставени основните техники на конзервација и реставрација на археолошки откриени градежни објекти кои главно се однесуваат на нивните ѕидови, а секако и на другите елементи. Повеќето од овие техники се применети во третманот на градежните објекти кои се предмет на овој труд.

---

[38] F. Minissi, 1978, 27; G. Celada - F. Colombo - V. Di Batista - P.L. Paolillo, 1980, 44 - 48; I. Petricioli - P. Vezić, 1975, 101; M. Prelog, XXI, 1967, 95-6.

[39] M. Prelog, XXI, 1967, 95-6.

1. Претходна конзервација на археолошки откопани градежни објекти

Поради повеќе причини (стабилизирање на земјиштето, изготвување елаборат, обезбедување финансиски сретства) не е можно спроведување на конечна конзервација на археолошки откриени градби веднаш по нивното ископување. Помеѓу откривањето и трајното конзервирање на еден објект, во Р. Македонија вообичаено поминува период од најмалку 5 - 10 години. Поради тоа е неопходно преземање постапки на претходна конзервација. Во наредните неколку пасуси накратко наведуваме некои од ваквите методи кои биле или сé уште се применуваат во нашата земја, вклучетелно со објектите што се предмет на овој труд.

а) Засипување

Се состои во повторно враќање во земја на откопаниот археолошки објект. На оваа постапка □ претходи детално документирање на откриената градба и, особено важно, топографско дефинирање како на самиот објект така и на квадратот или сондата во кој е откриен. Ова е неопходно поради полесно идно лоцирање и евентуално повторно откопување на објектот или спречување на поставувањето на нови сонди врз веќе изведените. Во идеален случај засипувањето се изведува со песок, но во Р. Македонија за тоа вообичаено се користи постојната земја. Добро е, на засипувањето да му претходи суво надѕидување на автентичните ѕидови (види подолу). Кај објектите кои, поради разни околности, нема да бидат во догледно време конзервирани, ова е најдобриот и единствениот можен начин за зачувување за идните генерации. Кај бројни примери се покажа дека овој метод обезбедува солидна заштита на откопаните ѕидови. При постапките на времено засипување, обично меѓу две сезони на ископување, главно се презема делумно засипување на сондата и тоа на определен нејзин објект, сектор или до определена длабочина.[40]

б) Покривање на откопаните објекти со најлонски фолии

Станува збор за рутинска постапка која вообичаено се изведува како заштита на ископините до следната истражувалка кампања. Денес се изведува со

[40] Н. Чаусидис, 2011, 27.

најлонски фолии, но пред неколку децении за тоа се користела тер-хартија (дебела хартија премачкана со битумен). Овој метод е ефикасен на краток рок, особено во однос на заштита од дожд и пресушување на археолошките слоеви, но е несигурен за подолг период и при неповолни климатски улсови (врнежи, ветер, мраз). Опасен е во однос на наоди чувствителни на влага и на механичко осипување поради тоа што под најлонот се кондензира влага која го поттикнува ширењето на корењата на вегетацијата и развој на габи. Главно се користи за краткотрајна имобилизација на ѕидови, подови и гробни конструкции така што краевите на најлонот се покриваат со земја или со камења за да се спречи неговото одвевање од ветрот и поголем продир на атмосферска вода.[41]

в) Суво надѕидување

Станува збор за уште една рутинска постапка која кај нас се изведува често при што не бара никакво особено оспособување на реализаторите. Се состои во чистење на круништето на откопаниот ѕид од евентуална вегетација и потоа ѕидање врз него на два до три реда камен и тоа без употреба на било какво врзивно сретство. Овие камења со својата тежина ќе ги фиксираат автентичните редови лоцирани под нив и ќе ги преземат на себе сите негативни фактори кои се опасни за ѕидот, како што се механичките поместувања, дел од атмосферските води, и прекумерната изложеност на сонце и развојот на вегетацијата.[42]

г) Покривање со кровна конструкција од времен и траен карактер

Оваа постапка се состои од монтирање кровна конструкција наменета за заштита на откопаниот објект од климатските влијанија и тоа пред сé врнежите и прекумнерната изложеност на сончевите зраци. Денес се изведува од готови монтажни конструкции (главно алуминиумски) кои е лесни за транспорт, монатажа и демонтажа. Најчесто се покриени со пластични материјали, некогаш придружени и со странични прегради наменети за заштита од врнежи проследени со страничен ветар. Често се поставуваат уште за време на археолошките ископувања, за да обезбеди непречено ископување и во неповолни климатски

[41] Н. Чаусидис, 2011, 27, 28.
[42] Н. Чаусидис, 2011, 28.

услови, како и заштита на археолошките наоди уште при нивното откривање. Неретко овие конструкции остануваат и по ископувањето сé до конечното конзервирање на откриени објекти. При поставаувањето треба да се внимава страничните прегради да бидат со соодветна пропустливост која ќе обезбеди вентилирање на внатрешноста, односно спречување на преголемото загревање (ефект на „стаклена градина“) кое би можело да предизвика сериозни оштетувања на откопаните објекти. Во претходните децении, за оваа намена се користеле дрвени конструкции со покрив од керамиди или покривни плочи од азбестно-цементна смеса, пластика или лим. На ваков начин најчесто се заштитувале полурунати средновековни црковни објекти со зачуван фреско-живопис (Св. Ѓорѓи во Горни Козјак, Св. Леонтиј во Водоча).

Во поново време, при изработката на заштитните кровни конструкции се употребуваат современи материјали, согласно новите технолошки достигнувања. Кога се работи за заштита на мозаик, кровот е со лесна алуминиумска конструкција и со прозирни пластични плочи. Конструкцијата во основа ја следи изворната тлоцртна диспозиција на објектите, но, не и изворниот волумен.[43]

2. Трајна конзервација на ѕидни платна

а) Детално чистење на ѕидот

Успешната трајна конзервација на еднен археолошки откопан ѕид во голема мера зависи од неговата претходна подготовка за оваа постапка. Таа пред сé се состои од чистење на ѕидот од сите компоненти кои би го попречиле трајното спојување на неговите автентични партии со новите елементи. Тука се имаат предвид камењата, тулите, малтерите и соодветните имрегнации кои би му биле додадени во рамките на неговата конечна конзервација и реставрација. Предмет на чистење мора да биде преостанатата земја, вегетацијата, распаднатиот малтер и некои наталожени наслаги (калцинација, разни соли). Пожелно е оваа постапка да биде проследена со превентивно прскање со соодветен хербицид кој ќе го спречи никнувањето на вегетација од спорите и корењата што ќе преостанат во ѕидот. Токму поради овие фактори сегашните

[43] G. Morozzi, 1979, 25 - 26.

процедури препорачуваат комплетно отстранување на камењата или тулите од горните редови на ѕидот за што како дополнително оправдување се зема и онака високиот степен на девастираност на овие партии чија нестабилност може да предизвика одвојување на деловите кои ќе се изведат во рамките на конзервацијата и реставрацијата. Тука треба да се посочат оправданите критики според кои ваквиот пристап се коси со принципот на автентичност, затоа што доведува до елиминирање на значителен дел од оригиналниот ѕид. При тоа овој губиток не може да се компензира со повторното ѕидање на уништените делови и тоа поради неможноста современите ѕидари да го повторат квалитетот и оригиналниот опус на ѕидање на древните мајстори. Се смета дека е подобро да се вложи напор за задржување на автентичните камења и тули во нивната in situ позиција проследено со внимателно отстранување (со кланфа и други методи) само на врзивните слоеви т.е. фугите и потоа, без придвижување, празниот простор меѓу нив да се пополни со нов малтерен раствор.[44]

б) Зацврстување на ѕидот по пат на инектирање

При конзервацијата на градежни објекти откриени при археолошки испкопувања, една од главните и особено важни активности претставува зацврстувањето на каменитe структури, подложни на обрушувања. Зацврстувањето на ваквите ѕидни платна, покрај другите тука наведени методи, се спроведува и по пат на инектирање на соодветен раствор во нивните пукнатини и шуплини, со што се обезбедува поврзување на разделените делови и на растреситата структура на оштетениот ѕид. Инектираниот раствор се внесува под притисок во внатрешноста на ѕидот при што тој навлегува во најситните пукнатини. При тоа цврсто ги врзува одделените парчиња од камен и тули кои при процесот на интервенција се соединуваат со стариот малтерен раствор во цврст конгломерат, набивајќи ги постојните пукнатини.

Неопходно е да се има предвид дека поврзувањето на распуканите ѕидни партии со соодветен раствор нема да го спречи натамошното прогредирање на оштетувањето, доколку не се отстранат причините кои го предизвикале. Според

[44] Н. Чаусидис, 2011, 29.

тоа, неопходно е на инектирањето да му претходи целосна анализа на оштетената ѕидна површина како би се добиле сознанија за можните натамошни деформации кои навремено би се спречиле преку соодветни постапки (на пример каптирање на теренот, зајакнување на темелите, анулирање на страничните напрегања на ѕидот). За успешна реализација на оваа постапка е неопходна претходна проектна разработка, која би го решила целиот комплекс на предуслови. Еден од нив е уцврстувањето на ѕидот, потоа одредување на редоследот на спроведување на работите, правилниот избор на составот и конзистенцијата на растворот за инектирање. При тоа треба да се земат предвид и карактеристичните особености на споменикот, без при тоа да се дозволи било какво оштетувања и промена на неговиот изглед и форма.[45]

в) Конзервација на долните зони на објектите

Долните зони на откопаните градежни објекти кои вообичаено остануваат под нивото на земјата, имаат голем удел во квалитетот на конзервацијата на горните партии. Тука мислиме на темелните партии, главно кај ѕидните платна, но и кај другите градежни елементи како што се подните структури, стопите на столбовите и на столпците. Освен автентичните решенија, применувани во минатото, при конзервацијата на тука претставените објекти се применети современи конзерваторски интервенции насочени кон зајакнување и стабилизирање на објектите. Во постигнувањето на овие цели, поаѓајќи од претходните искуства, се применувани следните техники.

- Вметнување, во постојните ѕидови и на потребното ниво, на армирано бетонски серклаж МБ30 со димензии h/a=min 20/100 см, армиран со 8Ф16 и узенгии Ф10/25 см, заради поврзување со вертикалните елементи за зајакнување. При тоа се води сметка да се обезбеди простор за обѕидување на лицето на ѕидот. Вметнување армирано бетонски стопи со димензии 1.5/1.0 м и армирано бетонски столбови a/a=0.4/0.4 м со висина до 5.00 м, армирани со 18Ф16 вертикална арматура.

- Вметнување на хоризонтална армирано бетонска темелна греда МБ30 во просторот меѓу столбовите, со цел нивно меѓусебно укрутување и овозможување

[45] RÖFIX AG, 2016, 14-16.

на налегнување на бедемскиот ѕид. Димензиите и положбата на гредата се определуваат врз основа на состојбата на самото место. Истата се армира конструктивно со 8Ф16 надолжна арматура и узенгии Ф10/25 см, која поминува низ темелните стопи.[46]

Зајакнувањето на темелите бара поткопување на ѕидот кое, поради негово можно обрушување, мора да се проследи со сложена привремена потпорна конструкција. Поради тоа кај нас почесто се презема детално документирање на ѕидот и потоа негово целосно демонтирање односно уривање и изведба на нови темели. Потоа врз нив се ѕида ново ѕидно платно, по можност со истиот материјал и опус (таков е примерот на пресидувањето на партии од јужниот бедем на „Скопското Кале“ изведени во текот на 2010 год.).[47] Сепак, овој вид на интервенции е успешно изведен на некои древни градби во Р. Македонија. Станува збор за неколку одбрамбени кули во Стоби (централна јужна кула) и „Виничко Кале“, Виница (централна источна потковичеста кула и др.). При тоа е применето претходно стабилизирање на ѕидните платна по пат на инектирање на пукнатините со течен малтер, по што следело вградување на нови темелни партии. Димензионирањето на овие елементи за зајакнување е извршено врз основа на анализа за гравитациони и сеизмички товари во прилог на што се земени и карактеристиките на материјалите и етапноста на изведувањето на работите.[48]

г) Фугирање и дерсување

Се работи за особено важна постапка од која зависи издржливоста т.е. трајноста на целиот конзерватопрски процес односно опстојувањето на ѕидот во наредниот период и основниот визуелен ефект што даденият објект ќе го остави врз посетителите. Таа се состои во пополнување со нов малтерен раствор на фугите од кои е претходно отстрането старото врзивно сретство. При овој третман, барем кај античките градби од Р. Македонија и пошрокото опкружување, се применуваат разни современи малтерни раствори на база на вар

[46] П. Гавриловиќ (и други), 1983, 99-131.
[47] Н. Чаусидис, 2011, 29.
[48] A. J. Pierre, 1984.

(„Усјемал“) со одреден додаток на цемент и тоа поради поголема и подолготрајна издржливост на фугите во однос на надворешните климатските влијанија (темпретурни разлики, врнежи, мрзнење, вегетација). Во случаи кога се работи за објекти при чие градење е користен хоросан-малтер се користи продолжен малтер во кој песокот е заменет со толчена тука или, во некој случаи, со друг толчен минерал (на пример бреча) со сличен црвеникав тон. При фугирањето се применуваат два пристапи и тоа со фуга вовелчена за 1 – 2 см кон внтаре, или дерсување - со фуга која за 0.5 - 1 см е издадена пред лицето на камењата или тулите.[49] Посебно внимание се посветува на фугирањето на круништето на ѕидот на што му посветуваме одделно внимание.

При примената на овие постапки се поставува дилема меѓу принципот на автентичност и принципот на издржливост на ѕидот. Примената на првиот принцип како приоритет значи максимално задржување на оригиналните фуги и тоа поради поголема автентичност на ѕидот во сите делови за кои сме убедени дека, барем извесен период, нема да настапи пропаѓање. Примената на вториот приритет може да значи губење на автентичниот идентитет на градбата на сметка на нејзината трајност, односно решавање на проблемот на нејзината конзервација и одржување за подолг период. Говорејќи за принципот на автентичност тука треба да се актуелизира и прашањето на фугирање со апсолутно ист малтерен раствор (на база на вар и песок, вар и толчена тула, со додаток на слама) без додаток на цемент и било какви други современи сретства. Во најмала рака, овие решенија можат да се применат кај објекти трајно заштитени со покривни конструкции. Преку идни експерименти би требало да се провери дали овие автентични малтери се навистина многу помалку издржливи во однос на оние изведени врз база на продолжен малтер. Во овие рамки треба да се испита и варијантата на користење на овие автентични раствори во комбинација на невидливи современи адитиви која, во секој случај, ќе резултира со повисок степен на автентичност отколку сивилото на вообичаениот и веќе малку одбивен продолжен малтер.

Во случаи кога еден ѕид или една градба имаат повеќе фази кои се разликуваат според дебелината на фугите и материјалот од кој се составени,

[49] Н. Чаусидис, 2011, 29.

неговата конзервација, проследена со отстранување и замена на старите фуги со нови, вообичаено ги прави невпечатливи или воопшто невидливи овие траги на историјата на објектот. Се наметнува потребата, во иднина, да се посвети поголемо внимание на овие аспекти и воспоставување повисоки страндадри за зачувување на овој дел од автентичноста на древните градби.

На крајот треба да се напомене дека лицата на најголемиот процент од ѕидовите на градбите во античкиот период биле премачкани со малтерен премаз кој подоцна отпаднал. Денес овој премаз се обновува само во ретки случаи, кај ѕидови украсени со камена оплата, мозаик, фреско или штуко-декорација. Време е да се размислува на концептот на почитување и на овој аспект на автентичноста, барем во оние случаи каде тоа го дозволуваат условите, пред сé покриеноста на објектот. Не треба да се занемари фактот дека современото грижливо и минуциозно фугирање со цементен малтер на секој ѕид, дури и оној кој никогаш немал солидни малтерни фуги, доведува до еден вид „конфекционирање“ на објектите т.е. нивно реставрирање според некаков единствен шаблон.

д) Заштита на крунитето на ѕидот

При поставувањето на завршниот дел на ѕидните платна, секогаш треба да се води сметка за косината и падот на конзервираната површина, како и длабината на завршните фуги. Овој момент е многу важен, пред сé за да се оневозможи задржувањето на водата на одредени делови од ѕидните платна, и со тоа наштетување на конзервираните делови. Тука мислиме на продирањето на водата во јадрото на ѕидот што доведува до растворање и ослабување на старите малтерни споеви, мрзнење и деструкција на внатрешните и надворешните фуги, создавање услови за раст на растенија, а со тоа и постепена девастација на ѕидот и нарушување на неговиот автентичен изглед. Во минатото, оваа заштита се изведувала со неколку методи кои, поради повеќе причини, денес се напуштени.

Крунитата на ѕидовите често биле обложувани со подебел бетонски слој кој служел за заштита на нивната горна површина. Но, гледано од естетски аспект, тој го нагрдувал првобитниот изглед на автентичните ѕидови како со

својот облик така и со бојата.[50] Овој метод е применет при конзервацијата на некои објекти во Стоби изведена пред Втората светска војна (Палатата на Партениј, Теодосијанска Палата, како и дел од sидните партии на театарот). Без разлика на споменатите недостатоци, гледано од аспект на заштита, тој се покажал како мошне успешен, така што sидовите заштитени на ваков начин, 70 години подоцна ја доживееа својата повторна конзервација и тоа во многу подобра состојба отколку оние кои воопшто не биле конзервирани. Како проблематична се смета и техниката на покривање на круништето на sидот со камени плочи што, и покрај солидната заштита, создава конфузија во смисла на автентичноста на опусот на sидање т.е. типолошките карактеристики на самиот објект. Двете спомнати методи потекнуваат од раните фази на развојот на техниките на заштита на градежните објекти.[51]

Во поново време, особено на просторот на Европскиот континент, како најуспешна се покажа техниката при која над круништето на автентичниот sид, на кој е пред тоа изведена соодветна хидроизолација, се надsидува еден до два реда камен и/или тула, врзан со малтерни смеси зајакнати со нови материјали или со препаратати кои по изглед и структура се аналогни на автентичните.

ѓ) Импрегнација и премачкување со заштитни премази

Тулата, каменот, малтерот и другите врзивни раствори, без разлика на својата привидна цврстина, во древните градби не биле изложени на постојани и непосредни климатски промени. Тие биле заштитени со покриви, стреи и разни настрешници кои го поднесувале најголемиот процент на негативните дејства на надворешната средина. Поради тоа се обраќало големо внимание на одржувањето и поправките на овие покривни елементи како важен предсулов за подолго траење на целата зграда. Како што степенот на уништување на sидовите на една градба рапидно се забрзувал по уништувањето на нејзиниот покрив, тој од друга страна значително се успорувал откако тие ќе се најделе во подземјето и тоа поради анулирањето на главните деструктивни фактори (промени во температурата, степенот на влажност, раст на вегетацијата, човечки фактор).

[50] K. Vaćeva, 1977, 8.
[51] J. M. Fitch, 1982, 128.

Откако тој ѕид, преку археолошко ископување, повторно ќе се најде над површината на земјата, овие процеси повоторно започнуваат да дејствуваат и тоа со многу посилен интензитет, поради дотраеноста на материјалите од кои е составен ѕидот и новите агресивни фактори присутни во современата цивилизација (хемиска загаденост на атмосферата, поголем степен на вибрации и бучава). Оваа состојба создава императив, во зачувувањето на дрвените градби да се вклучат и некои современи сретства, иако тие никогаш не биле дел од автентичните градби. Станува збор за премачкување на тулите и на камените елементи (особено на делканите или резбарените блокови) или импрегнација на оригиналните малтерни премази со цел за нивно зацврстување, затворање на порите и пукнатините и со тоа подобра заштита од негативните климатски фактори и еветуалните аеро-загадувања. Современите технологии нудат некои такви препарати, чијашто досегашна примена покажа значителен ефект во продолжувањето на векот на оргиналните објекти, но и на новите елементи вградени во нив преку постапките на конзервација и реставрација. Иако таквите решенија на територијата на Р. Македонија сé уште не се толку чести, во овој случај заслужуваат да се спомнат некои примери. Еден од ретките случаи каде е применет овој метод се ѕидните платна градени во техника на камен и кал на археолошкиот локалитет „Виничко Кале“, Виница. По извршените конзерваторски интервенции ѕидовите, по целата нивна површина, беа премачкани со заштитен премаз („Фасил“) при што овој премаз, во отсуство на било каква кровна конструкција, се покажа како многу ефикасен. Резултатите се видливи до денес и покрај тоа што овој зафат е изведен пред 14 години. Слично решение, со исто толку добри ефекти, е изведено и на остатоците од сакралниот објект во Никифорово.

е) Заштитни додатоци

При конзервацијата и реставрацијата на ѕидните платна се користат некои современи препарати (адитиви) кои имаат за цел зголемување на цврстината на автентичните и на новододадените елементи и нивна поголема отпорност во однос на климатските и други надворешни влијанија. Тие најчесто се применуваат кај оние површини на градежните елементи (горни или странични)

кои се најизложени на споменатите негативни фактори. При реализацијата на некои од објектите претставени во овој труд се употребувани адитиви со следните индустриски називи: **„Фасил - К“, „Хидрофоб - Т“, „У- врска“ и „Хидрозим - Т“.**

„Фасил - К“ е концентрирано силиконско сретство за постигнување хидрофобност на порозни материјали. Се применува во индустријата за производство на силикатни тули, керамиди и гипсени елементи. Пред употреба се разредува со вода во сооднос 1:20.

„Хидрофоб - Т“ е додаток за водонепропустливост на употребениот малтер. Се применува при изработка на фундаменти, базени, резервоари, брани, пристаништа, канали за иригациони системи, каптажи, шахти и др. Ја спречува појавата на капиларна апсорпција на влага во бетонот. Овозможува правилно одвивање на процесот на хидратација на цементот при ниски температури; Овозможува добивање на разни јакосни карактеристики на бетонот. Го редуцира времето на врзување. Ја продолжува градежната сезона во текот на целата год. **Технички карактеристики:** Сува материја; Густина; Содржина на хлориди; Содржина на алкалии; pH фактор; ратни соединенија Светлокафена течност 45.0±2.25% 1.32±0.03 g/cm3 <0.1%<2% 7.5±1.0.

„У - врска“ е додаток за подобрување на лепливоста, еластичноста и водоотпорноста на малтерските и бетонските смеси. Најчесто се применува при репарација на бетонски конструкции. Се работи за подлога (прајмер) која ја подобрува врската помеѓу стариот и новиот бетон или малтер, постигнувајќи површинска импрегнација на цементните подлоги. Во подготовката на овој адитив направено е споредбено испитување, помеѓу еталон, изработен од малтер приготвен со цемент : песок = 3 : 1 и контролен малтер приготвен со цемент : песок = 3 : 1 со додаток на „У – врска“ во количина од 5% од количината на цементот. **Технички карактеристики:** Бутадиен Стирен, Сува материја 30. 0 ± 1.5%, Волуменска маса 1.00 ± 0.g/cm^3, pH – фактор: 8.0 – 10.0.

„Хидрозим - Т“ е адитив наменет за бетонирање во услови на ниски амбиентални температури (до - 20°C). Се користи во комбинација со пластификатор или суперпластификатор. Различните адитиви се дозираат посебно, односно не се мешаат меѓусебно пред додавањето во бетонската

мешавина. Употреблив е со сите типови на портланд цемент, вклучувајќи ги и сулфатно-отпорните цементи.

ж) Досидување и надсидување

Иако се работи за постапка на реставрирање, во многу случаи таа има и важна заштитна функција затоа што, кај досидувањата ја обезбедува стабилноста на sидните платна, а пак кај надsидувањата ги штити оригиналните партии од негативните климатски влијанија. За успешна изведба на овие постапки, од технички аспект, неопходно е користење соодветни техники и препарати кои ќе обезбедат органско спојување на автентичните партии од sидот со новододадените. Доколку тоа не се постигне, ќе настапат пукнатини, поголемо одвојување на овие сегменти, дилатација и искосување кои ќе имаат негатвни последици по опстанокот на целата структура, сигурноста на посетителите и соодветното музеолошко доживување на објектот. Како што веќе напомнавме, услов за ова поврзување е отстранувањето или зајакнувањето на сите нестабилни елементи на автентичниот sид што може да биде проследено со вградување на соодветни спојки, арматури невидливи на лицето, како и препарати кои ќе обезбедат поврзување на старите и новите малтерни раствори.

Хоризонталното досидување се спроведува во ситуации каде линијата на одреден sид е прекината поради уривање или подоцнежно користење на неговиот материјал за други потреби. Се изведува за да се заокружи изгледот и смислата на дадениот објект и негово поквалитетно перципирање од страна на публиката. Кај подобро зачуваните објекти тоа се прави поради негово затворање како заокружена градба, поради заштита од надворешни фактори, ограничување на пристап во неговата внатрешност или добивање нова намена.

Поради исти причини се изведува и надsидувањето, при што зголемувањето на неговата трета димензија му помага на постетителот таа градба да ја доживее како тродимензионален објект или како затворен простор т.е. ентериер. До неодамна, при одбирот на височината на надsидувањето, пресудно значење играл општиот амбиентален впечаток („убаво компонирана урнатина“), понекогаш дури и на сметка на неговата автентичност и научна заснованост. Се

смета дека наместо овој коцепт треба да се применува концептот на автентичност со што понепосредна перцепција од страна на посетителот.

При досидувањето и надсидувањето треба да се почитува принципот на транспарентност, односно јасна видливост на автентичниот и досиданиот дел од зидното платно. Оваа диференцијација може да се постигне главно на два начина: со употреба на материјали кои кај реставрврваните партии по боја би се разликувале од автентичните (обично со посветла боја) или долж линијата на нивното спојување ќе се протега некаква лента која визуелно ќе ги раздвојува. Во Р. Македонија, особено последниве децении, за тоа најчесто се користи оловна лента.[52]

з) Одбир и изработка на нов градежен материјал

Конзервацијата и реставрацијата на римските градби изискува одбир и употреба на соодветен градежен материјал (камен, песок), како и производство на нов градежен материјал (градежна керамика, вар). При овие постапки е неопходно почитувањето на принципите на автентичност и тоа не само во смисла на обликот туку и составот на материјалот т.е. суровините од кои би се произведувал. Во случајот на градежната керамика (тули, подни плочи, керамиди, тубулуси) и технологијата на нејзина изработка (температура на печење и други аспекти на производство на крамика). При одбирот на овие материјали и полуфабрикати од клучно значење е почитувањето на мерните стандарди соодветни за даденото време и за карактерот на објектите (особено димензии на тулите и на другиот градежен материјал). И во овој случај се наметнува дилемата околу автентичноста или издржиловоста на овие елементи. Во случајот на каменот, често се дава приоритет на издржливоста, додека кај градежната керамика овој аспект засега во Р. Македонија не може да се постигне бидејќи современите тули и подни плочи изработени за овие потреби сé уште не можат со својот квалитет да го достигнат квалитетот на римската градежна керамика и нејзината издржливост на механички и климатските фактори.

[52] Н. Чаусидис, 2011, 31.

s) Враќање на свое место на други градежни декоративни елементи

Една градба од античкиот период не ја сочинувале само нејзините ѕидови темелни партии и подни павименти туку и разни други елементи кои, иако често не ги наоѓаме како дел од основната градба, во свое време тие биле неразделен дел од неа. При реализција на археолошките истражувања на згради од минатото, градежните елементи или нивни делови, според досегашната методологија на инвентарно работење, не се внесуваат во регистарот на движни наоди туку се инвентарираат како единствена и заокружена целина во состав на зградата. Тоа значи дека вредноста на овие наоди не е во самите нив како одделни движни наоди, туку како составен дел на градбата на која некогаш припаѓале. Затоа е многу покорисно тие да се презентираат не во рамки на некоја музејска поставка, туку како дел од самата зграда, и тоа во својата изворна позиција, ако за тоа постојат соодветни предуслови. Освен каменатa пластика (столбови, капители, архитрави, парапети, фризови), подните облоги (подни плочи, мозаици), и ѕидните облоги (оплати, фреско- и штуко-декорасција) тука спаѓаат елементите на кровот (тегули, имбрекси, акротерии) и керамичките инсталации (тубулуси, подни плочи, подни субструкции).

и) Градење трајни објекти врз откопаните градби

Односот на современатa култура кон археолошки откриените древни градби постојано се менува. Во текот на првата половина и средината на 20 век доминирал ставот дека тие треба да изгледаат како солидно конзервирани урнатини, лоцирани во својот природен амбиент, под отворено небо, окружени со терен облагороден со умерени хорти-културни решенија кои нема да го попречуваат панорамскиот поглед на постетителот кон целиот локалитет. Директната изложеност на овие градежни елементи во однос на неповолните климатски фактори се решавала со зајакнување на овие градежни остатоци со современи материјали, иако тие не биле секогаш во склад со нивната автентичност. Денес се чини дека односот кон овие објекти започнува постепено да се менува. Сé повеќе доминираат пристапи во кои над нив се градот трајни згради кои, од една страна, обезбедуваат подобра заштита и намалување на конзерваторските интервенции насочени кон зголемување на нивната

издржливост во однос на климатските фактори. Но, од друга, со тоа се обезбедува и поквалитетна музеолошка комуникација меѓу објектот и посетителите, која е ослободена од неповолните климатски услови. При тоа, таа може да биде проследена со внесување во амбиентот и на дел од подвижните наоди (или нивни реплики) кои не би можеле да опстанат во екстриерни услови.

Овие тенденции добиваат сé повеќе популарност и во нашето непосредно опкружување, како на пример: хангарите над минојската населба на островот Санторини во Грција; застаклените павилјони над римските палати во Ефес; новоткриените квартови на Сердика, вклопени во современите подземни премини во центарот на Софија; павилјони во Лепенски Вир и Сирмиум во Србија. Овој тренд кај нас сé уште не е во сила, макар што неколку такви решенија се одамна реализирани, иако во ограничен обем, само како кровен покривач без странично преградување. Тука го имаме предвид покривањето на Епископската базилина во Стоби кое беше диктирано од пронаоѓањето големи површини на фрески. Слично решение е изведено над поликонхосот на Плаошник во Охрид и црквата Св. Петнаесет Тивериополски маченици во Струмица. Во градби со траен карактер денес се наоѓаат и археолошките остатоци на три средновековни сакрални објекти: под темелите на Јени - џамија во Битола, Орта-џамија во Струмица и ранохристијанските остатоци под обновениот храм Св. Пантелејмон на Плаошник во Охрид.

ВТОРА ГЛАВА

БАЗИЛИКА ЕКСТРА МУРОС, СТОБИ

I. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИ

1. Локација на објектот

Базиликата Екстра Мурос се наоѓа надвор од градските бедеми на Стоби, во неговиот агер. Објектот се наоѓа на растојание на 50 м од бедемот, на тераса оддалечена 150 м од Црна река. Изградбата на автопатот Е - 72 т.е. негова јужна траса со правец север-југ (Скопје - Солун), зафаќа мал дел од sидните партии на неговиот северен простор. Југозападно, на 300 м. оддалеченост од него, се наоѓа познатата Гробјанска базилика.

2. Тек на истражување на објектот

Откриен е во 1992 год. при реализација на заштитните ископувања, организирани од страна на РЗЗСК - Скопје и „Музеј на Македонија". Во 2003 и 2004 год., се извршија доистражувања во јужниот, источниот и западниот дел од базиликата, кои беа организирани од страна на РЗЗСК - Скопје. Со тоа се овозможи речиси целосно откривање на овој сакрален објект.

3. Опис на објектот

Се работи за ранохристијански сакрален објект од типот трикорабна базилика со димензии 25 х 20.5 м (А6: а, б). Како составен дел на објектот се и страничните анекси или пастофории, кои заедно со крстилницата, можниот катехумениум и стилобатните sидови со колонади, го формираат изгледот на овој сакрален објект.

Апсида: Централно диспонираната полукружна апсида е со распон приближно во широчина на централниот кораб. Должината на апсидата е 3.5 м, додека широчината изнесува 5 м.

Наос: Централниот кораб бил одвоен од страничните, т.е. северниот и јужниот со колонади од по шест столбови и исто толку интерколумнии со речиси идентичен распон. Од нив се зачувани in situ по шест бази различно профилирани.

Должината на централниот кораб изнесува 21.65 м, додека неговата широчина е 6 м.

Нартекс: Должината на нартексот е 18.7 м, додека неговата ширина изнесува 3,8 м. Подниот опус е составен од правоаголни камени плочи со различни димензии на површината, која изнесува од 0.50 х 0.80 м до 0.80 х 1.20 м.

Странични анекси или пастафории: се со приближно иста квадратна, односно правоаголна основа, лоцирани јужно и северно, во продолжение на нартексот и источно од неговиот јужен и северен крај.[53] Јужната пастафорија нумерирана под реден бр. 1 (А6: б), е со димензии 4.97 х 4.5 м. Една од двете северни пастафории која е целосно зачувана и истовремено нумерирана под реден бр. 2 на план 2, е со димензии 4.55 х 3.5 м (А6: б).

Сите простории меѓусебно комуницираат така што, земени заедно, и покрај различната временска фаза, градат една логична и функционална целина.[54]

Крстилницата се наоѓа на јужната страна од базиликата, а источно од пастафорија 1, и е во директна комуникација со неа. Димензиите на нејзината површина се 4.65 х 4 м (А6: б).

4. Досегашни истражувања

Истражувањата на објектот започнаа во 1992, а во 2003 и 2004 год. се извршија потребните доистражувања. Во делот на овие поединечни активности се добија очекуваните резултати, со што, се потврди дека базиликата е фундирана врз темелни партии на раноримска вила рустика.

Првите истражувања од 1992 год. беа во насока на откривање на што поголема површина од контурите на објектот, а не, и негово систематско истражување. Ваквиот пристап на работа имаше за цел добивање средства од инвеститорот за негово понатамошно истражување (А1).

Во 2003 год., истражувањата беа фокусирани кон западниот дел што се наоѓаше надвор од базиликата (простор помеѓу нартексот и работ на терасата). Во истиот период беа целосно истражени сондите 1 и 3, како и сонда 4 во источната

[53] В. Санев, бр. 07-166/110, 2004.
[54] В. Санев, бр. 07-166/107, 1994.

половина, додека во западната половина на сондите 4 и 5 се отстрануваше ерозивниот насип.

Во 2004 год. археолошките истражувања беа насочени кон западната половина од сонда 4, како и сондите 5 и 6, но, исто така и во северниот дел на базиликата со откоп на пастофорија 2 и пастафорија 3.

II. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ОБЈЕКТОТ

1. Апсида

Преку истражувањата реализирани во 1992 год. се констатира дека апсидата на овој објект е градена во градежна техника на камен со варов малтер (А6: б. sид бр. 1 на план 2).

Во 1992 год., во просторот лоциран надвор од апсидата, во in situ положба се откриени остатоци од нејзините урнати делови. Се покажа дека непосредната близина на овие елементи, како и положбата на паднатиот градежен материјал од кој се составени, даваат можности за откривање на историјата на објектот (А2). Од овие причини е извршено детално расчистување на теренот од наносот на земја и вегетација. Гледано од градежен аспект може да се заклучи дека апсидалниот sид имал либажен појас од правоаголни тули, наредени во 5 хоризонтални редови, меѓу кои се наоѓа премаз од варов малтер, дебел околу 0.05 м. Според положбата на паднатите тули, а и нивната оддалеченост од основата на апсидата, може да се претпостави дека појасот бил поставен на височина од околу 1.00 - 1.20 м. од подната основа.[55] Не се исклучува веројатноста тој да ја имал истата нивелета како редот од тули зачуван на западниот sид од наосот, лево и десно од влезовите во корабите.

Положбата во која се најдени посочените урнати sидни партии, упатува на размислување за причините и начинот на уништувањето на базиликата. Нивното паѓање кон надвор, во единствен голем блок кој се одвоил и се превртел со горниот дел кон долу, асоцираат на уривање во земјотрес со брановидни

[55] В. Санев, бр. 07-166/107, 1994.

хоризонтални удари.[56] Во скоро ист правец, со мало отстапување од неколку степени кон север, се паднати и некои од столбовите и арките од стилобатните ѕидови (А3). Сево ова би можело да се поврзе со земјотресот од 518 год. со кој, според пишаните извори, настрадале повеќе урбани населби во Македонија, меѓу кои и античкиот град Стоби.[57]

2. Пастафорија 1 (А6: б - бр. 1)

Во оваа просторија, уште во 1992 год., во подот меѓу камените плочи беше откриен доводен канал од керамички цевки - тубули, поставен во правец исток - запад, поточно меѓу западниот ѕид и базенот на крстилницата. Со цел да се добијат определени податоци во врска со влегувањето на каналот во западниот ѕид кој е воедно и дел од западниот периметрален ѕид на нартексот, односно балиликата, беа отстранети неколку камења од банкината - седало, подигната во основата на ѕидот. Со тоа се покажа дека каналот завршува близу последниот ред камења од неговата основа (А4). Тоа значи дека во текот на внатрешното уредување на крстилницата и нејзините придружни простории, градителите го поставиле доводниот канал од керамички цевки, меѓутоа, тој никогаш не бил поврзан со градската водоводна мрежа.[58] Ова е значајно затоа што оди во прилог на размислувањата за временската припадност на откриениот дел од системот на водоводната мрежа надвор од нартексот.

Независно од овие податоци, дефинитивен одговор на ова прашање требаше да се побара во делот на неистражениот простор од подното ниво на базенот на крстилницата (А5).

3. Простор лоциран западно од нартексот

(сонди бр. 1, 2, 3, 4, 5, 6, 11, 13, 14 и 15) (А6: б)

Истражувањата во 2003 год. се одвиваа на западниот простор што се наоѓа надвор од базиликата (помеѓу нартексот и работ на терасата) и тоа според веќе воспоставената и утврдена методологија на работење од претходните археолошки

[56] Е. Kitzinger, 38 - 41, 1933 - 34; М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.
[57] И. Микулчиќ, 2003, 132 - 133,
[58] В. Санев, бр. 07-166/9, 2003.

кампањи. Имено, се работеше за ископувања според систем на сонди, со димензии од 5 х 4 м, поставени долж западниот ѕид на нартексот. При тоа беа целосно истражени сондите 1 и 3, како и сонда 4 во источната половина.[59] Акцентот на овие истражувања беше ставен на ископите кои имаа за цел дефинирање на с/и агол на сонда 1, кој излегува од рамките на нејзиниот северен раб (А6: план 1). Потоа се истражија и сондите 11 и 12, поставени на јужната страна од сонда 6, додека помали интервенции се изведоа и во источните делови на сондите 13 и 15, поставени на запад од сондите 2 и 4 (А6: план 1).[60]

Отстранувањето на ерозивниот насип во западната половина на сондите 4 и 5, покажа дека редот од подни плочи, широк од 0.70 - 0.80 м., откриен во 2003 год. во сонда 4, продолжува за уште 2 м и во сонда 5 (А6: план 1).[61] Констатирано е дека се состои од правоаголни и четириаголни цепени камени плочи, кои се добро наредени, со сосема мали фуги помеѓу нив. На западната страна тие навлегуваат во профилот, така што сé уште не може да им се определи вкупната широчина, како и тоа дали му припаѓаат на некаков отворен двор или просторија. Во сонда 5, јужно од плочите има појава на цврсто набиен чакал, кој наликува на подна тампон-подлога. Чакалот е мешавина од крупни и ситни речни камчиња. На северниот крај плочите завршуваат до западниот крај на јужниот ѕид од влезот. Врз самиот ѕид се наоѓа слој од варов малтер со убаво редени плочи кои оставаат впечаток на праг од бочен влез, преку кој се влегувало во нартексот и од него во јужниот кораб (А7).[62] До прагот, се издигаат остатоци од помлад ѕид зачуван во височина од 0.60 до 0.70 м и широк 0.60 м, ѕидан од правилно кршен зелен песочник. Неговата положба е необична затоа што е поставен врз постариот темел со изместување за 0.10 м кон надвор. На западниот крај, овој ѕид продолжува кон работ на терасата. Констатирано е само присуството на овој градежен елемент, без да може да се каже нешто повеќе за неговите автентични димензии, функцијата и односот кон ходникот пред влезот во нартексот. С□ до неговото целосно откривање нема да може ништо сигурно и конкретно да се

[59] В. Санев, бр. 07 - 166/9, 2003.
[60] В. Санев, бр. 07 - 166/110, 2004.
[61] В. Санев, бр. 07 - 166/110, 2004.
[62] В. Санев, бр. 07 - 166/9, 2003.

констатира освен дека е подигнат нешто подоцна во однос на другите околни ѕидови.

Во сонда 4, во 2003 год., беше откриен раб од праг на скалило (А6: план 1). Неговото натамошно внимателно расчистување покажа дека се работи за една поголема или неколку помали потпорни плочи кои служеле како подлога на камениот праг кој не е пронајден. Тоа значи дека овој, работно наречен „прв влез", не може да се дефинира поради недостаток од конкретни градежни елементи. Се чини дека неговата широчина не била поголема од 0.60 м. Од надворешната страна до западниот раб на прагот е констатиран канал за вода, со четвртесто корито од камени плочи, покриен со исто така камени плочи, добро зачувани, правилно сечени со правоаголна форма. Тој доаѓа од јужната страна и во благ пад продолжува кон сверната, долж надворешната страна на западниот ѕид на просторија 1, во сондите 3 и 2. Не се исклучува можност тој да продолжува и во сонда 1, навлегувајќи под насипот на автопатот (А8: а и б).

Приближно на средината од западниот ѕид, од каналот се одвојува крак кој минува низ него и продолжува да се протега низ внатрешноста на сонда 1 (А6: план 1). Потоа во благ лак скршнува кон северниот ѕид на просторијата каде што е насилно прекинат. Се чини дека овој елемент е вкопан во градбата секундарно, во некоја подоцнежна фаза од нејзиното постоење. Во оваа просторија е констатирана градежна интервенција изведена во иста техника како и кај откриениот дел од ѕидот во сонда 4.[63] Се работи за ѕид кој во долниот дел е граден со варов малтер, а потоа надѕидан со ѕид од камен и кал, при што е направено мало отстапување така што надворешното лице на надградбата излегува за неколку сантиметри надвор од лицето на постојниот ѕид. Очевидно и тука станува збор за градежни интервенции настанати во различни временски интервали.[64]

Може да се заклучи дека деловите на источниот ѕид на наретексот, до влезовите кон страничните кораби и соодветните партии на западниот ѕид на нартексот, се постари од базиликата односно припаѓаат на постар доцноримски објект (најверојатно вила). На ваквиот заклучок укажува дебелината на овие

[63] В. Санев, бр. 07 - 166/9, 2003.
[64] М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.

партии и високиот квалитет на ѕидаријата кој значително се разликува од останатите ѕидови на базиликата. Дел од нив биле вклучени во основата на новата градба, а дел демонтирани, затоа што не соодветствувале на потребите, при што од нив бил искористен градежниот материјал.

Работите во сондите 5 и 6 беа изведувани паралелно, од причина што поврзаноста и редоследот на појавата на наоди диктираа таков истражувачки пристап. Во источната половина на сонда 6, уште пред отпочнување на работите, на површината можеа да се видат делови на ѕидарија од тула и хоросан-малтер. Нивната положба и насоченост кон исток т.е. кон крстилницата, како и градежниот материјал во сондите 4 и 3, наведуваа на постоење објект со функција на цистерна – резервоар за вода од каде таа била дистрибуирана за потребите на базиликата, односно нејзината крстилница.[65]

4. Водовдни инсталации

Следната 2004 година, археолошките истражувања беа насочени кон западната половина од сонда 4, како и сондите 5 и 6, каде што истражувањата беа финализирани. Набргу по отстранувањето на ерозивниот слој, чија дебелина долж западниот профил изнесуваше 0.30 - 0.80 м, се доби неочекувана ситуација. Наместо резервоар се откри систем на водоводна мрежа кој се состои од шахта - таложник и три разводни канали (А9). Таложникот е лоциран во с/и агол на сонда 6 (А6-а: план 1) и има асиметрична ориентација во однос на базиликата. Ѕидовите се дебели 0.47 м, ѕидани квалитетно со камен и хоросан-малтер. Димензиите на отворот се 0.57 х 0.57 м, а длабочината 0.45 м. Обликуван е во вид на квадрат при што, с/и страна му е заоблена. Венецот не е зачуван така што не се знае неговата првична височина како и тоа од која страна во него доаѓала водата (А10). Врз ј/з ѕид се констатирани остатоци од корито на одводен канал кој благо се спушта и во лак продолжува кон сондите 11 и 12, и понатаму по падината на теренот. Каналот е делумно зачуван. Бил покриен со правоаголни плочи, редени по должина, врзани и покриени со хоросан. Коритото е длабоко 0.12 м, широко во горниот дел 0.15 м. Направено е од имбрекси долги 0.60 м, каскадно редени, еден врз друг, а на краевите обложени со хоросан (А11-а: канал 2). Над и под овој

[65] В. Санев, бр. 07 - 166/9, 2003.

канал се откриени уште два канала (канал 1 и 3 на планот), кои се независни и исто така се спуштаат кон полето (т.е. речната тераса), следејќи ја изохипсата на теренот. Посебно е интересен каналот 1 кој доста стрмо се спушта кон ј/з агол на нартексот, со висинска разлика од околу 1.10 м. (А11-б). Има нешто поголемо корито, (длабочина од 0.20 м), ѕидано со хоризонтално редени тули и тенки плочи, кое што е премачкано со хоросан.[66] Каналот е покриен е со тули и тенки плочи. Со оглед на близината до западниот ѕид се очекуваше тој да навлегува во баптистериумот. Но, оваа претпоставка не се покажа како точна така што и натаму останува отворено прашањето од каде се полнел со вода базенот на писцината.

Движните археолошки наоди во овие сонди, во слоевите над и до каналите, главно се состојат од фрагменти на керамички садови кои се датираат широко во рамките на доцноримскиот и рановизантискиот период. Поради тоа е тешко да се определи подецидно времето на нивното градење но и нивната конкретна намена. Во прилог на решавањето на овие прашања се земени за хемиска анализа примероци од премази на хоросан - малтер употребени во овие објекти.

Со оглед на тоа што истражувањето на овој простор до денес не е заокружено, работен впечаток е дека делот од откриената водоводна мрежа бил изграден многу порано од базиликата и не се врзува за крстилницата. Засега не може да се одговори на прашањето дали тој функционирал и во времето кога базиликата била активна.[67]

Сондите 14 и 15 се поставени западно од сондите 2 и 3 (А6-а: план 1), во истите димензии како и претходните. Со ископување беше зафатен само дел од нивната источна половина, долж источните профили и тоа во широчина од 1 м. Целта на овие активности се состоеше во целосно откривање на споменатиот канал долж западното лице на западниот ѕид од сонда 1 (А6-а: план 1). При тоа се отстрани ерозивен слој дебел околу 1 м, составен главно од земја и ситен камен, повремено помешан со фрагменти од тегули и тули. При тоа се откриени скромни археолошки наоди (А6-б: план 2).

---

[66] В. Санев, бр. 07 - 166/9, 2003.

[67] М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.

5. Простор меѓу северниот влез на нартексот
и потпорниот ѕид на автопатот (А6: а)

Археолошките истражувања на северно-западниот дел од базиликата, поточно во просторот меѓу северниот влез во нартексот, пастафориите 2 и 3 и потпорниот ѕид на автопатот, требаа да дадат една појасна слика за организацијата на просториите од тој дел на градбата и нивните комуникации. Во таа смисла се очекуваше откривање на ситуација која ќе го разреши северниот влез во базиликата како и евентуалната функција на придружните простории пред северниот влез во нартексот (А6-б: план 2).

На просторот предвиден за истражување беше затекнат дебел слој од депониран чакал и стерилна земја, нанесен веројатно со градежните работи извршени во 1992 год. По неговото отстранување беше отпочнато со истражувањата во пастафорија 2, просторот пред северниот влез во нартексот и пастафорија 3 (А6-а: план 1). Практично, истражувањето е вршено на просторот од северните, веќе откриени ѕидови од придружните простории на базиликата, до банкината на потпорниот бетонски ѕид на автопатот (А12).

6. Пастофорија 2

Од северната страна на северниот стилобатен ѕид (негов западен дел) кој е истражуван во 2003 год., се надоврзува друга просторија - пастофорија 2 чие истражување е отпочнато во 2004 год., со цел да се дефинира габаритот на сите простории доградени кон базиликата во нејзиниот северозападен дел, изведени во повеќе градежни фази.

Во пастофорија 2 е ископувано од нивото на зачуваните ѕидови (кота 140.62 - 140.92), во длабочина сса 1.30 м (кота 139.47). Оваа просторија од исток и југ е затворена со ѕидови од камен и кал, кои се едновремено ѕидани, при што јужниот ѕид во југозападниот агол е прилепен до надворешниот североисточен агол од нартексот, чија ѕидарија е од камен поврзан со варов малтер. Јужниот ѕид кој ја одвојува оваа просторија од пастафорија 2 (односно тој е преграден ѕид меѓу пастафории 2 и 3), граден е од камен и кал, и е зачуван во должина од 4,90 м. Источниот ѕид го следи правецот кон север од југоисточниот агол на просторијата во должина од 2.90 м, а потоа е прекинат со бетонскиот потпорен

ѕид (А13). Во југозападниот агол на оваа просторија, врз ѕидаријата од камен и варов малтер, од надворешна страна на североисточниот агол од нартексот е досидан масивен ѕид од камен и кал (во вид на стопа), кој е во правец кон север во должина од 1.85 м од внатрешната, односно 1.20 м од надворешната страна. Ѕидот е констатиран на кота 140.77, има широчина од 1.00 м и зачувана височина од 1.00 м (темелот на ѕидот е на кота 139.77). Од досегашните истражувања во пастафорија 2 се констатирани ѕидни партии со правец запад - исток во должина од 4,65 м, и со правец север - југ во должина од 3,60 м. Конечните димензии не е можно да се утврдат бидејќи северниот ѕид е уништен, односно просторијата е пресечена со бетонскиот потпорен ѕид од автопатот. Изгледот на оваа просторија од северната страна не е можно да се дефинира, со што е исклучена можноста да се докаже дали преку неа се комуницирало кон север, односно дали од северната страна имало влезна партија. На зачуваните ѕидови од југ и исток не се најдени остатоци од влезови. Во рамките на постојната ситуација може да се претпостави дека влез во оваа просторија имало од запад, на што упатува финалната завршница на челото од масивниот ѕид од камен и кал. Меѓутоа, од овој ѕид, во правец кон север до современиот бетонски потпорен ѕид, има простор од 1.65 м, во кој не се пронајдени остатоци од прагови на влез, ниту пак остатоци од било каква ѕидарија. Сепак на мислење сме дека просторијата била затворена од јужната, источната и северната страна, со комуникација преку западната страна.[68]

Во средишниот дел на просторијата, на длабочина од 1.35 м од горното ниво на ѕидовите (кота 139.46), е откриен растурен канал со правец североисток-југозапад (сонда бр. 1 на А6-а: план 1). Каналот, кој во овој дел прави благ лак, беше следен во должина од 3,37 м од северниот профил на ископот до југозападниот агол на пастафорија 2. Северно од него, непосредно покрај северниот профил, се откопани голем број фрагменти од тубули, меѓу кои и три целосно зачувани, со максмимална должина од 0.45 м и пречник на отворот 0.13 м (А14). Фрагменти од тубули беа пронајдени и во шуплината од растурениот канал, на длабочина од 0.40 м во однос на горното ниво (кота 139.05). За жал, поради прекинување на ископувањата до ова ниво, не сме во можност да ја дефинираме функцијата на откриените остатоци од каналот и неговата поврзаност

[68] М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.

со просторите во и околу базиликата. Досегашните претпоставки се дека тој е поврзан со објекти од доцноримскиот период коишто веќе не биле во функција кога на овој простор е изградена базиликата. Во истражуваниот простор на пастафорија 2, со овие ископувања не се констатирани остатоци од ниво на под или подна подлога, исто како и во просторот на пастафорија 1, каде ископувањата во 1992 год. се прекинати на нешто повисоко ниво (кота сса 139.84).[69]

7. Простор пред северниот влез во нартексот

Западно и северно од пастафорија 2 е истражуван просторот пред северниот влез во нартексот на базиликата, со димензии: 3.60 м во правец исток-запад и 2.85 м во правец север-југ.

Просторот пред северниот влез во нартексот од базиликата од запад е затворен со ѕид од камен и варов малтер кој во правец кон север беше следен до бетонскиот потпорен ѕид, а од исток до масивниот ѕид (стопа) од камен и кал (А6: а). Од северната страна ѕидовите се пресечени со современиот потпорен ѕид на автопатот, така што, ѕидаријата во овој простор, доколку постоела, сега е уништена.

Истражувањата во овој дел беа насочени кон констатирање на остатоци од под или подна подлога и дефинирање на функцијата на просторот во однос на базиликата, односно северниот влез во нартексот.

Сочуваните ѕидни партии кои го формираат северниот влез во нартексот се констатирани на кота 141.27. Нивото на прагот на влезот, кој е со ширина 1.15 - 1.20 м, се наоѓа на кота 140.39, додека нивото на подните плочи во северниот дел од нартексот е на кота 140.22.

Просторот пред северниот влез во нартексот, од западната страна е затворен со солидно ѕидан ѕид од камен и варов малтер, кој се движи во правец кон север во должина од 2.40 м с□ до современиот потпорен ѕид. Во неговата ѕидарија јасно се издвојуваат две градежни фази. Едниот дел од ѕидот е продолжение на западниот ѕид од нартексот, со должина од 0.80 м, а другиот во

[69] В. Санев, бр. 07 - 166/9, 2003.

должина од 1.60 м, кој продолжува до банкината од бетон, прилепен до него при дополонителна интервенција во овој простор. Кај двата сегменти од sид, воочливи се мали разлики во изведбата на sидаријата. Кај првиот дел sидаријата е од поголеми притесани камени блокови, а кај вториот од поситни притесани камења, поврзани со варов малтер.

На длабочина од 1.30 м од нивото на западниот sид (кота 140.10), во југозападниот агол, пред влезот во нартексот, беше откриен слој од варов малтер кој најверојатно е дел од подна подлога. По отстранувањето на слојот од гар и пепел и во северниот дел од ископот најдени се остатоци од подна подлога од варов малтер (кота 140.15). Овие два сегменти од малтер се од истото подно ниво. На сса 0.25 - 0.28 м пониско од овие малтерни слоеви, во југоисточниот агол од овој простор е констатиран дебел слој од варов малтер, кој е остаток од под или подна подлога, која □ претходела на веќе спомената (А15).

Од досегашниот степен на истраженост заклучуваме дека на просторот пред влезот во нартексот се изведувани градежни интервенции во најмалку две фази кои, според начинот на изведбата и откриениот движен археолошки материјал, временски не се со голема дистанца и се вклопуваат во хронолошките рамки од крајот на 4 и почетокот на 5, до средината на 6 век. Од последната фаза на адаптација е секако и масивниот sид од камен и кал (стопа), кој од исток го одвојува просторот пред северниот влез во нартексот од анекс 2, со должина во правец кон север од 1.20 м каде финално завршува и ја формира комуникацијата меѓу овие два простори.[70]

Присуството на движен археолошки материјал во овој сектор беше стандардно, како и во останатиот истражуван простор. Пронајдени се фрагменти од керамички садови од доцноантичкиот период, како и поситни парчиња од рамно стакло. Во западниот дел од ископаниот простор наидено е на мека пепелива земја со интезивно присуство на гареж, во кој се среќаваат фрагменти од доцноантичка садова керамика, меѓу кои и еден фрагментиран црн сад со две лентести рачки.

[70] М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.

8. Пастофорија 3

Во продолжение на просторот пред северниот влез во нартексот во правец кон исток, истражуван е просторот означен како пастофорија 3 – просторија која е затворена со ѕидови од исток, запад и југ, а од север е пресечена со потпорниот бетонски ѕид од автопатот. Од нејзиниот западен ѕид е сочуван само мал дел кој го формира југозападниот агол на просторијата и се движи во правец кон север во должина од околу 1.10 м. Просторијата е со димензии 4,50 м во правец запад - исток и 2.70 м во правец север-југ (до банкината од бетонскиот ѕид) (А16 - а, б). Горното ниво на кое се констатирани зачуваните ѕидови, во зависност од нивното на обрушување, е со следните коти: западниот е на кота 142.04 - 142.15; јужниот на кота 141.79 - 142.36; источниот на кота 141.64.

При истражувањето, на длабочина од 0.70 м од нивото на западниот агол (кота 141.45), преку целата површина на ископот е констатиран слој од паднати тегули и имбрекси со дебелина од сса 0.30 - 0.50 м. Оваа групација од разурната градежна керамика, меѓу која има и по некој помал камен, е секако остаток од кровната конструкција на градбата. Во неа речиси сосема отсуствуваат фрагменти од садова керамика. Меѓу тегулите се забележува присуство на материјал со поголем временски распон. Има неколку фрагменти од пораните римски тегули со ивици извлечени под прав агол, меѓутоа преовладуваат поголеми и помали фрагменти на благо заоблени тегули од доцноантичкиот период. Оваа ситуација се вклопува во општиот опус на ѕидање на базиликата и нејзините придружни *простории при што се користени материјали од постарите доцноримски објекти.*

При ископувањето, на длабочина од 1.00 м од нивото на јужниот ѕид (кота 140.96) и непосредно покрај него, се откриени две помали површини од набиена црвена земја со следните димензии: едната 0.40 х 0.40 м и другата 1.15 х 0.58 м, за кои, според остатоците, со сигурност може да се каже дека се остатоци од подна подлога. Дебелината на овој слој од набиена црвена земје е 6 см, а под него има дебел слој од ситен чакал. Овие два сегменти се првото констатирано ниво на под. На длабочина од 0.40 м под ова ниво, скоро на целата слободна површина од просторот, се констатирани остатоци од супструкција од крупен чакал, а во западниот дел и остатоци од неколку подни плочи положени врз неа, како дел од

второто подно ниво од постарата градежна фаза (А17). Остаток од под односно подна подлога од третата (најстара) градежна фаза е констатиран на длабочина од 0.20 м под претходното ниво, во североисточниот агол на ископот, каде е најден дел од подна подлога од набиена црвена земја (кота 140.31). Во поголемиот дел од ископот завршено е со работа на нивото на вториот односно третиот под. Продлабочување на ископот е направено само во југоисточниот агол од просторијата, каде е ископувано до длабочина 1.70 м од нивото на ѕидовите, при што е констатирано дека ѕидовите во овој дел продолжуваат во длабочина.

На овој истражуван простор се воочени повеќе градежни фази на ѕидните партии. Како што веќе напомнавме, источниот ѕид во просторот пред северниот влез во нартексот е граден од камен поврзан со варов малтер и тоа во две фази (А18). Западниот ѕид во долните партии е граден од камен поврзан со варов малтер, врз кој во подоцнежната фаза се доградени партии од камен и кал, со кои ширината на ѕидот е зголемена за сса 0.20 м така што изнесува 0.80 м. Ѕидовите од камен поврзани со варов малтер најверојатно се едновремено градени со ѕидаријата од пораната градежна фаза на базиликата, додека дозиданите простории од камен и кал северозападно од влезот во нартексот се дел од подоцнежните адаптации и доградби на овој простор.[71]

Во ископаната земја од пастафорија 3 се пронајдени подвижни наоди претежно од доцноантичкиот период (фрагменти од садова керамика, парчиња од рамно стакло и ситни атипични фрагменти од стаклени садчиња, неколку фрагменти од железни клинци). При истражувањето на југоисточниот дел од ископот, во слојот под нивото на третиот под, на длабочина од 1.60 - 1.80 м од нивото на јужниот ѕид е најден мал фрагмент од луцерна и четири доста оштетени бронзени монети од римскиот период.[72]

Во сонда 1 беше извршено ископување од нивото на истражувањето од претходната год., за да се утврди каква е ситуацијата со проширениот јужен ѕид од надворешната јужна страна на пастафорија 3, означен уште и како северен ѕид во сонда 1 - запад.

---

[71] М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.
[72] В. Санев, бр. 07 - 166/110, 2004.

Ископувано е во североисточниот агол на сонда 1 и во северниот крај на западниот ѕид од нартексот. На длабочина 0.55 м од нивото на ѕидот од север, констатиран е канал изведен од имбрекси, покриен со помали камени плочи и парчиња од тегули (широчина на каналот 0.20 м, широчина на покривните плочи 0.40 м) (А6-а: бр. 6 а на план 1). Каналот е прилепен односно пресечен со ѕидот од север, а се движи во правец кон југ во должина од 2.40 м. (А19) и потоа со благ лак свртува кон запад од каде, во остатоци од негатив, се следи во должина од 1.90 м. Должината на откриениот дел од каналот изнесува 4,30 м.

Состојбата на теренот ни дава за право да претпоставаиме дека овој канал претходел на градежната фаза на градбите од камен и кал, т.е. дека истиот е пресечен со нив. Тоа се поткрепува со фактот што деловите од каналот не се откриени во пастафорија 3, односно западно од констатираните остатоци од него (сонда 2), а каде е слезено во длабочина под неговото ниво, без разлика што во овој дел од сонда 1 е ископувано до длабочина од 0.70 м од нивото на ѕидовите. За да може да се истражи овој простор до иста длабочина како во југоисточниот агол од пастафорија 3, потребно е да се подигнат зачуваните делови од овој канал.

Во копаната земја над и околу остатоците од каналот, најдени се неколку фрагменти од садова керамика и стакло од доцноантичко време, како и остатоци од животински коски.

Општата карактеристика за истражуваниот простор е дека објектите од северната страна, пред и од двете страни на влезот, се до тој степен девастирани со изградбата на автопатот што не постојат никакви услови за нивно приближно дефинирање, а скромниот движен археолошки материјал главно му припаѓа на доцноантичкиот период, со исклучок на оној од подлабоко ископаните партии (во пастафорија 2 и 3), кој временски е нешто постар (II - III век).

Заради разрешување на прашањето со доводот на водата од градскиот водовод до крстилницата, како и нејзиното одводнување, направени беа неколку мали сондажни истражувања на јужниот периметрален ѕид и на источниот ѕид на пастафорија 3.

9. Јужен периметрален ѕид

Почнувајќи од југозападниот агол на пастофорија 1, долж надворешната страна на јужниот периметрален ѕид, во кој влегуваат ѕидовите бр. 5 и 6, е поставен контролен ров, широк 0.50 м. Неговата длабочина беше различна, зависно од падот на теренот. На западниот крај, до југозападниот агол на пастафорија 1, длабочината изнесуваше 1.00 м додека на источниот, покрај југоисточниот агол на истата просторија, длабочината на ископот не беше повеќе од 0.50 м. По целата должина на ровот, немаше градежни траги ниту остатоци од канали, со исклучок на еден ред од поголеми кршени камења во низа, поставени бочно, на средината од ѕидот од крстилницата (А20). Зачувани се во должина не повеќе од 1.20 м и немаат конструктивна врска со базиликата. На прв поглед оставаат впечаток на остатоци од некаков плитко вкопан темел, меѓутоа, веројатно се работи за заостанат градежен материјал од градењето на базиликата. Всушност, нивното присуство нема никакво значење за истражувањето на базиликата.

10. Источен ѕид

Од надворешната страна на источниот ѕид на оваа просторија, беше поставен ров долж ѕидот со ширина од 1.00 м. Целта беше откривање траги од одводен канал или цевка поврзана со функцијата на крстилницата (А21: а). Во ископот длабок 0.50 - 0.60 м, беше пронајден само мал број атипични фрагменти од керамички садови, без можности за нивно поточно временско определување. Во овој дел не беа добиени посакуваните резултати, т.е., немаше појава на остатоци од канал.[73] Длабочината на основата на ископот беше пониска за околу 0.40 м од висината на подот во базенот на крстилницата.

Овој податок беше значаен дотолку повеќе што, заедно со оној од пастафорија 1, дефинитивно го разреши прашањето за начинот на снабдување со вода на крстилницата. Констатирано е дека таа во еден период не била приклучена на градската водоводна мрежа, и покрај тоа што бил изграден доводен канал од цевки.

[73]В. Санев, бр. 07 - 166/110, 2004.

После сето ова може слободно да се констатира дека, во времето на користење на крстилницата, за обавување на чинот на покрстување, базенот бил рачно полнет со вода која потоа, на истиот начин, била отстранувана.[74]

III. ГРАДЕЖНИ ФАЗИ НА ОБЈЕКТОТ

Базиликалниот комплекс се развивал во три јасно изразени фази, кои не влијаеле на промената на карактерот и функцијата на објект. Може да се констатира дека овие градежни фази, се разликуваат пред с□ според начинот т.е. техниката на градење (особено во поглед на sидаријата и употребеното врзиво) и делумно според промените на диспозицијата на одредени простории, согласно состојбата во која биле откриени (досидување, надsидување, поставување нови подови) што може да укажува и на измени во нивната функција. Треба да се истакне дека: првите две фази се во рамките на примарната трикоробна базилика, додека третата и последна фаза го опфаќаат само централниот кораб кога црквата била редуцирана на форматот на еднокорабна базилика. Хронолошкото и културно-историското определување на базиликалните решенија би можеле да се сместат некаде од крајот на IV и почетокот на V век и првата половина на VI, или крајот на истоиот век. Во рамките на овој степен на археолошка истраженост немаше можност во целост да се изврши хронолошко разграничување на двете посочени фази. Меѓутоа, за разлика од нив, третата фаза се диференцира сосема јасно, но за сметка на тоа, нејзината хронологија е понеизвесна. Иако постојат индиции за нејзино сместување во средниот век не е можно да се определи на кој век таа точно се однесува. Од теренските истражувања е сосема јасно дека нејзината горна хронолошка граница е во непосредна врска со гробовите кои се пронајдени јужно од апсидата. Но, формата на овие гробови (инхумација во гробни цисти формирани од повеќе камени плочи) сама по себе не може поточно да се датира освен во широкиот временски распон меѓу IV- от век од нашата ера и доцинот среден век.

---

[74] М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.

1. Градежна фаза 1

На ова градежна фаза, во целост □ припаѓа основата којашто е конципирана како трикорабна базилика. Олтарниот простор е на источната страна обиколен со полукружна апсида. Наосот, покрај централниот, има и странични кораби, а на западната страна се наоѓа долг и пространен нартекс. На двата негови краја се наоѓаат простории на ѓаконикон, крстилницата и катехумениумот. Токму наведената позиција на овие помошни простории, ја датираат оваа фаза во предложеното време меѓу крајот на IV и почетокот на V век.[75] Тоа значи дека сите делови од долните партии на вака изградената базилика, заедно со компартиментните, припаѓаат на ова фаза. Во таа смисла останува отворено прашањето околу трасата на двата стилобатни ѕида, кои во оваа фаза би можеле да бидат за околу 0.30 до 0.40 м поблиску до надолжната оска на наосот, односно северниот и јужниот раб на мозаичниот тепих.[76] За констатација на оваа логична претпоставка, како и некои други прашања кои останаа отворени, би можело да се даде одговор по изведувањето на многу пообемни археолошко-истражувачки зафати.

Во контекст на сето горе кажано, треба да се одбележи дека ниту една од долу посочените фази не е доволна за оформување на заокружена слика на некогашниот објект и нејзино претставување пред јавноста како најважна во однос на останатите. При изработката на проектот за конзерваторска интервенција, особено се внимаваше на почитувањето на постојните конструкциски односи, односно респект кон постарото во однос на помладото, што го сметаме е единствено прифатлив принцип.[77]

Она што е најважно во нашиот случај е ѕидарскиот опус, со кој се карактеризира оваа градежна фаза. Ѕидовите кои припаѓаат на првата фаза се запазени главно во најниската зона од ѕидните платна и многу добро ја претставуваат основата на трикорабната базилика, со исклучок на западниот ѕид

[75] М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.
[76] М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.
[77] М. Велчовски, бр, 07 - 166/47, 2004.

на нартексот, кој во целина припаѓа на втората фаза, како впрочем и некои од пастафориите за кои ќе стане збор во описот на втората фаза.[78]

Опусот на градење од првата фаза се каракеризира со ѕидови од кршен камен во варов малтер со зголемено присуство на вар и речен песок со ситен гранулат. При ѕидањето, слогот е водорамен без присуство на фаргментирана тула. По начинот на градење овој опус може да се смета дека е incertum, додека западниот ѕид на наосот има елементи на opus mixtum. Во овој дел, се гледа примена на т.н. опус на „волчји заб", и тоа не толку во функција на зајакнување колку во декоративна смисла.[79] Во оваа фаза олтарниот простор има подно решение изведено во opus sectile (А21: б), каде е зачуван мал дел од плочите и пред с□ нивни отисоци во дебелиот слој од хидрауличен малтер (на кота 139.71). Наосот е решен во мозаична техника на opus tesellatum (А22), чиишто остатоци се делумно зачувани, особено, на јужната страна (кота 125.04), и како такви ќе придонесат за зголемување на спомеиичките и естетските вредности на објектот. Во нартексот, долниот дел од подот обложен со камени плочи, се наоѓа на кота 140.34, додека горниот под, кој е исто така од камени плочи, се наоѓа на кота 140.52 и е со тесни фуги. Од самиот сооднос на висинските коти може да се дојде до констатација дека долниот под, всушност, припаѓа на првата фаза.[80] Кога станува збор за самиот баптистериум може да се каже дека и тој главно потекнува од оваа фаза. При тоа, неговиот водоводен приклучок бил решен со оловна цевка вѕидана во ѕидната маса на југозападиот агол од јужното крило на нартексот.

Всушност, во текот на првите две фази на базиликата, преку овој мал корпус дивизиорум, таа била директно поврзана со кракот на градскиот водовод на Стоби, кој е констатиран на 42 м западно од неа. Истиот канал е засведен и е граден од кршен камен во варов малтер. Долниот дел, кој е обично премачкан со хидрауличен малтер, не е достапен затоа што е затрупан. До овие сознанија е дојдено со заштитните ископувања од 1995 год., кога се работеше на западната некропола и се откри дел од градскиот водовод.[81]

---

[78] М. Велчовски, бр, 07 - 166/47, 2004.
[79] М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.
[80] М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.
[81] Ж. Винчиќ, М. Велчовски, бр. 08 - 1238, 1994.

2. Градежна фаза 1А

Оваа фаза, главно во горните партии, се држи до трасата на ѕидовите од претходната, т.е. фазата 1, во рамките на целиот објект (особено јасно изразено на северниот ѕид и апсидата), но не и на западниот ѕид на нартексот.[82] Во овој период, најверојатно имало проширување на стилобатните ѕидови за околу 0.30 до 0.40 м, при што останува нерешено прашањето околу јужниот дел, односно северниот раб на мозаикот до неговата нова линија.[83] Во овој дел се наоѓаат пет пара мермерни бази за столбови и тоа со аркадно, а не архитравно премостување. На јужниот стилобат недостасуваат две бази кои се, најверојатно, уништени во постурбаниот период. Во оваа фаза нартексот добива нов под од камени плочи, со поголеми димензии, кои се наоѓаат на кота 140.30. Западниот ѕид во целина, како што е неколкупати укажано, припаѓа на оваа 1А фаза, при што треба да се напомене дека централниот влез бил стеснет, што довело до негово отстапување (кон север) во однос на надолжната оска на наосот. Тоа е изведено преку асиметрично дозидување од двете страни (вкупно во широчина од 0.65 м) на што јасно укажува дилетационата фуга која ги двои овие две фази. Овие мали промени во планот на објектот се манифестирани и кај западниот влез во нартексот, преку преправки на праговите (А23). Во долниот дел е употребена профилирана сполија од друг објект, изведена од бел мермер, додека горниот праг, кој е исто така со поголема димензија, е изедлкан од обичен зеленикав песочник. На ова место мора да се укаже дека овој праг својата функција ја извршувал во фаза 1 и фаза 1А од објектот.[84] Решението на централниот влез овозможува влезовите од нартексот кон северниот и јужниот кораб да ја задржат својата диспозиција, со јасна висинска ориентација спрема нивото на долниот т.е. првобитниот под во нартексот. Во оваа фаза баптистериумот добива двоен влез на источната страна, бидејќи источно од него се додава нова просторија, како и една пастофорија, со можна функција на katihumenion, што се гледа од јасната дилетациона фуга во трите агли на додадената просторија, освен на југоисточниот. Подот во оваа просторија бил од камени плочи, на што упатуваат неколку зачувани фрагменти

[82] М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.
[83] М. Велчовски, Д. Вергоски, бр. 07 - 166/88, 2004.
[84] М. Велчовски, 07 - 166/47, 2004.

од нив. Но тие се доста помали од оние во баптистериумот, кои се зачувани во целост. И во оваа, како и во претходната фаза, кружната писцина на баптистериумот е ѕидана од кршен камен врзан со варов малтер, во манир на првата фаза, но со повремена употреба на фрагменти од тула (А24). Нејзините зидови се обложени од наизменично редени правоаголни плочи од бел мермер и од светлоцрн до синкаст шкрилец. Дното е поплочено со надолжни плочи од бел мермер со кои е испишан Христовиот монограм.[85] На средината се наоѓала фонтана со конична форма изведена од канелиран мермер, зачувана во фрагменти (А25). По цела западна страна, баптистериумот е отворен кон јужното крило на нартексот кој најверојатно се користел претходно како katehumenion (А26).[86] Веќе е споменат источниот двоен премин од баптистериумот кон источната просторија, која на северната страна се надоврзува на ѕидот од јужниот кораб. Во ова време баптистериумот, по с□ изгледа го напушта оштетениот водовод од оловни цевки кој на југозападниот агол од објектот бил приклучен кон korpus diviziorum. На јужниот ѕид од баптистеритумот има остатоци од прозорски отвор.

Основата на баптистеритумот во фаза 1 и фаза 1А се разликува незаначително, но од друга страна, на ниво на опусот на ѕидните платна и на подната облога (во споредба со онаа од нартексот) овие разлики се позначителни.[87] За разлика од ѕидаријата на 1А фаза во која е употребен зеленикавиот, недоволно петрифициран езерски песочник, 1 фаза главно, го користат покрупни парчиња од истиот камен, но во поразвиена фаза на петрификација (т.н. „лут камен") кој е со нешто посветла боја и се крши во прави линии. Од горенаведеното можеме да констатираме дека оваа ѕидарија, јасно се издвојува од претходно опишаната. Во исто време врзивото и натаму е од варов малтер, но со помалку вар и значително покрупен песок што всушност му дава поголема врзувачка моќ отколку претходниот.

[85] М. Велчовски, 07 - 166/47, 2004.
[86] М. Велчовски, 07 - 166/47, 2004.
[87] М. Велчовски, 07 - 166/47, 2004.

3. Градежна фаза 2

На оваа градежна фаза од комплексот се припишуваат и пастафориите на северозападната страна од нартексот, изградени од кршен камен во кал, на местото од постарите кои биле оштетени т.е. урнати. Во двата странични кораби на базиликата, од ист материјал се ѕидани и банкините, но во поизменет манир. Останува отворено прашањето дали тие и затворените интерколумнии коишто се градени со ист материјал (камен и кал) можат да се сместат во фаза 1А, која продолжила да егзистира и во фаза 2, или пак е изградена дури во фаза 2.[88] Од друга страна, овие елементи имаат нејасни релации и со еднокорабното црквиче коешто сигурно (без било какви дилеми) може да се смести во третата градежна фаза на комплексот, во која преградените интерколумнии можеле да вршат функција на обиколни ѕидови од дворното место на малиот црковен објект.

4. Градежна фаза 3

Јасната основа на еднокорабното црквиче со неговата апсида, страничните како и западниот ѕид, се вградени во олтарниот простор и канцелот на базиликата. Ѕидовите од оваа фаза (зачувани во ниска кота) се градени од кршен песочник во слободен слог врзани со кал. Од западната страна на црквичето е запазено северното крило градено од редови на водорамно и правилно положени тули долж западното лице на овој ѕид.[89] На таа страна е јасно нагласен северниот довратник на централно диспониранот влез. Подното решение не е познато. За датирањето на овој сакрален објект, како и за гробните конструкции откриени над него, веќе зборувавме во претходното поглавје. Во хронолошкото дефинирање можеле да послужат наведените гробови, доколку би било можно нивното датирање. Од гробните конструкции се гледаат уште две, од кои едната е од камени плочи, а другата со делумна употреба на сполии од архитектонска пластика. Конечен одговор на ова прашање можеби ќе дадат натамошните археолошки истражувања и анализата на откриениот материјал, додека основна цел на конзерваторот останува запазените остатоци автентично да се заштитат и

[88] М. Велчовски, 07 - 166/47, 2004.
[89] М. Велчовски, бр. 07 - 166/47, 2004.

презентираат пред јавноста без при тоа да се занемари ниту еден сегмент од споменатите фази на повеќевековната егзистенција на овој сакрален комплекс.

IV. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗИ ОД КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Заштитните ископувања изведени во 1992 год. не беа доволно детални и сеопфатни, така што не овозможија целосна и продлабочена анализа на објектот од која би произлегла изработка на проект за негова конзервација базиран на факти, а во многу помала мерка на кабинетски интерпретаци.[90] Поради тоа, во 2002 год. беше изготвен оперативен план за заштитни интервенции кој не беше реализиран поради недоставување на побараните финсиски сретства за негова реализација. Во 2003 год. се изработи нов оперативен план за археолошки предконзерваторски доистражувања, кој истата година и запаочна со реализиција. Во текот на 2003 и 2004 год. беа изведени дополнителни археолошки истражувања со кои се откриј нови елементи на базиликата, а се дооформија и генералните сознанија за објектот. Овие резултати дадоа понатамошни насоки кон изработка на главниот проект за конзерваторско-реставраторски интервенции.[91]

1. Состојба на зачуваност на објектот

Од состојбата на теренот и од приложената техничка и фотодокументација, е евидентно дека комплексот е максимално оштетен што, меѓу другото, се должи на слабиот квалитет на градежениот материјал, пред с□, каменот, а потоа и употребеното врзиво. Од друга страна пак, неговата лоцираност надвор од градскиот бедем придонела тој во текот на своето постоење да биде ограбуван и уриван. Интензивната флувијална ерозија од повисоките коти од западната страна, каде што објектот директно се потпира на здравицата, исто така, придонела за негово забрзано пропаѓање.

Периметралните и преградни ѕидови беа запазени во просек од 0.30 до 0.50 м, со исклучок на сите ѕидови во нартексот, особено западниот, чиишто просек на

[90] М. Велчовски, бр. 07 - 166/9, 2004.
[91] В. Санев, бр. 07 - 166/9, 2003.

запазеност се движеше во височина од околу еден метар. Подните опуси коишто се опишани во претходното поглавје, исто така, се наоѓаа во незавидна дерутирана состојба. Во овој дел особено би ја напоменале состојбата на мозаикот составен од бројни геометриски и фигурални елементи и орнаментика изведени во техника opus tessallatum.[92] Тој беше делумно зачуван но во многу оштетена состојба која изискуваше негов итен конзерваторски третман.

Што се однесува до состојбата на пронајдената архитектонска пластика, таа, исто така, се наоѓаше во мошне лоша состојба:

- дваесетина фрагменти од стебла на столбови
- 3 цели меноа со различна големина
- 6 импост капители со различна големина
- 11 различно профилирани бази на столбови
- еден каменен vaskulum
- фрагменти од сад (фонтана) во писцината на крстилницата
- повеќе фрагменти од поситна архитектонска пластика.

Од наведените елементи посебно се издвојуваат три капители од кои два се во коринтски стил, веројатно од горниот кат на скената во театарот (А27). Третиот е од типот импост капители во вид на корпа, плетена од шибје (денес во постојаната поставка на Археолошкиот музеј на Македонија).[93] Целата пластика е од бел, синкаст и црвеникав мермер земен од каменоломите од поширокаta околина на Стоби („Мрзен“ - Ореовец и Дебреше).

Говорејќи за состојбата на објектот, треба да се укаже на можноста, дел од неговите оштетувања да настанале како последица од опожарување. Такви траги се евидентирани на јужниот крај од нартексот, во рамките на големото оштетување на неговиот западен ѕид што би можело да се поврзе со издвојувањето на фазата 1 и 1а на базиликата. Особено е лоша состојбата на ѕидовите градени од камен и кал, и тоа пред с□ на банкините и на ѕидовите што ги затвораат интерколумниите.[94]

---

[92] A. Viner, 1957, 37 - 39.
[93] В. Санев, бр. 07 - 166/150, 2004.
[94] М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.

V. ОПЕРАТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА

Поаѓајќи од резултатите на претходните археолошко-конзерваторски истражувања, како и врз основа на постојната состојба на објектот, како основен и појдовен услов, беше потребно да се дефинираат заштитните мерки за секој сегмент на овој сакрален комплекс. Во таа смисла, сите споменички содржини беа третирани рамноправно, а таквата улога им се даде и на конзерваторско-реставраторските интервенции. Во рамките на расположивите можности, овој сакрален комплекс беше презентиран како целина. Со примена на овој метод се овозможи секоја негова фаза да е препознатлива во онаа мерка колку што тоа го дозволуваа остатоците на теренот како и нивната состојба на зачуваност. На предложениот пристап се одеше од аспект на професионални принципи, кои всушност имаа за цел да ги зголемат сите фази и вредности од историско-архитектонскиот живот на овој објект.

Акцијата за изработка на „Проектот за конзервација на објектот базилика Екстра Мурос на археолошкиот локалитет Стоби с. Градско“, отпочна со реализација во 2004 год. како програмска активност на РЗЗСК.

Во рамките на акцијата беа извршени следниве активности:

- се обезбедија општи податоци и документација за претходно извршени археолошки ископувања и истражувања;
- се изготви архитектонска документација на постоечката состојба;
- се изготви фотодокументација на постоечката состојба;
- земени се примероци од малтер за физичко-хемиски анализи.

Наведените активности беа извршени врз основа на претходно изготвен и усвоен оперативен план.

Преземени беа активности за изработка на проектна програма каде што акцент се стави на следните делови од базиликата (види А6: план 2):

- апсидален sид 1, источна половина на sидовите 2 и 3 од јужниот, односно северниот периметрален sид, западен периметрален sид бр. 5, како и sидови коишто непосредно се врзуваат или допираат на него, sид бр. 4 западен sид во наосот, sидовите 6 и 7 како најсеверен анекс од источниот sид (граден со камен и

кал), ѕидовите 9 и 10, анекс, пастафорија, параклис, на северозападниот дел од нартексот, исто така, градени во техника на камен и кал.[95]

На овој простор беше предвидена конзерваторска интервенција по целата должина, а во височина од 0.20 до 0.30 м, каде ѕидаријата требаше да ја задржи постоечката структура на ѕидовите.

Конзерваторските интервенции опфатија третман на површини во и околу објектот истражени во текот на 1992, 2003 и 2004 год. За остварување на оваа цел, проектот за конзервација ги посочи следниве позиции:[96]

- Доследна примена на барањата врзани за подготвување на одделни делови на ѕидовите од објектот за конзервација, не исклучувајќи ниедна фаза од на нејзиното постоење, без оглед на степенот и нејзината научна (историска, археолошка и друга), уметничка т.е. естетска или каква било друга вредност.

- Доследно почитување на постојните конструктивни односи, како израз на архитектонско-историскиот развиток на самиот објект.

- Респект пред с□ кон автентичните морфолошки карактеристики на сите елементи коишто ќе се третираат конзерваторски.

- Сите интервенции кои ќе бидат изведени во оној дел што го предвидува проектот да имаат за цел обезбедување на автентичност, естететски изглед и трајност.

- Рамноправно третирање на сите делови и фази од објектот, како и на сите негови ѕидни платна, подни опуси и друго, коишто се израз на многукратните вредности што тој ги поседува.

- Минимални реконструкциони зафати и тоа само во оние делови каде што за тоа има потреба.

- Максимални пломбирања на елементите на објектот по целата нивна површина со цел да се зголеми нивната цврстина, отпорност во однос на надворешните негативни влијанија (пред се климатски) со цел да се обезбеди нивна трајност.

- Изработка на општ ситуационен план во размер М = 1:50.

---

[95] М. Велчовски, бр. 07 - 166/88, 2004.
[96] Б. Пејковски, бр. 07 - 30/14, 2005.

- Изведба на техничка документација за сите конзервирани ѕидови со изгледи и пресеци во М = 1:50, а детали во размер М = 1:10 и М = 1:20.[97]

- Бидејќи објектот се наоѓа надвор од градскиот бедем на Стоби, приодот до овој објект да се реши со влез за посетителите од југоисточната страна, а не од страна на централниот или западниот дел на базиликата, пред с□, заради недоистраженоста на тие делови.

Следејќи ги современите трендови во презентацијата на културното наследство во светски рамки, како битен сегмент се постави и заокружување на намената на објектот по реализацијата на неговата конзервација. Заради доследно презентирање се предвидува, преку дополнителни археолошки ископувања, да се доистражи околината на објектот со што тој би се заокружил како засебна целина која со преземените заштитни мерки ќе биде презентирана пред посетителеите на локалитетот.[98] Во таа смисла беа поставени насоките на натамошните активности, кои беа поделени според начинот на интервенцијата:

- Ниво на функција. На ова ниво не се направени никакви промени. Сите ѕидови беа конзервирани, со исклучок на оние работени од камен и кал, коишто ги затвораа интерколумниите во средишниот и источниот дел на базиликата.

- Ниво на конструкција. Во конструктивна смисла се извршија надѕидувања, фугирања и пломбирања.

- Уредување на непосредната околина. Реализацијата на оваа интервенција беше предвидена по целосното археолошко истражувања и завршувањето на сите конзерваторски зафати.

1. Технички опис

Во делот на Проектот каде се интерпретира техничкиот опис и подготвителните работи, се предвидени позиции на конзерваторски интервенции на ѕидни површини од базиликата.[99] Во таа смисла се поставија критериумите и насоките на дејствување.

---

[97] Б. Пејковски, бр. 07 - 30/14, 2005.
[98] М. Велчовски, бр, 07 - 166/47, 2004.
[99] М. Велчовски, бр, 07 - 166/47, 2004.

Во рамките на интервенциите на масивните ѕидови од кршен камен, се подразбира постапка којашто содржи:

- Демонтирање на дерутираните сектори од круната и тоа до ниво кадесевкупната ѕидарија покажува консолидирана состојба.

- Двоење на материјалот за повторна употреба.

- Подготвување на контакт-површините за оформување на круната наѕидовите.

- Третманот на ѕидовите изведени од камен во малтер и камен во кал да се изведуваат претежно со камен од постојните објекти при што да се настојува тие да останат во габаритот во кој се пронајдени и да бидат во минимален обем по големина и структура како што е веќе вградениот. Малтерот од кал да биде изработен по рецептура од страна на конзерваторот со примена на адитиви и полнители.

- Ѕидаријата треба да ја задржи структурата од постоечките ѕидови, а при обликувањето на круната, спојниците треба да овозможат исцедување на водениот талог.

- Горе наведеното се однесува за ѕидовите од кршен камен во варов малтер, како и ѕидовите што се од кршен камен во малтер од кал, со тоа што полнителите и адитивите треба да бидат по изглед соодветни на овие малтери.

Заради оптимална презентеција нивелирањето на површините во просториите да бидат опфатени до подните нивоа предвидени со проектот за конзервација.[100]

2. Подготвителни работи

Пред отпочнувањето на конзерваторско - реставраторските интервенции, како посебен дел беа предвидени подготвителните работи во функција на изработениот проект дадени според следните изготвени позиции:

Поз.1. Чистење на земја и шут од круните на ѕидовите, отфрлање и одвоз на земја со рачни колички до 250 м.

[100] М. Велчовски, бр, 07 - 166/47, 2004.

Поз.2. Чистење на ѕидовите од камен во варов малтер, длабочина до 5 см, чистење на фуги со кламфа.

Поз.3. Чистење на фуги на ѕидови од камен во малтер од кал, во длабочина на фуги со кламфа.

Поз.4. Демонтирање на камен од горниот слој на ѕидовите, селективно според обемот на оштетувањето, чистење и складирање за повторна употреба.

Поз.5. Обезбедување на вода до самиот објект.

3. Хемиско - биолошки испитувања

Во рамките на Проектот се изврши ја и хемиско-биолошки анализи. Од извршените хемиски анализи се доби структурата на полнилото кај автентичниот малтер. Во таа смисла се овозможи конзерваторски да се интервенира со смеса која всушност е покомпактибилна со смесата на автентичниот материјал. Земени беа повеќе примероци од различни позиции на објектот, така што, со преземање на овие активности и добиените резултати од нив, се овозможи и попрецизно детерминирање на сите хронолошки фази на базиликата. Примената на овој метод, овозможи да се согледа различниот состав и квалитет на употребениот материјал, од аспект на различна временска дистанца. Примероците за хемиска анализа беа земени од следниве позиции:

- западен ѕид на наосот (градежна техника на камен со варов малтер);

- внатрешна страна на северниот ѕид од наосот (земен е примерок од малтерисувањето на ѕидната површина);

- надворешна страна на северниот ѕид од баптистериумот;

- внатрешна страна на јужниот ѕид од баптистериумот;

- надворешна страна на јужниот ѕид од баптистериумот;

- примерок од керамичката цевка која служела за довод на вода до баптистериумот;

- внатрешна страна на северниот ѕид од апсидата;

- внатрешна страна на западниот ѕид од нартексот (земен е примерок од малтер на фуга);

- надворешна страна на западниот ѕид од нартексот;

- северна страна на забецот од централниот брод.

За определување на составот на малтерите од земените примероци се вршени квантитативни хемиски анализи. За одредување на количинскиот удел на CaO MgO, чија вредност е пропорционална со варовитата содржина во малтерот, користен е комплексометриски метод.[101] Гравиметриски метод е користен за одредување на нерастворливиот остаток, кој го дава количеството на полнилото, и за процентот на R_2O_3 (оксиди на тешки метали Al_2O_3, Fe_2O_3).[102]

Со микроскопско следење на примероците беа забележани следните карактеристики:

Примерок 1. Присуство на кршена цигла од што потекнува и црвенкавата боја на малтерот. Забележано е сосема мало присуство на влакна од органско потекло. Констатирано е дека примерокот е лесно ронлив. Низ целата содржина на малтерот се забележуваат фрагменти од негасена вар. Полнилото е со ситнозрнеста структура.[103]

Примерок 2. Лесно ронлив малтер кој се одликува со многу низок процент на полнило, со многу ситнозрнеста структура (песок).

Примерок 3. Забележано е присуство на кршена тула. Во споредба со другите примероци се одликува со поголема механичка цврстина и не е лесно кршлив. Структурата на полнилото се карактеризира со крупнозрнест состав.

Примерок 4. Има присуство на кршена тула, лесно е ронлив, структурата на полнилото е со ситни зрна.

Примерок 5. Малтерот е со голема цврстина, компактен и тешко кршлив. Се забележуваат траги од јаглен кој служел за гаснење на варта.

Примерок 6. Компактен, се карактеризира со крупни зрна на полнилото. Се забележуваат траги од влакна од органско потекло.

Примерок 7. Има присуство на кршена тула, механички јак, компактен со ситни зрна во структурата на полнилото.

Примерок 8. На допир лесно ронлив и не се карактеризира со механичка цврстина. Структурата е со ситнозрнесто полнило.

---

[101] J. Chen - C. Poon, 2009, pp1899 - 1906.
[102] М. Велчовски, Л. Чуковска, бр. 07 - 166/47, 2004.
[103] М. Велчовски, Л. Чуковска, бр. 07 - 166/47, 2004.

Примерок 9. Не е доволно механички цврст и се карактеризира со ситнозрнесто полнило.

Примерок 10. Лесно ронлив, не е компактен и се карактеризира со ситнозрнесто полнило.[104]

Врз основа на земените примероци и добиените резултати од нив, изготвена е табела која ги дава својствата на малтерите, присутноста на влага во проценти, соодносот на нерастворениот остаток, како и соодносот на состојките во полнилото искористени како врзивно средство.

примерок	% влага	% нераствор. остаток	% CaO	% MgO	% R_2O_3	Koef. Ca/Mg	врз./пол.
1	1.0	40.4	28.0	2.0	4.9	14	1:2
2	1.7	9.1	46.3	3.2	2.5	14.5	3.5:1
3	1.5	56.7	20.1	1.4	2.8	14.3	1:4
4	1.7	51.4	21.0	1.5	6.2	14	1:3
5	1.8	53.3	22.3	1.5	2.7	14.8	1:3.3
6	0.6	47.7	25.7	0.8	2.7	32.1	1:2.7
7	1.7	47.7	23.0	1.6	5.8	14.3	1:2.6
8	1.4	51.6	22.4	2.8	2.5	8	1:3
9	1.1	60.1	20.1	0.8	2.7	25.1	1:4
10	0.9	55.3	20.1	2.4	2.5	8.3	1:3.6

Треба да се напомене дека овие вредности се дадени во масени проценти (проценти изразени во маса). Односот врзиво – полнило е добиен со претворба на масените во волуменски проценти.[105] Врз основа на добиените податоци, коефициентот Ca/Mg, којшто е карактеристичен за потеклото на варта, дава индикации дека во примероците 1, 2, 3, 4, 5 и 7 е користена иста вар. Вредностите

[104] М. Велчовски, Л. Чуковска, бр. 07 - 166/47, 2004.
[105] М. Велчовски, Л. Чуковска, бр. 07 - 166/47, 2004.

на коефициентите кај овие малтери се движат од 14 до 14.8, со што се потврдува претходната констатација.[106]

Исклучок прават малтерите од примероците 6, 8, 9 и 10. Слични карактеристики се појавуваат во примероците 8 и 10, што е јасно видливо од приложената табела. Вредноста на процентот на CaO е пропорционална со состојките на варовиот малтер и таа се движи од 20 до 28%, со исклучок на примерокот бр. 2 каде процентот на CaO покажува вредност до 46.3. При тоа односот врзиво - полнило е 3.5:1 што укажува на нискиот процент на полнилото кој изнесува 9.1%.[107] Во останатите примероци тој се движи од 40 до 60%, а односот врзиво - полнило не надминува повеќе од 1:4.

Во примероците 1, 3, 4 и 7 е додадена кршена тула (0.3 - 4%). Нејзиното користење е како хидраулична компонента во полнилото која се употребува кај објектите кај кои има присуство на влага.

Високи вредности на R_2O_3 се забележуваат кај примероците каде е застапена толчена тула, бидејќи во неа има висок процент на метални оксиди. Најголема застапеност има во примерокот бр. 4 (внатрешна страна на јужниот ѕид од баптистериумот), додека најниска е во примерокот бр. 3 (надворешна страна на јужниот ѕид од баптистериумот).

Врз основа на микроскопското следење на примероците е констатирано исто потекло на полнилото, при што е правена сепарација во однос на големината на зрната, бидејќи е забележана разлика во нивната структура. Имено, во примероците бр. 3 (малтер од надворешната страна на јужниот ѕид од баптистериумот) и бр. 6 (малтер од доводната цевка во баптистериумот) користено е полнило со крупнозрнеста структура. Во примерок бр. 2 (внатрешна страна на северниот ѕид од наосот) испитани се состојките од малтерот за малтерисување, каде структурата покажува присуство на големи количини од многу ситен песок.[108]

---

[106] М. Велчовски, Л. Чуковска, бр. 07 - 166/47, 2004.
[107] М. Велчовски, Л. Чуковска, бр, 07 - 166/47, 2004.
[108] М. Велчовски, Л. Чуковска, бр, 07 - 166/47, 2004.

4. Оштетувања на објектот

- Биолошки оштетувања

На самиот почеток од ова поглавје треба да се истакне дека механизмите на биодеградација на градежните материјали на археолошките локалитети се одвива во рамките на следниве два процеса:

- физички или механички оштетувања (дезинтеграција);
- хемиски оштетувања (декомпозиција).

Нивни главни носители се лишаите, организми составени од алги и габи кои се многу отпорни, поради што егзистираат во екстремни надворешни услови (високи или многу ниски температури, отсуство на вода и др.). Наведените процеси најчесто се одвиваат едновремено, при што во некои случаи преовладуваат хемиските, додека во други само механичките оштетувања. Овој однос зависи од типот на лишаите и градежниот материјал врз кој се формирала нивната колонија.

Разновидноста на градежниот материјал кој се среќава на Стоби, условил развој на неколку типови лишаи. Лишаите кои се јавуваат на силикатните камења се разликуваат од оние кои егзистираат на варовничките камења.[109]

- Механички оштетувања

Промената на временските услови (дожд, снег, сонце) условува собирање на талусот т.е. телото на материјалот (камен, керамика, малтер) кој што пенетрира во каменот преку мрежа од ситни пукнатини наречени хифи.[110] Длабочината на пенетрацијата вообичаено не е поголема од неколку милиметри. Како последица на овие дејства, во почетната фаза се јавуваат мали отвори на површината на градежниот материјал, кои со текот на времето предизвикуваат и негово ронење.[111]

---

[109] М. Велчовски, С. Мамучевска, бр, 07 - 166/47, 2004.
[110] P. Boardman, 1978, 102 - 104.
[111] М. Велчовски, С. Мамучевска, бр, 07 - 166/47, 2004.

- Механички преломи

Положбата во која се најдени урнатите ѕидни партии, упатува на размислување за причините и начинот на уништувањето на базиликата преку механички преломи. Ова е дотолку видливо, бидејќи нивното паѓање кон надвор, во единствен голем блок кој се одвоил и се превртел со горниот дел кон долу, асоцираат на уривање во земјотрес. Со мало отстапување од неколку степени кон север, се паднати и некои од столбовите и арките од стилобатните ѕидови. Оштетување од опожарување кај северниот стилобатен ѕид (негов централен дел), е констатирано при археолошките истражувања, каде имаше присуство на голема количина на гареж и пепел.

- Хемиски оштетувања

Многу поголеми се штетите на овој објект предизвикани од хемиските оштетувања кои се јавуваат како резултат на излачување на неорганските киселини: оксалната и јаглеродната киселина на местата на кои егзистира лишајот. Со староста на лишајот се зголемува пропорционално и производството на овие неоргански киселини, кои се таложат врз површината на каменот. Производството на овие киселини додедува и до таложење на следните супстанции: калциум оксалат, магнезиум оксалат, бакар оксалат, оксалати на анхидрид на оцетна киселина и др. Со тек на времето овие киселини предизвикуваат распаѓање на материјалите (камен, тула и др.).

Лишаите продуцираат и голем број органски компоненти со едно име познати како лишајски киселини, кои предизвикуваат обојување на субстратот (камен, тула и др.). Кога се работи за многу порозни камења, колонизацијата со лишаи може да биде полезна, бидејќи се добива т.н. „заштитен ефект“, кој го намалува негативното деценискo влијание на дождовите, ветерот и атмосферските загадувања.[112]

5. Предложени мерки на заштита

Од страна на стручниот тим од хемиската лабараторија при РЗЗСК (денешен НКЦ - Скопје), укажано е на потребата од мерки на заштита проследени

[112] М. Велчовски, С. Мамучевска, бр, 07 - 166/47, 2004.

со примена на хемиски средства. Пред да се изврши третирањето, потребно беше парцијално отстранување на биомасата, избегнувајќи при тоа механичка абрезија, бидејќи доколку имаше состојба каде ќе се појави пукање на клетките, во тој случај може да дојде до обојување на градежниот материјал.

Од досегашните искуства, при третирање на ваков тип вегетација, позитивни резултати се добиени со користење на следниве препарати:

- Tri-butil tin oxide-wykamol
- Biphenyl - 2 - ol (opp-ortho phenul fenol)
- Alkilbenzzuydimetilammonium hloride - Katamin - desogen Roundup - тотален herbicid.[113]

Битно е да се има предвид дека секој третман е условен со времетраењето на делувањето на соодветното средство, како и неговата концентрација. Од стручниот хемиски тим дадени се потребните насоки и упатства, при што се инсистираше на потребата за изведба на прелиминарни испитувања на самиот терен и проценка на успешноста на избраниот метод врз основа на добиените резултати.

6. Конзерваторски интервенции

Врз база на добиените резултати од археолошко-конзерваторските истражувања, како и на хемиско-биолошките анализи, се пристапи кон потребните интервенции според долу наведените позиции:

Поз.1. **Надsидување на sидови од камен во варов малтер:** висина на надsидување од 0.30 до 0.60 м; опус на sидање според постоечкиот опус; врзивно средство продолжен малтер „Усјемал" 1:3, употреба на песок од сепарација 0.10.

Поз.2. **Надsидување на sидови од камен во малтер од кал:** висина на надsидување 0.30 м; опус на sидање според постоечкиот опус; врзно средство, малтер од кал со додаток на адитиви.

Поз.3. **Фугирање на sидови од камен во варов малтер:** изработка на фуги со вдлабнување до 0.03 м; фугирање со водонепропустлив малтер составен од продолжен малтер, со додаток на бреча и адитиви.

---

[113] М. Велчовски, С. Мамучевска, бр, 07 - 166/47, 2004.

Поз.4. **Фугирање на ѕидови од камен во малтер од кал**: изработка на фуги со вдлабнување до 0.03 м; фугирање со водонепропустлив малтер, со додатоци на силиконски смеси и бреча.

Поз.5. **Нивелирање на теренот со нанесување песок:** нанесување во слоеви од 0.20 м во оние делови каде конзерваторски нема да се интервинира во рамките на првата фаза од реализацијата на Проектот.[114]

По извршените подготвителни теренски работи и оформените контактни површини, се премина во делот на реализација на конзерваторско-реставраторските интервенции, предвидени со Проектот (А28).

а) Конзерваторски активности на крунатa на ѕидните платна

Интервенциите се одвиваа по целата основа на двете фази на базиликата, кои во најголема мерка се поклопуваа, односно се наоѓаа на истата траса и со преземените активности сразмерно се надѕидуваа.[115] При реализацијата доследно се спроведуваа поставените пропозиции, како на пример:

- Аапсидалниот ѕид (А6-б: бр. 1), како и источната половина на јужниот (А6-б: бр. 2) и северниот (А6-б: бр. 3) периметрален ѕид на базиликата (А30), конзерваторски се надѕидуваа во висина од 0.60 м.

- Западниот ѕид на наосот (А6-б: бр. 4), се надѕида за околу 0.40 м.

- Западниот периметрален ѕид (А6-б: бр. 5), како и ѕидовите кои се врзуваа непосредно или се допираа на него се надѕидаа со само еден ред на камења до 0.20 м. висина (А31).

- Иста мерка на надѕидување од еден ред камења беше применета и на сите ѕидови од страничните пастафории, со тоа што јужниот и источниот ѕид на пастафоријата 1 до баптистериумот (источно од него, можен катихумениум), ѕид бр. 6 и бр. 7 (А6-б), беше надѕидан во висина од два реда на камен.

- Источниот ѕид на вториот, т.е. најсеверниот анекс кој е граден во техника на камен и кал, но, исто така и ѕидовите во северозападниот дел (А6-б: бр. 9) и

[114] М. Велчовски, бр, 07 - 166/47, 2004.
[115] М. Велчовски, бр, 07 - 166/47, 2004.

(А6-б: бр. 10), кои се како анекс на пастафорија и параклис, се надѕидуваа во висина од три реда на камен (0.60 м).

- Според воспоставениот третман на интервенција нартексот, кој е исто така граден во техника на камен и кал, го имаше овој третман на надѕидување со еден ред на камења, т.е. височина од 0.20 м до 0.30 м.

- Сличен умерен третман имаа сите ѕидови и столпци на баптистериумот (А32).

Предложената мерка, во придружба со останатите решенија, послужи не само за заштита на доброто, туку и за подобрување на амбиентизацијата на објектот, врз основа на која, неговата функција ќе биде препознатлива и за обичен посетител. Конзерваторско - реставраторските интервенции беа реализирани според опусот и материјалот опишан во проектот, при што разликата меѓу затекнатото и надѕиданото се нагласи преку различната пигментација на врзивото, особено во фазата на фугирањето. Придржувајќи се до опишаниот начин на ѕидање, конзерваторот ги употреби следниве врзивни елементи:

- Цементното млеко за инјектирање се изготви и употреби во празнините на оштетените површини на ѕидните платна, со рецептура во сооднос од дебелината и масата на ѕидот.

- Смесата која се употреби за ѕидање е со следниот состав: „Усјемал“ и песок, „У врска, сооднос 1:3:100 ml, што се јавува како замена на класичниот продолжен малтер, кој може да се користи при поголеми надѕидувања, особено кај подебелите ѕидови.

- Смеса за фугирање во состав: цемент, „Усјемал“, песок и „Хидрофоб“ во сооднос 1:2:12:100 ml;

Следеше интерванција на ѕидот од камен и кал, која се разликуваше од останатите по основ на почитувањето на постојната дилетациона фуга и ѕидањето со длабока фуга. Овде се изврши имитација на кал, при што како врзиво беше употребена смеса по рецептура на конзерваторот (добро просеана земја, песок со гранулација 1, вар, цемент, бреча, „Хидрофоб“ и „Фасил“ во сооднос 3 : 1 : 1 : ½ : ½ : 50 ml : 20 ml. По извршените конзерваторски зафати целата површина се премачка со раствор од „Фасил“, со што се доби заштитен слој кој не дозволува задржување на вода врз конзервираната површина.

Подовите се решаваа согласно нивниот карактер и состојбите на теренот.

Зачуваните делови од мозаичниот под во централниот кораб се конзервираа по изготвувањето на соодветниот проект од страна на конзерваторот-мозаичар. Овој проект всушност беше составен дел, т.е., анекс на главниот проект за конзерваторско-реставраторски интервенции на базиликата.

Подовите со страничните кораби се решаваат независно, преку покривање со песок до кота која комуницира со нивото на првата фаза од базиликата. Подот во нартексот од првата фаза се рефугира и се презентира до линијата на зачауваност на горниот под. Камените плочи од горниот под на нартексот (т.е. подот од втората фаза) беа нумерирани и потоа подигнати, после што следеше поставување соодветен носач (лесна бетонска плоча). Потоа, врз дел од неа беа вратени подигнатите плочи согласно извршената нумерација. Ваква постапка се предвидуваше и за подот од камени плочи во баптистериумот, како и оној во јужното крило на нартексот при што тие требаше да се доведат до иста висинска кота и да се фиксираат преку фугирање со цврсто врзиво. Подот во катихуменионот, лоциран источно од баптистериумот, кој бил изведен од камени плочи, требаше да се реконструира или да се покрие со песок до ниво кое без праг би комуницирало со баптистериумот. На сличен начин е проектирано решавањето и на подовите во северозападната пастафорија, назначена со ѕидовите 9 и 10.[116]

Водоводот во јужното крило на нартексот изведен од керамички тубули е исчистен, фиксиран и залиен со варово врзиво, со што е делумно презентиран во подот на нартексот како видлива хидроинсталација од втората градежна фаза на базиликата.

Покрај фугирањата на ѕидните и на подните површини се изведени и пломбирања и тоа на оние места каде што за тоа имаше потреба.

Значителен дел од расположивата архитектонска пластика, којашто е интегрален дел на базиликата, се состави т.е. слепи, со крајна цел за нејзино соодветно презентирање во рамките на објектот. Ова постапка особено се однесуваше на фрагментираните делови од стеблата на столбовите, од кои на еден дел од нив се предвидува анастилоза. Со ваквиот пристап веќе се навлегува во рекомпозиција на носечките елементи од галеријата во базиликата. Во рамките

[116] М. Велчовски, Б. Пејковски, бр. 07 - 111/11, 2006.

на олтарната зона се претставија сите три градежни фази и тоа двете фази на апсидалниот ѕид, еднокорабното црквиче и споменатите гробови, при што акцент се стави на северниот гроб, во чија конструкција е употребена сполија.[117]

Опишаните банкини во северниот и јужниот кораб, како и онаа во нартексот, истовремено се документираа и се конзервираа, заедно со сувоѕидовите во интерколиумниите на двата стилобата. Ова не се однесува и на ѕидот од западната интерколумнија на северниот стилобат кој е граден во косонасотичен слог (opus spicatum), со примена на поситни парчиња од тули, и тоа како сведоштво за подоцнежното време на кое припаѓа, а кое не соодветствува на времето во кое настанала и егзистирала базиликата. Ова не се однесува на споменатите банкини, затоа што на нивните градители и на градителите на пастафориите (ѕидани од кршен камен и кал) најверојатно им била позната и достапна диспозицијата на базиликата и организацијата на нејзиниот внатрешен простор.[118]

Предлагањето на конзерваторските решенија на поединичните сегменти немаше за цел само зголемување на спомеичките вредности на објектот и неговата трајност, туку и обезбедување соодветна визура, најнагласена долж оската југоисток - северозапад, која всушност започнува од влезот во дворот на објектот и по иста линија ја обезбедува максималната видливост на базиликата.

По истата основа беше организиран и главниот дренажен одвод, заедно со постојниот што се протега паралелно со јужниот периметрален ѕид, по средината на јужното крило на нартексот, баптистериумот и катехумениумот. Со тоа се обезбеди ефикасно одлевање на атмосферските води по целата површина на овој културно-историски комплекс.[119] Со овие зафати се запре деструктивниот процес на флувијална ерозија на којшто комплексот беше изложен изминатите години, особен по неговото археолошко ископување. Со тоа се постигна ефикасност во спречувањето на промената на геоморфологијата во неговата непосредна околина, особено кај западната и северната страна каде што ерозијата беше најинтензивна.

---

[117] М. Велчовски, Б. Пејковски, бр. 07 - 111/11, 2006.
[118] М. Велчовски, Б. Пејковски, бр. 07 - 111/11, 2006.
[119] М. Велчовски, Б. Пејковски, бр. 07 - 111/11, 2006.

VI. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Базиликата Екстра Мурос пред се, како архитектонско решение, не отстапува од традиционалниот начин на градење на профаните објекти. Од досегашните анализи од извршените археолошки истражувања, се констатира следново. Базиликата налегнува на темелни партии од постар објект (претпоставка е дека се работи за вила рустика со датација од II - III век од н.е.). Ваквата констатација се темели врз основа на истражените површини на sидните партии, каде се присутни различните пристапи во градителските решенија. По целата површина на изградената базилика, претежно може да се констатира присуство на две градежни техники (опус микстум и опус квадратум). Ова е дотолку важно, што начинот и пристапот во техниката на градењето на базиликата, ни овозможува поедноставна детекција на урбаниот хоризонт на живеење на истата.

Исто така, двата подни опуси од камени плочи, кои се со различна висинска нивелета, временски кореспондираат со sидните партии на објектите од постарата и од помладата градежна фаза (т. е. постариот објект е дефиниран како вила рустика, додека помладиот е од првата градежна фаза на базиликата). Ова со сигурност може да се констатира особено кај западниот sид од наосот каде што, во горните делови на неговите агли, е формиран sиден опус од варов малтер со камен и тула, кој е изведен во градежна техника на волчји заб (датација на истата II - III век н.е.) и е препознатлив како стил за тој временски период.

Карактеристична е диспозицијата на базиликата и организацијата на нејзиниот внатрешен простор, како комуникациите така и одредени градителски решенија, кои имаат свој архитектонско-историски развој кои, според досегашните анализи, се со примарна, секундарна и терцијална градба.

ТРЕТА ГЛАВА

ПАЛАТА НА ПЕРИСТЕРИЈА, СТОБИ

I. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИ

1. Локација

Позицијата на овој објект се наоѓа помеѓу горната и долната главна улица, североисточно од куќата на Партениј, одделена од неа со попречната улица Via Principalis Inferior. На североисточната страна, преку улицата Via Axia граничи со „Палатата X“ (работен назив), додека на југозападната страна, со Теодосијанската палата одделена од неа преку попречната улица Via Teodosija. На западната страна палатата граничи со една од двете главни улици на градот Стоби, т. е. со улицата Via Principalis Superior. Зафаќа една цела инсула, ориентирана во правец с/и - ј/з, при што главниот влез □ е од с/и страна, т.е., од улицата Via Axia.

2. Тек на истражување

Градбата е откриена во 1931 год. при реализација на систематските археолошки истражувања, организирани од страна на „Народен Музеј“, Белград. Ревизиони истражувања се извршени во период од две до три години по отпочнувањето на првите археолошки истражувања. За време на Втората светска војна и периодот после неа, истражувачки работи на овој објект не се преземаат, пред сé поради немањето доволно финансиски средства.

За првпат после триесетина години, повторно се организираат археолошки истражувања, но, овој пат во организација на Музеј на град Велес. Ископувањата продолжуваат скоро после една деценија, и тоа со заедничкиот Југословенско-американскиот проект.

Во 1991 год. од страна на професор Иван Микулчиќ се изведени археолошки сондажни истражувања во јужниот дел на палатата, непосредно близу апсидите од двата триклиниума.

Последните археолошки активности беа во функција изработка на Проект за заштита и конзервација на подните и ѕидни платна од објектот. Овие истражувања беа организирани од страна на Републичкиот завод за заштита на

спомениците на културата и се одвиваа во период од 2001 до 2004 год., се со цел за што посолидна заштита на sидните и подните површини, како и нивна презентација пред јавноста.

3. Опис на објектот (Б1; Б2)

Палатата на Перистерија е комплексна, не само според различноста на формите на нејзината основа, туку и по содржините и намената на нејзината импозантна големина. Како градежен комплекс е една од порепрезентативните градби во Стоби. Поголемиот дел од објектот е изsидан во градежна техника на opus incertum, која всушност ја представува главната протогена фаза на градбата.

Во основа представува досега најголем откриен архитектонски станбен и стопански комплекс во Стоби. Просториите се поврзани меѓу себе и во нив живееле и работеле повеќе семејства.

Основата на градбата има форма на трапез што е условено од самата нејзина геоморфолошка и урбана локација. Димензиите на објектот се 62 (46) x 58 (44) метри (план на Б2).

Доколку подетално го анализираме објектот, всушност ќе дојдеме до консатација, дека, во основа градбата се состои од два функционални дела - репрезентативен и стопански. Југоисточната половина го претставува репрезентативниот дел со перистил, на којашто од југозападната страна гледаат две трпезарии (Б2: бр. 15 и 16) издвоени од него со јужниот коридор (Б2: бр. 7). Останатите циркуларни коридори (под реден бр. 5, 6 и 8), го опкружуваат перистилот и, заедно со јужниот коридор, создаваат околу него квадратна форма. Перистилот има двор врамен со висок стилобат на кој стоеле столбови, што во последната фаза на урбанизација се употребени како сполии прибрани од постари градби. Капителите се јонски, со низа различни детали (Б3).[120]

Во источниот дел на јужниот триклиниум (триклиниум I), е откриен мозаик организитран во 8 полиња исполнети со разни зооморфна и флорална сцени и орнаменти. Од сите претстави кои се наоѓаат по целата површина на мозаикот особено се издвојува минијатурната претстава на Посејдон или Нептун.

---

[120] М. Велчовски, бр.07 - 1257/3, 2003; Д. Герасимовска, 2009, 68 - 69.

На североисточната страна од репрезентативниот дел на градбата се наоѓа просторија со функција на купатило (бањски дел: Б2: простории под реден бр. 3, 4 и 4 а.), како и низа таверни и визби во северозападната половина на палатата, каде што е откриена и една керамичка печка.[121]

Земајќи го во предвид големиот процент на истраженост на објектот, во организацијата на неговиот внатрешен простор со сигурност можеме да препознаеме три комплексни, но според намената различни сегменти, и тоа станбен, ндустриски и комерцијален дел.

- Станбен дел

Станбениот дел се состоел од поголеми простории со декоративни архитектонски содржини, својствени за побогатиот слој на граѓани од тоа време. Овој сегмент опфаќа простории за дневен и ноќен престој, каде видно место заземаат двојниот триклиниум, пространиот перистил со колонади, бројни циркуларни коридори и посебно - приватната бања, која е приклучена на градските доводни и одводни хидроинсталации.[122] Овој сегмент е лоциран во североисточниот дел на палатата, непосредно до самиот главен влез, во кој се влегувало од страна на улицата Via Axia. Малите продавници биле оддвоени од просторот за живеење. Источниот дел на комплексот најверојатно ја преставува куќата на Перистерија.

Од извршените анализи на досегашните истражувања е констатирано дека ова е единствен објект во Р. Македонија од ваков карактер, кој има два триклиниума т.е. две трпезарии.

Јужниот триклијниум (триклиниум I) е постар, со правоаголна форма, влез од с/и и апсида кон ј/з страна. Подот е покриен со мозаик со осмоаголна фонтана во централниот дел. Апсидата е зајакната со четири реда тули во низа, употребени како либажен слој, во комбинација со варов малтер и кршен или делкан камен со правоаголна форма, изведени во opus mixtum. Широчината на тулите е 0.30 м., додека дебелината е 0.05 м. Фугата е исполнета со сив варов малтер. Истиот принцип и истата градежна техника е применета и при sидањето на бањскиот дел.

---

[121] В. Соколовска, 1965, 128.
[122] К. Петров, кн. I, 1967.

Јужниот триклиниум (триклиниум II) е помлад, лоциран цеднаш покрај преходниот со иста основа и ориентација и слични димензии. За разлика од претходниот, тука кај апсидалниот ѕид е применет нешто пинаков опус на ѕидање при што од надворешна страна е употребена тула во низа од еден ред, на 1 метар височина од површината на земјата.

Во негова близина е и делот со градината, на јужната страна од палатата, кој имал активно место во овој сегмент на градбата.

- Стопански дел

Индустрискиот дел е поставен во западниот дел на палатата, застапен со бројни помали правоаголни квадратни простории - всушност разни работилници во кои се изведувале стопански активности во служба на секојдневната егзистенција на станарите на палатата (складирање на намирници, подготовка на храна, одржување на објектот) и стопанската дејност со која се занимавале нејзините сопственици (Б51 и Б52). На тоа упатува керамичката печка, многубројните питоси, како и различните магацини за суровини и готови производи лоцирани во приземните и подземните простории. Особено внимание на овој простор предизвикуваат остатоците од повеќе столпци со скалила, кои очевидно воделе во горните простории, како и долапите вградени во самите ѕидови.

- Комерцијален дел

Комерцијалниот т. е., продажен дел, е лоциран главно долж улицата Via Principalis Inferior, претставен со неколку помали таверни, во чии визбени делови исто така се очекува соодветен простор за складирање на материјали (Б53).

4. Досегашни истражувања

Првите истражувања се започнати во 1931 год. под раководство на професор д-р В. Петковиќ, за време на кои учество зеле и Ј. Петровиќ и архитектот Б. Н. Несторовиќ.[123] Првите истражувања не ги дале посакуваните

[123] Б. Н. Несторовиќ, 1931, 109 - 113.

резултати, така што, ископувањата на комплексот продолжиле во 1933 и 1934 год. под раководство на Ј. Петровиќ.[124]

Во 1965 год. од страна на Музеј на Македонија се извршени археолошки истражувања во централниот и југоисточниот дел на палатата. Овие истражувања ги потврдуваат добиените сознанија од претходните истражувачи, и истовремено ги дополнуваат со нови, особено кај триклиниум II.[125]

Истиот пристап, со примена на ревизиони истражувања, е применет и во следната година, со кои раководеле В. Соколовска и И. Микулчиќ.[126]

Во рамките на овие ревизиони истражувања, е констатирано дека на почетокот од изградбата на палатата, нејзината основа била со помали димензии,[127] а со текот на времето, таа е проширувана, пред с□ според потребите на нејзините стопанственици т.е. сопственици.[128]

Во текот на 1972 - 73 год. од заедничкиот Југословенско - американски проект, извршени се помали сондажни истражувања на повеќе пункта од овој објект.[129] Овие истражувања биле со цел да се утврдат различните хоризонти на живеење на палатата.

Последните истражувања извршени во 2001, 2002, 2003 и 2004 год., овозможија подетално анализирање на урбаниот хоризонт на објектот. Во таа смисла со сигурност може да се каже дека градбата има три главни градежни фази изведени во разни периоди.

Во централниот дел на палатата т.е. нејзиниот перистил, подната површина е оформена од камени плочи, кои се со различна форма и димензии (Б1). Нивната поставеност во две нивоа, со различни висински коти, укажува на постоењето на две фази кои потекнуваат од различни временски периоди.

---

[124] Ј. Петровиќ, 1935, 12.
[125] В. Соколовска, бр. 6480/1, 1965.
[126] И. Микулчиќ, 2003, 132 - 1 33.
[127] Ваквата констатација се темели врз основа на извршените анализи на основата, каде се детектирани повеќе урбани фази од различен период.
[128] В. Соколовска, 1965, 1 - 6 .
[129] R. Kolarik, бр. 06 - 1296/1, 1976.

II. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ОБЈЕКТОТ

1. Североисточен периметрален ѕид на палатата

Горната зона на североисточниот периметрален ѕид на објектот, по целата негова должина бил решен со арки изведени од тула. Тоа беше констатирано во 2003 год., кога остатоците од паднатите тули, врзани со варов малтер беа пронајдени во in situ позиција, непосредно над хронолошки последната нивелета на Via Axia (Б4: а, б).[130] Дебелината на овој ѕид изнесува 0.50 м, а кон источниот дел на ова ѕидно платно е прилепен друг ѕид кој е со иста дебелина, лоциран непосредно до бањскиот простор лоциран во источниот дел на палатата (Б5).

2. Југоисточен и југозападен стилобатен ѕид на перистилот

Југоисточниот и југозападниот стилобатен ѕид, се градени во последната фаза на овој дел од објектот, но, со различен пристап во нивната реализација. Југозападниот ѕид, кај јужниот агол е со висина од 0.94 м, додека ѕидот кај западниот агол е 0.61 м (Б6). Висината на стеблата на столбовите досегала до кота 2.06 м, врз кои биле поставени капители и над нив греда, најверојатно дрвена. Југоисточниот стилобатен ѕид во североисточниот агол е констатиран со височина до 1.27 м. Во основа е повисок од североисточниот за 0.33 м, и е со помали столбови (1.57 м) поставени на одредено растојание по целата негова должина, во функција на прозорски меноа. На овој ѕид израмнувањето на висинската разлика меѓу горната нивелета на северниот и источниот ѕид од перистилот е постигнато со поставување на подебела греда (0.29 м). Од североисточниот коридор, во перистилот се влегува преку два влезни отвора со по две скалила (Б7).[131]

3. Перистил

Средишниот дел на палатата го зафаќа перистилот со приближно правоаголна форма и следните димензии: на исток 11.10 м, на север 15.05 м, на

[130] М. Велчовски, бр.07 - 1257/3, 2003.
[131] М. Велчовски, бр.07 - 1257/3, 2003.

запад 11.02 м, и на југ 14.14 м. Долж неговата западна страна се протега голема фонтана. Подот на перистилот е составен од камени плочи (Б8: а).

Констатирани се и две прочистителни шахти од кои едната, со димензија 0.65 х 0.70 м, се наоѓа во самиот перистил, поточно во неговиот источен агол, а втората - во источниот дел на југоисточниот циркуларен коридор и тоа со квадратна форма и димензии 0.50 х 0.50 м (Б8) Висината на југоисточниот периметрален ѕид се движи од 0.70 до 0.85 м, а висината на североисточниот варира од 0.85 до 1.25 м (мерки земени од надворешната страна на ѕидните платна).

На североисточниот стилобатен ѕид - на 5.42 м од север кон југ, се лоцирани скали во должина од 1.07 м, и вкупна височина од 0.35 м, до плочникот каде што налегнува третото скалило. Под целата должина на најдолното скалило, од северната и од јужната страна поминува одводниот канал, кој е конзерваторски третиран, и е со ширина од 0.20 и висина од 0.30 м. Поплочен е со камени плочи, и се протега од север од правец на писцината (базенот), долж североисточниот стилобатен ѕид, кон источниот агол на југоисточниот стилобатен ѕид на перистилот (Б9: а, б).

Југоисточниот стилобатен ѕид се состоел од колонада со четири столба, врз кои биле поставени јонски капители премостени со греда. Висината на столбовите изнесувала 2.10 м, додека капителите биле со димензиин вис./шир./деб. = 0.12 х 0.37 х 0.07 м. Столбовите на југозападниот стилобатен ѕид се повисоки во однос на југоисточните, но и со поголем пречник од нив. Кај југозападниот стилобатен, ѕид за разлика од југоисточниот, е поставена колонада од три столба со височина на првиот (сметано од југ) од 2.44 м, вториот делумно зачуван во висина 1.34 м, и третиот од 2.46 м (Б10).

Капителите се со приближно исти димензи: вис./шир./деб. = 0.12 х 0.37 х 0.07 м, со широчина на средниот дел од 0.17 м, на кој капителот налегнува на колоната.

Широчината на ѕидовите на перистилот варираат од 0.60 до 0.70 м, при што е најзастапена просечната од 0.65 м.

Површината на плочникот во перистилот зафаќа приближно 65 $м^2$, а писцината (базенот) 15.84 $м^2$.

Во северозападниот дел на перистилот е поставена писцина, долга скоро колку што изнесува широчината на дворот на перистилот. Базенот за вода е со димензии 7.20 х 2.20 м и длабочина од 1.30 м под нивото на подот на перистилот (Б11). Обзидан е едноставно, со камен и малтер и има керамички садови уфрлени во ѕидот (според некои претпоставки како засолниште за украсни риби).[132] Сепак врз основа на дополнителните анализи и консултираната литература,[133] дојдовме до констатација дека тие служеле како резонатори за облагородување на звукот на жуборењето на водата во базенот (Б12).[134] Истиот принцип се применува и за акустика во затворен простор кај црквите, но, исто така е применет и кај античките театри.[135] Во горниот дел базенот е од три страни опфатен со корито (преливен канал), заградено со парапетни плочи без рељефни престави (Б13). На средината од овој парапет е вградена како сполија римски надгробен споменик од II или ран III век, со претстава на четиричлено семејство.[136]

4. Циркуларни коридори

Циркуларните коридори, кои го опкружуваат перистилот од сите четири страни, се од втората градежна фаза на објектот. Нивните подни опуси (делумно зачувани) биле формирани од камени плочи (Б14: а, б). Тука доаѓа до израз умешноста на градителот, во изнајдувањето на решение за комуникација помеѓу перистилот и коридорите, со двете трпезарии лоцирани на југозападната страна за кои со сигурност се знае дека не се градени во ист временски период.[137]

5. Јужен триклиниум (триклиниум I)

Станува збор за просторија која се наоѓа на југозападната страна од перистилот. Основата е со правоаголна форма и централно диспонирана влезна партија (Б15: а). Од внатрешната страна должината на просторијата изнесува 9 м, додека ширината е 5 м. Доколку се издвои засебно апсидалниот простор, тогаш

---

[132] И. Микулчиќ, 2003, 178.
[133] M. P. Vitruvius, 1952, 113.
[134] М. Велчовски, бр.07 - 1257/3, 2003.
[135] D. Rendić-Miočević, 1981, 73 - 85.
[136] И. Микулчиќ, 2003, 178.
[137] М. Велчовски, бр.07 - 1257/3, 2003.

неговата должина изнесува 4 м, а широчината е 2.50 м. Ѕидните платна кои го опкружуваат триклиниумот, во просек се со дебелина од 0.70 м. Единствено северозападниот ѕид, кој е слепен со југоисточниот ѕид на триклиниум II е со дебелина од 0.30 м. Според структурата на ѕидаријата тој е постар во однос на соседниот триклиниум. Ваквата констатација се потврдува преку неговата видливо поквалитетна изведба, при што на ѕидното платно е поставен добро обработен камен. Овде е применета градежна техника на опус микстум, при што по целата должина на ѕидното платно се поставени четири реда тули (Б15: б).[138] Широчината на малтерните сврзници изнесувала 0.04 м. Со извршената анализа на малтерот констатирано е дека бил сив, варовен и мошне цврст и покрај големата застапеност на ситен песок. Вградените тули биле изработени квалитетно, но, од аспект на техничката обработка, не сосема прецизно. Во просек имаат димензии 0.34 х 0.285 х 0.04 м.[139] Сите наведени обележја, во конкретниот контекст, упатуваат на пораното датирање на овој триклиниум во однос на јужниот триклиниум (триклиниум II).

Подот во оваа просторија е покриен со мозаик изведен во opus tessallatum, поделен на осум полиња, врамени со плетенки во кои се преставени различни сцени.[140] Фонтаната се наоѓа во средишниот дел на триклиниумот, изведена во геометриска форма на правилен осмоаголник со вписан круг. Во две полиња, околу ромбовидниот украс се преставени два грифона како прогонуваат два елена.[141] Околу фонтаната има две полиња густо исполнети со риби, ракови, водни птици и митолошки морски суштества (посебно внимание привлекува Тритонот со тризаб, представен како со десната рака храни делфин). Во источниот дел од триклиниумот има едно поле со голема розета на која е испишан натпис (во грчки алфабет) со седум имиња (Б16). Според извршените анализи на текстот, се работи за семејството на сопственикот на куќата. Во друго поле, околу средишната розета, во мали полиња имаме престава на коњ што трча, срна што пасе, вол како лежи, зајак гонет од куче, риби и две птици околу светиот пехар. За разлика од претходните нилски и други жанр-мотиви, оваа носи

[138] В. Соколовска, 1975, 138 - 141.
[139] В. Лилчиќ, 1996, 69 - 71.
[140] А. Колариќ - М. Петровски, 1975, 65 - 109.
[141] И. Микулчиќ, 2003, 178.

христијански карактер (симболичка претстава на ефхаристија).[142] Истото го гледаме и во полето кај северниот агол, каде има винова лоза со долги ластари, листови и стилизирани гроздови. На нив стојат две птици. Под дрвото стојат два елена, еден наспроти друг.

Во рамките на одредување на старосната граница на еден мозаик, покрај техниката на изработка, пресудни се и мотивите со вградените сцени. Ова посебно е препознатливо кај мозаиците со христијански мотиви. Според начинот и техниката на изработка, мозаикот го изработиле мајстори дојдени од медитеранот, во раниот V век. Ова можеби е најубав мозаичен тепих во Стоби а и пошироко во државата.

Како пто е горе наведено, на средината од трпезаријата се наоѓа фонтаната со осмоаголна форма. Изработена е од мермерна оплата со различна боја и големина, а на места се употребени плочки од шкрилец (веројатно се работи за интервенција од подоцнежен период). Базенот на фонтаната е sидан од хоросан малтер со околно преливно каналче. Дотокот на вода во неа бил спроведен со оловна цевка. Таа доаѓа од западната страна на објектот, па преку западниот коридор под нивото на подот од камени плочи навлегува на ист начин и во јужниот коридор. Задржувајќи ја југозападната страна на коридорите, а движејќи се во непосредна близина на североисточните sидови на двата триклиниума, влегува во јужниот триклиниум (Б17: а, б), под нивото на прагот и подот од мозаик, држејќи централен правец до самата фонтана.[143]

6. Југозападен триклиниум (триклиниум II)

Основата на оваа просторија е со правоаголна форма, со ориентација на влезот кон југоисток и на апсидалниот дел кон југозапад. Внатрешната должина на оваа трпезарија е 8.50 м, додека ширината е 5 м. Нејзиниот југоисточен sид е слепен со северозападниот sид на јужниот триклиниум, а според состојбата е очигледно дека не се градени истовремено. Структурата на sидаријата не е изведена како и кај постариот триклиниум. Sидните платна се градени од кршен

[142] И. Микулчиќ, 2003, 178.
[143] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.

или делкан зелен песочник во техника на опус инкертум.[144] Дебелината на ѕидните платна во просек се движи од 0.40 м до 0.50 м. Тој, во однос на соседниот триклиниум, има подно ниво повисоко за 1.20 м, кое било покриено со камени плочи (Б18).[145] Врз основа на изнесените констатации, очигледна е разликата во квалитетот при градењето на овие трпезарии, така што, е констатирано дека оваа е изградена околу половина век по претходната.[146]

7. Северен триклиниум

Северниот триклиниум се наоѓа северно од северозападниот циркуларен коридор на перистилот (Б2: бр. 20). Просторијата е истражувана во седумдесеттите години на минатиот век од страна на Музеј на Македонија и Филозофски факултет во Скопје (Институт за Историја на уметноста со археологија). Основата на оваа трпезарија е со правоаголна форма, има полукружна апсида на северозападната страна и два влеза, еден на југозападниот и еден на југоисточниот ѕид. Од внатрешната страна должината на просторијата изнесува 6.70 м, додека ширината е 3.00 м. Доколку се издвои засебно апсидалниот простор, тогаш должината изнесува 2.75 м, а широчината е 2.10 м. Ѕидните платна кои ја опкружуваат, во просек се со дебелина од 0.50 м.

Истражувањата во 2003-та год. претставуваа продолжување на претходните и го опфатија целиот негов простор. Заради дефинирање на просторот и неговата поврзаност со останатиот дел од палатата, истражувањата во апсидалниот дел се изведоа до здравица. При тоа беше констатирана висинската кота на подниот опус, како на апсидалниот, така и на останатиот дел од неговиот простор.[147]

Апсидалниот дел на просторијата е одделен од останатиот простор со ѕид од постара фаза, широк 0.45 м, ѕидан во кршен камен со варов малтер, се чини зачуван до темелно ниво. Фундиран е на здрава природна карпа од сив песочник, нивелиран со слој од темносива глинеста земја. На северната страна од ѕидот е констатирана четвртеста база, веројатно за столб, изработена од кршен камен

[144] Д. Герасимовска, 1996, 68 - 69.
[145] М. Велчовски, бр. 07 - 166/46, 2004.
[146] В. Соколовска, 1975, 138 - 141.
[147] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.

(зеленкаст песочник) врзан со варов малтер. Во текот на поранешните истражувања во северозападниот дел на северниот триклиниум беше откриен јонски капител од мермер.[148]

Фундирањето на оваа просторија е изведено со речен камен, исто така врзан со варов малтер. Оваа површина зафаќа и дел од апсидалниот простор (веројатно се работи за издвоени две висински коти на подно ниво од различен временски период).[149]

На просторот што се протега југоисточно од преградниот ѕид, во централниот дел е откриен дел од подот на просторијата, изведен од асиметрично поставени камени плочи изработени од зеленкаст песочник со различни димензии (Б19). Плочите на подната конструкција се нивелирани со слој од цврсто набиена темносива глинеста земја. Преку контролна сонда со димензии 1.20 х 1.20 м, освен во апсидалниот простор, интактен слој (здравица) беше констатирана и на јужниот агол од просторијата, на длабочина од 0.40 - 0.50 м од започнатото ниво на истражување.[150] Во составот на земјата има поситен камен (чакал) со окереста боја. По завршените археолошки истражувања на ова ниво, целата состојба беше фото и технички документирана. Тоа даде основ да се продолжи истражувањето до здравица и на останатиот дел од просторијата. По истражувањето се констатира природна карпа врз која биле фундирани ѕидовите и подното ниво на просторијата, нивелирани со цврсто набиена темносива глинеста земја.

При истражувањето на целиот простор одсеверниот триклиниум континуирано се откриваше и движен археолошки материјал. Како најдоминантни се издвојуваат фрагментите од керамички садови и бронзените монети, додека други метални наоди не се откриени.[151] Фрагментите од керамички садови и другите наоди укажуваат на две фази на употреба на овој простор. Во прв ред разните форми на кујнски садови од локална продукција упатуваат на IV - V век, додека неколкуте фрагменти од амфора, луцерна и мегарска чаша упатуваат на II - I век пр. н.е. Ваквата констатација ја потврдуваат

[148] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.
[149] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.
[150] М. Велчовски, 2008, 117 - 124.
[151] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.

наодите на четири монети од овој простор од кои три се од IV - V век и една од II век пр. н.е.[152]

8. Просторија бр. 10

Просторијата се наоѓа на југоисточниот дел од палатата, а најверојатно се користела како простор за живеење.[153] Во неа се влегува од запад преку источниот циркуларен коридор на атриумот, но и од источната страна преку главниот влез од улицата Via Principalis Inferior, веројатно користен во првата фаза од постоењето на Палатата (Б2: бр. 10).[154] Непосредно пред источниот агол на просторијата се наоѓа градската чешма која е целосно реконструирана во текот на 1968 - 69 год.[155]

За да се истражат културните слоеви, односно фазите на употреба на овој простор, беше пристапено кон негово ископување преку контролна сонда поставена на с/и дел од просторијата. Сондата беше со димензии 3,20 х 1.80 м, поставена меѓу двата периметрални и внатрешниот попречен ѕид на просторијата. Се истражуваше до длабочина од 1.30 м при што на североисточната половина беше откриена јама исполнета со пепел и гареж, длабока 0.30 м.[156] Јамата беше со димензии 0.40 х 0.60 м. Најпрво таа е окарактеризирана како гроб, а се истражи до длабочина од 0.30 м. Во нејзината содржина не беа откриени остеолошки и археолошки наоди за да се потврди претпоставениот гробен карактер на наодот.[157] По истражувањето и извршените анализи, беше јасно дека се работи за обична јама, исполнета со пепел и гареж помешан со земја.

Останатиот дел од овој простор продолжи да се истражува на длабочина до ниво на здравица. Длабочината на ископот изнесуваше 1.30 м од нивото на започнатите истражувања. На тој начин се дојде до ниво на цврсто набиен слој составен од земја помешана со поситен камен (чакал). Овој слој веројатно претставува слој за нивелација на просторот пред започнувањето на изградбата на

---

[152] М. Велчовски, бр.07 - 1257/3, 2003.
[153] Д. Герасимовска, 1996, 68 - 69.
[154] М. Велчовски, 2008, 119.
[155] Ж. Винчиќ, С. Саржовски, бр. 6497/1, 1968 - 69.
[156] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.
[157] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.

објектот. Од претходните истражувачки искуства констатиравме дека овој слој е поставен врз цврста земја. По извршените анализи и добиените сознанија за овој дел од објектот се продолжи со останатите активности.[158]

Добиените резултати од овие истражувања ги дадоа потребните насоки за понатамошните активности, кои беа насочени кон јужниот дел од просторија 10. Целта беше да се констатира висинската кота на подот од просторијата и да се дефинира фазата на градење на затворениот влез од улицата Via Principalis Inferior, и тоа заради постапната конзервација која беше во фаза на реализација.[159]

По завршување на земјаните работи во овој дел, се појави ѕид од делкан камен врзан со кал со широчина од 0.30 м, а оддалечен за околу 0.15 - 0.40 м од југоисточниот ѕид што се протега долж улицата Via Principalis Inferior. Тој е констатиран веднаш под преградниот влез од улицата при што од него се зачувани само два реда камен над темелната партија. Фундиран е врз слој од цврсто набиена темно кафена глинеста земја (Б20 а). Според наодите веројатно е од поран датум, односно II - I век пред н.е.[160] Ѕидот се протега во правец североисток југозапад. На североисточната страна се врзува под прав агол за друг подебел ѕид од истата фаза, изработен исто така од делкан камен врзан со кал, широк 0.45 м. Врз овој ѕид, кон средината на влезот од Via Principalis Inferior, е откриена долната половина од керамичка цевка за довод на вода со радиус од 0.25 м. По завршување на функцијата на оваа градежна фаза, просторот бил пополнет со цврсто набиена темно кафена глинеста земја како подлога (субструкција) за подно ниво, со дебелина од околу 0.45 м. (Б20: б).[161] Во глинестата земја, освен мал број фрагменти од керамички садови и поситен камен облуток, не се откриени други наоди. Оваа субструкција била поставена врз слој од цврсто набиена чакалеста земја, веќе евидентирана на северниот крај од просторијата.

Од внатрешната страна на југозападниот ѕид од просторијата констатирани се неколку асиметрично распоредени камени плочи од подот изработени од зеленкаст камен - песочник. Подните плочи биле нивелирани со слој од поситен кршен камен врзан со глинеста земја.

---

[158] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.
[159] М. Велчовски, 119, 2008.
[160] М. Велчовски, 119, 2008.
[161] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.

На оддалеченост од околу 2 м една од друга, констатирани се две основи (веројатно за столбови?) со димензии 0.50 х 0.50 м. изработени од делкан камен врзан со варов малтер и тоа во височина од 0.45 м. Овие основи се поставени врз ѕидот од делкан камен кој е врзан со кал. Тие се поставени врз цврсто набиена субструкција од кршен камен во два реда кој е врзан со глинеста земја.[162]

9. Просторија бр. 1

Од оваа просторија е ископуван влезот и делот кој претходно не бил опфатен со истражувањата. Во неа се влегува од улицата Via Axia, што и дава карактер на предворје на северозападниот триклиниум (Б2: бр.1).[163] Од влезот се констатирани две градежни фази. На првата - постара фаза припаѓа прагот од мермер вграден во ѕидната маса, на кој се констатирани жлебови за врата. Тој бил врамен со два секундарно употребени мермерни импост капители.[164] Тие послужиле како бази за поставување на довратници. Довратниците биле изработени од зеленкаст песочник, при што едниот беше затекнат во својата изворна положба, но фрагментиран, додека другиот бил целосно сочуван и искористен како праг во втората градежна фаза на влезот. На овој праг не се констатирани жлебови за поставување врата, поради што може да се претпостави дека во втората градежна фаза влезот бил без врата така што просторијата функционирала како предворје отворено кон улицата.[165] Во оваа фаза подот на предворјето бил подигнат и прилагоден на веќе подигнатиот нов праг (Б21: а, б).

Извршените истражувања на овој дел од објектот, и направената дополнителна интервенција на улицата Via Axia пред просторот на влезот, имаа за цел доистражување и дефинирање на влезната партија во просторијата. При оваа интервенција се откри одводен канал, кој веројатно ги собирал атмосферските води од горниот дел на палатата и ги спроведувал во главниот одводен канал на улицата Via Axia (Б22: а, б).[166]

---

[162] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.
[163] Види Б3. Основа на палатата.
[164] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.
[165] М. Велчовски, 120, 2008.
[166] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.

Одводниот канал е изработен со делкани камени плочи од зеленкаст песочник врзан со варов малтер, а поплочен со градежна тула. Покриен е со два реда потенки камени плочи од зеленкаст песочник.

III. ГРАДЕЖНИ ФАЗИ НА ОБЈЕКТОТ

Досегашните археолошки истражувања и извршените анализи од нив ги прецизираа позициите на културните хоризонти и урбаните фази на објектот. Во таа смисла е констатирано дека тој има повеќе градежни фазаи, но исто така и подфази.

Доколку се земе предвид врската на постојните конструктивни ѕидови на објектот, со сигурност можат да се издвојат градежните интервенции кај главните фази. Во таа смисла, истото можеме да го направиме и кај градежните интервенции дефинирани како подфази каде што имаме преградени, долепени или затворени отвори на ѕидни партии (случај на северниот ѕид од перистилот).

Во рамките на овие истражувања, само во централниот дел можеме да констатираме две различни фази од неговиот архитектонско-историски развој. Извршените анализи потврдија дека во градбата се содржани два културни хоризонти од кои првиот е од III - I век пред н.е., а вториот од II - VI век, од н. е.[167] Ваквата претпоставка се темели врз база на пронајдениот движен и недвижен археолошки материјал.

Од првиот културен хоризонт се констатирани три градежни фази, додека од вториот само една.

1. Прв културен хоризонт (II - VI век) (стратиграфски)

- Градежна фаза I а

На првата и најстара градежна фаза од првиот културен хоризонт □ припаѓаат двата столба откриени врз постарите ѕидови од вториот културен хоризонт (Б23). Засега останува отворено прашањето за нивната целосна претпоставена функција, поради заемната позиција што ја заземаат, односно постоењето на оваа градежна фаза. Малиот простор, кој беше опфатен со

[167] М. Велчовски, 119, 2008.

истражувањето, не дозволуваше да се изврши прецизно детектирање на овој дел од објектот. Според тоа сé уште не е јасно дали овие столбови заземале позиција на ѕид евентуално врзан со арки, со оглед на тоа што во долните темелни партии не е откриена нивна врска во ѕидна маса. Во однос на археолошките наоди оваа фаза е потврдена и припаѓа на времето од II - III век, додека за целосна потврда во однос на архитектонските елементи се потребни дополнителни истражувања.

- Градежна фаза II

Втората градежна фаза од првиот културен хоризонт ја претставува фазата на изградба на палатата со триклиниумот II, ѕидните платна на перистилот со циркуларните коридори, како и малите градежни интервенции кај просториите 16, 11, 13 и 26, од крајот на IV, почетокот на V век н.е. (Б23). На неа □ припаѓаат основите на постоечките ѕидови без преградниот ѕид на влезот кон улицата Via Principalis Inferior, како и фрагментот од тубусот за довод на вода во палатата.

- Градежна фаза III

Третата градежна фаза од првиот културен хоризонт ја претставува последната фаза на живот на Палатата, пред нејзината деструкција, односно т.н. постурбана фаза (втора половина на VI век). На неа припаѓа контурниот ѕид на просторијата бр. 10, заедно со преградниот ѕид на влезот кон улицата Via Principalis Inferior, како и просториите во западниот, како и мал дел од северозападниот простор, работени во градежна техника на камен врзан со кал (Б23; Б24).[168]

2. Втор културен хоризонт (III - I век п.н.е.) (стратиграфски)

На вториот културен хоризонт припаѓа најстарата фаза на објектот откриен во долните партии на просторијата бр. 10. Од него се откриени два ѕида на постар објект од кои еден надворешен и еден внатрешен преграден ѕид. Според археолошките наоди овој објект припаѓа на периодот III - I век пред н.е.

[168] М. Велчовски, 2008, 119.

- Градежна фаза I

На вториот културен хоризонт од првата градежна фаза на објектот, припаѓаат долните ѕидни партии од истата просторија (под бр. 10). Во тој дел се откриени два ѕида од постар објект од кои еден е надворешен, а вториот е внатрешен преграден ѕид. Во југоисточниот дел на просторија 10, пронајдени се фрагменти од керамички садови и керамички „макари" (цевчести елементи наменети за ѕидно грење), метални наоди и бронзени монети.[169] И покрај тоа што се најдени во подолниот културен слој на просторија бр. 10, „макарите" најверојатно припаѓаат на периодот од I фаза на првиот културен хоризонт (II - III век н.е), т. е., периодот кога се гради главната основа на палатата (Б25). Според движните археолошките наоди оваа зона на објектот има траги од човечки активности многу пред градењето на самата палата, уште во III - I век пред н.е.

Во внатрешниот дел на предворјето се откриени два ѕида од најстариот културен хоризонт на првата градежна фаза. Ѕидовите се изработени од делкан камен (зелен песочник) врзан со варов малтер. Според наодите на монети (11 примероци) и друг археолошки материјал (фрагменти од керамички садови), тие со сигурност му припаѓаат на постариот културен хоризонт од II - I век пред н.е.[170] Во овој дел, при ископот на земја, с□ до нивото на појавување на ѕидовите, континуирано се пронаоѓало мноштво фрагменти од кровната конструкција (покривни керамиди, железни клинци од градежните конструкции и гареж од изгорените дрвени тавански греди (Б26).[171]

IV. ДОСЕГАШНИ ПУБЛИКАЦИИ

За Перистериевата палата досега е пишувано од страна на повеќе автори, како домашни така и странски, кои во принцип ги потврдуваат резултати на претходните истражувачи. Ваквата констатација се темели на објавената стручна литература од повеќе домашни автори, кои ги преземаат во своите дела

---

[169] Покрај големиот број фрагменти од керамички садови, откриени се 108 керамички „макари" кои биле употребени за ѕидно греење, повеќе метални наоди и 31 бронзена монета со хронолошка припадност од II-I век пред н.е. и IV- VI век. М. Велчовски, 2008, 120.

[170] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.

[171] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.

податоците обработени и презентирани во претходните изданија. Без разлика на тоа, овие подоцнежни дела даваат значителен придонес кон дооформувањето на некои гледишта и појаснувањето на некои позиции од пораните истражувања.

Во следните пасуси ќе ги презентираме анализите на овие автори, од кои дел се потврдени со определени детали откриени во текот на поновите истражувања. Некои од нив досега не биле презентирани во целост, пред с□, поради почитување на авторските права на истражувачот, кој ги вршел овие икопувања.

И. Микулчиќ, во публикацијата „Антички градови во Македонија", значаен дел од истражувањата посветил на античкиот град Стоби. При тоа дал целосна анализа на претходните истражувања, вклучувајќи ја и стратиграфијата на населбата преку која е добиена точна хронологија на градбите и нивна функција.

Во рамките на ова дело, посебно треба да се истакне детекцијата на урбаниот развој на градот. Од особено значење за археолозите во делот на истражувачките активности е лоцирањето на најстарата населба во северниот крај од терасата опфатена со лакот на реката Вардар и стариот ракав на реката Црна. Истовремено, позиционирањето на населбата од раноримскиот и доцноримскиот период во рамките на бедемските платна, всушност претставуваат добар показател за сериозниот пристап кон решавање на проблемот со хоризонталната и вертикалната стратиграфија на локалитетот од овој период. Со неговите анализи се потврдува дека во периодот од 1 до 3 век, градот имал римска урбана шема со две главни улици (кардо максимус и декуманус максимус), што се сечеле под прав агол и мрежа од останати улици паралелни на нив. Опишувајќи ги архитектонските стилови на богатите куќи за живеење со т.н. внатрешен перистил, авторот укажува на влијанието кое е прифатено од хеленистичките градови од Блискиот Исток, а уште повеќе од Северна Африка. Покрај Епископската резиденција, Централната базилика, куќите на Полихарм и ГР, овој стил е прифатен и применет и во Перистериевата палата. Ваквата констатација се

потврдува преку изградбата на перистилот со инсталирана фонтана, додека во sидните ниши биле пронајдени статуи и бисти од бронза и мермер.[172]

Во своето поново дело од 2003 год., И. Микулчиќ дава подетални описи за Перистериевата палата, како од аспект на архитектонско здание, така и од аспект на нејзината намена. Во таа смисла е извршена и временска детекција според која, објектот е изграден кон крајот на III, т.е. почетокот на IV век од н.е. Но, со сондирањето во 1965, 1971 и 1991 год., во јужниот и северниот двор се констатирани гробови од III и II век пр. н.е.[173] На северозападната периферија од градбата, во текот на I и II век од н.е. биле подигнати два објекта со мали димензии, како претходница на палатата на Перистерија. Според неговите истражувања, загадочно било градењето на втората трпезарија и нејзината намена. Голема градежна обнова палатата доживеала во раниот V век. Во доцниот V и VI век, целиот комплекс бил преграден со примитивни sидчиња со што се добиле неколку помали станбени објекти (Б23).[174]

Во делото „Античка градежна керамика во Република Македонија", В. Лилчиќ ја опишува Перистериевата палата како најголем приватен комплекс во урбаната средина на доцноантичкиот град Стоби, со површина од 2370 м^2.[175] Потврдувајќи ги сознанијата од извршените анализи на претходните истражувачи, тој нив ги дополнува со давање прецизни податоци за димензиите, формата, квалиетот и составот на градежната керамика. Најчесто употребуваната тула при изградбата на палатата, особено во нејзиниот централен дел, била со димензија: 0.34 x 0.285 x 0.04 м., додека широчината на малтерните сврзници изнесувала 0.045 м.[176] Со извршени хемиски анализи е констатирано дека вградените тули, од аспект на нивната структура се квалитетно изработени, но во техничка смисла не се моделирани најпрецизно. Малтерот е сив, варовен, со многу речен песок, но, сепак со цврста структура.[177]

---

[172] И. Микулчиќ, 1999, 249 - 250.
[173] И. Микулчиќ, 2003, 176 - 180.
[174] И. Микулчиќ, 2003, 176 - 180.
[175] В. Лилчиќ, 1996, 69 - 71.
[176] В. Лилчиќ, 1996, 69 - 71.
[177] В. Лилчиќ, 1996, 69 - 71.

Д. Герасимовска во своето дело „Антички куќи во Македонија“, ги потврдува претходните сознанија од извршените истражувања, но, воедно ги детерминира и фазите на градење на објектот, презентирајќи ги на општиот ситуационен план. Истовремено прави обид, т.е. можна реконструкција на перистилот на палатата од првата (а) градежна фаза при што дава детален опис на формата и намената на просториите, како и начинот на комуникација меѓу нив.[178]

Истите информации за Перистериевата палата се дадени и во публикуваниот докторски труд на истата авторка под наслов „Улогата на живеалиштето во културата на живеење низ антиката во Р. Македонија“.[179]

V. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗИ ОД КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Позициите кои требаа да бидат реализирани во 2001, 2002, 2003 и 2004 год. со архелошко - конзерваторските истражувања, имаа сериозен предизвик во делот на давање прецизни информации, и изнаоѓање на точни конзерваторски решенија за измирување на различни урбани фази и целини со цел нивна конечна презентација.

Тргнувајќи од овие насоки и цели, а истовремено имајќи ја предвид големината на палатата, комплексноста и сложеноста на потребните археолошко - конзерваторски зафати, целосно се искористи постоечката дескрептивна и фото - документација од претходните активности. Во склоп на направените истражувања од 2001 год., спроведени од РЗЗСК под раководство на М. Велчовски, се изврши целосна опсервација на квалитетот и исправноста на дотогашните интервенции од крајот на 60 -те и 70 -те години од минатиот век.[180]

Овие детално спроведени анализи, во поширока смисла на зборот беа обид за пообемен фронт на работа. Тие претставуваа ефикасен начин на дејствување за да може во континуитет да се продолжи со археолошко - конзерваторските активности на деградираните видни површини и подните нивоа, како и на позициите коишто беа предвидени за доистражување.

---

[178] Д. Герасимовска, 1996, 65 - 76.
[179] Д. Герасимовска, 1996, 65 - 76.
[180] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.

Резултатите од извршените теренски активности и анализи на состојбата на објектот, ги дадоа потребните насоки во процесот на соодветна примена на конзерваторските интервенции. Но, во принцип, се донесоа заклучоци кои ги одредија натамошните активности на работење. Во таа смисла, пред отпочнувањето на било какви конзерваторски зафати, појдовна точка беше доследното почитување на утврдената методологија на работа со примена на претходно дадените и потврдени позиции, а тоа се следните:

- максимална, точна валоризација на културните, наменските и хронолошките вредности на објектот;

- истражување и изнаоѓање на фактичката состојба и одредување на најдобриот третман спрема состојбата во која тој се наоѓа;

- комплетно третирање на објектот (архитектонска и скулптурална пластика, мозаик, фрескоживопис и др.);

- пристапување кон конзерваторски зафати со претходно дефинирани ситуации;

- отварање на ѕидови со ископ на земја со планирање подлога;

- отстранување на дерутирани ѕидни партии;

- утврдување и решавање на подни нивоа со примена на реконструкциски зафат;

- давање посебен акцент на просторот кој е богат со различни содржини, и негова максимална презентација.[181]

VI. ОПЕРАТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА

Врз основа на реализираните претходни активности, се изготви оперативна програма која ги определи понатамошните насоки и задачи на дејствување. Во тој контекст, истражувањата се спроведуваа во централниот и северниот дел од палатата. Направените анализи од дополнителните археолошко - конзерваторски истражувања кои се одвиваа на западната страна од нејзиниот североисточен ѕид овозможија да се констатира дека тој, по целата должина, во горниот дел е решен со арки, изведени од тули со варов малтер, а според градежната конструкција се

[181] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/1, 2003.

врзува за II градежна фаза од првиот културен хоризонт.[182] Во рамките на овој северен дел е важно да се потенцира и влезната партија која евидентно има две градежни фази од различен временски период (Б21: а, б; Б23). Ова со сигурност можеме да го потврдиме, пред сé заради подоцнежната градежна интервенција којашто се состоела во намалувањето на широчината на влезот при тоа изведена во градежна техника која е со видно понизок квалитет во споредба со изведбата на основната градба.[183]

Во согласност со поставените насоки и задачи од Проектниот елаборат, а со цел да се заокружат научните сознанија врз претходно јасно дефинирани ситуации, пред сé заради автентична конзервација и презентација на објектот, во овој дел се презедоа натамошни активности на расчистување на објектот од земја и шут. Продолжувањето на работите во овој дел се одвиваа со цел да се открие автентичното решение на комуникацијата со соседниот објект преку улицата Via Axia. Извршеното детално теренско истражување на просторот помеѓу двата објекта ги дадоа очекуваните резултати. Пред се, се доби целосна слика за начинот на комуникација меѓу двата соседни објекта, висината и ширината на праговите со влезните партии, висинската кота и ширината на улицата, начинот на градба и структура. Поставените камени плочи на улицата се со димензии: должина од 1.50 до 1.80 м х од 0.80 до 1.00 м широчина, и дебелина од 0.15 до 0.18 м (Б27). Според овие податоци е очигледно дека и тука се запазени стандардите при градењето римски улици во урбани целини.[184]

VII. КОНЗЕРВАТОРСКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

1. Претходни конзерваторски интервенции

Првите конзерваторски интервенции на овој објект се изведени во 1965 год. од страна на РЗЗСК, а под раководство на Ж. Винчиќ. Првичната цел на конзерваторот била да се фиксираат и конзервираат откриените sидни платна и истовремено да се воспостави комуникација со околните градби.[185] При тоа е

[182] М. Велчовски, бр. 07 - 166/89, 2004.
[183] М. Велчовски, бр. 07 - 166/90, 2004.
[184] М. Велчовски, бр. 07 - 166/90, 2004.
[185] Ж. Винчиќ, бр. 6480/2, 1965.

применет веќе воспоставениот метод на конзервација со поставување на цементна капа на круништето на ѕидот. Истиот конзерваторски третман е применет и кај останатите објекти во Стоби, кои биле конзервирани во периодот меѓу двете светски војни. Всушност, ова се првите конзерваторски интервенции во Р. Македонија по Втората светска војна, спроведени во рамки на една античка градба.

Како што напомнавме во првата глава, во пракса овој метод се применува со претходно отстранување на бујната вегетација, наносот од земја и распаднатиот малтер. Натаму следи постапка која има за цел доведување на ѕидот од деградирана во консолидирана состојба, т.е. се отстрануваат руинираните делови на масата до ниво на стабилно јадро (Б28). Пред да се изведе завршниот зафат, круништето од ѕидот се чисти со млаз вода. Врз исчистената површина се налева цементен малтер во сооднос на 1:4 (цемент : песок со гранулација 2) (Б29). Фугите кои се вдлабнати до 0.02 м, се исполнуваат со цементен малтер во сооднос на 1:2 (цемент : песок со гранулација 1).[186] Водата која е неопходна при изготвувањето на малтерот се додава според потребата и густината на смесата за конзервација.

Претходно изведениот конзерваторски зафат на подот од просторија 10 (Б2: бр. 10) во 1965 год., имаше погрешен пристап во контекст на решавање на висинската кота, како и на решението на влезната партија заедно со прагот. Заради потребата да се презентира автентичната состојба, изведената постапка на коригорање на овој елемент (Б30: а). Тоа налагаше да се извадат веќе поставените подни плочи од зеленкаст песочник. По таа интервенција се пристапи кон истражување на целиот простор што го зафаќаше просторијата (Б30: б).[187] Врз основа на добените резултати се пристапи кон реконструкција на подот во оваа просторија.

Последниот применет конзерваторски метод беше условен од претходните конзерваторски интервенции. Ваквиот пристап е применет, пред сé заради воспоставениот принцип, според кој не се практикува големо отстапување во примена на веќе употребените материјали (се мисли на конзерваторските

[186] Ж. Винчиќ, извештај бр. 6480/2, 1965.
[187] М. Велчовски, бр.07 - 1257/3, 2003.

активности во 70 - те и 80 - те години).[188] Причини за тоа беа пред сé естетскиот т.е. урамнотежениот визуелен ефект но, пред сé и докажаниот конзерваторски метод, применет во претходните конзерваторски зафати. Доколку не би ги почитувале начелата и принципите на Венецијанските повелби за заштита на културното наследство, тогаш би ги употребиле современи материјали кои не соодветствуваат на автентичните или веќе употребените. Во таа смисла би имале разноликост на конзервираните ѕидни површини, зависно од годините на нивна реализација. Апсидалниот ѕид на југоисточниот триклиниум (триклиниум I), е конзетвиран во 1996 год. при што е употребена гасена вар одлежана во текот на 1994 - 95 год. Квалитетот на гасената вар беше со високо ниво, бидејќи во процесот на нејзината подготовка беа применети сите стандарди.[189] Во следните години на конзерваторски интервенции, и покрај големите резерви на гасена вар, се пристапи кон методот на „биолошка конзервација".[190] Ваквиот пристап може да се објасни само од аспект на финансиската оправданост и недоволната издржливост на гасената вар како материјал, и пред с□, заради нејзината голема порозност која е неповолна при големи температурни амплитуди, својствени за овој регион. Доколку се преземаат мерки на заштита со примена на гасена вар, тогаш е неопходно поставување кровна конструкција врз заштитеното добро. Со применување на оваа постапка би се задоволиле принципите и методот на конзерваторската етика, кои всушност се обврзувачки со меѓународната номенклатура.

2. Јужен и источен стилобатен ѕид на перистилот

По извршените археолошки истражувања, конзерваторскиот третман ја опфати вкупната должина на јужниот стилобатен ѕид (12.50 м), како и откопаните источни и северни ѕидни партии на перистилот.

При реализација на конзерваторските интервенции на јужниот стилобатен ѕид, беа презентирани двете подоцнежни фази. Ваквиот пристап на интервенција беше условен пред сé заради големата висинска разлика на подните нивоа од

[188] Употреба на продолжен малтер.

[189] Гасењето на варта за потребите на кознервацијата во Стоби, се приготвува во јами за гаснење поставени на самиот локалитет.

[190] T. Marasović, 1983, 64 - 76.

првата и втората фаза. Фактот дека најголемата градежна интервенција е направена во втората фаза, произлегува од воспоставената комуникација на централниот дел со останатите делови на објектот.

Кај источниот стилобатен ѕид на перистилот презентирана е последната градежна фаза, каде се видливи запоставеноста на квалитетот на градбата и собраниот материјал како сполија од постари градби.[191]

По чистењето на фасадите од обете страни на ѕидовите и отстранувањето на дерутираните два до три реда камен од круните на ѕидните платна, извршено е комплетно санирање на автентичните структури (пломбирање и фугирање со продолжен малтер). Претходно отстранетите два-три реда ѕидарија од круните на ѕидовите се вратени, а потоа е изведена делумна реконструкција, (дополнителни два до четири редови камен), со што столпците кои се на јужниот и источниот ѕид од перистилот се елевирани во просек за 0.45 м. При реализација на конзерваторските интервенции, треба да се напомене дека врз основа на претходно извршените анализи во централниот дел од Перистериевата палата, презентирани се три урбани градежни фази од различен временски период, пред сé поради претходната градежна интервенција и висинските коти, кои го условуваа овој начин на презентирање.

Во 2003 -та год., како засебна позиција во оперативната програма беше предвидено фиксирање и заштита на круните од ѕидните платна, но, и подните површини во просторија бр. 19 и бр. 4 (Б43). Со овој зафат беа опфатени сите северни делови од Палатата коишто непосредно ја заокружија како целина конзерваторската интервенција во овој дел (Б26). Откриените ѕидни платна што се изградени во градежна техника со варов малтер се наоѓаа во релативно добра состојба.

Истиот третман го имаа и останатите ѕидни платна градени во градежна теника со варов малтер, а се наоѓаат во непосредна близина. Изведената постапка, всушност, претставуваше интервенција врз масивните ѕидни платна кои се наоѓаа во дерутирана состојба градени во техника на кршен камен со варов малтер, а со

[191] М. Велчовски, бр.07 - 1257/3, 2003.

цел нивно запазување и дефинирање на урбаниот хоризонт на кој му припаѓаат,[192] како и нивна финална конзервација и презентација.

По детаљното чистење на ѕидовите од вегетација, земја и распаднат малтер, како и отстранувањето на деградираните камени површини, се пристапи кон конзервација, фиксирање и зајакнување на тие делови. При поставувањето на завршниот дел, се водеше сметка за косината и падот на круништето од ѕидот (Б31). Ваквата постапка во процесот на реализација на конзерваторските интервенции се практикува од аспект на поефикасно одлевање на водата од горната површина, и отстранување на можните последици од нејзиното задржување. Изготвената смеса за надѕидување, фиксирање и заштита на круните од ѕидните платна, беше од гасена вар, песок и цемент. Сообносот на изготвената смеса за конзервација е 1: 1 : 4 (гасена вар : цемент : песок). Фугирањето на овие површини се изврши со погуста смеса на малтер во сооднос 1 : 1 : 2 : 100 ml, (гасена вар : цемент : песок : „Хидрофоб“).[193]

По извршените конзерваторски зафати, третираните површини беа покриени со јутени вреќи. Во текот на седум дена, во континуитет, врз јутените вреќи се полеваше вода, заради одржување на постојана влажност и спречување на предвременото согорување на употребениот малтер, но, исто така и негово поквалитетно врзување (Б32). Поголемиот дел од ѕидните платна во овој дел на градбата имаа оштетувања во јадрото на ѕидот од аспект на појава на шуплини и пукнатини. Во таа насока се презедоа мерки на дополонителна заштита со употреба на инектирање на течно цементно млеко (течен раствор на цемент, гасена вар, вода и ситен песок со гранулација 1).[194] Применета беше стандардната методологија во процесот на инектирање на малтерна смеса во пукнатини и шуплини од ѕидни платна. Постепено се одвиваше процесот на набивање на смесата од цементно млеко под притисок на една атмосфера. Веќе следниот ден беа видливи постигнатите разултати во моментот кога се изврши контрола на квалитетот на конзерваторската постапка. Овој метод на контрола се состоеше во додавање истата смеса во заполнетите делови, но, сега под притисок од две

[192] М. Велчовски, бр. 07 - 166/89, 2004.
[193] М. Велчовски, бр. 07 - 166/89, 2004.
[194] М. Велчовски, бр. 07 - 166/89, 2004.

атмосфери.[195] Квалитетот се докажува само тогаш кога исполнетиот простор не е во можност понатаму да прима малтерни соединенија.

Во 2004 - та год. се реализираа голем дел од предвидените конзерваторски зафати (Б45). Посебен акцент беше ставен на деловите каде беа предвидени конзерваторски интервенција со завршна интерпретација и тоа кај следните позиции:

- Анализа на висинското ниво на подниот опус во западниот и северниот циркуларен коридор, како и нивниот сооднос, т.е., комуникација.

- Како репер за висинската кота на западниот коридор беше искористен отворот на каналот, кој во целост беше зачуван.

- Извршена е конзерваторска интервенција на каналот, кој директно поминува низ западниот коридор како канален отвор на западниот ѕид на перистилот, каде ги полни трите дела (канали) околу базенот составен од мермерни парапетни опшивки. Истиот потоа влегува низ каналните отвори на парапетните мермерни опшивки, давајќи ефект на водопад, кој во овој случај служи за полнење на самиот базен.

- Конзерваторски се интервенираше во и околу просторот на приватната терма, која е посебно интересна со сé уште запазени елементи за нејзина реконструкција.

3. Под на перистилот на палатата

Подготвителните работи кои се одвиваа во овој дел имаа специфичен карактер од аспект на подготовката на подлогата врз која се планираше поставување на подот од камени плочи. Интервенциите во централниот дел на палатата започнаа да се реализираат во 2001 -та, а се завршија во 2002 год. (Б41; Б42). Процесот на поставување подлога од глинена земја и чакал се одвиваше со спора динамика. По секое наводнување на третираната површина, поставената подлога континуирано се набиваше со ваљак. Истата постапка беше применета и во понатамошниот зафат кога се поставуваше вториот слој на подлога, составен од ситен дробен камен и песок со гранулација 2. Оваа подлога, на поедини позиции беше со подебела димензија, која не беше условена само од поставеноста

[195] М. Велчовски, бр. 07 - 166/89, 2004.

на теренот, туку и од дебелината на камените плочи кои се поставуваа. Дебелината на подните плочи изнесуваше од 0.15 м до 0.18 м, а должината, пирината и обликот беа со разична димензија (од 0.50 м. до 1.20 м.) и форма (правоаголна, квадратна, трапезоидна и др.) (Б33).[196] На подготвената површина беа поставени камените плочи, кои се оставија следните 24 часа добро да налегнат на местата каде беа поставени, со повремено наводнување и набивање. Следниот ден беше отпочната финалната реализација на конзерваторските интервенции со пополнување фуги од изготвена смеаса на гасена вар, цемент, песок и „Хидрофоб" (во сооднос 1 : 1 : 2 : 100 ml).[197] Треба да се нагласи дека смесата за фугирање беше изработена во потечна состојба. Ваквиот метод на фугирање со потечна смеса, се користи пред се, заради поефикасно навлегување на малтерот во неисполнетиот простор. Со ова беше завршена постапката за целосна реконструкцијата на подниот опус во североисточниот дел, заедно со одливниот канал и двете прочистителни шахти.

4. Писцина (базен)

Во 1965 год. на писцината е извршено фиксирање и заштита во горниот дел на ѕидните платна, на подот и на дел од керамичките садови уфрлени во ѕидот во својство на резонатори.[198] Во 2002 год. конзерваторските интервенции на овој простор имаа за цел финализирање на активностите кај ѕидните површини, со една комплетна реконструкција на сите содржини (Б34). Оштетените ѕидни површини во внатрешноста на писцината беа конзервирани со употреба на гасена вар, толчена тула, песок и „Хидромаил". Употребена е толчена тула со покрупна гранулација на зрната заради одржување на автентичниот впечаток, но и од аспект на естетскиот приод при презентацијата на овој дел.[199]

Во горната зона базенот од три страни бил опфатен со корито во вид на буквата „П" и преливен канал, кој од страната на писцината бил заграден со парапетни плочи без рељефни престави. Во рамките на реставрацијата е изведен откоп во форма на жлеб долж позициите на кои изворно биле поставени

[196] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.
[197] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.
[198] Ж. Винчиќ, бр. 6480/2, 1965.
[199] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.

парапетните плочи. Пред повторно да се вратат на автентичното место, на парапетните плочи е извршено фиксирање и зацврстување со употреба на продолжен малтер. Третираната површина во долната зона е залеана со течно цементно млеко. Извршена е реконструкција на граничникот на преливниот канал и е добиен визуелниот ефект со престава на некогашниот функционален изглед.

5. Терми

Комплексот терми се наоѓа во источниот агол на палатата при што е расчленет на четири одделенија. Специфичен е од аспект на изведената архитектонска конструкција која, и покрај малите димензии, ги содржи сите елементи на големите јавни бањи и тоа: аподитериј, фригидариј, тепидариј и калдариј.[200] Двете крајни простории се наоѓаа во дерутирана состојба, при што сепак беа видливи остатоците од хипокаустен систем. Во источниот дел се наоѓа огништето со полукружен отвор направен од двојна арка со радијално редени тули (Б35 а и Б46). Како и кај источниот триклиниум, и тука тулите се со лош квалитет, бидејќи се изработени од недоволно пречистена глина со големо присуство на песок.[201]

При реализацијата на првата постапка е извршено расчистување на теренот од ниска флора и шут, како и отстранување на дерутираните делови од круните на ѕидовите (Б35: б). На расчистените површини се изведе пломбирање на ѕидните платна, а на одредени позиции и делумна реконструкција на префурниумот, до степен на негово препознавање. Реконструкција се изврши и на неколку суспензури, со цел да се сугерира дека се работи за термален објект.[202]

6. Коридори

Изготвената програма за реконструкција на подниот опус на југоисточниот и југозападниот коридор претставуваше продолжување на претходните археолошко-конзерваторските кампањи, за време на кои се преземени реконструкциски зафати на втората половина од подниот опус во западниот и

[200] Г. Кузманов, 1972, 15 - 20, М. Мирчев, 1969.
[201] Т. Станишева, бр. 1324, 7, 1973.
[202] М. Велчовски, бр. 07 - 166/89, 2004.

северниоиот коридор (Б36: а, б). Пред да се отпочне со реализација на конзерваторскиот зафат, се пристапи кон процес на набивање земја и нејзино нивелирање. Врз вака подготвената површина се постави песок со гранулација бр. 2.[203] Понатамошниот конзерваторски третман се реализираше врз основа на веќе применетиот метод за конзервација на подни опуси од камени плочи.

7. Јужен триклиниум (триклиниум I)

Поради долгиот временски период од моментот на неговото откривање и повторно покривање со песок, имаше потреба од ревизија на состојбата на мозаичната површина во источната комора. Предвидените работи беа со цел да се изврши нејзино чистење, документирање, вадење, обработка на реверсната страна, поставување на нова подлога и повторно враќање на мозаикот. Бидејќи временски не бевме во можност да го реализираме овој предвиден зафат, пред с□ и заради немањето доволни финансиски средства, сепак со отстранување на делови од поставениот песок, се овозможи да се согледа неговата моментална состојба (Б15: б). Запазениот критериум за поставување слој песок со дебелина од 0.20 м врз мозаикот, одиграл улога на добра заштита на нетретираната површина. Во немањето услови за друга превентивна заштита (кровна конструкција), овој метод, со мали исклучоци, децении наназад се покажал како мошне успешен.

Во 2003 год. извршени се реконзерваторски интервенции по целата должина на горната површина од западното sидно платно на источната трпезарија (Б44). По извршените интервенции, површината на sидните платна се наоѓаат во консолидирана состојба и имаат висок степен на зачуваност.

8. Јужен триклиниум (триклиниум II)

Пред да се започне со реконструкција на подниот опус од камени плочи, претходно требаше да се решат дилемите околу висинската кота на прагот и автентичниот под. Овој детаљ беше важен пред сé заради понатамошните конзерваторски интервенции и отпочнатиот процес на презентирање на неколкуте урбани фази во овој дел настанати во разни периоди, а с□ со цел при

[203] М. Велчовски, бр. 07 - 166/89, 2004.

реализацијата на завршните работи овој аспект да биде претставен како единствена целина.[204]

Во овој случај се преземени истите подготвителни мерки како и кај останатите подни површини покриени со камени плочи. Наводенетата земјена површина се набиваше рачно, преку удирање со трупец зацврстен од двете страни со дрвени рачки. Потоа следеше нивелирањето на поставената подлога од песок со алуминиумски мастер и гребло. Натамошниот конзерваторски третман се реализираше врз основа на веќе применетиот метод за конзервација на подни опуси од камени плочи (Б18; Б2: бр. 16).[205]

9. Северен триклиниум (Б2: бр. 20)

Истиот третман на реконструкција на подниот опус од камени плочи беше применет и во северниот триклиниум. Одредувањето и поставување висинската кота за реконструкцијата на овој дел од палатата се одвиваше без било какви потешкотии и тоа поради добрата состојба на постоечките елементи од подот (Б37; Б42: бр. 20). Врз основа на претходно изнајдено решение за овој простор, се постави праг на влезната партија. Ваквиот пристап на работење воспостави целосна комуникација на северниот триклиниум со палатата, во линија на движење преку западниот коридор на перистилот.[206]

10. Анастилоза на централниот столб во источен влез на јужниот коридор

Влезот во просторијата нумерирана под реден бр. 12, лоциран во источниот дел на јужниот коридор од перистилот, бил надсведен со двојна арка, која се потпирала врз мермерен столб со централна положба, што го делел влезот на два дела (т.н. „дипилонски влез“). При реализација на археолошко-конзерваторските истражувања, беше пронајдена базата, како и дел од долната половина на столбот со што се овозможи извршување на анастилоза на овие елементи (Б38; Б2: бр. 12).

---

[204] М. Велчовски, 2008, 120.
[205] Види страна 15, М. Велчовски, бр. 07 - 166/89, 2004.
[206] М. Велчовски, извештај бр. 07 - 166/89, 2004.

Најнапред беа отстранети остатоците од тотално распаднатите три камени плочи кои го формираа стилобатниот праг и ја иницираа појдовната кота за анастилоза. Темелно е санирана конструктивно носечката ѕидна партија под нивото на прагот (чистење, отстранување на лабави и ослабнати камени блокови, замена на истите и фугирање). На локалитетот, во непосредна близина на палатата, се пронајдени камени плочи, кои беа скроени и поставени до централна плоча за праг (1.30 х 0.57 х 0.08 м) јужно и северно од неа. Врз централната плоча е репозиционирана мермерната база со височина 0.32 м и долната половина од столбот со височина 1.23 м.

11. Анастилоза на столбови кај југоисточниот и југозападниот стилобатен ѕид на перистилот

По извршените конзерваторски зафати на ѕидното платно од источниот стилобатен ѕид, поставена е колонада од четири столба со височина на столбовите од 2.10 м, од кои вториот столб (сметано од југ кон север) со височина од 1.34 м е претставен рустично, за да сугерира на урнувањето на палатата (Б10; Б39: а). Процесот на овие активности се одвиваше според воспоставената методологија на интервенција кај ваквите постапки. Базите на столбовите претходно беа цврсто фиксирани врз ѕидното платно на источниот стилобатен ѕид. Автентичните отвори во централниот дел на базата се искористија за вметнување на железен профил со пречник 12 см во должина од 0.30 м. Фиксирањето и зајакнувањето на железниот профил, се реализира со пополнување на отворот од базата со олово во *течна состојба (процес на античка примена при ваква постапка)*. Пред поставување на столбовите во вертикална позиција, ваквата постапка беше повторена (Б39 б).

На јужниот стилобатен ѕид се извршија конзерваторски интервенции на површината од граничникот на перистилот со јужниот коридор. По извршената интервенција се отпочна со подготовките за финална конзервација и анастилоза на столбовите. Процесот на овој вид интервенции се одвиваше на исти начин како и кај источниот стилобатен ѕид. Тука секако треба да се потенцира сложеноста на оваа постапка, особен во овој дел. За да може да се изведат овие активности, неопходно беше да се импровизира со изведбата на работите преку изработка на

лост од дрвени бандери (Б40: а). На тој начин се овозможи прецизно поставување на столбовите врз веќе фиксираните и поставени бази на стилобатниот sид (Б40: б; Б47).

VIII. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Убедени сме дека последните истражувања на Палатата на Перистерија презентирани во претходните глави овозможуваат подетално анализирање на градежните интервенции на објектот, и врз основа на тоа, потврдување на некои позиции и претпоставки предложени од страна на претходните истражувачи. Пред се, со сигурност може да се каже дека објектот има три позиции на главни урбани градежни интервенции. Во протогената фаза кога започнува градењето на палатата, се фиксира првата позиција со две означени урбани фази, кои истовремено можат да се сместат во една главна фаза и подфаза, или да се позиционираат како фаза I-а и подфаза I-б (Б23). Во овој период, градежните интервенции се со мала временска дистанца и можат лесно да се детектираат, и тоа според техниката и опусот на градење, како и според реализацијата на самите архитектонски решенија. Како последна позиција на градежна интервенција, може да се определи времето на постурбаниот период (крај на VI, а според некои податоци и почетокот на VII век), во текот на кој, како врзиво се употребува малтер од кал (Б24).

Самиот под во перистилот, кој е изграден од камени плочи, има две нивоа на висински коти. Кај југозападниот стилобатен sид има три видливи градежни фази, од кои две се денес презентирани. Најстарата фаза е со големи бази и столбовим којашто веројатно потекнува од средината на III век. Фактот дека најголемата градежна интервенција е направена во втората фаза, го потврдува воспоставената комуникација на централниот дел со останатите делови од објектот. Југоисточниот како и североисточниот стилобатен sид, се градени во последната фаза на овој дел од објектот, но со примена на различни градежни решенија. Така, југоисточниот sид е со повисоки столбови, врз кои се поставени капители и архитравна греда. Североисточниот стилобатаен sид во основа е повисок и со помали столбови поставени на соответно растојание, во функција на прозорски меноа кои се протегале по целата негова должина. Од североисточниот

коридор во перистилот се влегува преку два влезни отвора со по две скалила. Североисточниот перимеtрален ѕид на палатата, по целата негова должина, е решен со арки кои формираат континуирана аркада. Доказ на ова тврдење се остатоците од паднатите тули врзани со варов малтер во форма на арки, пронајдени in situ при последните истражувања на улицата Via Axia (Б27).[207]

Перистилот е формиран со поден опус од камени плочи и две прочистителни шахти од кои едната се наоѓа во самиот перистил т.е. неговиот североисточен агол, додека втората - во северозападниот дел на источниот циркуларен коридор. Во северозападниор дел од перистилот била формирана фонтана, долга по целата негова широчина. Базенот за вода е обѕидан со камен и малтер и има керамички садови уфрлени во ѕидот.

Четирите циркуларни коридори кои го опкружуваат перистилот се од втората градежна фаза на објектот. Нивните подни опуси се изработени од камени плочи. Тука треба да се напомене умешноста на градителот, пред сé во изнајдувањето на решение за комуникација на перистилот и коридорите со двете трпезарии лоцирани на југозападната страна, за кои со сигурност знаеме дека не се градени во ист временски период.

Врз основа на досегашните истражувања и на нив базираните анализи, можеме да констатираме дека овој архитектонски комплекс, со исклучително голема површина, во глобални рамки припаѓа на третиот, а делумно и на вториот урбан хоризонт на градот Стоби. Тука треба да се нагласи и уметничката вредност, односно естетската и споменичка содржина на оваа градба. Во тој контекс, особено се истакнува мозаичниот под (opus tesellatum) во југоисточниот триклиниум (триклиниум I) од постарата фаза, кадешто, освен геометриските, има и антропоморфни и зооморфни орнаменти кои се сметаат за најубави досега откриени мозаици во Стоби. Во самиот перистил имаме ритмично конципирана композиција составена од десетина колони, писцина со парапети чиј амбиент бил звучно облагороден со резонаторите од керамички садови, вградени во нејзиниот северозападен ѕид. Посебно место во палатата заземале приватните терми, кои се посебно интересни поради сé уште добро запазените елементи, кои овозможуваат нејзина реконструкција барем во нејзината најредуцирана форма.

---

[207] М. Велчовски, бр.07 - 1257/3, 2003.

Опишаните делови на архитектонскиот комплекс односно неговите ѕидни партии, се градени од кршен камен во хоризонтален слог, главно во opus incertum, со исклучок на триклиниумот I и термите, коишто се градени во техника на opus mixtum.

Заштитните интервенции и изготвените проекти за конзерваторско-реставраторски работи имаа за цел да ги спречат понатамошните деструктивни појави, да обезбедат зачувување на автентичниот изглед, како и реконструкција на поедини делови на палатата. Сепак, најзначаен изведен конзерватоски зафат е зафатот во централниот дел од палатата, со извршена анастилоза на столбовите поставени врз стилобатните ѕидови на перистилот. Не помалку значајно беше изнаоѓањето решение за измирување на неколкуте урбани фази кај подните површини на циркуларните коридори. Во таа смисла се постави прашањето како и на кој начин тие ќе комуницираат меѓу себе во рамките на финалната презентација. Голем проблем претставуваа и различните висински коти на подовите, како и останатите позиции од централниот дел на палатата. Но сепак, со деталните анализи се дојде до најдоброто решение при што во овој дел конзерваторски беа презентирани сите три фази од урбаниот развој на палатата. Во останатиот дел од објектот се изврши помали но неопходни конзерваторски интервенции поради спречување на понатамошна деструкција.

На крајот, главна констатација е дека истражувањата, како еден битен сегмент во формирањето на одредена градежна-археолошка целина, се неразделен дел од конзерваторските активности, кои всушност ја претставауваат самата суштина на заштитата на една градба, во име на продолжувањето на нејзиниот век.

Во приложените основи се прикажани позициите на конзерваторските кампањи по години, а исто така и графичките прилози на веќе дадените позиции на истражувања и на конзерваторските зафати (Б41 - Б45).

ЧЕТВРТА ГЛАВА

РЕЗИДЕНЦИЈАЛНА ГРАДБА (КОЦКАРНИЦА), СТОБИ

I. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

1. Локација на објектот

Објектот е лоциран покрај североисточниот раб на театарот, на јужниот крај од „Долната главна градска улица“ (Via Principalis Inferior). Југозападно од неа, на 20 м оддалеченост, се наоѓа градбата позната како „Епископска резиденција“, а на приближно исто растојание, но, во спротивен правец (северозапад), е „Теодосијанската палата“. Западно од неа, на околу триесетина метри е објектот наречен „градски зандани“. Градбата е подигната на флувијалната рамница формирана покрај Црна Река.

2. Тек на истражување на објектот

Со истражувањата на овој објект е започнато во 1939/40 год. од страна на „Народен музеј“, Белград (тогашен „Музеј Кнеза Павла“), под раководство на Ѓ. Мано-Зиси. Во тој период бил откриен средишниот дел од градбата. Поради отпочнување на Втората светска војна, истражувањата не продолжиле, а не биле обновени сè до 80-те години од XX - от век. Со реализација на дополнителните ископувања изведени во периодот од 1971 до 1981 год. е откриен поголем дел од некогашниот објект Во 1982 год. екипа на „Народен музеј“ - Велес, под раководство на проф. др. Блага Алексова, извршила контролно ископување од мал обем во просторија која од неа била определена како северен дел на перистилот (В3; В5: бр. 3), во потрага по други остатоци од мозаичен под, но, без некој поголем успех. Тогаш, при продолжување на ископот во северен правец, била пронајдена и откопана големата када којашто припаѓала на интерната бања на објектот (В1; В5: бр. 4).

Во 2001, 2002 и 2003 год., од страна на екипа од РЗЗСК, под раководство на З. Георгиев се вршени истражувања на одделни пунктови на градбата и тоа во функција на планираните идни конзерваторско-реставраторските работи врз објектот.

Археолошко-конзерваторски истражувања во 2001 год.:

- Јужен ѕид на големата апсидална просторија (ослободување на јужна фасада; утврдување на влез, односно број на неоткопани простории кон југ) (Б5: бр. 15; Б30).

Археолошко-конзерваторски истражувања во 2002 год.:

- Октогонална фонтана (утврдување на внатрешна структура, техника на градење, градежни фази, физичка состојба на одделни елементи) (В5: бр. 1; В35; 35а);

- Под на апсидалната просторија (сондажно истражување на структура и физичка носивост на павиментот под некогашниот мозаик (В2: просторија со октогонална фонтана);

- Подни хоризонти и субструкција во просторијата „В“ (В7).

Претходните археолошки истражувања во 2001 и 2002 год., биле фокусирани кон јужната неоткриена зона на објектот како и неговиот централен дел. Ваквиот пристап на работење бил со цел откривање и утврдување на сите пропратни содржини на градбата во тој дел.

Во 2003 год. истражувањата биле насочени кон североисточниот дел на недоистражените површини на градбата:

- Интерна бања (дефинирање на с/и агол, ослободување на надворешните лица и утврдување на физичката состојба на сите кади, со посебен акцент на откопот на внатрешноста на средната када (В5: бр. 4; В22; В25);

- Откопување на северната фасада на источниот крак од тремот (В5: бр. 3; В26);

- Префурниум (откопување и истражување на с/и дел на објектот (В5: бр. 10; В16; В27; В37).

Во 2003 год., како трета фаза, било отпочнато со истражување на недоистражените површини од претходните архелошко-конзерваторски кампањи.

Во 2004 год. е започнала четвртата фаза во која се опфатени три сектори од објектот: централниот (В5: простории бр. 3, 5 и 7), источниот (В5: простории бр. 10, 16 и 17), северниот (неистражена површина каде биле делумно откопани

други простории, означени на В5 со реден бр. 11, 13, 14) како и западниот дел (В5: просторија бр. 12).[208]

За сите истражувања и конзерваторски работи во периодот 2003 - 2006 год., тука користиме податоци од службената извештајна документација. Крајната стручна и научна интерпретација на објектот во целина и на неговите одделни содржини се очекува да бидат презентирани од раководителот на археолошко-конзерваторските истражувања.

Истражувањата кои се реализираа во 2005 и 2006 год., исто така беа во функција на конзерваторско - реставраторските работи.

3. Опис на објектот

Основата на градбата е компонирана базиликално, при што таа зазема позиција со поглед на сите страни (В2; В5). Се состоела од висока сала со широка апсида дополнета со по две пониски простории (али) од двете страни. Влезот на овој објект е од запад, од страна на улицата Via Principalis Inferior. Градбата е организирана околу внатрешниот атриум на чија ј/и страна се наоѓа главната просторија во функција на оекус т.е. триклиниум,[209] којашто на југоисточниот крај завршува апсидално. Пред влезот во триклиниумот бил формиран југоисточен трем преку кој била воспоставена комуникаија со атриумот.

Главниот влез во источниот стилобатен ѕид на атриумот бил решен со централно поставен мермерен столб, надсведен со двојна арка што го делела влезот на два дела (В18). Покрај триклиниумот, кој според претпоставките на постарите истражувачи бил претставен како наос, е откриен и северен трем, исто така погрешно идентификуван како нартекс. Во средишниот дел на оваа просторија се наоѓала осумаголна фонтана. На западната страна од северозападниот трем е зачуван дел од мозаичниот под со претстава на геометриски мотиви. Мозаични претстави од ваков карактер има и во просторот на југоисточниот трем на атриумот во близина на јужниот довратник од влезот на триклиниумот, во апсидалниот дел, околу фонтаната, како и во јужниот и

---

[208] З. Георгиев, бр. 07 - 111/13, 2005.

[209] Оекус (oikos) - главна просторија во грчката куќа која римјаните ја презеле како свечена, раскошна сала - триклиниум (triclinium).

југоисточниот дел на централната просторија бр. 1 (B7 и B5a). Во северниот дел на објектот, се наоѓа комплекс на кади, за коишто порано се сметало дека се писцини. На западната страна од градбата е големата када - базен.

Објектот бил изграден од хоризонтално поставени делкани камења врзани со варов малтер. Поголемиот дел е изѕидан во градежна техника опус инкертум, додека на апсидалната ѕидна површина била применета градежната техника на опус микстум, градена со по три реда тули меѓу слоевите од камен (B4). Овој опус на ѕидарија бил применет и кај термалниот комплекс, како и на столпците од северниот ѕид на триклиниумот (B3, B34 и B43). Во атриумот имаме преградни ѕидови изѕидани во опус спикатум, кај кои среќаваме примена на тула и камен со врзиво од кал во форма на рибина коска, а истиот е карактеристичен како опус на градбите од времето на пост - урбаната етапа од егзистирањето на градот (B29).

Според изгледот на постојната состојба на објектот, како и кај другите градби во Стоби, видливи се негови преградувања во доцната фаза и тоа во форма на помали станбени целини, со употреба на секундарен градежен материјал врзан со кал.

4. Досегашни истражувања

Претходните истражувања и извршените анализи за суштинскиот карактер на градбата, укажуваа дека се работи за објект со јавен карактер, наменет за забава т.е. коцкање, поради што и била наречена „коцкарница“.

Бидејќи градбата не била целосно истражена, во периодот на 80-те години се појавила потреба од доистражување на нови позиции со неоткриени елементи. Предвидените површини за истражувања биле определени врз основа на видот на претпоставените неоткопани архитектонски содржини и нивните можни позиции во просторот. Ваквиот пристап на работење, бил иницран пред с□ од аспект на недоволните средства кои се издвојувале за негово проучување и заштита. Во наредниот период, сукцесивно, биле вршени истражувања на одделни пунктови.

Според извршените анализи од последните истражувања изведени во 2005 и 2006 год. се укажува на веројатноста дека оваа градба имала станбен карактер, со повеќе елементи за одвивање на општествениот и приватниот живот на граѓаните во доцноримскиот период.

Ваквата претпоставка се темели врз новооткриените површини со архитектонски содржини, кои допринеле за утврдување на карактерот на градбата, дефинирана како резиденционален објект. Во прилог на овие претпоставки одат и анализите на Ж. Винчиќ и Ј. Станковски, во кои претпоставените „маси за коцкање" се всушност определени како „оградени маси" (маси во облик на „оградена сигма"). Се работи за мошне распространет тип на доцноантички маси за трпезарија, прилагодени за полукружниот стибадиум (stibadium), кои уште од крајот на Републиканскиот период почнуваат да го заменуваат триклиниумот.[210] Сепак, и покрај најновите анализи дадени од раководителот на археолошко - конзерваторските истражувања З. Георгиев, потребно е да се остави простор за натамошни интерпретации на овој објект. Причина за тоа се сè уште недоистражените и не до крај дефинирани површини, кои по нивното целосно откривање би можеле да ги изменат сознанијата за карактерот на оваа градба.

II. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ОБЈЕКТОТ

1. Триклиниум (оекус)

Во централниот дел на градбата се наоѓа голема просторија – триклиниум т.е. оекус, со речиси квадратна основа од 11.5 х 10.5 м, и со 3.5 м длабок апсидален простор на јужната страна (В5: бр. 1). Неговиот централен влез е на западната страна и е во директна комуникација со југоисточниот трем на откопаниот атриумов двор. Во близината на нејзиниот југозападен агол се наоѓа влез кој води кон јужниот дел на објектот, што сè уште не е целосно откриен (В5: бр. 15).

На средината од триклиниумот стоела осумаголна украсна фонтана обложена со мермерни плочи и со преливно каналче околу неа, обложено со тула (В35).[211]

Подот во триклиниумот бил покриен со мозаик, изведен од крупни тесели (техника на opus barbaricum), со претстава на едноставни геометриски мотиви,

[210] Ж. Винчиќ - Ј. Станковски, 2005, 45 - 52.
[211] И. Микулчиќ, 2003, 164 - 165; З. Георгиев, 2006, бр. 07. 111/13.

што упатува на доцниот III век (B5a; B8).[212] Мозаичен под, овој пат изработен во техника на opus tessalatum, е констатиран во сондата поставена по должината на јужниот перимеtрален ѕид на триклиниумот (димензии 7.5 х 1.3 м и кота 139.84) (B8a).[213]

2. Атриум

Со реализација на археолошките истражувања во 2004 год., на просторот од атриумот, била оставена како неистражена една третина од неговата зафатнина. Станува збор за неоткопана правоаголна површина во западниот аголен дел од просторната рамка на атриумот, во обем од 108 м^2 (B9).

Археолошките и архитектонските содржини на тој простор биле позиционирани во две основни стратиграфски наслојувања (констатирани и во 2004 год.), со заедничка дебелина од 1.2 до 3.5 м.[214] Горната наслојка, искосена од запад кон исток и со константна дебелина од еден метар, всушност преставува рецентен нанос од земја. Наслојката под рецентниот нанос се формирала со сукцесивно уривање на ѕидовите од објектот, во правец од запад кон исток. Урнатиот градежен материјал ги исполнил сите простории, до горните коти на преостанатите долни партии од ѕидовите, прекривајќи ги архитектонските елементи што паднале првично, а кои, при истражувањето се пронајдени in situ.

Со архелошкото истражување и отстранувањето на двете наслојки се откриени: западната половина од јужниот трем на перистилот, западната половина од јужниот стилобатен ѕид на атриумот и помал дел од непокриениот двор и базенот на атриумот.

Со откопување на западната половина од јужниот стилобат на атриумот, во должина од 9 м., е констатирано неколкукратно пресидување и поправки, така што во последната употребна фаза на објектот бил оставен слободен само најзападниот премин кон дворот, кој „гледа“ во базенот на атриумот (B10 a). Доцните ѕидарски интервенции биле изведени со камен и парчиња од градежна

[212] И. Микулчиќ, 2003, 164 - 165.
[213] З. Георгиев, 2006, бр. 07 - 111/13.
[214] З. Георгиев, 2006, бр. 07 - 111/13.

керамика, со примена на кал како врзивно средство (имитација на опус спикатум), карактеристично за постурбаниот период.

Во западниот дел од просторот на непокриениот двор е утврдено дека камениот плочник од последната употребна фаза лежи врз остатоци од постар плочник, граден на ист начин и со ист материјал, но за 0.17 - 0.20 м подолу, односно во рамниште на протечните канали околу стилобатните ѕидови.

Базенот на западниот крај од атриумот е оформен помеѓу стилобатните ѕидови, односно има должина еднаква на широчината од непокриениот двор. (B10; B10a). На источниот парапетен ѕид од базенот, видливи се подоцнежни градежни интервенции, кои секундарно се извршени со примена на обични камени плочи од надворешната страна во делот на негова оплата.[215] Од внатрешната страна, базенот е премачкан со хидроизолациски материјал, кој е составен од варов малтер и средно зрнеста толчена тула. На западната страна се наоѓа западниот периметрален ѕид на перистилот, а во централниот дел, во дното на базенот, има кружен отвор, кој можеби служел како резонатор.[216] Дното на базенот е послано со редени камени плочи, кои не се со исти димензии (B10 а).

3. Просторија бр. 3

По подигањето на оштетениот автентичен под од мермерни плочи со површина од 17.5 м^2 и систематското одложување на плочите во слободниот простор, во источната половина на просторијата е отворена археолошка сонда со димензии 4.5 х 2.1 м, ориентирана во правец север - југ. Истражувано е до длабочина од 1 м под подната нивелета при што било утврдено следново:

Мермерните подни плочи лежеле врз хидроизолациски слој од хоросан, со дебелина 4 - 6 см, поставени врз внимателно редени и нивелирани помали плочки од делкан камен. Под оваа структура, до дното на сондата, се протегала еднобојна полнетица од земја, во која биле пронајдени фрагменти од раноримски и доцноримски керамички садови, измешани на различни длабочини и без хронолошко-стратиграфски ред (B11), како и 30 бронзени монети - ситни вредности од IV век.

---

[215] З. Георгиев, бр. 07 - 111/3, 2006.

[216] М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003; D. Rendić-Miočević, 1981, 73-85.

Банкините за седење покрај источниот, западниот и јужниот sид, биле фундирани директно врз полнетицата (подните плочи и хидроизолацискиот малтерен слој не навлегувале под банкините).

Јужната банкина всушност била прилагоден остаток од постар sид, наследен од претходна градба, чиј темелен дел продолжувал под линијата на дното од археолошката сонда.[217] Граден бил од кршен камен и варов малтер, а во горниот дел (подоцнежна банкина) фугиран со хоросан.[218] Покрај него, под нивото на подот, се најдени крупни фрагменти од керамички тубуси со странични кружни отвори, односно суспензури за хипокаустен потпорен систем. Тие говорат дека во постарата фаза на објектот оваа просторија имала подно затоплување, кое што подоцна било напуштено, а просторот е затрупан со археолошки контаминирана земја, донесена отстрана.[219]

По должината на западниот профил од сондата, под плочникот и хидроизолацискиот слој хоросан, бил откриен уште еден постар sид, нормален на наследениот јужен sид и граден во ист опус, кој бил негиран со поставувањето на подот од мермерни плочи од последната употребна фаза на објектот (B12).

4. Просторија бр. 5

Во оваа просторија (западен трем на интерната бања, со димензии 3.5 x 1.1 м), биле констатирани остатоци од два пода, од кои долниот бил постар и е оформен од големи, грубо изделкани блокови мермер со правоаголна форма (секундарно употребен постар материјал), а горниот – помлад под бил изведен со парчиња од тенки камени плочи. Подот од втората градежна фаза бил од камени плочи од среден и мал формат, со дебелина 3,5 - 4,5 см. Плочите биле поставени врз горен слој од ситен песок и долен слој од чакал (насипан до ниво кое воедно обезбедувало физичка заштита на античките водоводни цевки, оставени in situ позиција).[220]

---

[217] З. Георгиев, 2004, бр. 07 - 166/97.
[218] З. Георгиев, 2008, 155.
[219] З. Георгиев, 2008, 155.
[220] З. Георгиев, бр. 07 - 82/24, 2003.

Помеѓу двата пода откриени биле две инсталации од оловни водоводни цевки, поставени во иста рамнина, но со различни насоки (B13). Едната се протега дијагонално, од с/з кон ј/и агол на просторијата и води кон источниот трем на интерната бања (просторија бр. 7). Другата, е со правец кон јужниот влез на просторијата и, под прагот, продолжува кон источниот трем на атриумот (B5: просторија бр. 11). Цевките се доближувале меѓусебно кај ј/з надворешен агол од големата када на бањата, каде вертикално се издигнувале од надворешната страна.[221] Просторот меѓу двата пода бил исполнет со земја.

5. Просторија бр. 7

Во источниот крак на тремот од бањата, со површина 5.0 х 1.1 м, каде подниот опус од последната фаза не бил зачуван, отстранет е слој од земја со дебелина 5 до 7 см. Под него е пронајден слој од парчиња искршени керамиди, кои биле внимателно редени едни до други по целата површина. По нивното кревање, бил откриен добро сочуван мозаичен под од постарата употребна фаза на објектот (B14). Во мозаикот од просторија бр. 7 се претставени едноставни геометриски мотиви што упатуваат на време постаро од доцниот III век (B6). Од ликовен поглед, овој мозаичен тепих претставува фриз од седум квадратни полиња, исполнети со крупни геометриски форми (кругови, ромбови, „ингот“ и правоаголници). Неколку оштетувања од помал обем биле присутни во средишниот дел на тепихот и на северната маргина. Последното – западно поле од фризот било пресечено на половина[222] (недостасувал делот во правец кон просторија бр. 4) (B5: бр. 4).

Врз јужната мозаична бордура, по целата должина на тремот, се протегал дебел слој од хоросан, со кој била покриена, односно заштитена, оловна водоводна цевка (продолжеток од цевката со дијагонална диспозиција во просторија бр. 5 (B5: бр. 5). Цевката била извадена пред поставувањето на подот од последната фаза на објектот, така што од неа останал само негатив отиснат во малтерот. Во оваа просторија со мозаичен под е констатирана употреба на тониран малтер кој имитирал хоросан.

---

[221] З. Георгиев, 2006 - 2007, 155.
[222] З. Георгиев, 2006 - 2007, 156.

6. Просторија бр. 8

При истражувањето на оваа просторија, со површина од 14 $м^2$ бил подигнат преостанатиот дел покривни керамиди, кои биле паднати врз земјениот под од последната употребна фаза (В5: бр. 8; В15) која според две бакарни монети констатирани врз подот е датирана во VI век. Во источната половина на просторијата е отворена археолошка сонда, до длабочина 0.80 м под подното ниво, со која било утврдено отсуство на друга подна нивелета. Паралелно со јужниот ѕид на просторијата и близу до него, на длабочина 0.40 м под подот, е откриен истечен канал граден од тули, кој започнувал кај импровизираниот нужник (латрина) до просторијата бр. 2 и, минувајќи под прагот на источниот влез во просторијата бр. 8 (В5 бр. 8; В15а), продолжувал понатаму кон исток.[223] Со поставување на сонда во источната половина на просторијата, е констатирано дека подот бил составен од слоеви на квасена и набиена земја, кои биле поставувани како тампон до нивото на автентичниот земјен под.

7. Просторија бр. 10

Оваа просторијата е со функција на префурниум на бањата. Во 2003 год. било констатирано постоење на остатоци од подот на последната употребна фаза, кој бил формиран од помали камени плочи и парчиња тули, во слог без определен ред (В16). Со извршената археолошка контрола во 2004 год. истото било потврдено. Дополнителното сондирање во длабочина 0.30 м. под тој под (во северо-источниот агол), било утврдено постоење на дебел слој од наталожена и набиена пепел, врз постар земјен под.[224]

Врз основа на овие истражувања во просторијата се констатирани две подни нивоа од различен временски период. Со оглед на тоа што постариот земјен под во оваа просторија немал архитектонска, естетска и презентациска вредност, при истражувањата и презентацијата акцентот бил ставен на подот од втората фаза. Следејќи го опусот на пронајдениот автентичен остаток, констатирано е дека просторијата била поплочена со измешан слог од помали камени плочи и парчиња од антички тули (В16а).

---

[223] З. Георгиев, 2006 - 2007, 156.

[224] З. Георгиев, бр. 07 - 111/13 од 2005, бр.07 - 124/1 од 2006.

8. Простории бр. 11 и 12

На новоотвореният западен сектор, е констатиран голем атриум со квадратна основа, и димензии 18.5 х 19.0 м, кој се состои од северен, источен и јужен покриен трем, (B5: бр. 11) и откриен централен простор (B5 бр:12).

Откриениот централен простор на атриумот, од три страни бил одвоен од тремовите со стилобатни ѕидови, кај кои биле видливи конструктивни елементи од три хронолошки различни градежни фази. Главниот влез пробиен во источниот стилобатен ѕид бил дводелен, решен со мермерен столб во средината (долниот дел од столбот бил најден паднат in situ западно од прагот, додека неговата база била дислоцирана кон северо-источниот агол) (B18). Покрај трите стилобатни ѕидови, по ивиците на централниот простор, се протегале поплочени отворени канали за прифаќање на атмосферска вода. Од последната употребна фаза делумно бил сочуван под од поголеми правоаголни камени плочи. На западната страна, откриениот централен простор завршувал со правоаголен базен, поставен помеѓу северниот и јужниот стилобат, одвнатре широк 2.60 м.

Изразената искосеност на теренот од југо-западната кон северо-источната страна, имала големо влијание врз начинот во реализацијата на истражувачките ископувања кај тремовите, со што истите требале да бидат откопувани до длабочини од 1.10 до 2.05 м., односно до нивото непосредно над нивелетите на претпоставените мозаични подови. Со поставувањето на посебна пробна сонда на мала површина во јужниот трем констатиран е остаток од мозаичен под, врз кој непосредно бил нанесен земјен под, најверојатно користен од последната фаза на објектот.

Западниот крај на северниот трем завршувал со скалила по целата негова широчина во износ од 3.30 м (B17).

9. Источен трем на атриумот

Се наоѓа западно од големата централна просторија бр.1, со должина од 15.5 м, и широчина од 3.2 м. Подот му бил послан со мозаик во техника на opus tessalatum, датиран во текот на IV век, од кој е сочуван фрагмент во северниот дел (B6a). Неговиот западен ѕид е воедно и источен ѕид на атриумовиот двор.

Откопан е во последната фаза на археолошките истражувања, со видливи две градежни фази од протогениот период.

10. Западна половина од јужниот трем на перистилот

Овој елемент бил откопан во должина од 9 м. Констатирано е дека тремот комуницира со две простории, кои припаѓаат на јужниот и југозападниот тракт на објектот (B5: простории 21, 22 и 23) каде што истиот, со потесната страна, бил отворен кон западниот коридор, кој стратиграфски е на 1.85 м (повисоко ниво од него). Со една сонда (7.5 х 1.3 м) покрај јужниот периметртален sид, на кота 139.84, е откриен мозаичен под (opus tessalatum). По надолжна оска на коридорот, како и пред влезовите во јужните простории, мозаичниот тепих бил со значително оштетување, односно со петна кои недостасувале.[225] Врз мозаикот е констатиран земјен под. Во централниот дел од тремот, во непосредна близина на стилобатниот sид, е откриена секундарно поставена римска ара. Исто така секундарно, западниот крај од тремот бил одвоен со преграден sид од камен и кал, чија должина зазема половина од широчината на тремот. Подот во сепарираниот западен простор изразито стрмо се искачува од влезниот премин кон запад, во вид на земјина рампа (денивелација од 1 м) во кој, покрај стилобатниот sид, е поставено мермерно корито и камена клупа покрај јужниот периметрален sид.

Со последните истражувања биле опфатени неоткопаните површини западно од големата централна просторија – триклиниум и источно од интерната бања на објектот.

11. Западен трем на атриумот

Во рамките на овие истражувања, од западниот трем на атриумот е откриен јужниот крај, во должина од 7 м. Тремот има номинална ориентација со правец југ - север, а неговата диспозиција овозможува комуникациска поврзаност со просториите бр. 21, 22 и 23 (B5). Кон исток е широко отворен и поврзан со јужниот трем на атриумот (B5: просторија бр. 11), кој на јужната потесна страна има влез што води во просторија бр. 19 и во јужното (неоткопувано) крило на

[225] З. Георгиев, 2006, бр. 07 - 111/13.

објектот, директно комуницирајќи со просторија бр. 20, а преку влезна партија оваа просторија на западната страна е поврзана со просторија бр. 22.

12. Просторија бр. 13.

Откриена е северно од северниот трем на атриумот, односно западно од примарната латрина на објектот (B5: просторија бр. 6, откопувана 1982 год.), има димензии 4,81/470 x 3,15 м и влез од северниот трем на перистилот. Истражена е од зачуваната највисока кота на ѕидови 140.60 до ниво на земјениот под на кота 140.08. Дополнително, покрај источниот ѕид на просторијата, била отворена контролна сонда со димензии 2.10 x 1.15 м, со длабочина 0.45 м, под нивелетата на земјениот под. Подоцна, северниот дел на сондата, со површина од 0.50 x 0.60 м (во источниот агол на просторијата) бил продлабочен за уште 0.30 м при што е констатирано дека и на оваа длабочина нема подлога од постар цврст под.[226] Ѕидовите градени од кршен камен и варов малтер во фаза на истражувачките работи, биле во многу лоша физичка состојба, освен западниот довратник од влезот, чиј опус од шест редови тули бил добро зачуван.

- Јужен ѕид и довратници на простории бр. 13 и бр. 14

Заедничкиот јужен ѕид на просториите бр. 13 и бр. 14 (во форма на буквата „Т“) (B5: просторија бр. 13 и бр. 14; B19) ги дели овие простории, чиј источен крај претставува довратник од првата, а западниот крај формира довратник за другата просторија. При реализација на археолошките интервенции, истиот се наоѓал во добра состојба и бил сочуван во височина на ѕидните партии до самата површина на теренот.

13. Просторија бр. 14

Просторијата е диспонирана западно од претходната (просторија бр. 13). Има основа со димензии 5.30 x 4.75 м и влез од јужната страна со широчина 3.53 м. Целосно биле откопани само јужните фасади од јужниот ѕид, односно довратниците од влезот (кон тремот на атриумот), додека од ѕидовите на исток и на север биле откопани само на длабочина непосредно под нивото на сочуваните

[226] З. Георгиев, бр. 07 - 111/13, 2005.

ѕидни круни кои ја оцртувале просторијата. Внатрешноста била откопана до длабочина 0.20 - 0.40 м под линијата на ѕидните круни, на кое ниво имало појава на хоризонт со делови од фреско-малтер (врз подлога од кал), кои отпаднале од ѕидовите (В20).[227]

14. Просторија бр. 16

Просторијата е лоцирана јужно од просторија бр. 8 и источно од просторијата бр. 2. Истата била со неправилна квадратна основа, со димензии 6.30 х 6.18 м и со внатрешна поделеност на два дела. Со реализација на археолошката контрола откриени биле внатрешните лица на источниот и на јужниот ѕид во кој се наоѓал трет влез (покрај оние од север и од запад). На целата внатрешна површина било извршено ископување во длабочина 0.40 м, на кое ниво е констатиран интензивен слој од пожар. Содржината на овој слој била археолошки проверена на мал простор, само во западниот дел на просторијата, близу до влезот во просторијата бр. 2. Пронајдени се бројни сегменти од интарзиран дрвен предмет кој изгорел (разнобојни видови камен, горски кристал со траги од позлатување), две капачиња од лошо сребро и две бакарни монети од VI век.[228] При откопувањето на горниот хоризонт од западниот дел на просторијата се исто така пронајдени распрснати многубројни парчиња од интарзиран дрвен предмет кој целосно изгорел во пожар (В21).

Целта на истражувањата во 2005 год. била да се пронајдат сите несогорливи остатоци од интарзијата и нејзини поголеми и неизместени фрагменти кои би овозможиле нејзина реконструкција. Следејќи го археолошкиот слој на силно опожарување, кој се протегал по целата просторија, утврдено било дека во моментот на пожарот просторијата (која се состои од два дела) имала подови на различни нивои, обата земјени, и тоа западниот на кота 138.85, а источниот на кота 138.56.[229] Во средиштето на источниот дел постоела широка јама, која била исполнета со испревртено паднати тули, ѕиден и таванѕки малтер

[227] З. Георгиев, бр. 07 - 111/13 од 2006.
[228] З. Георгиев, бр. 07 - 82/24 и 0/7 - 97/2 од 2003 и 2004.
[229] З. Георгиев, 2006 - 2007, 156.

од црвеница, меѓу кои до најниската кота (137.91) биле следени распрснати делови од интарзирана дрвена штица која целосно изгорела во пожар.

15. Просторија бр. 17 (калдариум и судаториум)

Северно од просториите бр. 7 и 8, односно западно од просторијата бр. 10, извршено било отстранување на земјана наслојка која го надвишувала хоризонтот на претходно третираните делови од објектот. При тоа, е откриена дополнителна архитектонска содржина (B5: просторија бр. 17 и бр. 17 а), која според контурите на ѕидови во просторот западно од префурниумот на интерната бања (B5: просторија бр. 10), е идентификувана како калдариум, додека просторијата под реден бр. 17 како судаториум. По функција, источната просторија (B5: просторија бр. 17), до префурниумот претставува мал калдариум со квадратна основа (2.40 х 2.30 м), фланкиран со полукружна када која се наоѓа на северната страна на градбата, и правоаголна која е на јужната страна. Овој простор е решен со две полукружни кади на северната страна и една правоаголна када на јужната страна. Дел од просторијата била архитектонски негирана, односно преуредена во последната употребна фаза на објектот (B5: просторија бр. 17а).[230]

Со натамошните истражувања се покажа дека станува збор за две наменски и меѓусебно поврзани простории. Кадите одвнатре имале по една банкина, а оплатени биле со плочи од бел мермер и сивозелен шкрилец, во меѓусебна алтернација (B32). Западната просторија, со функција на судаториум, имала правоаголна основа која завршува со полукружен ѕид на северната страна, а со вкупна внатрешна должина од 5.00 м. Просториите се поврзани со тесен влез, чии што секундарно поставени довратници биле од цепени камени плочи. На ист начин бил оформен и влезот во судаториумот од западната страна. Хипокаусното дно на обете простории било послано со тули, на исто рамниште, со тоа што дното на калдариумот имало средишен појас, по оска исток - запад, повисок за еден ред тули.[231] Подот од големи и дебели квадратни тули (најдени пропаднати во хипокаустниот меѓупростор) лежел еден метар над дното. Се потпирал врз

[230] З. Георгиев, бр. 07 - 82/24, 2003.
[231] З. Георгиев, бр. 07 - 97/2, 2004

sидани суспензури од тули и керамички тубуси.[232] Редовите на суспензурите биле главно запазени, но видливи се изместувањата при повеќекратните поправки во текот на користењето на бањата. Од суспензурите стојат само основите или долните редови тули, многу ронливи, во фаза на распаѓање.

16. Просторија бр. 18

Оваа просторија, со димензии 4,50 х 4,30 м, била позиционирана во северо-западниот агол од рамката на истражуваната површина. Долж нејзината западна страна, на ниво на теренот, денес се протега туристичка патека што води од Via principalis inferior до античкиот театар, а со која се вкрстува времен технички пат за механизирани работни средства, минувајќи преку северо-западниопт агол на просторијата (B5: бр. 18). Поради овие причини стручниот тим од РЗЗСК - Скопје, имал потреба просторијата да ја истражи во поголем дел, но без нејзиниот с/з агол, за да не се пресече техничкиот пат кој бил неопходен за процесот на работа на околните објекти. При ископувањата биле откриени круните и внатрешните лица на источниот, јужниот, дел од западниот и дел од северниот sид, а констатирано било и постоење на две подни нивелети, обете формирани од дијагонално редени тули (B29a). Секундарниот под бил затекнат во многу лоша состојба, со денивелирани и пореметени редови на тули, додека примарниот (на кота 139.95), бил многу добро сочуван, граден од правоаголни тули во дијагонални редови.[233]

17. Базен

Базенот на западниот крај од перистилот е оформен помеѓу стилобатните sидови, односно има должина еднаква на широчината од непокриениот двор (B5).

Неговата должината изнесува 11.3 м, а ширината 9.13 м, додека длабочината се движи од 1.45 до 1.59 м. Sидовите на рамката од базенот се градени од локален камен и варов малтер, а на внатрешните лица се премачкани со релативно тенок слој хидроизолациски малтер, изведен во два наноса. Парапетниот (источен) sид, кој е разрушен до ниво на плочникот од

[232] З. Георгиев., 2006 - 2007, 156

[233] З. Георгиев, бр. 07 - 111/13, 2006.

непокриениот двор и делумно под таа линија, секундарно бил однадвор оплатен со обични камени плочи (B10). По должината на неговото внатрешно лице, на просечно 0.40 м над дното на базенот, се протега тесна банкина, во која има една централна и две странични слепи ниши со полукружна форма. На западната страна, а во состав на базенот, над неговата рамка се протега широк канал за каскадно-преливна вода. Над каналот се издига периметралниот западен ѕид на перистилот, до кота 141.30, во кој се зачувани долните партии од пет полукружно вдлабнати ниши. Дното на базенот е со редени камени плочи и во целост е сочувано.[234]

Неговата вкупна должина изнесува околу 11 м, и е откопан е во целост, со тоа што во длабочина откопот е 1.20 м., под нивото на подните плочи на атриумот, односно до длабочина од 2.20 м под површината на теренот, при што дното на базенот било досегнато (B10a).[235]

Во внатрешноста на базенот, при истражувањето биле пронајдени делови од архитектонска декоративна пластика (профилирани архитравни блокови и релјефни плочи со претстава на грифон со должина од 1 м и височина од 0.70 м. (B23), како и фрагменти од фреско - живопис кои отпаднале од ѕидот над базенот.

18. Северна страна на западниот дел од објектот

На северната страна од истражуваниот западен дел на објектот, односно непосредно северно од перистилот, откопана е внатрешноста на четири простории, чие постоење било археолошки утврдено со истражувањето од 2004 и 2005 год., и тоа: во низата од четири простории што се диспонирани северно од перистилот (B5: простории бр. 6, 13, 14 и 18). Просторија бр. 6 има најисточна позиција (B5: бр. 6). Таа имала функција на латрина, прилепена зад грбот на кадата бр. 1 од бањата на објектот (B24) и е со најмали димензии (3,25/470 x 1.54 м). Долж источната страна од основата се протега длабок одводен канал од писоарот, со сочуван канцел од парапетната преграда која недостасува. При истражувањето било пронајдено подно ниво на кота 139.69, изведено од поголеми и средно големи плочи од цепен камен, сочувани во јужната половина од

[234] З. Георгиев, бр. 07 - 111/13, 2006.
[235] З. Георгиев, бр. 07 - 111/13, 2006.

просторијата и во малото антре на јужната страна. На северниот потесен крај од просторијата била затекната една половина од каменен блок (сиво-зелен песочник), некогаш со широк кружен отвор во средината чија функција, наспроти постојните слободни интерпретации, засега не може со сигурност да се утврди. Ѕидовите на просторијата се градени од камен и варов малтер, во хоризонтален слог во техника на opus incertum. Сочувани се до коти 140.41 (западниот) и 139.38 (северниот), но, во фаза на физичко распаѓање поради некогашната специфична функција на просторот.

Во текот на втората половина од 2006 год., археолошките истражувања беа насочени во југозападниот дел на објектот. Во овој простор е откриен растер на ѕидови, кои го индицираат архитектонскиот план на јужната половина од крајниот западен дел на објектот, од неговата хронолошки последна употребна фаза. Планот го сочинуваат три простории во една низа, со номинален правец север-југ, означени во истражувачката документација со редни броеви 21, 22 и 23, а кои кон исток комуникациски се поврзуваат со западниот (четврти) трем од атриумот на градбата.

19. Просторија бр. 21

Просторијата бр. 21 го зазема средишното место во западното крило на објектот, каде е истражувана југозападната четвртина (површина 4.90 х 3.60 м), до ниво на делови од архитектонска пластика, кои биле откопани претходната истражувачка година (В5: бр. 21). Конструкција на под во оваа просторија не е откриена. Западниот периметрален ѕид на објектот, кој воедно е и западен ѕид на просторијата, во долната зона е граден од кршен камен со варов малтер, а во горната партија ѕидаријата е изведена со врзувачки малтер од кал.[236] Јужниот ѕид на просторијата целосно е граден со камен и кал, во дебелина од 0.55 - 0.65 м и има релативно нерамни линии на обете лица. Истражувањето на југоисточната четвртина на просторијата било оневозможено да се реализира во целост, поради околноста што во тој дел, на површината од теренот, лежи голем мермерен блок од античкиот театар, кој бил дислоциран и довлечен до сегашната позиција уште

[236] З. Георгиев, бр. 07 - 124/1 2007.

во античко време, а археолошки бил констатиран уште со првите истражувања од 1924 година.

20. Просторија бр. 22

Просторијата бр. 22 се наоѓа јужно од претходната, а има димензии 7.35 x 3.70 - 3.75 м. Нејзиниот јужен ѕид е квалитетно граден, во градежна техника на камен со варов малтер, за разлика од останатите во овој дел, кои до длабочината на откопување се ѕидани со камен и кал (B5: бр. 22). На источната потесна страна од просторијата е откриен влез, кој директно комуницира со западниот трем на атриумот.[237]

21. Просторија бр. 23

Од површината на јужната просторија бр. 23 е отстранет најгорниот слој земја, а истражувањето било насочено кон нејзиниот источен крај, каде е откриена комуникациска врска со источното (неоткопувано) крило на просторијата со јужниот трем на атриумот, но, попречено со „слепа арка" од тули, чијашто функција засега останува нејасна (B5: бр. 23).[238]

III. ГРАДЕЖНИ ФАЗИ НА ОБЈЕКТОТ

Досегашните истражувања расветлија некои позиции на градбата во архитектонско - конструктивна смисла, и покрај фактот што истите не се во целост реализирани. Иако е видливо присуство на неколку фази на градење, со сигурност може да се издвојат две главни градежни фази и неколку подфази од протогениот период. Последна фаза од неговото функционирање е фазата од постурбаниот период, која укажува на третирањето на градбата аналогно како и кај останатите објекти во Стоби. Во таа смисла се потврдува констатацијата дека објектот има богат хронолошки развој низ историјата, како од аспект на архитектурата, така и од аспект на културните хоризонти.

---

[237] З. Георгиев, бр. 07 - 124/1 2007.
[238] З. Георгиев, бр. 07 - 124/1 2007.

Како доказ на сево ова е постоењето на повеќе градежни фази и дозидувања во самиот објект, гледано низ призма на подолу претставените позиции:

1. Градежна фаза I

- Апсидална сала

На I-та градежна фаза припаѓаат делови од ѕидните површини на апсидалната сала (триклиниумот). Кај нејзиниот северен ѕид се констатирани две градежни фази од протогената фаза, од кои првата ја сочинувале пет излези кон север, меѓусебно разделени со ѕидани столпци (B28; B43).

Од првата градежна фаза е мозаикот со вкупна површина од 18 $м^2$, од кои се сочувани само бордурите покрај ѕидовите (B5; B5a). Од оваа градежна фаза е и октогоналната фонтана во централниот дел на просторијата, оформена истовремено со двобојната оплата изведена од мермерни плочи (B45). Централниот дел на објектот е изграден нешто подоцна за разлика од бањскиот комплекс со северните простории. Ваквата констатација се темели врз основа на подниот мозаик во северниот дел, кој е граден во техника на опус барбарикум, датиран во доцниот III век, а за разлика од него, подниот мозаик во централниот дел, заедно со тремовите од атриумот, е граден во техника на опус тесалатум, датиран од крајот на IV и почетокот на V век.

- Интерна бања

Лоцирана е северно од просториите „Б“ и „В“ (B5: просторија бр. 4), со правоаголна основа на подот, и димензии 5 х 6 м. Подот од протогената фаза бил послан со мозаик, а во втората фаза е изведен од големи и дебели мермерни плочи. Наоколу се распоредени три ѕидани и со мермер оплатени кади, кои излегуваат од рамката на подот и тоа: голема када (3.20 х 2.40 м) на западната страна, која според димензиите е и најголема (B44; B44a); средна када (1.70 х 1.70 м) на севрната страна и мала када (1.40 х 1.90 м) на источната страна. Сите се градени во периодот на првата градежна фаза (B25). Со најновите археолошки истражувања не се констатирани дополнителни градежни интервенции во овој дел.

- Просторија „Б“

Се наоѓа с/з од триклиниумот, има димензии 4.50 х 5.50 м и е послана со мермерни плочи (В5: бр. 3). Во северниот ѕид има широк троделен влез со две колони чии мермерни бази се зачувани in situ. Влезот води кон просторот на интерната бања (В26). Според извршените анализи, оваа просторија целосно припаѓа на првата градежна фаза на објектот.

- Трем на бањата

Со најновите истражувања, целосно е позиционирана линијата на опфат на оваа просторија со ширина 1.10 м, должина 4.50 м., кон запад и 5.00 м., кон исток (В5: бр. 5; В36). Иако подот од I фаза во голем дел недостасува, се чини дека бил од камени плочи, врз основа на неколкуте пронајдени камени плочи во in situ состојба. Според извршените анализи е заклучено дека и овој простор припаѓа на првата градежна фаза.

- Префурниум

Претставува просторија со ложница, која се наоѓа на с/и страна (источно од малата када на бањата) (В5: бр. 10). Од него биле откриени контурите и отворот за ложење надсведен со арка од тули (В27). При тоа, биле откопани ѕидовите кои припаѓаат на хипокаусниот систем за затоплување на бањата, поточно на просторија со отворот за ложење, како и еден преграден сувоѕид со „опус спикатум“ од задниот двор, што припаѓа на доцната употребна фаза на објектот. Со сигурност може да се каже дека префурниумот со сите свои карактеристики припаѓа на првата т.е. протогената фаза на објектот.

- Просторија бр. 17 (калдариум и судаториум)

Во оваа просторија е откриена дополнителна архитектонска содржина, која според намената може да се определи како мал калдариум со две полукружни кади кои, според техниката на градење, припаѓаат на првата градежна фаза (В5: бр. 17; В32). Во последната употребна фаза на објектот дел од просторијата била

архитектонски негирана односно преуредена.[239] Подот од ова фаза бил со големи и дебели квадратни тули, а се потпирал врз ѕидани суспензури од тули и керамички тубуси.

- Простории бр. 11 и 12

Централниот простор на атриумот е од првата градежна фаза (B5: бр. 11, 12). Истиот од три страни бил одвоен од тремовите со стилобатни ѕидови кои, според конструктивните елементи, исто така припаѓаат на првата градежна фаза. Ваквата констатација се темели врз опусот на ѕидаријата, но, истовремено и на подните нивелети, кои се битен детаљ во детектирањето на временскиот карактер на еден објект.

2. Градежна фаза II

- Централна просторија (триклиниум)

Втората градежна фаза во централната просторија фаза (B5: бр. 1) е застапена преку зазидувањето на влезовите, освен на еден во с/и агол на просторијата. Во оваа фаза не се менува основата и функцијата на централната просторија, и покрај тоа што имаме зазидување на дел од влезните партии во јужниот дел. Оваа градежна фаза се датира во периодот од крајот на IV и почетокот на V век. Поврзана е со подниот мозаик работен во градежна техника на опус тесалатум, која е применета и кај останатите простории на објектот од оваа градежна фаза.

- Западен простор на атриумот

Во западниот дел од просторот на непокриениот двор е утврдено дека камениот плочник од последната употребна фаза лежи врз остатоци од постар плочник, граден на ист начин и со ист материјал. Се наоѓа за 0.17 - 0.20 м пониско од него, односно во рамниште на проточните канали околу стилобатните

[239] З. Георгиев, бр. 07 - 82/24, 2003.

ѕидови.[240] Оваа состојба е потврдена со последните археолошки истражувања изведени на овој простор.

- Просторија „В“

Се наоѓа с/з од триклиниумот (В5: бр. 2), има димензии 4.50 х 5.50 м, банкина за седење по должината на јужниот ѕид и две фази на поплочување на подот. Во средината на западниот ѕид постои секундарно зазидана влезна партија, а во источниот ѕид е секундарно отворен излез, покрај кој, од надворешната страна, се наоѓа импровизирана латрина од последната употребна фаза на објектот (В28).

- Простории бр. 11 и 12

Главниот влез што е пробиен во источниот стилобатен ѕид бил дводелен, решен со мермерен столб во средината (В5: бр. 11, 12). Оваа интервенција е од втората градежна фаза, но функционално се врзува за првата. Од оваа фаза се и поплочените отворени канали за прифаќање на атмосферска вода. Од последната употребна протогена фаза делумно бил сочуван под од поголеми правоаголни камени плочи.

3. Градежна фаза III

Во третата градежна фаза можат да се сместат позициите на интервенции врз ѕидните платна, во кои е секундарно употребен постоечкиот материјал од објектот, а исто така, како градежен материјал е користен и делкан камен во комбинација со кал, како врзивно средство. Во оваа фаза од постурбаниот период, која се датира од крајот на V и во текот на VI век, применета е градежната техника на опус спикатум, како и кај останатите објекти од Стоби (В5; В29).

- Северозападен трем

Врз подот од мозаик во северозападниот трем на атриумот (В5: бр. 11), констатиран е нов под од набиена земја, кој е од подоцнежен временски период. Во неговиот централен дел, во непосредна близина на стилобатниот ѕид, откриена

[240] З. Георгиев, бр. 07 - 111/13, 2006.

е секундарно поставена раноримска ара. Исто така секундарно, западниот крај од тремот бил одвоен со преграден ѕид од камен и кал, чија должина зазема половина од широчината на тремот (B17). Подот на сепарираниот западен простор мошне стрмно се искачува од влезниот премин кон запад во вид на земјена рампа со денивелација од 1 м во кој, покрај стилобатниот ѕид, е поставено мермерно корито и камена клупа покрај јужниот периметрален ѕид.

На мозаикот во северозападниот трем има остатоци од грчки натпис. Поради долгата употреба и слабиот квалитет, мозаикот е речиси целосно уништен.

- Јужен стилобатен ѕид на југозападниот трем

Со откопувањето на западната половина од јужниот стилобат на атриумот, во должина 9 м, констатирано е неколкукратно пресидување и поправање, така што во последната употребна фаза на објектот бил оставен слободен само најзападниот премин кон дворот, кој гледа во базенот на атриумот. Доцните ѕидарски интервенции биле изведени со камен и парчиња од градежна керамика, со примена на кал како врзувачки материјал (B31).

- Просторија бр. 10

Единствена позиција од целиот објект која не можеме да ја издвоиме и сместиме како останатите во делот на временскиот распон, е позицијата на просторија бр. 10. Ваквата констатација се должи на нејзиниот слој, кој во себе ги содржи сите детектирани градежни фази на објектот. Според дополнителните анализи, со сигурност може да се констатира дека во оваа просторија има три фази на подно ниво, од кои две се на иста висинска кота, но изведени во различен градежен материјал. Најстариот е земјен под, сочуван само во с/и агол од просторијата. Помладите подни опуси се од протогената фаза, од кои едниот т.е. постариот е со поголеми камени плочи, додека помладиот е со измешан слог од помали плочи и тули (B27). Ваквата констатација се темели врз останатата подна површина на градбата, каде што подовите се решени со поголеми обработени камени плочи.

- Простории бр. 11 и 12

Во јужниот трем е констатиран остаток од мозаичен под, врз кој непосредно бил нанесен земјен под, најверојатно користен од последната фаза на употребата на градбата т.е. од постурбаната фаза на градот.

IV. ДОСЕГАШНИ ПУБЛИКАЦИИ

Во својата монографија за Стоби од 2000 год., И. Микулчиќ ги има опфатено и обработено сите откриени градби во периодот од пред Втората светска војна, па сè до I-та деценија на XXI век. Во оваа публикација, покрај останатите градби од локалитетот, даден е текстуален дел и за овој објект кој е наречен „Казино". Тука авторот ги дава основните податоци од археолошките истражувања, кои биле реализирани во наведениот временски период. Врз основа на добиените резултати од овие истражувања, тој ги детектира фазите на градбата, а истовремено дава и опис на нејзината основа заедно со архитектонските елементи вклучени во неа. Во текстот е даден историјатот на ископувањата, како и дел од анализите на овој истражувач во поглед на позицијата на градбата и нејзината функција, како и внатрешната ентериерна содржина. Според неговите анализи, во апсидалната сала имало најмалку три маси за коцкање (tabulae lusoriae), кои биле изѕидани и одгоре покриени со мермерни плочи. Во северниот дел на објектот имало јавна бања, додека источната ала била со банкини за седење и со помало базенче со проточна вода, лоцирано до ј/и ѕид. На источниот агол од просторијата бр. 10, бил издвоен термален дел (тепидариум), кој во периодот на публикувањето бил само делумно откопан.[241] Во северниот агол обележан со бр. 13, се наоѓал помал јавен нужник, на чие дно е пронајдена изделкана камена шоља (единствен ваков наод на поширокиот балкански простор) (B5a). Авторот ги потврдува претходните сознанија во кои се укажува дека градбата е урната најверојатно околу средината на V век, а од паднатите столбови и ѕидови биле изградени ѕидни преградни површини со слаб квалитет, својствени за постурбаниот период на градот во текот на втората половина на VI век.

[241] И. Микулчиќ, 2000, 164 - 166.

И. Микулчиќ констатира дека во централната просторија (триклиниум) подот бил покриен со мозаик, изведен од крупни тесели во техника на opus barbarikum, кој упатува на постаро време (доцен III век).[242]


Монографијата на Дафина Герасимовска спаѓа во позабележителните текстови каде се дадени поконкретни аналитички осврти на археолошките истражувања изведени на овој објект. Во неа авторот, покрај прецизно дадената положба и ориентација на градбата, во целост го прикажува историјатот на археолошките истражувања, завршно со последните од 2006 год., кои биле организирани од страна на Националниот Конзерваторски Центар - Скопје. Во оваа студија е претставена просторната и функционалната организација на градбата, како и нејзината архитектонска конструкција, техниката на градење и употребениот градежен материјал. Во делот на организација на просторот, авторот посочува дека, покрај внатрешната страна од апсидалниот ѕид на триклиниумот, се наоѓало легло (стибадиј), а во средишниот дел на централната просторија се наоѓала осумаголна фонтана. Посочува и дека пронајдените маси за коцкање и неколкуте коцки - зарови, ги навеле истражувачите на мислење дека се работи за објект наменет за хазардни игри. Во делот на детектирање на градежните фази, авторот дава податоци во кои укажува на присуството на неколку видливи градежни фази од различен временски период. Мошне се важни податоците за подните и ѕидните декорации, но, исто така и оние за архитектонската декоративна пластика од која, при последните археолошки истражувања, се откриени остатоци од мермерна пластика, делови од столбови, бази и вградени камени рељефи.[243] Во однос на ѕидната декорација авторот се базира врз податоците од Ц. Вајзман, во кои се дадени констатации за некои од просториите каде се пронајдени остатоци од мермерни оплати со кои биле обложени ѕидовите. Наведува дека во украсувањето на репрезентативните ѕидни површини била применета и фреско-декорација.[244]

Во студијата „Прилог кон проучувањето на објектот „Коцкарница“ во Стоби, авторите Ж. Винчиќ и Ј. Станковски укажуваат дека, според богатата

[242] И. Микулчиќ, 2000, 164 - 166.
[243] Д. Герасимовска, 2009, 74 - 75.
[244] Ц. Вајзман, 1973, 81; Д. Герасимовска, 2009, 74-75.


архитектонска содржина, некои истражувачи дошле до заклучок дека објектот можеби бил луксузна резиденција.[245] Ваквата нивна констатација се темели врз пронајдените мермерни табли, за кои се сметало дека се столови за играње карти. Едната од нив денес е во музејот во Стоби додека другата - сè уште во апсидалната просторија (триклиниум) на објектот. Всушност станува збор за тип т.н. „ограден маси" односно маси во облик на „оградена сигма" (Цртеж 1 и 2). Многу се распространети како дел од доцноантичките трпезарии, прилагодени за полукружниот стибадиум (stibadium), кои уште од крајот на Републиканскиот период почнуваат да го заменуваат триклиниумот. При крајот на Републиканскиот период во централната просторија на објектите, се поставува само една полукружна маса, која според обликот се нарекувала (sigma) или стибадиум (Цртеж 3).[246] Она што е помалку познато за овие маси е нивната секундарна употреба во доцноантичкиот и ранохристијанскиот период. Оградените маси се нарекуваат уште и „коптски", бидејќи се среќаваат во олтарите на некои цркви во Египет (подигнати на височина од 1 м.).[247]

Овие факти не оставаат место за сомнежи околу првобитната намена на ваквите мермерни маси пронајдени во објектот „Коцкарница" во Стоби, кои исто така служеле како трпезариски маси.



[245] Ж. Винчиќ; J. Станковски, 2005, 45 - 52.
[246] Ж. Винчиќ; J. Станковски, 2005, 45 - 52; N. Duval, C. Metzger, Tables et reliquaires du Louvre, 1996, 314 - 317..
[247] E. Chalkia, 1991, 179 - 183; Ж. Винчиќ; J. Станковски, 2005, 45 - 52.

Цртеж 1 и 2 – Доцноантички тип т.н. „ограден маси“ за трпезарија (маси во облик на „оградена сигма“), објект „коцкарница“ - Стоби.



Цртеж 3. Стибадиум – Stibadium.

V. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗИ НА КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Во 1973 год., извршени се првите повоени доистражувања на овој објект и тоа во централната просторија, каде во 1940 год., е истражувано од страна на професорот Ѓ. Мано Зиси.[248] Истражувањата се вршени од страна на стручен тим од РЗЗСК, со цел изготвување на Проект за конзерваторско – реставраторски работи на мозаичната површина во овој дел.

Стручниот тим при отварање на овој дел од објектот, врз мозаикот констатирал големо присуство на земја врз која била наредена градежна тула, и заштитен слој од песок со гранулација 1, со дебелина од 0.20 м. Истиот случај на превентивна заштита, бил констатиран и во западниот коридор.[249] Меѓутоа, во северниот коридот овој начин на превентивна заштита не бил применет. Врз основа на извршената анализа, е констатирано дека мозаикот бил доста оштетен, од корењата на израснатата вегетација која навлегла длабоко во неговата структура. При отстранување на наслагите од земја, во самиот шут се пронајдени тесали, кои истовремено се чистеле и подготвувале за повторна употреба во

[248] Ѓ. Мано Зиси 1959а, 355 - 357; Д. Герасимовска, 2005, 74 - 75.
[249] М. Петровски, Прогрма бр. 07 - 1387/1, 1973.

процесот на опшивање на мозаичната површина.[250] При реализација на конзерваторските истражувања во југозападниот дел од централната просторија, констатирано е дека, според зачуваната состојба на мозаикот и пронајдената бордура, истиот продолжува понатаму во недоистражениот дел во правец кон театарот.[251] Во таа смисла се дадени понатамошните насоки околу тоа кои конзерваторски методи би биле применети при заштитните интервенции.

Заштитните ископувања изведени во 1992 год. не биле доволно детални и сеопфатни, така што не овозможиле целосна и продлабочена анализа на објектот од која би произлегла изработка на проект за негова конзервација базиран на факти, а во многу помала мерка на кабинетски интерпретаци.[252]

Поради тоа, во 2002 год. беше изготвен оперативен план за заштитни интервенции, но тој не беше реализиран поради недоставување на побараните финсиски сретства. Во 2003 год. се изработи нов оперативен план за археолошко-предконзерваторски доистражувања, кој истата година и запаочна со реализиција.

1. Состојба на зачуваност на објектот

Од состојбата на теренот и од приложената техничка и фотодокументација, е евидентно дека градбата е максимално оштетена, особено во источниот дел, што, меѓу другото, се должи на слабиот квалитет на градежениот материјал.

Периметралните и преградни ѕидови биле запазени во просек до височина од 0.40 до 0.60 м, со исклучок на сите ѕидови во бањскиот простор, особено западниот, чиишто просек на запазеност се движел во височина од околу еден метар. Подните опуси коишто се опишани во претходното поглавје, исто така се наоѓале во дерутирана состојба. Во овој дел особено би ја напоменале состојбата на мозаикот со орнаментика од флорални и геометриски елементи, изведени во техника opus tessallatum, делумно зачуван, но воедно и во многу лоша состојба, кој имаше потреба од итен конзерваторски третман.

При археолошките истражувања, е констатирано дека просториите 11 и 12, кои се наоѓаат во централниот простор на атриумот (В5: бр. 11, 12) имаат добро

[250] М. Петровски, бр. 07 - 1387/1, 1973
[251] М. Петровски, бр. 07 - 1387/1, 1973
[252] З. Георгиев, бр. 07 - 111/13, 2005.

сочувани sидни површини. Овие површини во просек биле зачувани во висина на темелните партии, а во некои делови и со три до четири реда камен (B17).

При археолошките интервенции, заедничкиот јужен sид на просториите бр. 13 и бр. 14 (B5: бр. 13, 14) се наоѓал во добра состојба и со сочувана височина на sидните партии до самата површина на теренот.[253]

Во просторијата бр. 1, покрај оштетениот поден опус изработен од мермер со геометриски мотиви, во дерутирана состојба била и фонтаната. При реализација на поновите истражувачки работи таа беше во состојба на речиси тотално распаѓање, со оглед на тоа што по откривањето во 1940 год., не била превентивно третирана, а „времените" заштитни покриви од лесна дрвена граѓа и терхартија (поставени во раните 70-ти и повторно во раните 80-ти год.), не можеле да бидат делотворни во толку долги временски интервали (B35a).[254]

2. Оперативен план за археолошко-конзерваторски доистражувања

Во текот на 2001, 2002 и 2003 год., согласно препораките и барањето од комисијата за следење на конзерваторските работи во Стоби, биле изведени дополнителни археолошко-конзерваторски истражувања, врз основ на кои се откријa нови архитектонски елементи на резиденцијалниот објект (т.н. „коцкарница"), со што се измени сликата за оваа градба и нејзината првична намена. Овие резултати дадоа понатамошни насоки кон изработка на главниот Проект за конзерваторско-реставраторски интервенции.[255]

Како основен и појдовен услов, беше потребно да се дефинираат заштитните мерки за секој сегмент на овој значаен објект. Во таа смисла, сите споменички содржини беа третирани рамноправно, а таквиот третман беше предвидено да им се даде и во реализацијата на конзерваторско-реставраторските интервенции. Поради долгиот период на прекин во вршењето на археолошките активности, а истовремено и немањето доволен број податоци за изработка на основен проект, во оперативната програма биле нотирани и поставени потребните цели и задачи:

---

[253] З. Георгиев, бр. 07 - 111/13, 2005.
[254] З. Георгиев, 2003, бр. 07 - 1491/2.
[255] З. Георгиев - Б. Пејковски, бр. 07 - 30/14, 2005.

- Во рамките на овие активности да се обезбедат општи податоци и документација од претходно извршените археолошки ископувања и истражувања.

- Да се изршат археолошко-конзерваторски истражувања на длабочина од 1.30 до 2.00 м, јужно од големата апсидална просторија, на простор со димензии 26.00 x 9.00 м.

- Да се ослободи од земја и градежен шут, односно да се експонираат преостанатите две простории и јужниот крај на тремот од објектот.

- Да се ослободи, односно експонира и перспективно да се стави во функција античката комуникација помеѓу објектот „коцкарница“ и северниот периметрален ѕид од античкиот театар.

- Западно од тремот пред апсидалната просторија, во појас 22 x 5 м, да се изврши косо шкарпирање на земјаниот профил.

- Да се коригира изразено неправилната линија на земјаниот профил од предвоеното ископување.

- Да се оформи правоаголна археолошка рамка (работно обележена, т.е. исколчена површина) околу откриениот дел од објектот.

- Површината покрај источниот ѕид од просторија „Б“ (В5: бр. 3), по пат на сондирање да се спушти за едно ниво под постојниот под од мермерни плочи. Целта на ова истражување е – откако ќе се крене плочникот за предвиденото негово конзерваторско решение, да се утврди видот и состојбата на субструкцијата, поради претпоставено постоење на хипокаустно решение, кое ќе може успешно да се презентира со изоставување на дел од поплочувањето на просторијата.

- Да се изготви архитектонска документација на постоечката состојба.

- Да се изготви фотодокументација на постоечката состојба.

3. Технички опис

Објектот всушност е археолошки остаток од градба изведена од масивни ѕидови од камен. Конструктивниот систем се состои од ѕидови со дебелина од 0.60 до 0.90 м. Како градежен материјал, има примена на обработен и полуобработен камен, мермер, печена тула и др. Како врзивно средство, е применет варов малтер.

Во рамките на претстојните конзерваторски интервенции на археолошки истражените површини, се подразбира постапка којашто ги содржи следните позиции:

- Ослободување од земја и градежен шут.

- Демонтирање на дерутираните сектори од круната и тоа до ниво на кое севкупната ѕидарија покажува консолидирана состојба.

- Двоење на материјалот за повторна употреба.

- Подготвување на контакт-површините за оформување на круната на ѕидовите.

- Ѕидаријата треба да ја задржи структурата од постоечките ѕидови, а при обликувањето на круната, спојниците треба да овозможат исцедување на водениот талог.

- Ниво на функција. На ова ниво не се предвидуваат никакви промени. Сите ѕидови треба да се конзервираат, со исклучок на оние работени од камен и кал, коишто ги затвораат интерколумниите во средишниот и источниот дел на градбата.

- Ниво на конструкција. Во конструктивна смисла треба да се извршат надѕидувања, фугирања и пломбирања.

- Уредување на непосредната околина. Реализацијата на оваа интервенција е предвидена откако целосно ќе се завршат археолошките истражувања и сите предвидени позиции од конзерваторските зафати.

Заради оптимална презентеција, нивелирањето на површините во просториите треба да бидат опфатени до подните нивоа предвидени со проектот за конзервација.

4. Оштетувања на објектот

- Биолошки оштетувања

Биодеградацијата на градежните материјали на резиденционалниот објект (т.н. „коцкарница“) е присутна кај ѕидните површини, но исто така и на подните површини, особено на површините со мозаик. Процесот се одвива на ист начин како и кај останатите објекти во Стоби, врз основа на дезинтеграција со физички или механички оштетувања и декомпозиција преку хемиски оштетувања.

И во овој случај како носители на биолошките оштетувања се лишаите. Нивната главна компонета, како што веќе споменавме, е фактот што се многу отпорни, и истовремено можат да егзистираат во екстремни надворешни услови (високи или многу ниски температури, како и во отсуство на вода и др.). Лишаите кои се јавуваат на силикатните камења се разликуваат од оние кои егзистираат на варовничките камења.[256] Извршените хемиски анализи покажаа дека, лишаите кои се јавуваат на варовничките камења оставаат поголеми траги на оштетувања отколку оние на силикатните.

- Механички оштетувања

Процесот на механичките оштетувања е условен со промената на временските услови (дожд, снег, сонце). Ваквиот природен процес каде што имаме собирање на талусот, т.е. телото на материјалот, длабоко пенетрира во каменот и со текот на времето допринесува за деградација на истиот.

Извршени се повеќе анализи врз основа на кои е констатирано дека длабочината на пенетрацијата вообичаено не е поголема од неколку милиметри. Како последица на овие дејства, во почетната фаза се јавуваат мали отвори на површината на градежниот материјал кои, со текот на времето, предизвикуваат и негово ронење.[257]

VI. ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ НА КОНЗЕРВАТОРСКО-РЕСТАВРАТОРСКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

Врз основа на добиените резултати од археолошко-конзерватоските истражувања, е изготвена предлог програма која ги содржела насоките за продолжување на веќе започнатите активности:

- Проширување на габаритот на објектот кон запад (откоп во појас широк 6 м со косина) и кон југ до констатираната комуникација покрај театарот.

- Дефинирање на просторот на префурниумот, конзервација на ѕидовите во тие зони и шкарпирање на профилите.

---

[256] М. Велчовски, С. Мамучевска, бр, 07 - 166/47, 2004.
[257] М. Велчовски, С. Мамучевска, бр, 07 - 166/47, 2004.

- Решавање на подот во триклиниумот со поставување на подлога во површина од 130 м^2, чистење, документирање, вадење, обработка на реверсната страна, конзервација и враќање на вкупно сса 18 м^2 мозаик во фрагменти.

- Решавање на подот во бањата - централен простор меѓу кадите (кревање на постојните плочи, припрема на подлога, прередување и дополнување на подот од плочи во обем од 16 м^2).

- Решавање на подот во просторија „Б“ со прередување и дополнување на мермерни плочи во обем 25 м^2, со претходна подготовка на подлогата;

- Северен трем, источен и западен крак: целосно постилање со камени плочи во обем од 10 м^2.

- Голема просторија со апсида (триклиниум): чистење, подигање и обработка на преостанатите делови од мозаик.

- Изведба на завршница врз постојниот павимент каде недостасува мозаик, која ќе го спречува растот на вегетација, а во хоризонт (кота) на мозаикот ќе овозможи враќање на мозаичните фрагменти.

- Просторија „Б“: целосна санација на постојниот под од мермерни плочи.

- Интерна бања: дополнување и нивелирање на постојниот под од мермерни плочи.

- Трем на бањата: поставување на под од камени плочи по целата должина на источниот и на западниот крак.

Врз основа на вака поставената оперативна програма, со целосна нејзина имплементација во процесот на конзерваторско-реставраторските зафати, било предвидено да се заокружи презентацијата на досега откопаниот дел од објектот. Во контекст на сево ова било предвидено содржините дополнително откриени со конзерваторско-истражувачките работи да бидат предмет на конзерваторски третман по друга програма, како нареден циклус во заокружување на процесот на презентација на објектот.

- Подготвителни работи

Пред отпочнување на конзерваторско-реставраторските зафати, извршена е археолошка контрола на предвидените позиции за интервенција. Ваквиот пристап е реализиран поради недовршените активности од претходната

конзерваторска кампања. Археолошката контрола е изведена врз основа на претходно изработена Програма за конзерваторско-истражувачки и конзерваторско-реставраторски работи. Планираните активности биле со цел сондирање во просториите каде се планира конзерваторско решавање на подови (утврдување на висинска кота и третман), како и откривање на делови од објектот кон запад и југ со целосна детерминација на урбаните фази. Во оваа програма доследно биле реализирани предвидените позиции, кои ги имаа следните насоки:

Поз. 1. Чистење на ѕидовите од земја и шут, од круните на ѕидовите, отфрлање и одвоз на земја со рачни колички до 250 м.

Поз. 2. Чистење на ѕидовите од камен во варов малтер, длабочина до 5 см, чистење на фуги со кламфа.

Поз. 3. Чистење на фуги на ѕидови од камен во малтер од кал, во длабочина на фуги со кламфа.

Поз. 4. Демонтирање на камен од горниот слој на ѕидовите, селективно според обемот на оштетување, чистење и складирање за повторна употреба.

Поз. 5. Како една од најважните позиции при реализација на работите е неопходно обезбедување на вода до самиот објект.

Во таа смисла биле поставени насоките на натамошните активности, кои се поделени според начинот на интервенцијата:

- Во атриумот се извршени дооткопувања на последната третина од површината кон запад (17.00 x 9.00 м, на длабочина од 1.10 до 3.00 м).

- На просториите северно од атриумот (бр. 6, 13, 14 и 18), извршено било дооткопување во внатрешноста, на длабочина од 0.50 до 1.40 м, на површина од 15.00 x 5.00 м.

- Во делот на калдариумот на интерната бања, со дооткопувањето било извршено дефинирање на нецелосно откриените архитектонски елементи.

- Откривање на делови од објектот во јужниот сектор, во правец на соседниот антички театар (површина 36.00 x 9.00 м, длабочина од 1.50 до 2.50 м).

VII. КОНЗЕРВАТОРСКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

Бидејќи археолошките доистражувања, заедно со конзерваторските, се вршени сукцесивно, изготвените оперативни програми за овој објект и деталите кои се дадени во нив се поделени во три фази. Истовремено третираните површини се доведени до степен на презентација, и тоа:

1. Прва фаза

Конзервација и делумна елевациска реконструкција на ѕидовите од големата централна просторија бр. 1 (триклиниум), со посебен акцент на ѕиданите столпци, градени во градежна техника на опус микстум (B28; B43) (2001 год.).

2. Втора фаза

Конзервација и делумна елевациска реконструкција на ѕидовите од просториите „Б“ и „В“; решавање на подот од камени плочи и на јужната банкина во просторија „В“ (B33).

Во просторијата „Б“, биле извадени подните мермерни плочи, кои се исчистени, класифицирани и складирани за повторна употреба. Нивелирањето на подната површина во просторијата било извршено со цементна кошулка Р 1:2, врз која биле поставени мермерните плочи од кои 50% се нов производ (B33). Со истиот метод на работа било продолжено во просторија „А“. Нивелирањето на површината била изведена исто така со цементна кошулка (Р 1:1). За разлика од претходната просторија, тука биле употребени 90% од постоечките мермерни плочи.

3. Трета фаза

Реставрација на октогоналната фонтана во апсидалната просторија; решавање на праг и анастилоза на столбови меѓу просторија „Б“ и интерната бања; решавање на јужна банкина во просторија „Б“; конзервација и делумна елевациска реконструкција на сите ѕидови од бањата, вклучително со источниот крак од тремот; делумна реставрација на малата када (B42, B42a; B25); конзервација и делумна реконструкција на ѕидовите од новооткопаниот источен дел со ложиштето на префурниумот; конзервација и делумна реставрација на источната латрина (2003 год.).

Конзерваторските работи биле започнати со отстранување на заштитниот слој од песок од големата централна просторија. Во понатамошниот тек на работите со ископот, биле извадени остатоци од поден мозаик, кои биле обработени и повторно вратени на своите места (В8а). На оваа интервенција и претходело тампонирање на слој од чакал со дебелина од 0.08 м. Во оваа просторија изведен е канал со пресек 0.40/0.40 м, на западната страна од фонтаната со камени плочи.[258] Поставувањето под во големата апсидална просторија бил изведен со бетон d = 10 см во Р 1:3, армиран со мрежеста арматура Ф6. Финалната, површинска обработка е изведена од цементна кошулка тонирана со светлосина ризла.

- Реставрација на фонтана во просторија бр. 1

Во делот на конзерваторските и реставраторските интервеции беа применети позиции на интервенции, кои се неопходни во зафатот за целосна санација и реставрација на фонтаната. Повременото отстранување на дива вегетација, која што секоја година проникнува низ нејзините елементи, претставува негативна последица и придонесува за ослабнување на порозните малтерни врски, за растресување на целата конструкција и отпаѓање на преостанатите делови од автентичната мермерна оплата (В35).

При деталните предконзерваторски опсервации, што биле изведени во 2001/2002 год. е утврдено дека во античкиот период фонтаната неколку пати претрпела поправки и преуредувања, така што, уште во тоа време, од протогената фаза на мермерната оплата биле отстранети оштетени делови, а на нивно место биле налепени дебели наслојки од водонепропустен малтер (варов малтер со големо присуство на толчена тула).[259] Поради тоа, за релевантна реконструкција на протогениот изглед на фонтаната, беше извршена набавка на новоскроени мермерни плочи, имајќи воедно предвид дека оплатните плочи од надворешните страни на октогоналниот тамбур (кои во најголем дел недоставуваа, а целосно биле заменети со малтерен слој од постаро време) преставувале и конструктивна

[258] З. Георгиев - Б. Пејковски, бр. 07 - 30/14, 2005.
[259] З. Георгиев, 2003, бр. 07 - 1491/2.

рамка врз која се потпирала двобојната мермерна оплата од горната-хоризонтална завршница (B35a).

Постапката за реконструкција беше составена од следните зафати:

- Обележување на темелните точки од аглите на октогоналниот надворешен периметар.

- Целосно демонтирање на надворешниот октогонален прстен од два реда тули (вкупно 80 парчиња, од кои само три цели, а другите скршени или многу фрагментирани).

- Целосно демонтирање на оплатните мермерни плочи од дното на каналот помеѓу надворешната рамка од тули и тамбурот на писцината (30 кроени афтентични плочи, од кои само 8 цели, а другите издробени во 122 фрагменти). Демонтираните делови и фрагменти биле одложувани на слободен простор, по редоследот на нивната in situ положба.

- Отстранување (штемање) на секундарни наслојки од малтер врз надворешните лица на октогоналниот тамбур и чистење на конструкцијата од sидани тули до здрава автентична подлога.

- Фиксирање на автентична мермерна оплата на внатрешните лица од тамбурот (16 оригинални делови во 8 полиња).

- Прецизно кроење на лице-место и поставување на осум нови плочи на горната хоризонтална површина од табурот (двојна крстовидна композиција преку алтернирање на мермерни плочи во зелена и бела боја, согласно распоредот на три in situ парчиња зачувани во фрагменти).

- Чистење од малтерни и калцинатни наслојки (со хемиски и механички метод) на секој поединечен фрагмент (130 на број) од демонтираната оплата на периферниот октогонален канал, поставување на нова подлога и враќање на сите делови според документираната in situ положба.

- Реконструкција на демонтираниот надворешен прстен од тули (поради дефицит на антички тули, применето е следново: во долниот ред - вградување на соодветно скроени парчиња антички материјал само во фасадите; во горниот завршен ред - вградување на цели антички тули со соодветна димензија (пронајдени на локалитетот од објектите во непосредна близина) само кај три

сегменти од октогонот, додека кај преостанатите пет сегменти се вградени новоизработени тули (B35a, B45).

- Фугирање на реконструираната фонтана со имитација на водонепропусен малтер (варов малтер со примеса на две гранулации црвена бреча).

- Префурниум

Сите новооткриени ѕидови од префурниумот се конзерваторски третирани и од горе заштитени со надѕидани два до три реда камен во продолжен малтер. Конзервација е извршена и на подот од камени плочи, кој се наоѓа во просторот пред самото ложиште (B37). За презентација на опусот кај сувоѕидот од задниот двор е применето фугирање со пигментиран малтер, кој имитира употреба на кал во ѕидаријата.

- Просторија бр. 6

Од просторијата бр. 6 која е откопана во 1982 год. заштитно бил третиран единствено целосно ослободениот јужен ѕид, чиј источен крај воедно формира довратник од влезот во просторијата бр. 5. На оваа позиција, поради затекнатиот многу висок степен на дерутираност на ѕидната структура, извршено било демонтирање на горната половина од постојната височина, по што е санирана долната цврста партија, истовремено се вратени демонтираните блокови и надѕидани се два дополнителни реда камен, со што изворната височина на ѕидот е зголемена за 0.30 м (B40).[260]

4. Четврта фаза

- Просторија бр. 3

Археолошката сонда е затрупена со квасена и набиена земја, а на целата површина од просторијата е поставен тампон од чакал со дебелина од 0.20 м. Мермерните плочи од автентичниот под, се вратени на свое место, врз подлога од цементен малтер, со делумно втопување во него (B34a). Долж северниот крај на просторијата, каде недостасуваа автентичните плочи, вградени се пет соодветно

[260] З. Георгиев, 2006 - 2007, 155.

скроени мермерни плочи со иста боја (пронајдени на депонијата складиран антички материјал од локалитетот). Автентичниот општ наклон на подот од југ кон север (од кота 139.542 до кота 139.380) била апсолутно запазена.

Поради предвремен прекин на работата, планираното фугирање на плочите со имитација на хоросан, а на нивните пукнатини со бел цемент, не било извршено. Како времена заштита за престојниот зимски период, празните фуги биле исполнети со сепариран песок.

- Просторија бр. 5

Конзерваторски е презентиран подот од втората градежна фаза, со поставување на камени плочи од среден и мал формат, со дебелина 3,5 - 4,5 см., пробрани од депонијата на локалитетот. Плочите се поставени врз горен слој од сепариран песок и долен слој од чакал (насипан до ниво кое воедно обезбедува физичка заштита на античките водоводни цевки, оставени in situ). Фугите се залиени со течен цементен малтер (B36).

- Просторија бр. 7

Во оваа просторија извршено е опшивање и пломбирање на сите оштетувања во мозаичниот под, со употреба на тониран малтер, кој имитира хоросан (B14).

- Просторија бр. 8

Извршено е затрупување на контролната археолошка сонда во источната половина на просторијата (со слоеви од наквасена и набивана земја), а истовремено е извршено и насипување на тампон од чакал до ниво на автентичниот земјен под (B15 а).

За конзерваторското решавање на подот со камени плочи, кое било предложено со проектниот елаборат (како компромис во интерес на презентацијата и на можностите за техничко одржување под отворено небо), било неопходно еден период со повремени нагмечување да се стабилизира изработената подлога. Истовремено биле применети претходно усвоените методи за работење во процесот на конзерваторска интервенција на подните опуси.

- Просторија бр. 10

Во оваа просторија се констатирани две подни нивоа од различен временски период. Со оглед на тоа што постариот земјен под во неа немал архитектонска, естетска и презентациска вредност, конзерваторски бил изведен подот од втората фаза. Следејќи го опусот на пронајдениот афтентичен остаток, просторијата е поплочена со измешан слог од поголеми и помали камени плочи и парчиња од антички тули (B37). Подлогата ја сочинува слој од набиен чакал (0.18 м), ПВЦ-фолија и слој од сепариран песок (0.10 м). Фугирањето е извршено со пополнување на празнините од изработена малтерна смеса на цементно млеко.

- Источен, северен и јужен стилобатен ѕид на атриумот

Конзерваторскиот третман ја опфатил вкупната должина на источниот стилобатен ѕид (12.50 м), како и откопаните источни краеви од северниот (5.00 м) и јужниот стилобатен ѕид (1.80 м). По чистењето на фасадите од обете страни на ѕидовите и отстранувањето на дерутираните делови од два до три реда на камен од круните на седум ѕидани столпци, извршено е комплетно санирање на автентичните структури (пломбирање, фугирање со продолжен малтер). Претходно отстранетите два-три реда ѕидарија од круните на столпците се вратени, а потоа е извршена делумна реконструкција со дополнителни два до четири редови камен со што столпците се елевирани во просек за 0.45 м (B39).

- Анастилоза на централен столб во источниот влез на атриумот

Главниот влез во атриумот пробиен во источниот стилобатен ѕид широк 3.30 м. бил надсводен со двојна арка, која се потпирала врз мермерен столб со централна положба, што го делел влезот на два дела (B18). Околноста дека при археолошката контрола е пронајдена базата, како и долната половина од столбот, ја дала можноста да се изврши анастилоза на овие елементи.

Најнапред се отстранети остатоците од тотално распаднати три камени плочи, кои го формираа стилобатниот праг и ја индицираа појдовната кота за анастилоза. Темелно е санирана конструктивно носечката ѕидна партија под нивото на прагот (чистење, отстранување на лабави и полураспаднати камени блокови, замена на истите, фугирање). На локалитетот се пронајдени, скроени и

поставени, централна плоча за праг (1.30 х 0.57 х 0.08 м), како и плочата јужно од неа, додека северната не била поставена поради недостаток на соодветен материјал. Врз централната плоча е репозиционирана мермерната база со височина 0.32 м и долната половина од столбот со височина 1.63 м. При спојување на столбот со базата е поставена получелична осовинска кланфа Ф=10, со должина од 15 см.

- Јужен ѕид на просторија бр. 6

Од просторијата бр. 6 откопувана 1982 год. конзерваторски бил третиран единствениот целосно ослободен јужен ѕид, чиј источен крај воедно формира довратник од влезот во просторијата бр. 5 (В24). Поради затекнатиот многу висок степен на распаднатост на ѕидната структура, извршено било демонтирање на горната половина од постојната височина, по што е санирана долната консолидирана партија, вратени се демонтираните блокови и надѕидани два дополнителни реда камен, со што изворната височина на ѕидот била зголемена за 0.30 м. Во 2004 год. јужниот ѕид со влезот и источниот ѕид се конзервирани и елевациски делумно реставрирани до степен на презентација. Фугирањето во овој дел е извршено со продолжен малтер, при што е извршено пополнување на фугите во длабина од 0.05 м.

- Јужен ѕид и довратници на простории бр. 13 и 14

Заедничкиот јужен ѕид на просториите бр. 13 и бр. 14 („Т“ врска со ѕидот кој ги дели тие простории, чиј источен крај преставува довратник од првата, а западниот крај формира довратник за другата просторија), при археолошката контрола бил затекнат во добра физичка состојба и со сочувана височина до самата површина на теренот (В19). Конзерваторската интервенција ги опфатила следните позиции: фугирање на јужната фасада (3.53 х 0.87 м); консолидација на довратниците со опус од пет редови тули (извршено делумно демонтирање и замена на оштетените тули); санација на северната фасада во делот на просторија бр. 13 и надѕидување на круната за 0.38 м.

VI. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Поновите археолошки истражувања целосно го потврдија постоењето на досега непознати архитектонски делови на овој објект (досега главно именуван како „коцкарница"), чиј вид и карактер беа претпоставени во фазата на програмирање, односно пред отпочнувањето на работните активности. Со откривањето на значително пошироките просторни рамки од објектот, античкиот град Стоби се стекна со уште една монументална зграда од доцноантичкиот период, значајна по својот карактер, својата репрезентативност, историја, но и по содржинскиот потенцијал во смисла на културно-туристичката понуда на локалитетот.

Продолжувањето на археолошките истражувања беше елементарен предуслов за поврзување на деловите на градбата и за заокружено експонирање на архитектонската целина, односно предуслов за изготвување на Елаборат за конзервација и обезбедување на негова издржана презентација.

Како што веќе констатиравме, објектот е делумно истражен пред Втората светска војна, и во текот на периодот од 1971 до 1981 год. во рамките на заедничкиот југословенско-американски проект. Името го добила врз основа на мермерната табла наводно користена за коцкање, сребрениот тас за фрлање коцки, како и неколкуте коцки за игра пронајдени на подот.

Извршените анализи со последните археолошки истражувања од 2005 и 2006 год. го променија идентитетот на оваа градба. Фактот, дека истата долг временски период неоправдано го носеше епитетот „коцкарница", даде дополнителен импулс кај истражувачот да ја детектира вистинската намена на оваа градба.

Според архитектонските елементи, објектот можеби е изграден уште во раноримскиот период, но, бил во употреба сè до V односно VI век. Ваквата констатација се должи, не само на опусот на сидаријата и техниката на градење, туку и на пронајдената остава од бронзени монети од 584 - 585 год. кои всушност хронолошки се датирани во последниот период од постоењето на градот Стоби. Од архитектонските содржини на протогената фаза, посебно се издвојува големиот правоаголен базен т.е. фонтана откопан во западниот и северозападниот дел на перистилниот двор. Исто така, постоечките архитектонски елементи

вградени во објектот, укажуваат на фактот дека тој служел и за друга намена. Алтернативна хипотеза е дека тој всушност функционирал како луксузна резиденција. На ова упатува и мозаикот датиран помеѓу IV и V век.

Извршените конзерваторски анализи со последните археолошки кампањи, утврдија постоење на неколку фази на обновување, внатрешни адаптации и пренамени на одделни простории, особено во текот на VI век.

Во рамките на овие завршни согледувања, може со сигурност да се констатира следното: дека градбата е специфична и посебно атрактивна во поглед на архитектонските решенија и содржини кои се применети како дел од нејзината целина; дека основата на централната просторија на објектот е со базиликална концепција; дека истиот, според начинот на градење и големината, како и содржините кои ги има, не е карактеристичен само за локалитетот Стоби, туку, истиот и во поширока смисла на зборот како архитектонско решение е уникатен, бидејќи овој концепт на градба до сега кај останатите античките градови во Р. Македонија не е констатиран.

Сите анализи од последните археолошките истражувања, вклучувајќи ја и статијата „Прилог кон проучувањето на објектот „Коцкарница“ во Стоби“, од авторите Ж. Винчиќ и Ј. Станковски, доприносуваат за поинаков пристап во делот на идентификација на оваа градба. Со направените дополнителни анализи на мермерните табли, е констатирано дека истите се од типот на т.н. „оградени маси“, распространет тип на доцноантички маси за трпезарија, прилагодени за полукружниот стибадиум. Овие констатации, доприносуваат за сосема поразлична идентификација на објектот, па дури и за дополнителни алтернативи врз основа на кои во ранохристијанскиот период, истиот ја променил својата функција во „domus agape“ еден вид на христијански имарет, каде им е делена храна на верниците. Исто така, објектот можеби служел за заеднички обред за време на одредени верски празници, каде се собирал црковниот клер. Луксузната опременост на објектот не е во диспропорција со неговата верска намена, и истиот можеби служел како своевидна резиденција на свештенството.

Ваквите констатации можат да се темелат и врз основа на непосредната близина на епископската базилика, но, исто така и на епископската резиденција од последниот урбан хоризонт на Стоби од IV - VI век.

Последните археолошки истражувања во 2006 и 2007 год., зафатија простор на кој, до тој момент, се вкрстуваа две патеки на туристичко движење низ Стоби. Тие беа недоволно обмислени, избрзано проектирани и провизорно инсталирани во 2002 и повторно во 2003 год., наспроти укажувањата за неиздржаноста на тој потфат. Се протегаа над неоткопуваното источно и западно крило на овој резиденциален објект, и тоа точно долж неговите надолжни оски. Со реализација на овие истражувања целта на основниот план била да се откопаат составните делови и да се експонира архитектонската целина на објектот, при тоа овие патеки за туристичко движење се пресечени, односно отстранети во делот на работниот простор. Сегашната ситуација на теренот објективно налага потреба за неодложно довршување на истражувачките работи врз западното и јужното крило од објектот. Тоа е единствениот начин преку кој ќе може да се исполни елементарниот предуслов за итно организирање на нови патеки на движење во овој дел на локалитетот, кои ќе претставуваат издржано решение со траен карактер.

ПЕТТА ГЛАВА

ЦИВИЛНА БАЗИЛИКА, СТОБИ

I. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИ

1. Локација на објектот

Цивилната базилика е една од градбите која се наоѓа во централното јадро на античкиот град Стоби, лоцирана северно од Синагогата т.е. Централната базилика. На само неколку метри западно од неа се наоѓа објектот кој е работно наречен „Палата Х", додека на североисточната страна таа граничи со Северната т.е. Јовановата базилика.

2. Тек на истражување на објектот

Објектот е за прв пат откриен во 1937 год. при што биле пронајдени наоди, кои укажуваат на порани градежни интервенции во овој простор. Во текот на ископувањата во 1955-57 год. се откриени повеќе видни партии од различен урбан период што укажува на подолг временски период на опстојување на оваа градба. Во апсидата биле пронајдени бронзени приврзоци, карактеристични за просторот на Македонија во текот на VII - V век пред н.е. На просторот под наосот е откриена фреска со претстава на барски птици, датирана во раноцарскиот период. Извршените анализи на конструкцијата на градбата, укажуваат на повеќе фази од нејзиниот урбан развој, од кои последната била со световен, односно со цивилен карактер.

Во периодот од 1970 до 1972 год. истражувањата на овој објект ќе се одвиваат во рамките на заедничкиот југословенско-американски проект. При тоа ќе бидат пронајдени наоди, кои укажуваат на уште постари фази на користење на овој простор во текот на хеленистичкиот период, односно III - II век пред н.е.

Истражувањата на овој сектор продолжуваат дури по триесетина години. Во 2001 год. стручна екипа на „Музеј на Македонија" врши сондажни истражувања во источниот дел на објектот. Овие истражувања беа фокусирани кон детектирање на стратиграфијата на теренот, како и соодносот на источните и

западните ѕидни партии, со централните, но, исто така и нивната поврзаност како и начинот на функционирање во текот на нивното егзистирање.

Според последните анализи од истражувањата, можно е овој објект хронолошки и функционално да бил поврзан со соседната синагога-базилика и тоа во нејзината рана фаза.

Во 2004 и 2005 год. од страна на РЗЗСК се извршени доистражувачки работи, кои ја опфатија целата површина на објектот. Овие активности имаа за цел добивање на попрецизни информации, кои требаа да послужат во изработката на проект за конзерваторско-реставраторски интервенции.

3. Опис на објектот

Конгломератот на градби е сместен на простор од 29.50 x 21.00 м. На оваа површина откопаните градби се од различен временски период, и истите се со различен начин на толкување во делот на нивната функција и архитектонска содржина, дозидувани и преградувани низ периодот на нивното функционирање.

- Објект (базилика) од фаза AI

Се работи за трикорабна базилика со полукружна апсида. И покрај фактот дека во подоцнежните периоди на неа се изведени дополнителни градежни интервенции, нејзината основа сепак може да се согледа. Заради специфичната положба и временската зависност, нејзините надолжни ѕидови отстапуваат во однос на основната ориентација за 5°, 6' во однос на оската североисток-југозапад. Ваквата состојба се должи, пред с□ на доцното отпочнување на градежните работи на базиликата, некаде при крајот од годината (Г1). Внатрешниот простор на базиликата бил поделен со стилобатни ѕидови на централен и бочни кораби. Се претпоставува дека врз нив сигурно стоеле колонади кои носеле столбови на бази, но, во моментот на нивното откривање, заради девастираноста на ѕидните површини, ваквата претпоставка не можела да се согледа и потврди.

Како што напоменавме погоре, се работи за јасна базиликална концепција, чии што ѕидови се градени од приделкан камен во хоризонтален слог, врзани со варов малтер во техника на opus mixtum, додека во внатрешноста на ѕидната маса,

е применета техниката на opus caementicum при што како врзиво е употребен варов малтер и речен песок со различна гранулација.[261]

Самата базилика AI со нејзините три кораба зафаќа површина со габарит од 22.00 х 15.80 м, со тоа што на страничните кораби отпаѓа широчина од 2.75 м, а пак на централниот кораб - 7.50 м.

Дебелината на ѕидовите на базиликата е изедначена и се движи околу 0.80 м, а и стилобатните ѕидови се со слични димензии. Темелите на основниот корпус на градбата се со дебелина како и површинските делови на ѕидовите, на некои места се подебели, но по начинот на градењето битно не се разликуваат.

Нартексот, со димензии 14,20 х 2.85 м не е граден истовремено со останатите делови од Базиликата А. Тоа посебно се однесува на партиите т.е. ѕидовите кои се градени од камен врзани со кал.

- Објект базилика Б од фаза IV

Се работи за еднокорабна црква, која со своите димензии е занемарлива во однос на базилика AI. Ѕидовите се градени од приделкан камен во градежна техника на камен со варов малтер. Објектот базиликата Б има ориентација нешто поинаква од базиликата AI (Г2). Според поственоста на апсидата, изградбата на овој објект е отпочната во зимскиот период од годината. Во голема мерка нејзината поранешна структура е негирана со поставување на темелите на базиликата AI.

Останатиот дел на објектот во поширока смисла на зборот претставува конгломерат од постари градби, кои временски и наменски не се прецизно дефинирани, што е случај и со повеќето други градби во Стоби (Г3).

4. Досегашни истражувања

Остатоците на трикорабната базилика од AI фаза, со западните копартименти и со бројните внатрешни ѕидови, за прв пат биле откриени во 1937 год. Според тогашните истражувачи, објектот е фундиран на цврста камена

[261] Ж. Винчиќ, М. Велчовски, бр. 08 - 3515, 21 - 22, 1994.

подлога, со голем број подоцнежни досидувања.[262] Според начинот на градење е карактеристичен најгорниот слој, каде имаме наизменично поставување на камен и тула во дебели слојеви од малтер, додека во долните зони на sидните маси, ваквиот стил не е застапен, т.е. не се задржува (Г4).

За време на ископувањата во 1955 - 57 год. се откриени повеќе градежни фази од урбаниот хоризонт на живеење (Г5).[263] Овој период на археолошки ископувања даде најголем придонес за одредувањето на стратиграфијата на овој објект, кој е релевантен и во однос на целиот локалитет. При тоа е применет системот на археолошки истражувања по пат на терасесто симнување во подлабоките слоеви на објектот.[264] Истражувачките работи биле организирани од страна на „Археолошкиот музеј" - Скопје, под раководство на Д. Коцо и Ѓ. Мано Зиси. Во истата археолошка кампања, на просторот меѓу Северната и Цивилната базилика, на источниот дел, во близина на апсидите, се пронајдени и истражени средновековни гробови.

Во периодот од 1970-72 год. се извршени помали сондажни ископувања на неколку објекти, меѓу кои, и на Цивилната базилика, во организација на „ZEMTEC" со „Smithsonian Institution", во соработка со „Народниот музеј" од Титов Велес и „Тексас Универзитетот" во Аустин.

Има сознанија дека по овие ископувања на просторот во и околу Цивилната базилика се вршени и други помали сондажни истражувања, но, освен за оние од 2001 год. (од кои и денес на теренот има видливи траги) други подетални информации и документација не ни беа достапни за консултација.

Најголемата градба од овој конгломерат на градби, припаѓа на оние од периодот на IV - V век но, со сондажните истражувања, на длабочина од 2 м се пронајдени мали делови од репрезентативна куќа која, според досегашните сознанија, е од времето на раното римско градежништво, поточно од II и III век. Подовите на оваа градба се поплочени со правоаголни камени плочи, додека на источниот агол се наоѓа репрезентативниот влез издвоен со скалила и камени

[262] Ѓ. Мано-Зиси, 225 - 227, 1973.
[263] Ѓ. Мано-Зиси, 225 - 227, 1973.
[264] Ѓ. Мано-Зиси, 225 - 227, 1973.

столбови (Г6). Внатрешните страни на ѕидовите биле ѕидани со плитар, а лицето на фасадите варосани и украсени со боење.

II. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ОБЈЕКТОТ

Како што видовме, се работи за сложен објект со повеќе фази кој заемно се преклопуваат и се негираат. Во наредните поглавја ќе ги претставиме овие фази по хронолошки ред врз основа на интерпретациите на досегашните истражувачи и нашите лични согледувања. Резултатите покажуваат дека на истиот простор, во текот на вековите, всушност постоеле два сакрални објекти чии габарити не се поклопуваат. Досегашните истражувачи ги нарекле Базилика А и Базилика Б. Во нашиот преглед ќе ги претставиме заедно, задржувајќи ги овие називи.

1. Објект Д - фаза I

Извршените сондажни истражувања на длабочина од 2.20 м под површината, ги дадоа очекуваните резултати, така што во долната зона е откриен ѕид со аголна форма, веројатно од отворена просторија (можен перистил) и под од правоаголни камени плочи и базиси од столбови поставени врз низок стилобат (Г8).[265] Овој слој истовремено се поврзува со Објектот Д - фаза I, откриен во централниот брод, каде биле пронајдени основи и цоклиња од обработени камени плочи. На остатоците од ѕидовите имало фрагменти од фрески, меѓу кои е познатиот детаљ со престава на патка, со позадина во помпеанска црвена боја.[266]

2. Објект Д - фаза II

Врз основа на постоечките податоци од претходните истражувања, поновите беа насочени кон централниот и северниот дел од наосот (Г7). Поставени се две сонди со димензии (3.0 х 2.60 м и 3.30 х 2.60 м), пред с□ заради проверка на постоењето постари културни слоеви (Г14). Стратиграфијата на обете сонди, ги потврди претпоставките на претходните истражувачи. Така, во сонда 2, која беше поставена во централниот дел на наосот е откриен ѕид од постар објект,

[265] М. Шурбановска, Г. Санев, А. Јакимовски, МАА 18, 271 - 282, 2008.
[266] Ѓ. Мано - Зиси, 225 - 227, 1973.

со должина од 2.60 м кој содржи развлечен плитар измешан со сива земја кој припаѓа на слој 1.[267] Ѕидот од плитар бил премачкан со малтер и декориран со сликање.

3. Објект Ц - фаза III

Според дадените анализи длабочината од 1.60 м од првиот слој, одговара со длабочината на нивото на објектот Ц (Г7). Ваквата констатација се потврдува преку пронајдените остатоци во централниот брод и подот во апсидата, кои со сигурност можат да се датираат во II - III век н. е.

4. Објект (Базилика) Б - фаза IV

Се работи за еднокорабен апсидален објект откриен на длабочина од 1 м, во северозападниот дел на базиликата А. Базиликата Б и нејзината поранешна структура била тешко оштетена со поставување на темелите на базиликата А. Ѕидовите се со дебелина од 0.60 м, градени од приделкан камен во скоро хоризонтален слог. Базиликата Б има ориентација нешто поинаква од базиликата А (Г2). Средишниот дел на Базиликата Б (апсидалниот дел) е пресечен со западниот дел на северниот стилобатен ѕид од базиликата А. Кон базиликата Б припаѓа и ѕидот со правец исток-запад, кој од северната страна го затвора овој објект (Г7). Токму на тоа место се наоѓа и еден влез во овој објект, додека главниот влез е нешто понасредина, токму каде што прилепениот ѕид налегнува на него со ориентација спрема запад. Според анализите на опусот од ѕидаријата и движниот археолошки материјал овој објект најверојатно бил подигнат некаде на почетокот на IV век.[268] Подното ниво е откриено на истата длабочина од површината како објектот од фаза Б, при што и висински одговара со нивото на неговата структурата.[269]

---

[267] М. Шурбановска, Г. Санев, А. Јакимовски, МАА 18, 271 - 282, 2008.
[268] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12, 2005.
[269] М. Шурбановска, Г. Санев, А. Јакимовски, МАА 18, 271 - 282, 2008.

5. Објект АII - фаза V

Во рамки на фазата АII, во западниот дел на комплексот се наоѓаат архитектонски остатоци кои можат да припаѓаат на Базиликата АI (Г7). Во оваа фаза ѕидовите се градени од грубо кршен камен со едно мазно лице и со делумна употреба на тегули и имбрекси, во врзиво од кал.[270] Употребен е различен слог на ѕидање - хоризонтален до закосен, со употреба на сполии од други објекти. Ова упатува на класична диспозиција со нартекс и егзонартекс, пласирана од западната страна на градбата каде што истата, по целата должина на нејзиното западно ѕидно платно, е во директна комуникација со улицата Via Principalis Inferior. Можеме да констатираме дека подното ниво на Базиликата АI, можеби се наоѓало на 1.50 м подлабоко од сегашното ниво на комуникацијата западно од објектот.[271]

- Западен дел

Според претходните сознанија за урбаниот хоризонт на објектот, истражувањата се извршија и на просторот кој го зафаќа втората градежна фаза (АII). Тоа се просториите во западниот дел од објектот: просторија I, просторија II и просторија XIV (Г14). Ваквиот метод на доистражување се примени заради утврдување на градежните фази под фундаментите на постоечките ѕидови, градени во градежна техника на камен со кал. Длабочината на откопот е 1.30 м, соодветна со нивото на откопот во централниорт брод.[272]

- Источен дел

Извршени се ископи на источната страна од објектот во длабочина од 0.30 до 0.40 м, во должина од 4.50 м и широчина од 5.00 м, северно и јужно од апсидата, со цел да се доистражи и поцелосно да се дефинира ситуацијата во просториите IX и X (Г14).

---

[270] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12, 2005.
[271] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12, 2005.
[272] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12,2005.

- Северен дел

Со преземените активности во овој дел и претходно извршениот откоп на просторот од северниот периметрален sид е завршена нивелацијата на теренот. Откопот бил во длабочина од 0.30 до 0.50 м, додека неговата должина изнесувала 18 м, со зафат во широчина од 5.00 до 8.00 м. Врз овој откоп, бил поставен првиот слој чакал, додека во вториот слој е поставен ситнозрнест песок.[273]

- Јужен дел

Во овој дел било продолжено со веќе претходно започнатите работи, т.е. со ископ во длабочина од 0.40 м кој се протегал по должина на јужниот периметрален sид долг 24.00 м и широк 1.20 м, со тенденција за проширување кон југ, т.е. кон периметралниот sид на Синагога базиликата, во широчина од 5.00 м. Вака поставениот метод на работење бил со цел да се додефинираат просториите индицирани со новооткриените sидови $AIII_9$, $AIII_{10}$, $AIII_{11}$ и $AIII_{12}$ (Г14).

6. Објект AI - фаза VI

Базиликата AI има две градежни наменски фази. На фазата AI, во доцноантичкиот урбан хоризонт на просторот од Цивилната Базилика, би припаѓале сите периметрални sидови на коработ, апсидата, северниот и јужниот стилобатен sид (Г7).[274]

- Централен брод

Извршен е откоп во длабочина од 0.20 до 0.30 м во апсидалниот и предапсидалниот простор, со должина од 12.00 и ширина од 7.00 м заради откривање на sидните платна на двата стилобатни sида нумерирани како AI_5 и AI_6 (Г14).[275] Предвидените конзерваторски доистражувања во овој дел од базиликата ги дадоа посакуваните цели т.е. ги дефинираа градежните фази и интервенции како и начинот на комуникација со северниот и јужниот брод.

---

[273] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12,2005.
[274] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 2005, 9 - 12.
[275] М. Ивановски, бр. 07 - 166, 2004.

Во југозападниот дел на централниот брод е утврдено постоење на подно ниво, а исто така е идентификуван и видот на подниот опус изработен од делкани камени плочи (Г8).

Заради појавата на повеќе културни слоеви и градежни фази, археолошките доистражувања биле продолжени на начин при кој е применет систем на откопи во длабочина од 0.40 до 0.60 м, со должина од 5.00 м и широчина од 2.00 м. Фокусот на овие доистражувачки активности бил насочен во југозападниот агол на наосот, истовремено следејќи ја должината на западниот ѕид AI_4, со посебен акцент на неговиот јужен дел (Г14).[276] Тука ѕидот бил сочуван само во темелните партии. Заради дефинирање и решавање на проблемот со западните влезни партии на објектот, дополнително бил отворен ров од внатрешноста на ѕидното платно, кој бил поставен на источната страна, а се движел во должина од 8.50 м со ширина на откоп од 0.40 м и длабочина 0.50 м). Од надворешната страна на истиот ѕид (AI_4), заради решавање на ваквата позиција, била поставена и отворена сонда означена како Со. 1. Сепак, и покрај овие истражувања, не се добиени позитивни резултати за начинот на комуникација меѓу централниот и јужниот кораб со нартексот, пред с□ заради малиот обем на зачуваност на ѕидните остатоци во темелните зони.

- Северен брод

Во северниот брод е извршен откоп во длабочина од 0.20 до 0.30 м, на целата негова површина (должина 17.00 м и широчина 7.00 м). Ваквиот пристап на доистражување во овој дел на објектот, е пред с□ применет заради нивелација на теренот и постоење на подното ниво, сразмерно со котата на истраженост во јужниот брод, каде е утврден дел од подна подлога од малтер зачуван in situ, со отпечатоци од подни плочи од печена тула.[277]

Поновите археолошки истражувања извршени во 2001, 2004 и 2005 год. само ги потврдија, и во некои делови расветлија, направените анализи од претходните истражувачи. Извршено е каскадно истражување (трасирање), почнувајќи со нивото на улицата Via Principalis Inferior, а завршувајќи со

[276] М. Ивановски, бр. 07 - 166/5, 2004.
[277] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12, 2005.

најниската точка кај апсидата.[278] При тоа се покажа дека некои од ѕидовите во наосот и северниот кораб биле дополнително додадени на постарата градба. Ѕидните партии од темелот биле сочувани, а поголемиот дел од архитектонската пластика на постариот објект била повторно употребувана како градежен материјал (Г9: а, б). Откако објектот бил целосно разурнат, истиот материјал ќе биде дислоциран од местото каде што се наоѓал. Преку извршените опсервации, може да се согледа разликата во ѕидањето меѓу источните и западните делови на Цивилна Базилика.[279] Во западните делови, каде се откриени бројни мали простории, ѕидовите се градени во градежна техника од камен и кал, додека во источните - во градежна техника на варов малтер и делкан камен со повремено користење на тулата како либажен слој (Г10). Во завршните согледувања, ќе се ограничиме на помладите остатоци, кои временски одговараат на периодот од доцноримското градежништво, т.е. на објектите работно насловени како објекти од фаза А и Б.

6. Резултати од сондажни истражувања

- Сонда 2

Поставена е во централниот дел на наосот. На длабочина од 1.20 м се појавија остатоци ѕидна партија, со правец на движење кон јужниот перимeтрален ѕид.. Остатоците на оваа ѕидна партија се со дебелина од 0.60 м., зачувани во темелот. Ѕидот е изработен од приделкан камен во комбинација со варов малтер во речиси хоризонтален слог[280] (Г11). Во оваа сонда други остатоци од градежен материјал не се пронајдени.

- Сонда 3

Поставена е паралелно покрај северниот перимeтрален ѕид, од неговата јужна страна, во насока кон источниот перимeтрален ѕид. На длабочина од 2.60 м се појавија остатоци на северниот ѕид од една просторија. На страничниот ѕид, во правец и-з, е сочувано само неговото високо цокле, со структура од камена

[278] М. Шурбановска, Г. Санев, А. Јакимовски, МАА 18, 271 - 282, 2008.
[279] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12, 2006.
[280] М. ивановски, 2008, 110 - 112.

основа, над кои биле тули малтерисани со мешавина од глина. Во сондата биле откриени фрг. од штуко - панели, како делови од ортостатни плочи со профилирани рамки. Во овој слој била појавена површина со остатоци од фрески, помпејанско обоени со црвена боја, каде се насетуваат флорални мотиви (Г12). Откриени се и плочи, кои можеби припаѓале на подот од просторијата. Неколкуте плочи биле поставени врз слој од црвен варов малтер. Врз основа на на овие наоди, како и откриената керамика, овој хоризонт може да се датира меѓу II век пред н.е. и I век н.е. Под подот на оваа просторија, на ∇3 е откриен ѕид во должина од 1.00 м широк 0.5 м (Г13). Граден е од тули од керпич со различни димензии 0.37 х 0.25 х 0.10 м; 0.55 х 0.33 х 0.09 м и 0.51 х 0.31 х 0.09 м. Тулите се изработени од црвеникава глина со присуство на влакна од животинско потекло и ситно дробена слама. Временската припадност на овој ѕид е III - II век пред н.е., што воедно е и најстар дел од објектот на просторот на Цивилната базилика. Деловите од фреските и фрагментите од штуко-панелите се собрани во баскет 1 од 2005 год., а керпич - тулите - во баскет 2.

- Сонда 4

Поставена е северно од надворешната страна од апсидата на Цивилната базилика. Сондата ја формираат следните ѕидови: на исток АIII - 5, на север АIII - 4, на запад АI - 1, на југ со дел од апсидата АI - 1. Овие ѕидови всушност ја формираат просторијата 1, со димензии 4.50 х 3.00 м. На 0.60 м се појавија камени плочи за под кои се со правец на протегање север-исток. За одбележување е откритието на една пешачка патека со правец на протегање исток-запад. Се следи преку целата сонда, протегајќи се на запад под темелот на Цивилната базилика (источен периметрален ѕид АI - 1) и се надоврзува на конструкцијата откриена во северниот кораб при археолошките истражувања од 2001 год. (Г14). Патеката е изградена од добро изделкани плочи од зелен песочник, а е откриена во должина од 2.00 м, ширина 0.90 м., и длабочина од 0.15 м. Од двете нејзини страни биле поставени долги вертикални плочи високи 0.20 м, а во внатрешноста

- хоризонтални плочи. Оваа патека припаѓа на градбата датирана од II век пред н.е. до I век н.е., а истата продолжува во правец кон сонда 5.[281]

- Сонда 5

Поставена е на источната страна од сонда 4. Сондата ја формираат следните ѕидови: на исток АIII - 5, а на север АIII - 6. Во сондата бил извршен само еден откоп при што по цела нејзина должина, во правец север - југ се откриени два ѕида слепени еден до друг (Г14). Сондата не е доистражена, пред с□ поради од временската ограниченост на истражувачката кампања.

7. Новооткриени простории

- Просторија бр. 5

Се наоѓа западно од Цивилната базилика, на јужниот дел, а на запад граничи со Via Principalis Inferior. Има правоаголна форма, при што ја формираат следните ѕидови: на исток АII - 10, на запад АII - 2, на север дел од АII - 12 и на југ АII - 11 (Г14). На нејзиниот западен дел се наоѓаат камени плочи поставени во правец север-југ, кои влегуваат под ѕидот АII - 2. Овие плочи се откриени со истражувањата во 1955-57 год.[282] На северниот дел биле расчистени делови од разрушениот ѕид АII - 2. Плочите продолжуваат на север и завршуваат на 1.50 м пред јужниот ѕид на просторија 6 (ѕид АII - 13). Тука на длабочина од 1.85 м е откопан малтерен под во кој е откриен канал, граден од тули, во форма на буквата „S“, кој се протега во правец север-југ, а излегува под ѕидот АII - 2. Овој слој, заедно со каналот, се датира во II - III век н.е.

- Просторија бр. 6

Се наоѓа на запад од базиликата АI и северно од просторија бр. 5. Широка е 1.50 м, а долга 2.20 м. Ја формираат следните ѕидови: на исток АII - 13, на запад АII - 2, на север АII - 14 и на југ АII - 13. На истата длабочина од 1.85 м е дојдено до подот од малтер. Заради дефинирање на ситуацијата, на овој дел е отстранет

[281] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12, 2005.
[282] Ѓ. Мано - Зиси, 225 - 227, 1973.

ѕидот АII - 13 кој всушност е накнадно ѕидан како преграден, и долепен на ѕидовите АII - 15 и АII - 2 (Г14). И оваа просторија, т.е. остатоците од подот од малтер, се датирани во II - III век н.е.

- Просторија бр. 7

Се надоврзува на просторија бр. 6, од нејзината северна страна, со димензии 3.00 х 2.00 м, при што ја обликуваат следните ѕидови: на исток АII - 15, на запад АII - 2 и на југ АII - 14 (Г14). На длабочина од 1.90 м е откриен под и две скалила на с/и агол кај ѕидот АII - 15.[283] И на оваа позиција имаме случај на отстранување на ѕидна партија (ѕид АII - 14), заради разрешување на позициите на објектите од фазата А и Б. Ваквата состојба може да се објасни при анализата на архитектурата на објектите А и Б.

- Просторија бр. 8

Се надоврзува на просторија бр. 7, од нејзината источна страна, со димензии 3.00 х 4.20 м, при што ја обликуваат следите ѕидови: на исток АI - 4 (западен периметрален ѕид на базиликата АI), на запад АII - 15, на север АII - 1, на југ ѕидот АII - 16. Заради целосно дефинирање на фазите А и Б отстранети се ѕидовите АII - 1 и АII-16. Ѕидот АII - 1 на исток е прилепен на ѕидот АI - 4, а на запад до ѕидот АII - 2 (Г14). Со отстранување на овие два ѕида е оформен едноапсидалниот објект од фаза Б.

- Просторија бр. 1

Всушност се поклопува со Сонда 4, така што сите потребни согледувања се веќе дадени претходно.

- Просторија бр. 14

Претставува клучна просторија за разрешување на оваа сложена архитектонска ситуација. Ја сочинуваат следниве ѕидови: на исток А - I4, на запад АII - 2 и АII - 10, на север АII - 16, а на југ обрушениот ѕид во остатоци бр. АIII -

[283] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12, 2005.

13 (Г14). Во текот на 2014 год. е истражена скоро ¼ од просторијата, со поставување на долга сонда во јужниот дел, покрај западниот перимеtрален ѕид на Цивилната базилика (А - I4), од неговата надворешна страна, со димензии 7.00 х 2.00 м. Просторијата е долга 9.00 м, а широка 4.00 до 4.85 м. За да се дојде до нивото на плочата копано е до ▽ 139.38. Во с/и дел на просторијата е откриена поголема површина со фрески, работена на малтер со флорална и геометриска декорација. Основата на фреската е во црвена боја. Откриени се и фрагменти од штуко.[284] Меѓу ѕидовите АII - 12 и АII - 13 е откриена голема површина на опожарување. Овој слој на масовно опожарување и рушење потекнува од изгорената кровна конструкција. Тука е откриена погруба керамика декорирана со брановидни линии, фрагменти од фреско и штуко, сад од камен оникс, као и монети од V век н.е.[285] Според направените анализи, причината за уништување на ова градба бил земјотресот од 518 год.

III. ПРОПОРЦИСКА АНАЛИЗА НА ОСНОВАТА НА БАЗИЛИКАТА

При изготвувањето на архитектонските содржини на базиликалните градби, пристапот на проектирање на старите мајстори (dispositio operis), во повеќето случаеви е застапуван со принципот при кој на прво место се обликувал главниот дел на проектот, т.е. централниот кораб. Наосот е одредуван во еден правоаголен облик, кој истовремено има улога да доминира во општата композиција и со чиј натамошен развој се добиваат останатите делови од објектот, зависни од една почетна идеја. Прва определена димензија на градбата е ширината на кораб от. На прв поглед е јасно дека објект кој може да одреди една така едноставна четириаголна површина може да биде само правоаголник. Таквите геометриски форми поседуваат и својство на многу едноставно внатрешно делење кое одговара на внатрешната поделба на кораб от каде се наоѓаат колонади и преградувања, кои секогаш се паралелни со врамените ѕидови. Поаѓајќи од дадената широчина и оборувајќи ја на подолжната страна на прв поглед се добива квадрат, кој исто така како прв оформен четириаголник го одредува кораб от на базиликата.

---

[284] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12, 2005.
[285] В. Лилчиќ, 76 - 77, 1996.

Според пропорцискиот начин на пресметување се претпоставува дека имало 4 пара столбови со по 2 пара пиластри на краевите (види шема - Прилог 3). Јужниот стилобатен ѕид е зачуван во должина од 9.40 м и ширина од 0.80 м, додека северниот (зачуван во целост) е откриен по целата негова автентична должина која изнесува 17.15 м и широчина од 0.80 м. Централниот кораб, широк 7.10 м бил значително попростран од страничните, така што пропорцискиот сооднос изнесува 1:2:1 (види шема - Прилог 1). Широчината на централниот кораб речиси во потполност соотвествува на широчината на полукружната апсида, со пречник околу 5.70 м.[286] Видливи се површините на источниот ѕид на нејзините две страни, кај кои не се откриени никакви дополнителни градежни интервенции во смисла на влезни отвори кон страничните кораби.

Интересно е дека честата употреба на квадратот во кораб от, всушност е една од наједноставните геометриски форми.[287]

Шема прилог 1. Мерките на Цивилната базилика (апсида, кораб, нартекс и егзонартекс) - претставува правоаголник BCGH (2:1), со што за неговата должина е земена двојна широчина. Основата, према тоа има до надворешните ѕидови впишан двоен квадрат, или правоаголник што е блиску до $\sqrt{4}$. Целата внатрешна поделба е добиена со пресекување на диагонали на два основни квадрати.[288]

Кораб и апсида - правоаголник ADCB - 10:7, е впишан до надворешните лица на ѕидовите, со подолги страни AB = CD (дијагонала на кораб от).

Кораб и нартекс - правоаголник EFBC - корен 3:1, со подолга страна BE = BD, (дијагонала на кораб от). Широчина на кораб от DF = CF - DC.

Однос на кораб от 1: 2 : 1 се одредува со пресеци на дијагоналата CE на неа линии под прав агол од аглите B и F.

Апсида - полупречник до темето на надворешниот лак е еднаков на половината на чистата широчина на средниот кораб.

Стопа - 31.5 см.

---

[286] М. Шурбановска, Г. Санев, А. Јакимовски, МАА 18, 271 - 282, 2008.
[287] N. Spremo Petrović, 457, 1972.


Основен модул = 2.5 стопи = 78.75 см, одговара на дебелината на ѕидовите од 0.75 до 0. 85 см.

Проектен модул = 4 основни модули.

Наос - правоаголник 10 : 7 рационално го изразува правоаголник корен 2:1 од шемата - прилог 1.

Наос и нартекс - правоаголник 12 : 7 рационално го изразува правоаголникот корен 3 : 1 од шемата - прилог 1 (Г15).

Геометриска слика



Површина	Наос и апсида	Наос,нартекс, апсида	Цел објект
Ирационален однос acb	1.414	1.732	2
Рационален однос acb	10:7 1.428	12:7 1.714	2:1
acb во модули	28:20	35:20	40:27
acb во стопи	70:50	86:50	100:68
acb во метри	22.05:15.75 1.400	27.09:15.75 1.720	31.50:21.42 1.470

Во **шема - прилог 2**, е претставена модуларната мрежа, и како е дојдено до основниот модул, кој изнесува 78.75 см, што одговара на дебелината на ѕидовите од Цивилната базилика (Г16).[289]

Во **шема - прилог 3**, дадена е претпоставка колку и каде би стоеле столбовите на стилобатните ѕидови. Местата за столбовите, врз основа на геометриска конструкција, се распоредувани според модуларна мрежа. Стилобатите меѓу корабите на Цивилната базилика носеле столбови на бази. Се претпоставува дека колонадите се состоеле од по 4 пара столбови со по 2 пара пиластри на краевите. Столбовите, по се изгледа, биле помасивни и носеле големи украсни капители. Според модуларната мрежа, осовинското растојание меѓу базите е 3,95 м, што изнесува 5 модули (Г17).[290]

Шема - прилог 4 се однесува на решавањето на апсидата, иако, како посебен елемент, таа не е решавана посебно туку во состав на средишниот кораб или со корпусот на градбата (Г18). Со дијагоналата на коработ се формира правоаголник ABCD кој ја опфаќа и апсидата, со тоа што страната СВ е корен од 4 - корен од 3.[291] Точката Е, најистурена точка на надворешната страна од апсидата, е местото кадешто се сечат двата лака. Од тоа произлегува дека на јужната страна, во источниот дел ѕидот отстапува за $_{cca}$ 0.40 м.[292]

Ѕидовите на Базиликата А, биле солидно градени од кршен приделкан камен сложен во неправилни редови со употреба на варов малтер со компактна структура. Обложени биле со фрески и штуко-декорација, на што укажуваат откриените фрагменти.[293] Со подобра обработка се аголните камени блокови на аголните партии од ѕидовите, каде што бил употребен плочест камен и сполии, кои се вадени од постарите објекти. Кај градежниот материјал од слојот на

---

[289] М. Ивановски, бр. 07-111/2, 2005.

[290] N. Spremo Petrović, 457, 1972.

[291] Дадените шеми и прилози кои се прикажани во текстот, се прецизно обработени од страна на дел од стручниот тим на НКЦ (составен од археолози и архитекти), кои го промовираа овој метод на работење во нашата држава, истовремено користејќи ги упатствата од авторот на N. Spremo Petrović, објавен во делото: „Proporciski odnosi u basilikama ilirske prefecture, Beograd, 1971 god".

[292] М. Ивановски, бр.07-111/2, 9-12, 2005.

[293] Ѓ. Мано-Зиси, 225-227, 1973.

уривање, и подоцна досиданите простории и анекси, се забележани добро обработени камења и делови од архитектонска пластика.[294]

Дебелината на ѕидовите во сите делови на базиликата се прилично изедначени и се движат околу 0.80 м. Темелите на основниот корпус на градбата се со иста дебелина како и површинските ѕидови, со мали исклучоци на некои места, но, според начинот на ѕидање, тие битно не се разликуваат. Исклучок прави источниот периметрален ѕид со апсидата, чиј што темелен дел е за околу 0.50 м проширен од надворешната страна, така што неговата вкупна дебелина изнесува 1.30 м (Г19). Оваа необична појава може да се објасни од аспект на зацврстување на темелната партија поради нестабилноста на теренот.[295] Слична појава е воочена и кај други рановизантиски објекти, каде се јавува темелно зајакнување на апсидалниот дел, или пак тој во целост има поголема дебелина од останатите ѕидови. Постојат и примери каде ова зајакнување е изведено преку пиластри. Длабочината на темелите, која се чини дека била значителна, може да се следи до 2.80 м во однос на нивото на теренот (Г20).[296]

Во пасидата не се откриени остатоци од синтронос. Единствено во јужниот кораб, покрај јужниот периметрален ѕид, се пронајдени делови од камена клупа која се простирала се до источниот периметрален ѕид. Тоа може да се види и од самата ѕидарија на ѕидот, каде сé уште се гледаат испаднати камења од неговата основна вертикална нивелета.

Фасадните површини на ѕидовите не биле малтерисани, туку фугите-спојниците биле само рамно обработени односно дерсувани. Внатрешните ѕидни површини биле прекриени со слој од варов малтер и исликани со фрески (Г12). Констатирано е дека малтерот е првобитен, т.е. припаѓал на основниот корпус на градбата.

IV. ОБЈАВЕНИ ПУБЛИКАЦИИ

За разлика од останатите објекти во Стоби, за Цивилната базилика немаме доволен број информации, ниту пак доволен број објавени трудови, со кои би ги

[294] Ж. Винчиќ, М. Велчовски, бр. 08 - 3515, 21 - 22, 1994.
[295] Ж. Винчиќ, М. Велчовски, бр. 08 - 3515, 21 - 22, 1994.
[296] Ж. Винчиќ, М. Велчовски, бр. 08 - 3515, 21 - 22, 1994.

потврдиле или дополниле извршените анализи од претходните истражувања. Д. Герасимовска дава подетален опис на градбата, при што посебен акцент става на градежните материјали. Исто така, целосно ги детерминира урбаните фази, и тоа во делот на основите на градбите со приближно иста ориентација, но, не и со иста големина. Објектот го датира во II т.е. раниот III век н.е. и истовремено ги потврдува анализите на претходните истражувачи кои укажуваат дека истиот лежи врз постара градба од I век н.е. Во натамошниот дел од текстот авторот, врз основа на добиените резултати од археолошките ископувања и извршените анализи од нив, констатира дека од овој објект се откриени остатоци од западниот дел со една негова просторија.[297]

В. Лилчиќ, во своето дело, дава податоци за градежните карактеристики и начинот на градење на градбите со базиликален концепт во Стоби, но, истовремено и за нивната малтерна техника. Сепак, во делот на опусот на ѕидање не дава прецизни податоци за овој објект.[298]

Според него, подните нивоа на базиликите, во јужниот кораб, нартексот, како и јужниот и северниот анекс на атриумот и крстилницата, биле поплочени со тула. Според овие анализи, може да се претпостави дека градежните работи на Цивилната базилика од AI фаза, се изведени во времето на подигањето на Северната базиликата (доцен V - ран VI век н.е.) и истите се карактеризираат со слаб квалитет на техничка изработка но, истовремено се цврсто печени, во стилот на клинкер-тулата. Тулите се поставени врз подната подлога, ортогонално, при што се се украсувани со груби брановидни линии, направени со прсти, како и кај останатите градби со базиликален концепт. Авторот дава податоци и за просечните димензии на тулите кои изнесуваат 0.435 x 0.295 x 0.35 м. Подот на крстилницата, за разлика од останатите делови на базиликата, бил изработен од тули со различни димензии (0.72 x 0.72 x 0.045 м; 0.60 x 0.51 x 0.03 м) коишто, според формата и начинот на изработка, веројатно се извадени од некоја постара градба.[299]

---

[297] Д. Герасимовска, 37 - 38, 1996.

[298] Во понатамошниот текст е прецизиран опусот на градежната техника.

[299] В. Лилчиќ, 1996, , 76 - 77.

Во 2000-та год., И. Микулчиќ ги потврдува добиените резултати од претходните истражувачи, но, сепак со една резерва во детерминирањето на градежните фази. Според него откопаниот дел е недоволен за да може прецизно да се зборува за планот и карактерот на градбата но, сепак, врз основа на градежните материјали пронајдени in situ, го нагласува квалитетот на градбата.[300]

IV. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗИ ОД КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

1. Северен перимедрален ѕид

При реализацијата на археолошко-конзерваторските истражувања е откриен влезот на северниот перимедрален ѕид (кон запад), широк 0.90 м, со остатоци од каменен праг поставен за околу 1.05 м над нивото на теренот околу базилката (Г21). Од ова може да се констатира дека теренот пред базиликата бил повисок, и сигурно бил на исто ниво со прагот на овој влез.[301]

2. Јужен перимедрален ѕид

Јужниот перимедрален ѕид на Цивилната Базилика не е органски поврзан со источниот апсидален ѕид, туку е прилепен до него. Можеби во овој дел била дозидана помала капела со правоаголна форма. На теренот, во тој дел, се гледаат остатоци од некоја градба. Можеби оваа дилатација укажува на подоцнежно дозидување, веројатно од времето на јужниот кораб кога во овој помал објект се влегувало низ врата. Дилатацијата помеѓу основниот корпус на градбата и бочната просторија можела да биде од статичка природа. Ваквите анализи се темелат врз основа на тоа што, во фазата на градење, тлото било нестабилно, па од тој аспект било логично да се очекува нерамномерно слегнување на ѕидовите.[302] Со градежно издвојување се одбегнувало пукањето на ѕидната маса, на спојот на јужниот перимедрален ѕид со источниот ѕид од апсидата. Оваа констатација треба сериозно да се земе во предвид, бидејќи на сите страни околу базиликата се откриени траги од подоцнежни президани простории - анекси. Ова

[300] И. Микулчиќ,, 2000, 88.
[301] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12, 2005.
[302] Ж. Винчиќ, М. Велчовски, бр. 08 - 3515, 21 - 22, 1994.

се должи на тоа што во времето на последната фаза на Базиликата AII (Г7) Цивилната Базилика била користена како простор за живеење, дури можеби служела и како Xenodochion или valetudinarium (лекувалиште - болница).[303] Во прилог на ова одат и некои наоди, како што е садот од оникс (наменет за дробење и мешање на лековити прашоци или масти). Со оглед на тоа што во непосредна близина се наоѓаат цркви, но и врз основа на тоа што комплексот наликува на место за одмарање и келии, може да се претпостави дека оние што престојувале тука, биле свештени лица или монаси.[304]

3. Состојба на зачуваност на објектот

Според извршените опсервации, врз основа на поновите истражувања, објектот е затекнат во состојба како да е повторно затрупан со шут, а истовремено обраснат со плевел и трева. Sидните партии од најмладата фаза на сакралниот објект, кои биле градени во техника на камен со варов малтер, а истовремено откриени со поновите истражувања, биле пронајдени во дерутирана состојба по целата нивна површина. Од приложената техничка, и особено од изготвената фото-документација е видлива лошата состојба на sидните површини на објектот. Ваквата состојба е потврдена со поднесениот извештај на стручната екипа од РЗЗСК, при изготвувањето на опертаивната програма каде, во описот за состојбата на објектот, се укажува дека градбата е максимално оштетена.[305] Според резултатите од извршените хемиски анализи на употребениот градежен материјал, укажано е дека истиот е со слаб квалитет.[306] Тука пред сè, се мисли на каменот, а потоа и на употребеното врзиво.

Кога станува збор за архитектонската деструкција, треба да се укаже на последиците од можен тектонски потрес, чии траги се евидентирани на источниот дел, кај апсидата од последната фаза на базиликата AI. Исто така, големо оштетување од ваков карактер имаме и на западниот sид, што, секако, може да се земе и како елемент за издвојување на двете фази на базиликата. За разлика од

---

[303] Ѓ. Мано-Зиси, 225 - 227, 1973.
[304] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12, 2005.
[305] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12, 2005.
[306] М. Велчовски, Л. Чуковска, бр. 07 - 166/47, 2004.

sидовите градени во техника на камен со варов малтер, процентот на дерутираност кај sидните површини градени од камен и кал, е застапен во многу поголема мерка, особено кај банкините и кај sидовите коишто ги затвораат интерколумниите (Г22).

Последните конзерваторски интервенции го стабилизираа процесот на деструкција, и овозможија овие sидни површини да бидат во позиција на добра конзерваторска кондиција. Факт е дека објектот е оптеретен со sидови од постурбаниот период, кои истовремено го наарушуваат неговиот идентитет како градба. Денес тие се наоѓаат во една незавидна позиција, пред с□, од аспект на нерешениот статус околу прашањето дали тие треба да се третираат конзерваторски или не. Ваквата состојба ја оневозможува финалната конзервација, а исто така го загрозува и останатиот дел на објектот, кој е со поголема архитектонска вредност и припаѓа на протогената фаза.

V. ОПЕРАТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА

Во 1988 год., од страна на РЗЗСК е изготвен е елаборат за конзервација на Цивилна Базилика, како еден од најзагрозените објекти во Стоби.[307] Врз основа на ваквата состојба на објектот се извршени превентивни конзерваорски интервенции.

Според податоците од овој елаборат, градежните урбани фази се одредени хронолошки според движниот археолошки материјал и тоа: керамиката, остатоците од штукатура, фрагментите од фрески, фрагментите од мермерни столбови и останатите археолошки и архитектонски артефакти, констатирани и евидентирани со претходните истражувања.[308]

Архитектонските остатоци од најстарата градежна фаза хронолошки се врзуваат за најраните фази на антиката, почнувајќи од архајскиот, класичниот и хеленистичкиот период (објект „Д“ фаза I и II), римскиот период (објект „Ц“), низ целиот IV век (објект „Б“), и развиениот V век на кој припаѓа доцноантичкиот

[307] Ж. Винчиќ, бр. 07 - 30/3, 1998.
[308] Ѓ. Мано-Зиси, 225 - 227, 1973.

или последниот рановизантиски градежен хоризонт (објект „А“ фаза I и II), чии архитектонски остатоци се најсочувани и денес видливи на теренот (Г23).[309]

Анализите од изведените археолошко-конзерваторски истражувања, овозможија да се изработи оперативна програма, која ги даде потребните инструкции и активности за изработка на Проектот за конзерваторско - реставраторски интервенции. Во таа смисла, оперативната програма, како активност на предконзерваторските зафати, ги содржеше основните насоки и позиции на подготвителните работи, неопходни во процесот на изготвување на главниот проект.[310] Подготвителните работи, давањето технички опис на објектот и пред се продолжувањето на археолошко - конзерваторските истражувања, имаа за цел јасно дефинирање на двете градежни фази од базиликата AI и AII, со нивните дополнителни анекси и преградувања, формулирани како подфази. Со дополнителната опсервација на подоцнежните градежни интервенции, се констатира измената на употребната функција на објектот од црква во болница. За да се потврдат претходно добиените резултати, се пристапи кон подготвителни работи кои како содржина ги имаа активностите претствени во наредните поглавја.

1. Подготвителни работи

Во рамките на подготвителните работи, беа преземени активности на позициите од објектот кои беа предвидени за конзерваторски третман: апсида, централен, јужен и северен брод, пропратни простории во западниот дел, кои претставуваат негова недвоива целина.

- За отпочнување на предвидените активности се земени општи податоци и документација од претходно извршените археолошки ископувања и истражувања.

- Дополнително е изготвена архитектонска документација на постоечката состојба.

- Изготвена е фотодокументација на постоечката состојба.

- Земени се примероци од малтер за физичко - хемиски анализи.

---

[309] Ж. Винчиќ, бр. 07 - 30/3, 1998.

[310] Ж. Винчиќ, М. Велчовски, бр. 07 - 52/1, 30 - 32, 1996.

- Во процесот на подготвителните работи се преземени дополнителни археолошко-конзерваторски истражувања, со цел утврдување на висинската кота на подовите и прагот од влезната партија.

- Извршени се целосни анализи на деловите од објектот кои биле оштетени или потполно уништени.

- Дополнителните истражувања допринеле да се констатираат претпоставените остатоци од ѕидовите кои биле уништени скоро до темелите.

- Направена е целосна анализа во делот на идентификација на хронолошките и градежните фази со цел одредување на најдобриот конзерваторски третман во делот на неговата презентација.

- На зачуваните ѕидни платна од двете фази на објектот кои се наоѓале во деградирана состојба извршена е санација, чистење, пломбирање и фугирање на постоечките ѕидни површини.

- Извршена е целосна ревизија на подните нивоа и видот на соодветниот опус на сите подни површини во деловите каде за тоа постоела можност за идентификација;

Во согласност со поставените цели и задачи во оперативната програма, а со цел заокружување на научните сознанија врз претходно јасно дефинирани ситуации, продолжено е со натамошни оперативни активности во делот на дооформување на позициите од недоистражените сектори.

2. Технички опис

Во техничкиот опис се дадени интервенциите на масивните ѕидни платна, кои се градени од кршен камен во комбинација со варов малтер, но, ваквата постапка важи и за ѕидните платна од постурбаниот период, Во случај доколку тие имаат своја идентичност и намена, тогаш, истите подразбираат процес кој во себе ги содржи следните активности:

- Демонтирање на дерутираните сектори од круната до ниво каде севкупната ѕидарија покажала консолидирана состојба.

- Двоење на материјалот за повторна употреба.

- Во процесот на припрема за конзерваторските интервенции извршена е подготовка на контакт - површините за оформување на круната на ѕидовите.

- За камените ѕидови коишто биле изработени во малтер од кал, констатирано е дека, при реализација на конзерваторските интервенции, истите треба да бидат изведени претежно со камен од објектот, но, истовремено доколку за останатите површини кои треба да се конзервираат нема доволно материјал, треба да се настојува тој да биде со минимален обем по големина и структура, како што е веќе вградениот.

- Констатирано е дека малтерот од кал треба да биде изработен по рецептура од страна на конзерваторот, со примена на соодветни адитиви и полнители.

- Со извршената анализа на материјалот е констатирано дека ѕидаријата треба да ја задржи структурата од постоечките ѕидови, а при обликувањето на круната, спојниците треба да овозможат исцедување на водениот талог.

VI. КОНЗЕРВАТОРСКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

Во процесот на отпочнување на конзерваторските интервенции задачата се состоеше во доследно почитување на стандардните постапки при работење кои се однапред дадени со соответни упатства и позиции.

Поз. 1. Чистење на ѕидовите од наслагите на земја и шут наталожени на круните на ѕидните платна и одвоз на непотребниот материјал надвор од објектот.

Поз. 2. Демонтирање на дерутираните сектори од круната до ниво каде севкупната ѕидарија покажува консолидирана состојба (Г24).

Поз. 3. Двоење на материјалот за повторна употреба.

Поз. 4. Ставање посебен акцент на ѕидовите од камен со варов малтер каде, во длабочина до 0.05 м, се изврши чистење на фугите со кламфа. Примената на оваа постапка е со цел добивање поквалитетно врзување на новиот со стариот малтер.

Поз. 5. Чистење на фугите на ѕидните површини изработени во градежна техника на малтер од камен и кал, со прецизна издлабеност на фугите со кламфа.

Поз. 6. Подготовка на контакт-површините за оформување на круната на ѕидовите.[311]

---

[311] Ж. Винчиќ, М. Велчовски, бр. 07/ - 52/1, 30 - 32, 1996.

Според планираните активности конзерваторските интервенции се реализирани на просторите од западниот периметрален ѕид AI_4, северниот стилобатен ѕид AI_5 и јужниот периметрален ѕид AI_6. Со преземените активности во овој дел е заокружена првата фаза од конзерваторските интервенции и на тој начин е дефинирана базиликалната физиономија на објектот од првата фаза (AI фаза). На овие површини, изѕидани во градежна техника на камен со варов малтер, е конзерваторски интервенирано со замена на автентичниот материјал во висина од 0.40 м до 1.00 м во правец исток-запад (Г25). Според рецептурата на конзерваторот, како дополнителни додатоци на врзивното средство, се применети соодветни адитиви кои ја подобруваат цврстината и отпорноста на изготвената смеса за конзервација. Соодносот на применетите состојки употребени како врзивно средство при реализација на конзерваторските зафати кај автентичните ѕидни платна, градени во градежна техника на камен со варов малтер, биле со слични малтерни примеси. Поради веќе докажаниот квалитет, при реализацијата на конзерваторските активности била употребена следнава рецептура: продолжен малтер, варово брашно („Усјемал“) 0.5:2:6, песок 0.2 од сепарација, „У врска“ 200 мл, „Хидрофоб“ 300 мл. При обработката и припремата на ѕидните површини за фугирање, е изведено вдлабнување до 0.02 м со помош на специјално изработена метална фугарка. На овие ѕидни површини е употребена водонепропусна смеса, изготвена од продолжен малтер со додаток на бреча и „Хидрофоб“ (3:0.5:1:9, гасена вар, бреча, цемент и песок со гранулација 0.1).[312]

- Западен ѕид AI_4

По целата должина на ѕидното платно од западниот ѕид нумериран под бр. AI_4 (со должина од 14.20 м и широчина од 0.80 м), е извршено чистење и отстранување на горните партии од дерутираните слоеви од камен и варов малтер (еден до два реда, во зависност од степенот на оштетеноста). Овие површини се надѕидни во просек од 0.20 до 0.30 м, што приближно соответствува на височината на зачуваната круна на ѕидот од северната половина на ѕидното

[312] М. Велчовски, забелешки и анализа на примена на малтери, 8, 1996 (завршни согледувања во оперативната програма). Ж. Винчиќ, М. Велчовски, Оперативна програма за арх. лок. Стоби, бр. 07/ - 52/1, 30 - 32, 1996.

платно. На јужната половина од ѕидот со должина од 5.70 м и ширина од 0.80 м, која била зачувана под нивото на праговите од влезните партии, конзерваторски е интервенирано во височина од 0.40 м до 0.80 м, зависно од позицијата и оштетеноста на површината на ѕидот.[313] Надѕидувањето е извршено во согласност со постоечкиот опус, ѕидан во хоризонтален слог со употреба на горе наведената рецептура на конзерваторот.

- Северен и јужен стилобатен (преграден) ѕид AI_5 и AI_6

На северниот и јужниот стилобатен ѕид нумерирани под реден број AI_5 (со должина 17.00 м, висина 1.60 м и ширина 0.80 м) и AI_6 (со должина 12.50 м, висина 0.90 м и ширина 0.80 м) (Г26), се реализирани следниве позиции:

- Дооткривање на ѕидните платна по целата нивна површина.

- Одредување на градежните фази и доградби.

- Решавање на комуникацијата со северниот и јужниот брод.

- Отстранување на горните дерутирани слоеви с□ до партиите зачувани во консолидирана состојба.

- Повторно враќање на разѕиданите камени површини во in situ позиција, и надѕидување на истите во висина од 0.20 до 0.40 м, во согласност со постоечкиот опус на зачуваните ѕидни платна.

- Пломбирање и фугирање е изведено само на ѕидните површини кои биле видно оштетени, при што немало услови и позиции за изведување на целосни конзерваторски зафати.[314]

Во рамките на конзерваторските интервенции, треба да се напомене дека дел од планираните теренски активности не биле завршени пораи недоставените финансиски средства, а се однесуваат на позициите на завршните конзерваторски интервенции на ѕидните платна, нумерирани под следниот редослед:

- Источен апсидален ѕид AI_1 (должина 14.60 м, средна висина 1.50 м, ширина 1.80 м) (Г27: а, б; Г29).

[313] Б. Пејковски, бр.07 - 30/14, 2005.
[314] В. Боцевска, бр. 07 - 166/87, 2004.

- Северен перимеtрален ѕид AI_2 (должина 18.50 м, средна висина 1.80 м и ширина 0.80 м) и јужниот перимеtрален ѕид AI_3 (должина 18.80 м, средна висина 1.30 м, и ширина 0.80 м) (Г28).[315]

VII. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Големиот дел од сознанијата за Цивилната Базилика се добиени за време на трите кратки истражувачки сезони. Темелите на трикорабната базилика со западните компартименти и со бројните внатрешни ѕидови за прв пат биле откриени во 1937 год., а за време на ископувањата во 1955-57 год. се откриени повеќе градежни фази. Поновите археолошки истражувања извршени во 2001, 2004 и 2005 год. само ги потврдија сознанијата на претходните истражувачи, а истовремно допринесоа за утврдување на временскиот распон на објектот и неговите урбани фази. Констатирани се повеќе градби од различен временски период, кои истовремено имаат фази на доградба. Во таа смисла, потребата од овој вид интервенции била со цел да се потврди формата на секој објект во овој дел, како и нивната првична намена. Применетиот теренски метод со каскадно истражување (трасирање), почнувајќи со нивото на Via Principalis Inferior, а завршувајќи на најниската точка кај апсидата, јасно ги дефинира ѕидните партии, нивната форма, правец и поврзаност, како и техниката на градење.

Некои од ѕидовите во наосот и северниот кораб биле дополнително додадени на постарата градба. Ѕидовите биле сочувани во височина на нивниот темел, и голем дел од архитектонскиот материјал кој бил користен повеќе пати, бил отстранет после целосното разурнување на објектот.

На теренот може да се согледа разлика во ѕиданието меѓу источните и западните делови на Цивилната Базилика. Во западните делови во кои се откриени бројни мали простории, ѕидовите биле градени во техника на камен и кал, додека во источните делови се редени во варов малтер со повремено користење на тула.

Реализираните конзерваторски интервенции на објектот, со преземените активности на надѕидување и пломбирање, ја изменија дотогашната визура на

[315] М. Ивановски, бр.07 - 111/2, 9 - 12, 2005.

запуштен објект кој се наоѓа во лоша состојба. Како недовршена позиција од планираните конзерваторските активности останаа да се реализираат активностите во делот на завршните работи, т.е. фугирањето на бочните страни од ѕидните платна, со исклучок на надворешното лице на ѕидот AI_1 и горните површини на сите ѕидови каде овој процес е завршен.[316] Применет бил истиот принцип и метод на работење како и кај останатите градби во Стоби, кои конзерваторски се третираа во тој временски период од страна на стручен тим на РЗЗСК.

[316] Б. Пејковски, бр.07-30/14, 2005.

ШЕСТА ГЛАВА

СИНАГОГА БАЗИЛИКА, СТОБИ

I. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИ

1. Локација на објектот

Синагога базиликата припаѓа на група објекти лоцирани по средните изохипси на теренот на кој е изградено Стоби (Д1). Го зазема северозападниот агол на урбаниот кварт на градот во кој се вршени главните досегашни истражувања и заштитни интервенции. На источната страна, овој објект граничи со меѓупросторот кој води кон Малите терми и истовремено претставува ненагласена комуникација, т.е., пристап од овој правец кон објектот. Југозападниот перимеtрален ѕид на оваа градба по целата своја должина ја сочинува неговата североисточна граница со Палатата на Полихарм. Всушност, тој е прилепен до нејзиниот североисточен перимеtрален ѕид кој, според димензиите на претходниот, во поглед на носивоста на горните партии, бил од второстепена важност. Северозападната фасада се наоѓа во комуникациската оска североисток-југозапад, на речиси иста линија со северозападната фасада на Палатата на Полихарм и Големите терми, како и со фасадата на објектот со недефинирана намена, именуван како Цивилна базилика.

2. Тек на истражување на објектот

Во 1931 год., било отпочнато со археолошките истражувања на овој објект. Работите се организирани од страна на „Народен музеј“ - Белград (тогаш„Музеј Кнеза Павла“), под раководство на Ј. Петровиќ. Овие активности продолжиле со реализација и во наредните години во периодот од 1933 и 1934 год., а со нив повторно раководел истиот истражувач.

Во периодот на повоена Југославија, археолошко-конзерваторските истражувања на објектот ги презема РЗЗСК кој во рамките на својата Годишна програма ги дели овие активности на три фази и тоа во рамките на 1963, 1965 и 1966 год.

Во текот на повоените истражувачки работи, објектот во неколку наврати го има посетено Д. Коцо и тоа во функција на стручен консултант. Во кампањата

водена во текот на 1963 год. со истражувањата раководел В. Лахтов, кустос во музејот во Охрид, Ж. Винчиќ, археолог-конзерватор во РЗЗСК и архитектот Р. Прокиќ. Во кампањата од 1965 год. со археолошко-конзерваторските истражувања раководи Р. Винчиќ и Д. Каневчева, архитект од Охрид. И со последната од трите кампањи во текот на 1966 год. раководел Ж. Винчиќ, а како член во екипата учествувал и архитектот И. Стојковски.

Подоцнежните ископувања биле организирани во рамките на заедничкиот југословенско-американски проект за археолошки истражувања, кои се реализирани во период од неколку археолошки кампањи и тоа на почетокот, средината и крајот на седумдесетите години од минатиот век (1970 - 72, 1974 - 75 и 1977 - 78 год.). Врз основа на овие истражувања, направена е анализа на објектот при што е дојдено до констатација дека се работи за еврејски храм. Археолошките истражувања од 1971 год., кои во однос на претходните се со поголем интензитет, отворија нови хоризонти во поглед на урбаниот развој на градбата. При нивната реализација, во синагогата била пронајдена ранорепубликанска остава на сребрени денари, датирана од 211 до 125 год. пред н. е. Врз основа на овој наод, но и на откриените ѕидни површини во подолните слоеви, поставена е тезата дека на оваа локација постоел некаков објект уште во текот на II век пред н. е.[317]

3. Опис на објектот

Базиликата е со димензии 43.00 x 16.80 м. Внатрешниот простор со периметралните ѕидови е поделен на два дела со приближно иста големина (Д2; Д2а; Д3). Југоисточната половина го претставува наосот на базиликата, која на југоисточниот крај завршува со апсида во широчина од 5.30 м. и должина од 3.00 м. Целиот простор на наосот ја има вообичаената поделба на корабите, која е нагласена со стилобатни ѕидови со што е добиено трикорабно решение (Д4). Пред апсидата се наоѓа голем олтарски простор со димензии 7.50 x 4.30 м.

Во централниот дел се наоѓа нартекс кој комуницира преку три влеза со југоисточниот дел на базиликата. По неговата надолжна страна, широчината на нартексот се поклопува со димензиите на трите кораби (Д5). На северозападната

[317] И. Микулчиќ, 1999, 169 - 170.

страна од нартексот се наоѓа егзонартексот и атриумот, вториот со перистилно решение (Д6).

Врз основа на направената анализа на основата на перистилот од последната фаза на Синагога базилика III, видлива е неговата ориентираност, која во значителен степен отстапува кон североисток, во однос на неговата замислена оска. Всушност, тој не е поставен точно по надолжната оска на градбата, така што, неговата северозападна страна во дадената фаза била поделена во помали простории, кои во делот на комуницирање се со различен однос кон југозападниот коридор на перистилот. Просторија бр. 1, која се наоѓа југозападно од северозападниот коридор на перистилот, преку стилобатниот ѕид кој е на североисточна страна на просторијата, директно комуницира со југозападниот коридор на перистилот.

Североисточниот периметрален ѕид се протега во насока северозапад - југоисток, на чија што западна страна, од спротивната страна на улицата, се наоѓа сè уште недоистражен и заштитарски нетретиран објект „Палата X“.[318]

Северозападниот ѕид на перистилот воедно е и северозападен периметрален ѕид на објектот кадешто, на приближно средишниот дел, се наоѓа главниот влез на градбата со широчина од 1.90 м (Д7). Според концепциската поставеност на објектот (видлива врз основа на изработениот основен план) и деталните анализи, констатирано е дека се работи за базилика од латински тип на што главно упатува атриумот со перистилно решение (Д2).

Остатоците од архитектонска пластика исто така ги потврдуваат претходните констатации дека се работи за објект со базиликална концепција, особено кај тие од последниот хоризонт на Синагога базиликата од III - та урбана фаза (Д43).

Исто така, видливи се и траги од обновувања кои, во неколку наврати, се изведени во доцноантичко време. Овие градежни зафати најмногу се видливи во западниот дел на објектот, особено на ѕидните површини од последната градежна фаза датирани кон крајот на VI век (ѕидни платна градени во техника на камен со кал).

---

[318] М. Велчовски, бр.07 - 1257/3, 2003, (работно именуван од авторот на овој труд како „Палата X“).

4. Досегашни истражувања

Во рамките на ова поглавје ќе ги претставиме резултатите од археолошките истражувања изведени во периодот од пред Втората светска војна, како и резултатите од почетокот и крајот на 70 - те години на XX век.

Со првите истражувања од 1931 год., покрај откопаните ѕидни платна на дел од објектот, во неговиот централен дел биле пронајдени делови од архитектонска пластика, кои припаѓале на постара градба.[319]

Врз основа на анализите од истражувањата и споредбите со аналогни градби од ваков тип, констатирано е дека се работи за верски објект, за кој со сигурност се смета дека служел како синагога.

Археолошките истражувања на овој објект во 1963 год. се отпочнати преку метод на поставување сонди на одредени пунктови што било диктирано од добиените сознанија за архитектонско-историското минато на градбата.[320] Сепак, треба да се укаже дека првично овие повоени истражувања биле замислени како конзерваторски, но, недоистражената состојба на објектот, целосно го променила нивниот карактер. Во таа смисла се извршени подетални анализи на основата на планот, особено на неговиот северозападен дел, при што е констатирано дека североисточната фасада на соседната Полихармосовата палата и југозападната фасада на Синагогата, формираат една архитектонска целина (Д2). Западниот агол на Синагогата, не е поврзан со североисточниот ѕид на Полихармосовата палата, и покрај тоа што во некоја постара фаза, ваквата состојба би можела да резултира со поинакво решение, но, само во должина до 5 м од споменатиот западен агол на југозападната страна, каде што овие два ѕида видливо се раздвојуваат со нагласена вертикална фуга (Д8).[321]

Со продолжување на овие археолошки истражувања во периодот на 70-те години од минатиот век, дојдено е до констатација дека истите треба да бидат проширени во делот опфатен со истражувачките работи.

---

[319] И. Микулчиќ, 1999, 169 - 170; Ж. Винчиќ, 1966, 4.
[320] Ж. Винчиќ, 1966, 4.
[321] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.

Всушност, уште на самиот почеток, со поставување на сондите 1 и 2, се откриени архитектонски остатоци постари од базиликата (Д9).[322] Длабоко под нејзините темели се констатирани остатоците од синагога на чии што sидни платна се видливи подоцнежни интервенции.

Подоцна, истото е потврдено и со истражувањата на источниот агол од Полихармосовата палата.[323] Затекнатата состојба на градбата укажува дека, покрај нејзините постари фази, постојат и sидни платна и преградувања од постурбаниот период, и тоа кај ј/з и с/и стилобатен sид на базиликата, како и кај просториите во ј/з дел на перистилот.[324]

Врз основа на резултатите добиени при овие истражувања е извршена целосна детекција на урбаниот развој на градбата според која најстарата синагога најверојатно потекнува од крајот на I и почетокот на II век н.е. Остатоците од подот од камени плочи се можеби од најстарата синагога и временски кореспондираат со датирањето на оваа градба.[325] Врз овој слој има градежни активности кои се од поновата базиликална градба, датирана во крајот II век, која во текот на III век била целосно разурната.

Врз остатоците, во доцниот III век била изградена нова синагога, со правоаголна форма, а северозападно од неа двор врамен со тремови. Според состојбата на теренот, позицијата на подот од новата синагога, бил високо насипан и покриен со мозаик. Мозаикот е поделен во правоаголни полиња, украсени со карактеристични геометриски мотиви, чија симболика била во склад со хебрејското учење (Д10).[326]

Потврда за постоење на синагога во Стоби дава и натписот врежан на мермерниот столб (вsидан како постамент за олтар, на кој биле чувани еврејски свети книги и реликвии).[327] Овој вsидан постамент за олтар, бил пронајден со ископувањата во 1931 год. во централниот дел, кој припаѓал на синагога I. Натписот е испишан на старогрчки јазик. Според испишаниот текст, тоа било

---

[322] Ј. Петровиќ, 1932, 81 - 86.
[323] Ј. Петровиќ, 1932, 81 - 86.
[324] Ж. Винчиќ, бр. 4015/2, 1966.
[325] И. Микулчиќ, 1999, 169 - 170.
[326] И. Микулчиќ, 1999, 169 - 170.
[327] Ваквата претпоставка се темели врз основа на слојот со малтер кој бил на мермерниот столб и го покривал „ex voto“ исказот.

завештение (тестамент) на Клавдиј Тибериј Полихарм, во кој се зборува дека тој одвоил дел од својот дом и го отстапил на верската заедница, чијшто старешина бил.[328]

Во доцниот IV век, врз остатоците на постарата синагога, била подигната нова (синагога II), со правоаголна форма и ѕидни површини покриени со фрески, со насликани геометриски мотиви.[329] На ѕидовите, врз бела подлога, биле исцрликани шестокраки („Давидови") ѕвезди, во кои пишува „Полихарм таткото".[330]

Во доцниот V век, врз ѕидните партии на последната синагога е изградена ранохристијанска базилика, која со своите темелни партии ги негира нејзините остатоци.

II. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ОБЈЕКТОТ

1. Перистил

Перистилот има централен главен влез со димензии 1.90 х 0.60 м, додека дебелината на ѕидните платна кои го оформуваат перистилот е 0.60 м. Прагот на централната влезната партија е посебно интересен за анализа, пред сè од аспект на преградувањата на влезот извршени во различен временски период (Д11). Направените вдлабнувања биле наменети за двокрилна врата, при што се поставени профилирани камени плочи на 0.10 м од крајот на работ, со дебелина од 0.30 м.[331] На левата и десната страна се наоѓаат по две длабнатини изведени во плочата што го формира прагот, од кои едните се оформени до самиот раб, додека останатите две се наоѓаат на 0.16 м оддалеченост од него. Радиусот на вдлабнувањата изнесува приближно околу 0.12 м. Со сигурност може да се каже дека овие длабнатини служеле за поставување на двокрилна врата, но, според трагите на прагот, вториот пар настанал во време кога отворот на влезната

[328] И. Микулчиќ., 2003, 82.
[329] И. Микулчиќ, 1999, 169 - 170.
[330] W. Poehlman, 1981, 235 - 246.
[331] Ж. Винчиќ, 1966, 6.

партија бил досидан со довратни ѕидови, т. е. неговата широчина била намалена (Д11а).

Основата на перистилот, во северозападниот дел на базиликата не ја зафаќа целата широчина на објектот. Ваквата состојба може да се согледа особено во неговиот централен дел. Овој простор е решен со внатрешни димензии кои изнесуваат: 5.00 м на неговата северозападна страна, 4.70 м на југоисточната, 8.00 м на североисточната и 8.30 м на југозападната, што формира основа во вид на неправилен четириаголник (Д2; Д11).[332] Во централниот дел од ј/з ѕид се поставени два столба, на височина од 1.00 м над подното ниво. Врз нив стоеле капители од коринтско-композитен стил, на кои се изведени стилизирани акантуси со подоцнежни стилски обележја (Д11а). Северниот од двата столба е поставен врз база која со сигурност не е негова. Со извршената анализа на ј/и ѕид, во централниот дел била утврдена неговата некомпактност, така што постои можност столбовите да биле поставени врз столпци со слободни интерколумнии. Во ист временски период се ѕидани ѕидовите од камен и кал, кои можеме да ги видиме како интерколумнии на ј/и ѕид од југоисточниот коридор и како интерколумнии на североисточниот и југозападниот стилобат од централниот брод на базиликата. Ваквата констатација се темели врз околноста дека се невообичаени, а можеби и непостоечки, примерите на перистил чиј што централен дел бил издвоен од страничните коридори со ѕидови. Во таа смисла, доколку би ја презентирале оваа позиција, на тој начин ѕидовите на коридорите би го затвориле просторот за комуникација со него.[333] Истражувањата докажаа дека интерколумниите кај југозападниот ѕид на перистилот, освен варово малтерно врзиво, содржат и малтерно врзиво со кал. Ваквата состојба не се отсликува и кај „столпците", кои се наоѓаат на истиот ѕид од перистилот, бидејќи тие се градени во градежна техника со варов малтер, кој е присутен до нивото на подната нивелета.

На североисточниот ѕид состојбата е поинаква: поставена е една база со столб и капител од ист тип, но, со многу поплитка профилација од претходните

[332] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.
[333] Ж. Винчиќ, бр. 4015/2, 1966.

два (Д11а). Овој ѕид во источниот дел е зачуван во висина до 0.65 м и неговата состојба е автентична со тоа што дел од архитравот, кој веројатно припаѓал на овој перистил, е зазидан во источниот агол со извршената обнова на базиликата од доцноантичкиот период. Зазиданиот дел од архитравот се наоѓа на средишниот дел од ѕидното платно (Д21). Како што веќе погоре кажавме, ѕидот, преку оштетениот влез, комуницирал со југозападниот коридор. Југоисточниот ѕид е решен на приближно ист начин, со тоа што на неговата средина има столб без капител (Д11а) кој има нешто поиздолжена база во вид на мала ара т.е. жртвеник. Столбот се наоѓа на местото на левиот довратник на споменатиот влез во централниот дел на перистилот. Северозападниот ѕид на перистилот е работен во иста техника и со исто малтерно соединение (Д11) како и останатите ѕидови од перистилот и тоа во градежна техника на приделкан камен врзан со варов малтер и песок со ситна гранулација. На половина од должината на северозападниот ѕид во правец кон север, во него е зазидана база и тоа со исто малтерно соединение. Овој податок е од големо значение за идентификација на постариот перистил (перистил Б) (Д41: Д42). Дијаметарот на вградената база во ѕидот е 0.45 м. Ѕидот е сочуван во висина од 0.60 м, мерено од котата на подот од базенот, а истиот го претставувал северозападниот ѕид на перистилот.

Од северната надворешна страна на објектот, до самиот праг, е прилепена мермерна „traverza“ со димензии 2.00 х 0.28 х 0.15 м. Судејќи според профилацијата, се работи за архитравна греда. Во северниот агол, има влезна партија преку која, од североисточната страна на објектот, преку две скалила, се симнувало во просторот на северозападниот коридор на перистилот, кој е поставен по целата ширина на објектот (Д13 и 14). Должината на овој коридор е 16.80 м, додека неговата ширина изнесува 2.30 м. Подниот опус во овој дел на објектот е целосно уништен, освен на одредени места каде се гледаат траги од малтерна подлога, врз основа на која се претпоставува дека подот бил формиран во комбинација од камени плочи и тула. Ваквата претпоставка се темели врз основа на видливи позиции во југоисточниот коридор, каде фрагментарно се зачувани делови од него.[334] На 0.90 м северно од довратникот, слепен до западниот ѕид, се наоѓа ѕид со вертикално поставен слог од кршен камен со кал.

[334] М. Велчовски, бр. 08 - 1358, 1996.

Всушност се работело за „преграда“, за која се мислело дека го затвара југозападниот дел на северозападниот коридор кој граничи со североисточниот ѕид на Полихармосовата палата.[335] Според состојбата на теренот видливо е дека овој ѕид нема никаква органска врска со конструкцијата и функционалноста на овој дел од перистилот (Д12). Влезниот простор бил затворен со ѕид изработен од кршен камен со кал (отстранет при реализација на конзерваторските интервенции). Овој принцип е применет и при стеснувањето на влезниот простор на десната страна. Во овој простор дополнително се употребени кршени камени плочи вклопени во малтерна смеса од кал. Ѕидот на десната страна е прицврстен до самиот довратник.[336] Прагот, со димензии 1.40 х 0.40 м, по надворешните краеви е ниско профилиран и приклештен меѓу ѕидовите на довратникот. Камениот блок со исти димензии го сочинувал и скалилото, преку кое се спуштало до нивото на подот од тремот. На јужната страна од северозападниот коридор има сличен влез со праг (со димензии 1.30 м х 0.60 м. и дебелина од 0.16 м). На него има две странични вдлабнувања, приспособени за поставување двокрилна врата. Очигледно е дека северниот влез служел за директна комуникација на базиликата со градската улица, како што е случај и со главниот северозападен влез на градбата (Д14).[337] Но, ова не е случај со западниот влез, бидејќи, тука е тешко да се одговори на прашањето со која просторија (и особено на кој начин) тој ја поврзувал базиликата со Полихармосовата палата. Авторите на претходните истражувања сметале дека овој влез се поврзувал со подрумот (во функција на остава) или пак со перситилот (како внатрешен двор т.е. градина).[338] Бидејќи немаме доволно елементи ниту за првата ниту за втората варијанта, може да се претпостави дека влезот водел кон просториите на катот, кои Тибериј Полихарм ги спомнува во посоченият натпис.[339] Всушност, доколку неговиот

[335] Ј. Петровиќ, 1931, 82; Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.
[336] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.
[337] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.
[338] Ј. Петровиќ, 1931 - 32, 83.
[339] S. Babamova, Istob, 2012, 19. Превод на натписот: Во 311 год., Клавдиј Тибериј Полихарм Ахириј, татко на синагогата во Стоби, кој управуваше со целата јудејска заедница според заповед даде (дел од својата) куќа за да биде свето место (синагога) со тетрастоон и триклиниум, од свои средства без пари од касата на јудејската заедница; „Јас, Тибериј Клавдиј Полихарм ќе го поседувам горниот кат, а и моите наследници во текот на целиот живот; оној што ќе посака да

натпис би можел да се поврзе со периодот на изградбата на објектот, тогаш треба да се земе во обзир дека состојбата на овој дел од објектот била со поинакво архитектонско решение. Со исто право се наметнува можноста дека на ова место градбата комуницирала со просторијата на ѓаконикон, или со просторијата која служела за сместување на свештеничкиот инвентар и останатите потреби за црквата и црковното намесништво. Според наведеното, сигурно е дека нема доволно архитектонски елементи врз основа на кои би можела да се прифати една од предложените варијанти, бидејќи секоја од нив има своја логика. Во случајов, комуникацијата би се одвивала преку неколку скалила, кои од катот на Полихармовата палата се спуштале на висинска кота до подното ниво на просторија бр. 1 од синагога - базилика II.

2. Југоисточен коридор III

Овој коридор го сочинува југоисточниот дел на перистилот и истиот со просторијата на нартексот е поврзан преку два влеза (североисточен и југозападен), двата широки околу 2.00 м. Праговите на влезните партии се изведени од мермерни плочи со димензии 2.00 х 0.65 х 0.30 м. Двата прага се оштетени и дополнети со други парчиња од кои северниот е од мермер, додека јужниот е од обичен помал камен. Обата влеза се затварале со двокрилна врата, што може да се согледа врз основа на изведените вдлабнувања за шарки присутни на самите агли од краевите на праговите. Со сигурност може да се каже дека овие врати се отварале кон нартексот. Во источниот агол на југоисточниот коридор, зачувани се скалила со три степеници, но нив не можеме да ги поврземе со периодот кога функционирала базиликата. Подното ниво на овој коридор, го задржува висинското ниво на подот од југозападниот коридор, а граден е и во иста техника и ист опус.[340] На југоисточната страна коридорот граничи со нартексот, додека на северозападната - со централниот дел на перистилот. Пресекот на овој дел од објектот, гледано од југозапад, е претставен на Д2: пресек IV- IV = B - B од основата.

вгради нов камен, различно од она што го замислив јас, да даде на патријаршијата 250 000 денарии; јас мислам вака а градбата на покривот нагоре ја направивме јас и моите наследници.

[340] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.

Влезната партија на југозападната страна од овој коридор е решена со два влеза, кои директно комуницираат со нартексот на базиликата (Д16). Дел од површината на подот во југоисточниот коридор, составена од камени плочи и тули, се наоѓаа во дерутитирана состојба така што тие беа отстранети при конзервацијата. На зачуваните камени плочи и тули од средишниот дел, е извршено нумерирање и истите беа привремено наредени во нартексот. Оваа постапка е применета со цел да се обезбеди потполна автентичност на подот при враќањето на плочите во in situ положба. Претходно е извршен откоп на земја во длабочина од 0.10 до 0.15 м. Во тој слој, под подните плочи, е констатиран тенок слој од варов малтер, а под него е откриен постар ѕид.

3. Југозападен коридор II

Одејќи од северозападниот коридор кон југоисток, преку две скалила се симнувало во југозападниот коридор на перистилот од базиликата. За разлика од југоисточниот коридор, југозападниот во голема мера има зачуван под. Подот е решен преку слободна комбинација на камени плочи и тули, со димензии 0.47 х 0.30 м, 0.43 х 0.33м, 0.39 х 0.23 м и мермерни плочи со приближно исти димензии. На северната страна од овој коридор се наоѓа централниот дел на перистилот за кој подоцна ќе дадеме подетален опис. Југозападната страна на овој коридор ја сочинуваат две простории, од кои северозападната е сместена до западниот агол на северозападниот коридор и западната страна на југозападниот коридор. Бидејќи, сите овие ѕидови се конструктивно поврзани меѓу себе, очигледно е дека припаѓаат на иста градежна фаза, со тоа што, југозападниот агол на оваа просторија во најгорните партии покажува траги од градежни интервенции во подоцнежен период (ваквата состојба е особено видлива кај југозападниот периметрален ѕид - Д3а). Се претпоставува дека, заедно со југозападниот коридор, оваа просторија по целата својата должина била поврзана така што североисточниот ѕид бил зацврстен како стилобат со две бази пронајдени in situ.[341] Во овој дел просторот бил поделен на три еднакви интерколумнии, кои најверојатно во подоцнежно време биле затворени со ѕидарија од камен и кал. Радиусот на западната база бил со димензии 0.47 м., а на источната со 0.42 м.

[341] Ј. Петровиќ, 1934, 191.

Југоисточниот ѕид на просторија 1, воедно е и северозападен ѕид на просторија 2. Оваа просторија со димензии 4.00 х 3.30 м е сместена меѓу нартексот на југоисток и коридорот на перистилот на североисток.[342] Сите ѕидови на оваа просторија меѓу себе се конструктивно поврзани. За разлика од југозападниот циркуларен коридор, подниот опус кај просториите 1 и 2 е целосно уништен, заедно со нивната подлога. Извршените анализи во овој дел од објектот ги потврдија претпоставките дека подните опуси од овие простории биле на исто висинско ниво со подот во југозападниот коридор. Ѕидните површини на обете простории се работени од приделкан камен во комбинација со варов малтер и песок со ситна гранулација. Половината на просторија 1 во правец кон запад е преградена со ѕид граден од камен и кал, кој не само што е фундиран на нивото на подот, туку и не е конструктивно поврзан со неа. Комуникацијата меѓу оваа просторија и југозападниот коридор на перистилот е решена со поставување на стилобатен ѕид врз кој се положени две бази (Д19). Во северозападната четвртина на просторија 2, се наоѓа познатиот столб - надгробен споменик на христијанинот Зопирос. Натписот е во три реда, врежан на самиот столб, кој е со димензии 0.60 х 0.25 м. Просторијата 1 граничи со југозападниот коридор на перистилот но истата, преку влезната партија која е со широчина од 1.50 м, сместена во источниот агол на југоисточниот ѕид, е во директна комуникација со нартексот (Д19 а).[343]

4. Североисточен коридор IV

Во овој коридор, подниот опус од тули беше зачуван делумно, само во средишниот дел, и тоа во фрагментирана состојба. На останатата површина не се пронајдени траги од подниот опус, со исклучок на делот под скалите на с/и агол од овој коридор (Д20).[344]

Влезот од северната страна на североисточниот коридор е решен со едно скалило, кое се наоѓа веднаш до северниот и североисточниот довратник на перистилот.

---

[342] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.
[343] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.
[344] М. Велчовски, бр. 08 - 1358, 1996.

Североисточниот коридор има иста диспозиција кон централниот дел на перистилот и е со исти карактеристики како југозападниот коридор, со таа разлика што истиот се наоѓа на североисточната страна од централниот дел на перистилот. На североисточната страна на овој коридор, се наоѓа североисточниот периметрален ѕид (Д20). Југозападниот ѕид на североисточниот коридор, имал пристап, т. е. влез во централниот дел на перистилот, но тој бил пронајден во мошне оштетена состојба (Д21). Фрагментите од мозаикот кои биле откриени во тој дел на ѕидот, тешко може да се третираат како наоди во in situ позиција.[345]

5. Писцина

На северозападната страна од перистилот се наоѓа писцина, со широчина од 0.90 м. Нејзината североисточна страна е решена на тој начин што на ѕидот со висина од 0.10 м од нивото на подот се поставени две архитравни греди. Гредите се од црвенкаст мермер со следните димензии: североисточната 2.50 х 0.56 х 0.18 м и југозападната 2.56 х 0.56 х 0.18 м (Д22). Двете греди се поставени на горниот раб, степенесто профилирани, аналогно на спомнатата траверза од западната страна на главниот влез, поставена вертикално до прагот.[346] Со оглед на тоа што овие греди не можеле целосно да ја затворат источната страна на писцината, во централниот дел, меѓу нив, е изѕидан еден помал ѕид со димензии 0.40 х 0.40 м, зачуван во висина до 0.60 м. Вака изведениот базен бил со димензии 5.10 х 0.90 м.[347] Сите ѕидови на писцината, освен југоисточниот, се обложени со хидрауличен малтер со додаток на толчена тула. Карактеристично е тоа што на подот во писцината, не се среќава ваков тип на малтерно врзиво. Надворешниот и јужниот агол на перистилот Б, кој е од фаза I на синагогата, ни укажуваат дека источниот и западниот ѕид на централниот дел од перистилот, во тој дел биле насилно прекинати, пред сѐ заради поставувањето на скалилата за симнување од коридорот I (северозападен коридор) во коридорот II (југозападен коридор). Врз основа на овој показател можно е ѕидот бр. VI, откриен во сонда XVI, кој се наоѓа

[345] М. Велчовски, бр. 08 - 1358, 1996.
[346] М. Велчовски, бр. 08 - 1358, 1996.
[347] М. Велчовски, бр. 08 - 1358, 1996.

во просторија 2, да функционирал како југозападен ѕид на постариот перистил. Во таа смисла, преостанатиот простор јужно од него, па сè до југозападниот периметрален ѕид, би го преставувал просторот на постариот коридор II (југозападен коридор). Ваквата состојба оди во прилог на претпоставката за постоење на постара писцина (Д41).

Подот во централниот дел е изведен од правоаголни камени плочи со различни димензии, видно оштетени. Нивото на подот во централниот дел на перистилот е пониско за околу 0.10 м од нивото на дното од писцината. Треба да се напомене дека на северозападниот ѕид не може да се констатира позицијата на отворот низ кој во неа е доведувана водата од каналот „а“ (Д2).[348] Овој случај, без било какви претензии, се споредува со случајот во писцината на Полихармосовата палата, каде што, и покрај сите напори на истражувачите, не е откриена позицијата на отворот од кој водата од оловната цевка, влегувала во базенот. Не се исклучува можноста дека тука се работи за еден технички момент, кој изведувачот при реализацијата на работите го занемарил. На тоа место затекнатата состојба била со големи размери на деструкција, така што задачата на истражувачите била многу тешка. Со расчистувањето на шутот од подот во централниот дел на перистилот, овозможено е откривање на ѕид од источната страна на постарата писцина. Горниот агол на овој ѕид е во иста рамнина со подот, што ја отежнува нејзината идентификација. Ѕидот е граден во вообичаена градежна техника и материјал. Изгледот на остатокот од постарата писцина е даден во планот на основата на објектот кај северозападната половина на централниот дел на перистилот (Д2).[349] На околу 0.10 м. од подот изведен од камени плочи, пронајдено е дното на постарата писцина, премачкано со хидрауличен малтер, аналоген на оној споменат при описот на ѕидните платна од помалата писцина. Малата (сегашна) писцина влегува во состав на поголемата (постара) писцина, сочинувајќи ја нејзината западна третина. Подниот опус е составен од речни камења со помали димензии, вметнати во малтерно соединение од вар со толчена тула и песок со покрупна гранулација (Д39).

---

[348] М. Велчовски, бр. 08 - 1358, 1996.
[349] Ј. Петровиќ, 1932, 81 - 86.

6. Нартекс

На југоисток, преку југоисточниот коридор на перистилот, т.е. атриумот, се влегувало во нартексот, со кој се комуницирало преку двете претходно спомнати влезни партии. Тој е со димензии 14.50 х 4.00 м и со под формиран од тули, зачуван на одделни места. Во нартексот не се зачувани други градежни елементи освен неколку аморфни фрагменти од архитектонска пластика. Освен двата влеза кои водат кон перистилот на северозападната страна тој, преку својот западен ѕид, директно комуницирал со просторија 2, додека на југоисточната страна имал три влеза – по еден за секој кораб од наосот на базиликата (Д40).[350] Југозападниот ѕид на нартексот немал директна комуникација со Полихармовата палата, и покрај тоа што претходните истражувачи ова го очекувале. Ваквата констатација се темели врз фактот дека во овој дел од североисточниот периметрален ѕид од Полихармосовата палата, се наоѓа масивен праг. Не се исклучува можноста дека тој праг, а истовремено и влезната партија заедно со него, функционирале во првата фаза на објектот. Во таа смисла југозападниот ѕид на синагога-базиликата, кој на тоа место бил подигнат во втората фаза, очигледно нема комуникација кон Полихармовата палата (Д23). Влезот во тој дел е занемарен не само од конструктивен аспект, туку и од аспект на наменските разлики, кои постоеле меѓу синагога-базиликата и палатата, настанати при изградба на третата фаза од објектот, т.е. резиденцијата на црковните великодостојници и базиликата.

7. Наос

Влезовите што од нартекстот водат во наосот на базиликата имаат иста широчина од 1.60 м, со таа разлика што кај централниот имало довратници широки 0.40 м од кои е сочуван само левиот т.е. северниот. Довратникот е од белузлаво-црвеникав мермер со послаб квалитет, степенесто профилиран (Д24). Сочуван е со височина од 0.95 м над автентичниот праг. Не се исклучува можноста за постоење масивни довратници и кај страничните влезни партии, со тоа што кај нив не се сочувани камени прагови. За разлика од нив прагот на

[350] М. Велчовски, бр. 08 - 1358, 1996.

централниот влез е изведен од два мермерни блокови со димензии 1.20 х 0.60 х 0.37 м.

Должината на наосот е 18.50 м, ширината на централниот брод 7.30 м, а ширината на јужниот и на северниот кораб е 2.50 м. Поделбата на корабите е извршена преку стилобатни ѕидови со дебелина од 1.00 м (Д25; Д43). Овие два ѕида досегале до нивото на подот во централниот кораб, но биле за 0.30 м. над нивото на подовите на страничните кораби. Врз стилобатните ѕидови на корабите биле поставени по 4 бази за столбови, кои биле на меѓусебно растојание од околу 2.00 м. Во моментот на првите археолошки ископувања, недостасувала една база и тоа на североисточната страна од југоисточниот стилобатен ѕид. На ситуациониот план од 1932 год. прикажани се две бази на североисточниот и една на југозападниот кораб. На ситуациониот план од 1965 год., во однос на постариот план изработен во 1935 год., имаме состојба на отстапување во позиционирањето на базите во североисточниот и југозападниот кораб. На планот од 1935 год. се прикажани три бази на североисточниот и две на југозападниот кораб, додека на планот од 1965 год. се прикажани четири на североисточниот и три на југозападниот кораб (Д2).[351] Радиусот на базите се движи од 0.57 до 0.60 м, додека источната база на североисточниот стилобат има радиус од 0.70 м. За последната база се смета дека потекнува од театарот. Профилацијата на базите е нееднаква (различен број на торуси и трохоруси) што јасно укажува на нивното потекло од разни постари објекти. Плинтата на базите е со кружна, квадратна или полигонална форма (Д26; Д26а). Материјалот на сите бази е бел мермер со средна гранулација, најверојатно со потекло од плетварските мермерни рудници. Кај сите бази, на горната површина, покрај изведените вдлабнувања за оловото, најчесто се видливи по два канали за негово залевање. Треба да се наведе дека ѕидот на стилобатот, како југоисточниот така и северозападниот, се длабоко фундирани и тоа на 1.30 м под нивото на подот во централниот брод. Тие лежат на подниот мозаик од постариот објект, а на поедини места, истиот го имаат и пробиено (Д3а и Д30). Стилобатните ѕидови, на северозападната и југоисточната страна, конструктивно се поврзани со северозападниот и југоисточниот ѕид на

[351] Ј. Петровиќ, 1932, 81 - 86.

наосот, кои се поставени под прав агол. На местата на поврзување, врз стилобатните ѕидови се изѕидани столпци, зачувани во висина од 0.30 до 0.50 м. Стилобатните ѕидови се изведени од делкан камен со варов малтер, а во горниот дел, меѓу базите во интерколумниите, тие се надѕидани со истиот камен, но во комбинација со малтер од кал (констатирани во височина од 0.20 до 0.70 м) (Д27; Д44). Меѓу северозападниот столбец и првата мермерна база на североисточниот стилобат, in situ се пронајдени остатоци на ѕидарија од тула, кои најверојатно припаѓаат на тука оформената арка (Д27 а). Овој податок е посебно важен за заокружување на конструктивното решение од помладата фаза на базиликата. Иако овој наод, сам по себе не значи дека колоните од постарата фаза на базиликата биле наткриени со архитрави, таквото решение не би требало сосема да се изклучи.[352]

Во овој дел биле поставени две сонди (сонда 1 и сонда 2 на Д2), од кои се добиени следните резултати:

8. Резултати од сондажните истражувања

- Сонда I

При самото расчистување на површинскиот слој во оваа сонда, е утврдено, дека дел од базата наменета за олтарна преграда е целосно уништена. На длабочина од 0.30 м биле пронајдени голем број фрагменти од мермерна архитектонска пластика меѓу кои преовладувале меноа, делови од парапетните плочи и прозорски транзени (Д34).

Со поставување на оваа сонда (Д9), е детектиран ѕид граден во техника на камен со варов малтер, кој се наоѓа под површината на субструкцијата на подот од тули. Ѕидот е со правец југоисток - северозапад, со ширина од 0.60 м и запазена должина од 1.65 м (Д2). Пласиран е во продолжение на североисточниот агол на југозападниот кораб и претставува остаток од неговото претходно решение, односно на фазата од Синагога базилика I. Со изградба на ѕидот во предолтарниот простор со правец с/и - ј/з (фаза синагога - базилика II), овој ѕид е пресечен со изградбата на ѕидовите на југозападниот и северозападниот коридор

[352] М. Велчовски, бр. 08 - 1358, 1996.

од наосот на Синагога - базилика II (Д17). На ова место е констатиран тенок слој од носач на фреско-малтер, кој е следен во длабочина од 0.80 м.[353]

По отстранувањето на запазените фрагменти од тули и камени плочи од подот, симнат е носачот од фреско малтер со дебелина од 0.01 до 0.03 м. Малтерот бил во голема мерка оштетен и нефукционален од аспект на вршење функција на носач на фреско - живописот.

Под овој тенок слој од варов малтер, е откриен слој од темно кафена растресита земја, со која бил нивелиран теренот, пред поставувањето на споменатиот слој од варов малтер, како носач на подот од тули и камени плочи.

- Сонда II

Во исто време, од југоисточната страна на ѕидот бр. 1 е поставена сонда за 50% помала од сонда I (2.00 x 1.00 м). Во сонда II имаме состојба која е со слична содржина како и во сонда I, така што и тука има појава на ѕидно платно градено во техника на камен со варов малтер, и истото се наоѓа под површината на подот со тули (Д2). Во профилот на слоевите на оваа сонда имаме присуство на тула, малтерен носач и слој од темно кафена растресита земја, која била искористена за нивелација на теренот. Во овој дел има појава на градежен шут, во кој биле присутни фрагменти од штукатура, т.е. пластично изведени декоративни елементи (розети, палмети и вињети).[354] Пронајдени се и фрагменти од садова керамика со релативно скромен репертоар на форми кои припаѓаат на категоријата домашни имитации на импорти од III век и домашни производи од IV век. На длабочина од околу 0.50 м, во линија на шутот било забележано присуство на големи грутки од компактна темносива земја, за којашто подоцна се констатира дека е керпич (Д9).[355] Откриен е и еден фрагмент од штуко-декорација, кој бил поставен директно на ваква глинеста маса од керпич со дебелина од 0.05 м. Приближно на длабочина од 0.80 м од нивелетата на подот откриен е фрагмент од јонски капител од зелен песочник со запазена лента од

[353] Ј. Петровиќ, 1932, 81 - 86.
[354] Ј. Петровиќ, 1932, 81 - 86.
[355] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.

волута, во доста лоша состојба односно висок степен на порозност.[356] На длабочина од 0.95 м беше откриен остаток на подна подлога на едната од претходните фази на објектот (Синагога II).

На длабочина од 2.75 м, во сонда II, имаме појава на интензивен слој со градежен шут во темелните партии на ѕидот бр. 1, кој претрпел големи оштетувања при фундирањето на стилобатните ѕидови, како на североисточниот, така и на југозападниот кораб на базиликата (Д2). Во таа смисла не треба посебно да се нагласува дека ѕидот бр. 1 во суштина е продолжеток на југоисточниот периметрален ѕид на Полихармосовата палата, со која истиот некогаш бил како една органска целина, туку во функција на преграден ѕид.

Заради дополнување на сознанијата во архитектонско-конструктивен поглед, направени се дополнителни истражувања со поставување на две сонди (сонда III и сонда IV) кои се наоѓаат надвор од основата на ранохристијанската базилика. Истражувањата во овие сонди, ги дале следните резултати.

- Сонда III

Сондата се наоѓа во југоисточниот агол на Синагогата, односно во североисточниот агол на Полихармосовата палата. Во овој дел може да се согледаат конструктивните соодноси, кои се констатирани на поедини места кај овие ѕидни партии. Потврдена е врската на ѕидот бр. 1 со североисточниот ѕид на Полихармосовата палата. Врз основа на овие позиции е констатирано дека југозападниот периметрален ѕид на базиликата е помлад во долната зона во однос на североисточниот периметрален ѕид на Полихармосовата палата. Во горните зони на овие ѕидни партии не се повторува ваквата ситуација, бидејќи истите се едновремено градени.

Во сонда III се потврдува дека апсидата од Полихармосовата палата, која е поставена југоисточно од базиликата и се наоѓа надвор од нејзината основа, е од I фаза. Откриениот под во овој дел, е од камени плочи со поголеми димензии и истиот е делумно оштетен при поставување на ѕидот од апсидата (Д2). Покрај тоа камените плочи се со различни димензии по надолжната страна, често пати преку 1.00 м, меѓусебно поврзни со фуга од варов малтер, со североисточна и

[356] Се работи за дел од јонски капител датиран во IV век.

југозападна банкина од камени блокови со димензии 2.62 x 0.60 x 0.20 м и 2.06 x 0.50 x 0.20 м. По средината на оваа сонда, во нејзиниот источен профил, е откриен ѕид од тули со правец исток-запад со димензии 0.23 x 0.13 x 0.30 м (Д31). На јужната страна од ѕидот се гледаат остатоци од штукатура и два слоја малтер од кои горниот бил изведен во техника alfresco.

- Сонда IV

Со цел да се констатира временската релација помеѓу Синагога-базиликата, и водоводната и канализациската мрежа, на североисточниот агол е отворена сонда IV (Д2). Потврдено дека каналот А, кој поминува покрај североисточната фасада на малите терми, доаѓа во сондата од источен правец и е пласиран покрај североисточната фасада на базиликата. Во овој дел е откриена неговата покривна плоча со димензии 1.25 x 0.50 м, која е од зеленкасто сив песочник (Д2). Во источната половина на сондата е откриен детски гроб, сместен во самиот канал. Во конструктивен поглед гробот е изведен на две води, со косо поставени кровни тули со димензии 0.78 x 0.44 x 0.27 м. Гробот бил без прилози.

9. Апсида

Апсидата на базиликата е потесна во однос на ширината на наосот и тоа за 0.50 м и тоа од двете страни. Ѕидана е во градежна техника на приделкан камен со варов малтер во комбинација со тули во четири висински реда (opus mixtum). Според досегашните сознанија, овој опус на градба, како градежна техника во римските колонии се применува во периодот на доцниот IV, па с□ до почетокот на VI век.[357] На 4.00 м оддалеченост од неа во правец на северозападната страна, мерено од оската на симетријата на апсидата, се наоѓал предолтарниот простор, со нагласена олтарна преграда, на повисоко ниво (Д25). На теренот била зачувана само подлогата од стилобатите на олтарната преграда, изведена од камени блокови со димензии 1.20 x 0.40 x 0.28 м. Се работи за профилирани блокови од сивозеленкаст песочник, наменети за архитрави, кои се тука употребени секундарно.[358] На горната страна од овие блокови се видливи траги на

[357] С. Бобчев, 1952; К.Петров, 1956, 71 - 76, G. Lugli, 1957, 488 - 503.
[358] М. Велчовски, бр. 08 - 1358, 1996.

вдлабнувања наменети за прицврстување на парапетите од олтарната преграда. Стилобатот на олтарната преграда бил приближно на нивото на подот од централниот кораб. Подот на предолтарниот простор, а најверојатно и на апсидата, бил составен од црвеникави мермени плочи, од кои едната, зачувана in situ, е со димензии 1.60 x 0.61 x 0.10 м.

10. Централен, северен и јужен кораб

Подот во централниот кораб, бил решен со плочи од црносинкаст лискунски камен, додека долж средината била поставена лента од бел мермер.[359] Подот бил доста оштетен, така што е невозможно попрецизно да се определат димензиите на спомнатите плочи. Според земената средна вредност тие се движат од 0.30 до 0.50 x 0.60 до 0.70 м, а ги има со димензии 0.50 x 0.85 м, при што дебелината им варира од 0.03 до 0.05 м.[360] Подлогата за подовите во централниот дел на предолтарниот простор и апсидата се работени едновремено и изведени на следниов начин. На слојот со кршен камен со дебелина од 0.10 м е поставен слој на хидрауличен малтер составен од толчена тула, вар и песок со нешто покрупна гранулација, во кои директно се вметнувани подните плочи (Д25). Парчињата од сиви плочи од недоволно петрифицирани езерски песочници се уфрлени дополнително.[361] На мислење сме дека тоа е направено при реализацијата на последната обнова. Во апсидата нема крипта ниту скалила за хор како што, на пример, е случај со епископската базилика во Стоби и малата базилика во Хераклеја Линкестис.[362]

Нема можности за определување на подната облога на североисточниот и југозападниот кораб на наосот, затоа што извршените истражувања во оваа насока останаа без поголеми резултати. На површината на јужниот кораб се едвај видливи остатоци од некогашната малтерна подлога изведена од вар и крупнозрнест песок. Нејзини траги можат да се констатираат само на поедини места.[363] Иста е ситуацијата и во северниот кораб каде што трагите од оваа

[359] Ј. Петровиќ, 1934, 191.
[360] М. Велчовски, бр. 08 - 1358, 1996.
[361] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.
[362] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994
[363] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.

подлога се уште поретки. Тука, на нивно од 0.30 м под нивото на централниот кораб е констатиран набој од земја во која е едвај видливо присуство на песок, над кој се констатирани неколку фрагменти од аморфни камени плочи, за кои е тешко да се тврди дека се во in situ позиција.[364] Според тоа, подовите во страничните кораби, можеле да бидат од камени плочи или од тули. Поверојатна е втората варијанта, бидејќи на неа повеќе соодветствува начинот на изведбата на пронајдената подлога.

Резултатите добиени со последните истражувања во 1996 год. само во одреден степен ги потврдуваат констатациите на претходните истражувачи. Може со сигурност да се потврди дека базиликата е изградена кон крајот на IV век или на почетокот од V век, а обновена била најмалку уште еднаш и тоа при крајот на V век, веројатно по готските ограбувања на градот во 479 год. Изнесените претпоставки можат посредно да се потврдат преку видливите остатоци од sидните партии на синагогата од IV век кои се украсени со фрески и релјефна штукатура во северниот кораб и наосот, во близина на јужниот стилобат.[365] Нејзините градители искористиле некои sидови од поранешната синагога која потекнува од III век. Во прилог на овие претпоставки одат и колонадите што го разделуваат средишниот од страничните кораби, изворно составени од по пет колони од кои седум бази се пронајдени во својата првобитна позиција.[366] Тие се различни по форма и големина затоа што припаѓале на разни постари градби, а можеби и од постарите фази на истиов објект.

11. Архитектура од поран период

Тезата за постоење на објект од поран период, може да се потврди со конструктивната поврзаност на двете градби во долните партии. Тоа е изразено кај sидовите од просториите 1 и 2 кои се наоѓаат во југозападниот дел на базиликата. Југозападните sидови на овие простории се поврзани со североисточниот периметрален sид на палатата. Со истражувањата е утврдено дека sидови од просториите 1 и 2, во долните зони се протегаат под југозападниот

[364] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.
[365] М. Велчовски, 1996, 9, бр. 08 - 1/358, 1996, 9.
[366] М. Велчовски, 1996, 9, бр. 08 - 1/358, 1996, 9.

периметрален sид на базиликата. Според тоа, очигледно е дека југозападниот периметрален sид на базиликата е изграден во подоцнежна фаза. На тоа укажува и воспоставената комуникација кај западниот агол на Синагога-базиликата, која преку скалила ги поврзувала палатата и синагогата (Д12). [367]

Во централниот дел на базиликата, на длабочина од 1.60 м, е откриен sид од кршен камен во комбинација со варов малтер, ориентиран во насока с/и - ј/з обележан на планот под реден број 1 (Д2). Со поставување на сондите I, II, и VI, кои се во внатрешноста на базиликата, како и сонда бр. III од надворешната страна, целосно е откриен правецот на овој sид. Неговата структура и димензиите (широчина од 0.60 м) и пред с□ неговата положба, укажуваат дека се работи за ј/и периметрален sид на Полихармосовата палата. Спомнатиот sид се протегал во длабочина до 1.70 м, на кој потег се појавуваат фрагменти од раноантичка и доцноантичка керамика, како и животински коски (еквид, бовид, свиња и живина). Во југозападниот дел на сонда VI е откриен мозаичен под.[368] Ваква состојба имаме и во сонда I, која е со поголеми димензии во однос на претходната. Во оваа сонда, мозаикот е во голема мера оштетен, така што се појавува на коти со голема висинска разлика (0.40 м) и тоа во североисточниот и југозападниот дел на сондата. Тој е со слаб квалитет, како во поглед на колоритот (во две бои), така и во поглед на изработката со грубо кршени тесери, со неправилни и различни по големина форми (Д2а; Д10). При расчистувањето на теренот, во долните зони се покажало дека на североисточната страна, мозаикот бил пресечен од североисточниот стилобатен sид на централниот кораб. На јужната страна, мозаикот продолжувал под профилот на сондата I и II. Заради ваквата состојба, е извршено проширување на сондите I и II, со што е докажано дека мозаикот продолжува понатаму кон северозапад, дека истиот е добро сочуван и е во рамна линија, додека на југозападната страна завршува со sидот бр. 4 (Д2а).[369]

Sидот бр. 3 има правец југоисток - северозапад и се наоѓа на еден метар североисточно од југозападниот стилобатен sид на централниот кораб. На југоисточниот крај се поврзува со sидот бр. 1 кој е со ширина од 0.60 м и на

[367] H. Blitzer, 1971, 5.
[368] W. Poehlman, 1981, 235 - 246.
[369] W. Poehlman, 1981, 235 - 246.

истата страна затвара една просторија. Проширувањето на сондите покажало дека подниот мозаик, кој е пресечен со спомнатиот ѕид на североисток, продолжува во североисточниот кораб на иста длабочина. Сосема на североисток, мозаикот завршува кај ѕидот бр. 2, и тоа од прилика по средината на ширината на североисточниот кораб. Ѕидот бр. 2 е исто со правец југоисток-северозапад и е со иста дебелина како ѕидовите 1 и 3. Во североисточниот агол на сонда 1, ѕидовите 1 и 2 го сочинуваат аголот на просторијата со мозаик. На оваа длабочина од 1.70 м, пронајдени се фрагменти од штукатура и фрески претежно со црвен тоналитет, изведен со слободни орнаменти на зелена, кафена, црвена и окераста боја.[370] На длабочина од 2.75 м има појава на градежен шут. Под него се јавува слој од гареж и пепел, а под овој слој е констатирана хеленистичка и римска керамика. На длабочина од 3.10 м е констатирано дека ѕидот бр. 1 проаѓа под североисточниот стилобатен ѕид на централниот кораб, што во значителна мера го објаснува оштетувањето на мозаикот. На длабочина од 4.80 м имаме појава на здравица во вид на карпа од жолто - зеленикав песочник.[371] Тука е констатирано дека ѕидот бр. 1 и североисточниот стилобатен ѕид на централниот кораб се фундирани на оваа здравица. Ваквата состојба се објаснува со лифлукција на културните слоеви при поставувањето на двата ѕида. Како резултат на сето тоа, на оваа длабочина имаме појава на измешани археолошки содржини од различен временски период (римски тули, фрески, штукатура, различни тесери од мозаик, енеолитска и ранобронзенодобна керамика).[372]

При тоа е откриеана правоаголна просторија со под од мозаик, но, нејзиниот правец на протегање кон северозапад, не е точно дефиниран. Меѓутоа, за истражувачите, како важен детаљ, била ситуацијата каде што ѕидот бр. 2 од сонда VI, заедно со ѕидот бр. 1, не само што го сочинува североисточниот агол на оваа просторија со мозаик, туку истиот го формира и северниот агол на некоја просторија која, според поставеноста, би се протегала под апсидата, надвор од просторот кој го зафаќа југоисточниот дел на североисточниот кораб.[373]

---

[370] W. Poehlman, 1981, 235 - 246.
[371] В. Симиќ и (други), 24 - 39, 1990.
[372] W. Poehlman, 1981, 235 - 246.
[373] Ј. Петровиќ, 1934, 191.

Направените истражувања во ј/и половина на градбата, нејзиниот југозападен дел каде се простирале просториите од I фаза, не ги дале потребните резултати, бидејќи биле потврдени само позициите на поврзаност на источниот, односно западниот ѕид од просториите 1 и 2 на Полихармосовата палата. Во овој случај посебно интересен е прегрaдниот ѕид во сонда VI-b (Д2) кој конструктивно се врзува со југозападниот стилобатен ѕид на централниот кораб, како и со југозападниот периметрален ѕид на базиликата.[374] Но, според состојбата на теренот, помалку е веројатно дека истиот е од некоја порана фаза при изградбата на базиликата. Доколку би го определиле во периодот на изградбата на базиликата, заедно со останатите ѕидови, тој би имал само статичко-конструктивна улога. Понатаму на северозапад, до југозападниот периметрален ѕид на нартексот, зафаќајќи ја неговата широчина, била поставена сонда бр. XIV, која исто така не ги дала потребните резултати. При истражувањата на Полихармосовата палата во југозападниот коридор на перистилот, пронајден е праг со функција на скалило, за кој првите истражувачи мислеле дека е остаток од некоја комуникација меѓу двата објекта. Во таа смисла поновите истражувања биле насочени во детектирање на оваа позиција. Треба да се истакне дека југозападниот периметрален ѕид на Синагога - базиликата, не покажува траги на комуникација. Но, на мислење сме дека спомнатиот праг, кој и сега стои in situ, е сепак остаток на комуникација која тука некогаш постоела. Денес, ваквата позиција е несогледлива, бидејќи северниот ѕид на југозападниот коридор бил уништен, а со поставување на југозападниот периметрален ѕид на „Синагога - базилика“, таа комуникација не била обновена, туку била затворена.[375] Понатаму на запад, во југоисточната половина на објектот, е откриен ѕид од постара градба (Д2). Овој ѕид се протега по целата должина на просторија 2 со правец северозапад - југоисток. Ширината на ѕидот е 0.60 м, а е граден од кршен сивозеленкаст песочник во варов малтер и песок со средна гранулација. За ѕидот бр. VI, може да се каже дека е паралела на југозападниот периметрален ѕид на базиликата со североисточниот периметрален ѕид на Полихармосовата палата. Доколку се има предвид сево ова, а посебно опусот на неговата ѕидарија

[374] W. Poehlman, 1981, 235 - 246.
[375] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.

(opus mixtum), можеме со голема сигурност да претпоставиме дека тој влегува во склопот на постарата градба, имајќи улога на преграден ѕид, како што е случај кај ѕидовите бр. 1, 2 и 3. На спротивната страна на базиликата, после добиените резултати од сонда бр. VI, е продолжено понатамошното следење на правецот на ѕидот бр. 2.[376] Треба да се истакне дека овој ѕид во суштина е северен периметрален ѕид на постара градба. За проверка на тоа, била поставена сонда бр. VIII во северозападниот агол на северниот кораб, од која се добиени позитивни резултати. Тука, всушност е констатирано дека ѕидот бр. 2 е со ист опус и фактура, а продолжува понатаму на запад.[377]

Подниот мозаик во овој меѓупростор е делумно сочуван. Уште пред отворањето на сонда VI, било констатирано дека истиот мозаик кој се протега во сонда 1, има изменета фактура, односно подоцнежна санација со примена на погрубо кршени тесери (Д10).

Со цел да се истражи протегањето на мозаикот во сонда бр. VIII, дополнително била отворена уште една сонда бр. X,[378] сместена во северниот агол на наосот на базиликата (Д2а). Со отварање на оваа сонда е потврдена претпоставката за понатамошното протегање на подот со мозаик кон југозападната страна. На западниот ѕид од наосот била поставена мозаична лента со широчина 0.30 м која на својата северна половина се карактеризирала со ситни тесери (големина до 0.05 м). Тесерите се со бела, окер, црвена и сино-сивкаста боја и формираат плетенка со ширина од 0.08 м. Бордурата претставува дел од фризот чијашто метопа со геометриски орнаменти е пресечена со поставување на северозападниот ѕид на базиликата. Потполно иста ваква состојба имаме на северната страна каде што североисточниот стилобатен ѕид го сече подот со мозаик. Единствената разлика е во тоа што на овој дел тесерите од мозаикот се со поголеми димензии од вообичаените, и се со изразено неправилна форма. Во овој дел се формираат концентрични кругови со наизменична употреба на црна и бела боја, користена за орнаментите на шестоаголната ѕвезда. Видливи се и други облици на геометриска орнаментика со прави, коси и кружни линии.

---

[376] W. Poehlman, 1981, 235 - 246.
[377] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.
[378] H. Blitzer, 1971, 5.

На 3.80 м од североисточниот стилобатен ѕид, на ј/и страна од сонда I, е откриен ѕид бр. 4, со правец ј/и - с/з. Подот од мозаик во правец на југозапад се протега до ѕидот бр. 4. Во должина од 0.85 м западно од ѕидот на наосот во правец кон исток, ѕидот бр. 4 е зачуван во висина од 0.20 м од нивото на подот со мозаик. Истиот ѕид, на крајот од неговата должина, завршува со довратник, со висина од 1.00 м кој директно се потпира врз сегашниот под на базиликата. Останатиот дел од ѕидот бр. 4 не е пресечен со западниот ѕид на наосот, туку истиот проаѓа покрај него, што не е случај и со мозаикот пресечен од овој ѕид.[379] Дел од ѕидот бр. 4, кој делува како праг, во долните зони е граден од кршен сивозеленкаст песочник во варов малтер, во комбинација со песок од ситен гранулат. Овде фугата преоѓа преку каменот. Во повисоките делови (над 0.85 м.), ѕидот бр. 4 е граден од тули и кршен камен врзан со варов малтер (opus mixtum).[380] На северното лице од ѕидот се гледаат остатоци на подлога од малтер, која можеби била сликана.[381] На ова место, во шут со појас од 0.15 до 0.30 м над мозаикот, најдени се голем број тесери, кои биле расфрлени со пресечувањето на мозаичниот под за време на поставувањето на веќе спомнатите ѕидови.

Поради комплексноста на овој дел од базиликата, но, истовремено и потребата да се добијат што повеќе информации за постарата градба, во нејзината северна половина биле отворени сондите бр. XI и XI -b (Д2). Веднаш треба да се истакне дека ѕидовите бр. 2 и 4 се појавуваат до југоисточниот ѕид на нартексот, каде што се насилно прекинати.[382] Двата ѕида, на висина од 0.20 м, на западна страна го формираат аголот на ѕидот бр. 5 кој е паралелен со источниот ѕид на нартексот. Ѕидот бр. 5 е со дебелина од 0.90 м, граден од сивозеленкаст песочник во слободна форма, во комбинација со варов малтер и песок со средна гранулација. Продолжувајќи кон запад, ѕидот бр. 4 е за 0.10 м подебел од ѕидот бр. 5. Дебелината на ѕидот бр. 2, во североисточниот агол на нартексот, не може да се одреди, бидејќи стопата му е вклопена во масата на подната подлога од оваа просторија (Д2). Треба да се напомене дека мозаикот во овој дел не е најден, бидејќи истиот е уништен со фундирање на западниот ѕид на наосот т.е.

[379] Ј. Петровиќ, 1932, 32 - 38.
[380] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.
[381] W. Poehlman, 1981, 235 - 246.
[382] W. Poehlman, 1981, 235 - 246.

источниот ѕид на нартексот. Тука непосредно се наоѓал ѕидот бр. 5 кој всушност бил западната граница на просторијата со мозаик. Оваа југозападна просторија се протегала под нартексот, а најверојатно и во еден дел на перистилот. Со сигурност може да се каже дека ја имала истата ширина како и просторијата со мозаик. Нивото на подот во оваа просторија е повисок за 0.31 м во однос на просторијата со мозаик, која се протега источно од неа. Тука е констатирана подната подлога од варов малтер со дебелина од 0.01 до 0.03 м. Ваквата структура на подлога, а истовремено и отсуството на тесери во шутот, говорат во прилог на тоа дека во оваа просторија немало под со мозаик, туку под од камени плочи или тули. Во шутот се пронајдени фрагменти од ѕидно сликарство изведено во техника al secco. Основата е со темнозелени, црвени, црни, жолти и бели стилизирани геометриски форми. На кој начин се остварувала комуникација меѓу овие две простории не може да се добие одговор, бидејќи ѕидот бр. 5 е уништен до нивото на подот.[383] Непосредно во југоисточниот дел на оваа просторија, пронајдени се остатоци од поголеми камења, како можен траг од комуникација со соседната просторија во правец кон југ. Со отварање на сонда бр. XII во источната половина на североисточниот коридор на перистилот, и во овој дел на објектот било потврдено постоењето на ѕидот бр. 2. Тука ѕидот бр. 2 е пресечен со западниот ѕид на нартексот.[384] Во правец кон запад продолжува за 3.40 м каде е пресечен со каналот Б. Треба да се потенцира дека во овој дел ѕидот бр. 2, е искористен како јужен ѕид на каналот Б, с□ до излезот на улицата и поврзувањето со каналот А.

III. ГРАДЕЖНИ ФАЗИ НА ОБЈЕКТОТ

1. Најстара градежна фаза

Археолошките и конзерваторските истражувања овозможија дефинирање на објектот „Синагога - базилика“ во целина, како во поглед на неговата намена, така и во поглед на неговиот историско - архитектонски развој, кој е главно истоветен со останатите објекти во Стоби. Со сигурност може да се потврдат остатоците на постарата градба, која се наоѓа под темелите на базиликата. Во

[383] W. Poehlman, 1981, 235 - 246.
[384] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.

конструктивна смисла таа не може да се поврзе со базиликата, па затоа ја идентификуваме под терминот „најстара градба“. Обемот на извршените истражувања, не бил со толкави размери за да овозможи појасно дефинирањена на нејзиниот изглед, карактер и датација. Остатоците што се пронајдени во сонда III навестуваат негово најдоцнежно датирање со I фаза на градскиот театар, а можеби и во хеленистичкиот период.

2. Градежна фаза I на „Синагога - базилика“ (Д41)

Најстарата синагога I, најверојатно потекнува од крајот на I и почетокот на II век. Најстарата синагога била урната во текот на III век. Во неа, на сочуваните ѕидови, се наоѓала декорација на шестокраки ѕвезди. Според скромните градежни остатоци, синагога I била голема околу 15 х 15 м и претставувала приватна куќа адаптирана за верски потреби.[385] Во оваа фаза објектот претставува единствена целина со Палатата на Полихарм, на што упатуваат мозаикот во наосот, како и ѕидовите кои се откриени во подолниот слој на југоисточниот, централниот и северозападниот дел од Синагога - базилика (Д2а).

Поаѓајќи од тој факт, а имајќи ги предвид сите елементи искористени за датирање на оваа фаза, како и врз основа на новооткриените површини со мозаик, северозападна половина на оваа градба временски можеме да ја поставиме заедно со нејзината југоисточна половина (Д41).

Откриените површини со мозаик во централниот дел на синагогата јасно укажуваат дека целината на мозикот во овој дел се состои од делови што се изведени во два различни манири, кои се од различен временски период. Постариот мозаик, кој временски може да се датира со I фаза на синагогата, е работен во класична мозична техника opus tessalatum (Д10).

Главниот влез во текот на I фаза можеби бил помонументален, додека делот од архитравната греда што е пронајден од надворешната страна на синагога I не се наоѓал на тоа место. Таа најверојатно припаѓала на архитравното решение на перистилот.

[385] И. Микулчиќ, 2000, 82.

Sидните партии бр. 1, 2 и 3, обележани на основниот план на Д2, се наоѓаат во долните хоризонти на централниот дел од градбата, и се од I фаза на објектот Синагога - базилика.

Перистилот, кој се наоѓа во северозападниот дел на Синагога - базиликата, на основниот план е прикажан во двете фази од неговото формирање. Постариот перистил (перистил Б) е со поголема димензија во однос на перистилот А од помладата фаза. Според висинската кота на неговите sидни партии, истиот може да се смести во првата фаза на Синагога - базилика I (Д41). Според истражувачите, перистилот во првата фаза бил со архитравно решение.[386]

3. Градежна фаза II на Синагога - базилика (Д42)

Врз остатоците од старата синагога I, во доцниот III и почетокот на IV век била подигната нова, втора синагога со правоаголна форма.[387] Sидовите на синагогата од II фаза биле украсени со фрески и со геометриски орнаменти, а на југозападниот sид била врежана менора. Подот во наосот од оваа фаза бил покриен со мозаик со геометриски мотиви (Д2а).

Во II фаза на објектот синагога II, најголема промена е направена при обновата на перистилот. Во првата фаза тој се наоѓал во центарот на надолжната оска на објектот и имал соодветен базен со многу поголеми димензии. Со археолошките истражувања е утврдено дека дел од базенот е уништен при обновата од II фаза. Градежната изведба на I фаза е со поголем квалитет, што е особено воочливо преку подот на базенот, неговите sидови, и стилобатните sидови на перистилот. При обновата во II фаза биле употребени архитравни греди, додека на северозападниот sид во I фаза, би требало да се претпостави решение со употреба на столбови. На мислење сме дека југозападниот sид на коридорот I, во I фаза треба да се наоѓа на 1 м појугозападно, што би значело непостоење на просториите 1 и 2 (Д2). Во тој случај, преостанатиот простор до југозападниот периметрален sид би останал во коридорот I, кој на тој начин би овозможил директна комуникација со југозападниот влез. Сепак, треба да се

[386] W. Poehlman, 1981, 235 - 246.
[387] И. Микулчиќ, 2000, 82.

напомене дека остатоците на теренот само делумно упатуваат на ова решение. Диспозицијата на перистилот во I и II фаза на Синагога - базиликата, прилично се разликува во однос на обновениот перистил од III фаза на ранохристијанската базиликата.

Извршените археолошко-конзерваторски истражувања не придонесоа за изнаоѓање соодветно решение во соодносот меѓу I и II фаза на просторот во нартексот.

Од поранешната дескрипција на наосот на базиликата, треба да се издвои решението со бази и столбови, кои припаѓаат на II фаза. На мислење сме дека во тој период интерколумниите, веројатно биле премостени со архитрави. На стилобатите се поставени бази со различна основа. Врз основа на затекнатата ситуација, видливо е дека на просторот кај интерколумниите на стилобатите имало градежни зафати во периодот на постурбаната фаза. Тука, во овој период, се извршени зазидувања со камен и кал (Д27 и Д37).

Наодите од фрагментирана пластика, која ја спомнавме во дескрипцијата на сонда I, содржи остатоци од парапетни плочи, кои припаѓаат на II фаза. Со неа, без било кави сомнежи, би можеле да се поврзат фрагментите од мермерните транзени, чии што делови се сместени во предолтарниот простор, исто така констатирани во сонда I. Како доказ за обнова во II -та фаза се изведените работи со различни решенија во овој дел на објектот, кои во голема мера се разликуваат од претходната. Во таа смисла, наместо столбови, има столпци а интерколумниите се премостени со арки. На тој начин се потврдува отсуството на столбови. Особено тоа е видливо кај остатоците на sидаријата, кои ја исклучуваат можноста за поставување на парапети. По се изгледа дека оваа sидарија одела преку базите, секако во вид на столпци. Кога е во прашање подниот опус во овој дел на базиликата, треба да се потенцира дека истиот, заедно со подното ниво, припаѓа на I фаза, со самото тоа што не се исклучуваат и помали интервенции во II -та фаза (Д42). Со излагање на елементите и решенијата од I -та фаза на Синагога - базиликата, истите со сигурност можеме да ги поистоветиме со II -та фаза на Полихармосовата палата.

Последните археолошко-конзерваторски истражувања дадоа и нова димензија во можноста за презентирање на двата хоризонта, посебно во

просторот на перистилот и наосот на базиликата, како и на југоисточната страна на Синагога - базилика II. Податоците од овие истражувања се од големо значење, пред с□ поради постоењето на реликвијар (ossarium sanctum), кој се наоѓа во југоисточниот дел на базиликата (простор помеѓу апсидата и олтарната преграда (Д32).[388]

Разграничувањето на спомнатата архитектонска целина, наведува на наменската автономност на нејзината југоисточна и на северозападната половина.

Бидејќи, претходно не се задржавме доволно на дескрипцијата на архитектонската пластика, во овој дел посебно ќе се осврнеме на неа, пред с□, заради нејзиното значење за детерминирање на фазите. Напоменуваме дека архитектонската пластика, поврзана со овој објект, главно припаѓа на неговата II фаза. Во оваа група посебен акцент би дале на капителите од атриумот на перистилот, со стилизирани акантуси и остри рабови, кои имаат седум лобуси, сместени во два реда, градејќија ја на тој начин површината на капителот (Д33).

4. Градежна фаза III - ранохристијанска базилика (Д43)

Во текот на V век, синагогата била напуштена и урната, а во доцниот V, односно почетокот на VI век, над неа била подигната трикорабна ранохристијанска базилика.

Основата на градбата од оваа фаза, е базиликално концепирана како и останатите градби во Стоби, кои се со иста намена и карактер. Ѕидните платна во III фаза се градени во градежна техника на камен со варов малтер и истите, во одреден дел, налегнуваат врз остатоците на синагога II (Д43). На поедини делови од градбата воочливи се разликите во пристапот на дадените решенија во однос на постарата градба.

Така, во перистилот од III фаза може да се примети разликата во решението на подниот опус каде е евидентна дополнителна интервенција. Ваквата констатација се темели врз основа на видливи позиции, каде оштетените

[388] М. Велчовски, бр. 08 - 1/358, 1996, 9.

подни површини од тули, биле пополнувани со камени, а на некои места и со мермерни плочи со секундарна употреба.

Овие зафати ги квалификуваме како наједноставна адаптација настаната по земјотресот во 518 год.[389] Дека сепак се работи за адаптација, се гледа и по тоа што како варијанта биле прифатени најефтините решенија, со употреба на расположивиот материјал, кој имал примарна улога. На сево ова би го додале и градежниот опус применет при интервенцијата, за која со сигурност можеме да кажеме дека е брзо изведена. Според овие информации не сме сигурни дали воопшто градот по земјотресот бил обновен, но, доколу бил, се поставува прашањето до кој степен тоа било реализирано. За да ги разрешиме овие прашање, пред тоа треба да го објасниме отсуството на архитектонската пластика од Јустинијаново време, како и поедини човечки костури пронајдени кај главната улица и градската капија. Според добиените резултати, на мислење сме дека оваа фаза на објектот настанала во раниот VI век.

Мислиме дека е од особено значење тоа што градителите на оваа градба, биле поквалитетни од градителите на III фаза од објектот. Сепак, истите ја користеле можноста за вградување на готовите делови од архитектонската пластика, при адаптација на обновената градба, со таа разлика што позајмените елементи и понатаму го одржувале статусот на својата првобитна функција. Градителите од III фаза сосема малку се разликуваат од градителите од IV-та т.е. постурбаната фаза, кај кои деловите од архитравот често се искористени како праг, а базите, капителите, меноата и другата архитектонска пластика, како дел на sидовите т.е. sидната конструкција.

4. Градежна фаза IV (постурбана фаза) (Д44)

На самиот почеток можеме да кажеме дека општата карактеристика на оваа градба е sидниот опус од камен и кал. Првиот впечаток е сличноста која постои меѓу остатоците на оваа градба со остатоците од последната фаза на Полихармосовата палата. Во северозападниот агол на оваа градба се наоѓа порано спомнатиот sид, на 1 м северно од главниот влез. Истиот е прилепен на

[389] W. Poehlman, 1981, 235 - 246.

северозападниот перимеtрален ѕид на базиликата и само делумно го преградува северозападниот коридор на перистилот, оставајќи отвор од 0.80 м, како простор за комуникација. И покрај тоа што ѕидот е технички добро изграден, истиот е со неизедначен опус на градба, поставен со хоризонтален и косо насочен слог. Во исто време е изведено стеснување на северниот влез во базиликата (Д36). Во овој дел имаме голема концентрација на врзива со кал и заради тоа, поголемиот процент на ѕидни површини се наоѓа во дерутирана состојба. Тука е тешко да се говори околу автентичноста на ѕидовите во интерколумнијата на стилобатот на перистилот, поради што сме на мислење дека, изземајќи ги столпците, истите припаѓаат на оваа градба. Во прилог на тоа се и последните конзерваторски интервенции во 1968 год., со извршена анастилоза, кои ја потврдуваат нивната маса која е хомогена со столпците пронајдени при истражувањата на оваа позиција. Непосредно до југоисточниот агол на базиликата, при истражувањата е откриен столбец во сувозид h = 0.20 м, во функција на контрафор. Неговото фундирање и фактура, а секако и начинот на изведба, одговараат на слепата апсида, која се наоѓа веднаш под главната апсида на југ. Меѓутоа, изненадува симетричноста со која е пласиран преградниот ѕид од просторија 2. Тој е фундиран на ниво на подот од просторијата и конструктивно е слободен. На оваа градба припаѓаат деловите каде има исполнување на ѕидовите во интерколумнијата на северната страна на просторија 2. Тоа е во врска со претходно кажаното, дека оваа просторија била отворена кон јужниот коридор на перистилот, што не било случај во периодот на оваа градба. Убедени сме дека скалилата, кои се наоѓаат во североисточниот агол на коридорот 3 (југоисточен), припаѓаат на оваа градба (Д16). Во прилог на ова говори фактот дека горните две скалила се скоро аморфни, но, без трага на употреба, додека долните се во секундарна употреба. Исто така е тешко да се замисли дека истите се од времето на базиликата, бидејќи нивната форма и начин на обработка далеку заостануваат зад оние што ги знаеме, кои се од двата периода на објектите. Посебно треба да се нагласи дека тука, како единствено врзиво, се појавува калта. Со анализа на ѕидните остатоци, кои се наоѓаат во интерколумниите на централниот кораб од базиликата, потврдено е дека горните еден до три реда камен се ѕидани со кал (Д37). И на ова место е применет кршен камен од сивозелен песочник. Овие

остатоци припаѓаат на градбата која ја опишуваме. Остатоците од слепата ниша, кои се зачувале во ј/и агол на објектот (а според анализите ги имало и во с/и агол) исто така припаѓаат на оваа градба.

IV. ДОСЕГАШНИ ПУБЛИКАЦИИ

Најобемниот досегашен публикуван труд за Синагога - базилика е поглавјето во „Студиите за стариите во Стоби“ од W. Poehlman од 1981 год. Авторот во ова дело ги презентира резултатите од археолошките истражувања, врз основа на кои укажува повеќе на ремоделирањето на формата на Синагогата, отколку на изградбата на новата градба (базилика). Во оваа публикација се дадени границите на Синагогата во нејзината I и II фаза, како и описот на внатрешното уредување констатирано со последните археолошки истражувања од 1977 год.

Авторот И. Микулчиќ, во „Антички градови во Македонија“, издадена во 1999 год., ги потврдува констатациите на W. Poehlman дадени во неговата публикација. Во своето дело авторот го презентира урбаниот развој на градбата, како и констатацијата дека се работи за хебрејски „храм“. Ваквите констатации се темелат врз основа на еден натпис кој е врежан во мермерен столб, а истиот е пронајден во перистилот на т.н. „Синагога - базилика“. Во понатамошниот текст се опишани урбаните хоризонти на градбата, при што авторот укажува дека sидните површини на најстарата синагога потекнуваат од I век н.е., а на најмладите од IV век. Тој ги користи материјалите од археолошките истражувања изведени во седмата деценија на минатиот век, и со добиените резултати ја потврдува постојната теза дека се работи за еврејски храм. Оваа теза се потврдува и преку насликаните sидни површини на кои, врз бела подлога, биле исцртани бројни шестокраки (т.н.„Давидови“) sвезди на кои пишувало „Полихарм таткото“.

Истиот автор во 2000 год. ја издава публикацијата „Стоби“, во која ги повторува претходните сознанија за оваа градба, но, со едно дополнување во кое стои дека подареният дел од Полихармовата куќа на еврејската заедница, бил користен за богослужба и верски собири. Во овој труд авторот, преку неговите дополнителни анализи, објаснува дека натписот кој е всушност еден вид

завештание, според Актиската ера (ТИА=311-31 год.) се датира во 280 год. н.е.[390] Но, според повеќемина други истражувачи, ова датирање е превисоко и истото е напуштено како такво.[391]

V. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗИ ОД КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Археолошко-конзерваторските истражувања на објектот „Синагога - базилика" претставувале дел од програмската активност која за цел имала, целосно презентирање на резултатите од археолошките истражувања и на поблиската урбана целина на Стоби, чиј што центар бил претставен со нимфеонот т.е. градската чешма. Како најзагрозен, овој урбанистички кварт бил конзерваторски презентиран со објектите: Голема терма, Мала терма, Палата на Полихарм и Палата на Перистерија.

Во периодот од 1931 и 1932 год. истражувачките активности на овој објект допринеле во одредувањето на неговата идентификација и позиција, како од архитектонски, така и од урбанистички аспект.[392] Но, истовремено, резултатите од овие истражувања не можеле целосно да се искористат, пред с□ поради недоволното определување на урбаните фази на градбата.[393]

Со дополнителните археолошко-конзерваторски истражувања на остатоците од оваа градба, особено на оние од најмладата фаза, дадоа конкретни резултати врз основа на кои е дојдено до констатација дека истите се со помала површина на застапеност, додека тоа не е случај со Полихармовата палата. Овие анализи допринесоа позициите на sидни површини од градбата, градени во техника на камен со кал, да го потврдат периодот на нивното настанување во крајот на VI и почетокот VII век, и дека истите, всушност, можат да се поврзат и со периодот на доаѓањето на Словените на овие простори.[394] Треба да се

---

[390] И. Микулчиќ, 2000, 82.
[391] H. Blitzer, 1971, Nave 5; W-MZ, 1971, 408.
[392] Ј. Петровиќ, 1932, 81 - 86.
[393] Ј. Петровиќ, 1934, 191.
[394] Постурбаниот период, каде имаме појава на преградување простории со sидови од камен и кал, е поврзан со периодот на населувањето на Словените на овие простори. Тоа се гледа и преку примитивниот начин на изведената sидарија, која се применува при крајот на VI и почетокот на VII век.

потенцира дека градбата, која според наше мислење е можеби една од најквалитетните во Стоби, заслужува поголемо внимание во делот на нејзината финална презентација која, за жал, од страна на претходните истражувачи и конзерватори не е спроведена во целост. Секако, најголем проблем претстаува недостатокот на движен археолошки материјал, со чија помош би се заокружиле сознанијата за точниот изглед на градбата во оваа фаза.

- Состојба на зачуваност на објектот

Со сигурност може да се каже дека Синагогата е еден од подобро зачуваните објекти во Стоби. Направените конзерваторски интервенции во периодот од 1991-1994 год. ја стабилизираа деструктивната состојба на неговите ѕидни површини. Перистилот и периметралните ѕидови на овој објект, како и подниот опус конзервирани во овој период, се изведени на автентичен начин, така што, кај ѕидните делови главно е применета техниката на опус микстум. Подниот опус изведен од тули и камени плочи, кои на поедини делови се затекнати во процес на распаѓање, се отстранети, и на нивно место е извршена комплетна замена со новоизработени елементи со иста структура и димензии.

Но, новоизработените подни тули поставени во корабите и коридорите, како и во просторот на перистилот и нартексот, поради слабиот квалитет, набргу по извршената реставрација влегоа во процесот на рапидна деструкција. За разлика од претходните позиции, во овој период на конзерваторска кампања не беа третирани подните површини кај северозападниот коридор, како и просториите 1 и 2 лоцирани југоисточно од него. Ваквата состојба е непроменета с□ до денес.

VI. ОПЕРАТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА

1. Коридор I (северозападен коридор)

Во однос на северозападниот ѕид од коридорот, во кој се наоѓа централниот влез, во програмата за конзервација било предложено нивно издигнување за 0.60 м над нивото за комуникација со градската улица. Градската улица која ги поврзува останатите објекти со градската чешма и улицата

decumanus, поминува покрај термите и Полихармовата палата на југ, и истата продолжува на север кон Северната базилика.

Врз основа на направената анализа, во оперативната програма, беше предвидено прагот на влезот да биде подигнат; истовремено да се изврши негова консолидација (се мисли на поставување подлога) и истиот повторно да се врати и постави на автентичното место во хоризонтална положба.[395] На ширината кај влезната партија беше предложена делумна реконструкција на скалилата, бидејќи за тоа постоеле елементи на теренот. Површината на скалилата беше предложено да се оформи од кршен камен, за да се добие стабилна позиција, а врз неа да се постават камени плоча со дебелина од 0.07 м. Спомнатото надѕидување на целата површина на западниот периметрален ѕид беше предвидено да се изведе со обработен камен во правилен слог, при што поедини редови т.е. фуги меѓу нив би останале со приближно хоризонтална линија. Длабочината на фугите беше предвидено да биде од 0.02 до 0.03 м. Големината на каменот кој требаше да се употреби во процесот на конзервација беше со иста димензија како и постоечкиот. На североисточната и југозападна страна, северозападниот ѕид на базиликата, формира агол со нејзиниот североисточен и југозападен периметрален ѕид. Оваа состојба е карактеристична, особено кај североисточниот ѕид на Полихармовата палата, каде што истиот конструктивно не е поврзан со III фаза на Синогога - базиликата која е презентирана во проектната програма. Ваквата состојба се објаснува со тоа што долните партии на овој ѕид своевремено продолжувале на југозапад. Преградниот ѕид во североисточната половина на коридорот I припаѓа на помладата фаза и конструктивно не се врзува со северозападниот периметрален ѕид на Синагога - базилика од III фаза, така што истиот, како таков, е документиран а подоцна и отстранет. Според сосотојбата на теренот и остатоците кои се пронајдени in situ, подот во овој коридор бил решен со камени плочи со димензии 0.50 x 0.70 м. На дел од неговата површина се пронајдени плочи со помали формати, веројатно секундарно поставени.

Во пперативната програма[396] се дадени следните позиции за конзерваторска интервенција.

---

[395] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.
[396] Ж. Винчиќ - М. Велчовски, бр. 08 - 33/6, 1994.

- Кај јужниот влез во коридорот I, беше констатирано дека е потребна консолидација на подлогата бидејќи истата, која е составена од камен песочник, попуштила под тежината на камениот праг и била обрасната со вегетација.

- Во овој дел беше констатирано дека ѕидовите на довратниците нема потреба да се нагласуваат повеќе од степенот на нивната зачуваност но, и дека добар дел од камењата треба да се заменат, бидејќи се оштетени од атмосферските влијанија;

- Влезот на северната страна од североисточниот коридор беше предвидено да се конзервира на тој начин што истиот ќе биде ставен во функција. Исто така и централниот влез на северозападната страна, дотолку повеќе што истиот го поврзува објектот со градската улица.

- По извршената документација, предложено е десниот довратник да се ослободи од помладата градба и по извршеното чистење да се фугира.

- Левиот довратник, беше предвидено минимално да се оформи и надѕида со само еден ред, со цел да се поврзе со ѕидната маса, а посебно да се консолидира круната на ѕидот, која беше во лоша состојба.

- Постоечкиот понизок праг, беше предвидено да се пломбира, и по извршената консолидација со фугирање, да се врзе за ѕидот.

- Југоисточниот ѕид на коридорот I, беше третиран при конзервацијата на централниот дел од перистилот и просторијата I.

2. Коридор II (југозападен коридор)

- Двете влезни скали коишто овој коридир го поврзуваат со коридорот I (северозападен), беше предложено делумно да се реконструираат (Д18).

- Овој зафат беше изведен на тој начин што долната скала е пломбирана и подигната на висина од 0.15 м. Врз неа е поставена камена плоча со дебелина од 0.04 до 0.06 м.

- Горната скала беше консолидирана, со истиот материјал и со употреба на нова малтерна смеса, а скалата е подигната за 0.05 до 0.07 м во однос на претходната состојба.

- На јужната страна, горната скала беше предвидено да се дополни со парчиња од истиот камен со димензии од 0.60 х 0.30 х 0.15 м.

- Југозападниот ѕид на овој коридор, по документирањето беше предвидено да се ослободи од остатоците на сувоѕидот, со што ќе биде презентиран во in situ позиција, со што се добива можност за согледување на функцијата на трибелонот, преку кој коридорот комуницирал со просторија I.

- На ѕидот од прагот на трибелонот, беше предложено да се изврши чистење, заради степенот на оштетеност од вегетација, со тоа што беше потребно да се извршат пломбирања на повеќе места.

- На западниот ѕид од западниот дел на овој коридор беше потребно да се изврши фугирање и делумно пломбирање, а надѕидувањето на горниот ред да биде по целата должина.

- Пред да се отпочне со оваа реализација, беше констатирано дека е потребно постоечките горни два реда, кои се наоѓаа во дерутирана состојба, да се отстранат и надѕидаат со други два реда.

- Беше констатирано дека горната линија на обрушеност се движи од 1,00 м на западниот крај и 0.60 м на североисточниот агол на просторија 2.

- Бидејќи не можеше да се добие јасна слика за првобитното решение на распоредот на подниот материјал т.е. камените и мермерни плочи, како и тулите, во овој случај беше најприфатливо да се изврши замена на оштетените делови со истиот материјал, а оние што недостасуваат да се пополнат на ист начин.

3. Коридор III (југоисточен коридор)

Кога е во прашање конзеравцијата на овој коридор, во оваа прилика би се задржале само на скалите и подниот опус. Во источниот агол на коридорот, зачувани се уште три скали кај влезната партија. Ширината на скалите е 0.90 м, а висината на истите се движи од 0.18 до 0.30 м. Скалилата се изведени од невешто делкани парчиња со димензии 0.90 х 0.50 х 0.15 м (Д16). Најдолната скала веројатно претходно служела како праг. Просторот под скалата е подѕидан со сувоѕид. Остатоците од врзивото укажуваат единствено на смеса од кал. Бидејќи скалите се поставени врз подот со тули, јасно е дека тие не постоеле во време на функционирањето на базиликата. Покрај тоа, скалите само налегнуваат до

западниот ѕид на нартексот. На мислење сме дека, при изведување на конзерваторските интервенции, тие треба да се заштитат во изворната состојба, бидејќи, истите се од посебен интерес во поглед на временската и наменската идентификација на објектот. При реализација на конзерваторските активности, треба да се изврши чистење од шут и вегетација, додека оштетениот камен да биде заменет, со што максимално би се консолидирала неговата супструкција. Подот на овој коридор е делумно зачуван и е изведен од тули со димензии 0.47 x 0.27 x 0.40 м. Врз основа на овие елементи може да се изврши реконструкција во северниот и јужниот коридор. Предлагаме тулите да се постават на претходно изготвена подлога од продолжен малтер. Западниот ѕид на овој коридор ќе биде третиран при описот на централниот дел на перистилот.

4. Коридор IV (североисточен коридор)

Како што веќе напомнавме, коридорот IV т.е. северниот коридор на перистилот, ја има истата диспозиција кон централниот дел на перистилот и истиот опис како коридорот II, т.е. јужниот коридор на перистилот (Д20).

5. Централен дел на перистилот

Во рамките на финалната презентација на објектот, беше констатирано дека при реализација на конзерваторските интервенции, треба да се примени стандарден метод и принцип на работење, според кој треба да се нагласи (но, истовремено и да се амбиентализира) последната фаза на објектот, особено во овој случај (Д11; Д11а). Врз основа на прифатените заклучоци е констатирано дека, откако ќе се изврши санација и консолидација на ѕидните маси од претходните и подоцнежните градителски фази на објектот, неопходно е отстранување на најмладата урбана фаза со претходен комисиски записник.

Гледајќи ги работите од овој аспект, централниот дел на перистилот не може да има интервенции од поголем размер, и покрај тоа што автентичноста на неговата физиономија го наметнува тоа. Правејќи ја отстапката на автентичност, не се исклучува можноста за дополнителни истражувања на сите ѕидови во перистилот, па со самото тоа, од постигнатите резултати да се презентира оригиналната состојба. Во таа смисла се подразбира оставање на сите отвори кај

sидните површини на перистилот, изземајќи го западниот. Пред с□ ќе потенцираме дека ваквиот став се темели на сомнежот во поглед на вертикално поставените бази на столбовите во перистилот, како и на поедини делови на неговите sидни платна. Втората алтернатива во голема мера ја олеснува целата постапка. Во тој случај се налага потреба од „presидување“ на поедини sидни партии, вклучувајќи ја и западната, како и пломбирање и фугирање на сите останати површини. „Presидувањето“ би се извршило со ист материјал и опус, со тоа што врзивото би било од цементен малтер со посебен состав и сооднос. Во рамките на овие интервенции, посебно треба да се води евиденција околу конструктивниот однос на поедини sидови. На мислење сме дека кај надворешниот југозападен агол на перистилот, кој е нешто под нивото на подот во коридор II, е неопходно да се овозможи согледување на постоечката ситуација. Според неа западниот sид од централниот дел на перистилот покажува насилно обрушување во правец кон југ. Подот во централниот дел на перистилот треба да биде изведен со камени плочи со димензии 0.60 х 0.45 м; 0.80 х 0.40 м и 0.90 х 0.60 м, додека дебелината на истите треба да биде како оние што се наоѓаат во in situ позиција (од 0.03 до 0.05 м).

6. Базен во перистилот на базиликата

Треба да се респектира постоечката состојба на базенот и во таа смисла да се консолидира подsидот под преградните плочи кај неговиот источен sид, а плочите, сега нешто дислоцирани, да се постават во првобитната состојба. Претходно потенцираме дека тука се во прашање сполии. Страничните столпци исто така треба да се консолидираат, како би можеле да ја образложиме нивната функционалност, која се состоела во затварање на источната страна на базенот. Кога е во прашање подот на базенот, истиот на поедини делови треба да биде обновен со цементен материјал и смеса од толчена тула, за да се обезбеди фиксирање и зацврстување на фланкираните камења од неговата подна конструкција како дел од последната протогена фаза на базиликата (Д39).

7. Крстовиден реликвијар (ossarium sanctum)

Последните истражувања дадоа и нова димензија во можноста за презентирање на двата хоризонти, особено во просторот на атриумот и наосот на базиликата и источната страна на синагога II. Податокот од овие истражувања беше од посебно значење, пред с□, поради тоа што придонесе во расветлувањето на позицијата пред олтарниот простор. Се дојде до сознание за постоење на реликвијар (ossarium sanctum) лоциран во источниот дел на базиликата т.е. просторот помеѓу апсидата и олтарната преграда.[397]

Од добиените податоци извршена е реконструкција на два крака од сиданиот крстовиден реликвијар (Д32). При заштитните интервенции, запазен е автентичниот изглед и димензиите, конзервираните делови се изведени со употреба на продолжен малтер, при што завршните делови и фугирањето се со употреба на цементен малтер во сооднос 1:2 цемент - песок. Во источниот, поточно централниот дел на апсидата се изврши конзерваторски зафати на обрушените сидни камења, кои всушност беа дерутирани до нејзините долни зони. Овој зафат беше предвидено да се одвива до највисоките запазени зони на апсидата. Со примената на заштитните мерки се дојде до повторна консолидација на тој дел од базиликата и можноста истиот да биде презентиран.

8. Нартекс

Сите сидови на нартексот имаат приближно ист степен на оштетеност, па според тоа се предлага мерка на нивно надсидување од 0.30 до 0.50 м. И во овој случај напомнуваме дека треба да се респектира постоечкиот опус. Претежно на целиот објект, а тука во целина, при сидањето ќе се примени нешто послободен слог со чие што врзување ќе се постигне неправилно поклопување на следниот ред. Хоризонталната фуга се одржува релативно во права линија, додека вертикалната е со големи отстапки. Во двата случаи ширината на фугата варира од 0.01 до 0.03 м. Изборот на каменот се врши според постоечкиот. Врзивото, како и во останатите сектори, е изготвено со продолжен малтер, додека горните

[397] М. Велчовски, бр. 08 - 1/358, 1996, 9.

два реда ќе бидат ѕидани со цементен малтер. Фугирањето ќе биде исто така со цементен малтер измешан со толчена тула. Препорачаниот третман е применет на Големите и Малите терми, како и на Полихармовата палата. Покрај малите зафати на пломбирање, ѕидовите на нартексот немаа потреба од интервенција со инектирање. Подот во нартексот е изведен од тули втопени во малтер. Димензиите на тулите варираат, бидејќи малку од автентичните се зачувани. На оваа позиција се констатирани примероци со димензии 0.39 х 0.24 м; 0.37 х 0.29 м и 0.42 х 0.33 м, од кои последните две се поброjни (Д40). Бидејќи подот е во доста лоша состојба, во овој случај ќе се преземе целосно обновување на истиот со дадените димензии на тулите.

Следниот чекор предвиден како заштитна интервенција, беше зафатот на подните површини во корабите, нартексот и перистилот на базиликата.

9. Централен, северен и јужен кораб на базиликата

Интервенцијата на ѕидните површини на овој дел од објектот и нивната дескрипција, главно се сведува на тоа што е претходно кажано во однос на ѕидовите од нартексот. Не треба посебно да се нагласува дека и тука, како и во другите случаи, при надѕидувањето на горните партии мора посебно да се води грижа за конструктивниот однос на поедини ѕидни партии. Всушност, постоечката конструктивна состојба треба дословно да се пренесе на ѕидните површини, доколку на тоа место има потреба од таков вид на интервенција. Во тој поглед е нешто поспецификен случајот со источната фасада на базиликата (Д45). Тука беше предвидено да се изврши темелна конзервација со превез од четири реда на тула, кои беа целосно уништени. Појасот на превезот од тули се изведува со следните димензии: 0.38 х 0.26 х 0.04 м. Врзувањето во масата се планираше да се изведе со четири реда на тула, со нивно наизменично поставување на подолгата и пократка страна на лицето во ѕидот. Превезот во должина од 1.50 м ќе го зафати северниот периметрален ѕид, така што на североисточниот агол треба да му се посвети посебно внимание. Дебелината на фугата ќе биде 0.04 м. Исто врзиво во овој случај ќе има агрегатот со поголема гранулација. Тука би потенцирале дека интервенциите на југозападниот периметрален ѕид на базиликата, заради природата на неговото оштетување, имале поголем зафат.

Ваквата постапка е направена, бидејќи површината на неговите горни партии биле во дерутирана состојба, а ваквата состојба се повторува и на поедини позиции во долните зони. На мислење сме дека оперативната програма за реконструкција на подот може да се подели во две фази од кои првата би се реализирала со постоечкиот видлив опус, додека втората би се дополнила со елементи кои се наоѓаат под земја. Всушност со отстранувањето на оштетените плочи, веројатно ќе може, преку нивните негативи во подлогата, да се добие големината и распределбата. Тука не би се занимавале со составот на подлогата, бидејќи тоа е веќе дадено во описот на објектот.

На просторот од централниот кораб би ги нагласиле само потребните интервенции на неговите стилобати. Круните на sидните партии се доста оштетени, така што и тука е потребно нивно президување. Остатоците на зазидување на интерколумниите со камен и кал, по нивното документирање, биле отстранети. Тука не се работи само за можноста за презентирање на една или повеќе фази, туку и за начинот и принципот при презентација на еден објект, кој во себе содржи елементи со помало и поголемо значење. Во таа смисла отстранувањето на пост-урбаната фаза во овој дел има оправдание, бидејќи со тоа се овозможува поголема видливост на базите на двата стилобати од порепрезентативната фаза на градбата. Но, во принцип, доколку има можност за презентирање на две или повеќе фази од градбата, тогаш се практикува презентирње на сите нејзини фази, кои се неодвоив дел од нејзиниот историско-урбан развој (Д27; Д37).

Во оваа оперативна програма беше предложено внатрешниот простор на олтарот, да се консолидира кај носачите на олтарната преграда. Исто така тука беше констатирана потребата за посветување посебно внимание на подниот опус.

Беше предложено, доколку се прифати како решение, покривањето на подната подлога со песок, (недоследна на степенот на заштитни интервенции за еден значаен објект), врз истата да се постават мермерни плочи кои со својата форма и состав најдобро би се вклопиле на реставрираните површини. Мермерните плочи беа одбрани со приближни димензии 1.60 x 0.60 м, додека во апсидата беа со помал формат, но при тоа сите се со бела боја за разлика од постоечките кои се со црвенкаста. Како еден вид варијанта во процесот на

интервенција беше предложено обновување на подната подлога изведена од опалска бреча и додаток на мало количество толчена тула.

Бидејќи остатоците на постарата градба беа најевидентни во просторот на централниот кораб, помислата за нивна експликација се поврзува за овој дел од објектот. Со оглед на тоа што се работи за површина со мозаик, од посебено значење е што документарниот елемент би имал и свој естетски акцент. За да може подот со мозаик од I фаза да биде што подостапен за посетителите и стручњаците, се наметнуваат две можни решенија. Првото и многу поедноставно (кое за нас не е поприфатливо), се состои од систем на две до три шахти, со што би се овозможило отварање и поглед кон мозаикот. Шахтите се со помали димензии, во најдобар случај до 1 $м^2$. Ѕидовите на шахтите би биле градени со неутрален материјал, современа тула или нешто слично, додека нивното покривање би било реализирано со постоечкиот поден опус на базиликата. Второто решение има потреба од интервенција со поголеми размери, која се оправдува, пред с□ со потребата за конзервација на површината со мозаик (Д38). За да се конзервира мозаикот, истиот претходно треба да биде откриен на целата површина. По извршеното откривање на мозаикот, логично се наметнува второто решение. Всушност тоа не се состои само во видливоста туку и достапноста на целата негова површина. Ваквото решение подразбира постапка при која на целата површина со мозаик, а во висина со подот на базиликата би се конструирале метални носачи за подните плочи во наосот од базиликата. Второто решение не само што е логичен продолжеток на конзерваторските активности на површината со мозаик, туку истото има значење и во делот на вентилацијата и особено адаптациите во однос на атмосферските влијанија. Првото решение би се постигнало со три до четири отвори со големина на една до две плочи, кои во сезоната би биле постојано отворени, а второто – со поставување на одводни канали. Спомнатите отвори би биле доволни за да може да се види мозикот при дневна светлина, а во одредени случаи и пристап до него на публиката или на стручните лица.

10. Архитектонска пластика

Што се однесува до архитектонската пластика која се наоѓа околу објектот, се предлага нејзино распределување на позициите најблиски до автентичните. Предлогот особено се однесува на ансамблот од прозорска пластика, која денес се наоѓа надвор од објектот, а која треба да се врати во апсидата и корабите на базиликата. Надгробниот споменик на христијанинот Зофирос, исто така, треба да биде вратен на неговота автентичната позиција.

VII. КОНЗЕРВАТОРСКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

Следниот чекор предвиден како заштитна интервенција, беше зафатот на подните површини во корабите, нартексот и перистилот на базиликата. Пред да започнат интервенциите, се премина на подготвителните работи со што се земаа потребните димензии на подните тули, како и контакт-површините предвидени за потребната реконструкција. Новоизработените подни тули со потребните димензии, не го задоволуваа посакуваниот квалитет на изработка, пред с□ поради неможноста да се примени старата технологија во процесот на изготвување и печење кај тулата. Контакт-површината беше подготвена со набивање на земјата, поставување на чакал и ситнозрнест песок, на кој се поставија и нивелираа подните тули. Растојанието од 0.2 до 0.3 см помеѓу подните тули, беше пополнето со смеса од течен цементен малтер во сооднос 1 : 2 (цемент : песок) и поголема количина на вода, со што тулите беа зацврстени помеѓу себе (Д46; Д46а). Овој метод на конзерваторски зафат е доста практичен и успешен кај оние подни површини за кои постои било каква можност истиот да биде применет.

Согласно програмата за археолошко - конзерваторски работи на Синагога - базилика за 1994 год. се пристапи кон подготвување на југозападниот коридор за заштитна интервенција. При подигнувањето на остатоците од камени плочи и нивно сигнирање со цел враќање на автентично место, дојде до откривање на една мермерна плоча со старогрчки натпис во 8 реда, со кружна форма (Д47). Подните тули во овој коридор беа речиси сосема уништени така што, пред одпочнувањето на било каква интервенција, целата површина мораше преходно да се исчисти. Веднаш по симнувањето на овој слој, се констатира присуство на бујна вегетација составена од трева и плевел. Ваквата состојба во најголем дел придонела за

дерутирањето на подната површина. Со цел да се одбегне ваквото влијание и во иднина, се изврши откоп на земја во длабочина од околу 0.20 м и отстранување на истата од објектот. На нејзино место се постави слој од песок со дебелина од 0.10 м. При ископот на земја најдени се повеќе керамички фрагменти од различни типови домашна керамика, карактеристична за IV век н.е. (Д48). По извршената нивелација со песок, извршено е полевање со вода, со цел природно слегнување и набивање.

На вака подготвената површина, поставена е бетонска плоча, која ќе може со сигурност да го носи подниот опус (смешан спикатум), составен од камени и мермерни плочи со тула (Д49). Во таа смисла, со примена на овој метод, подот во иднина ќе биде целосно заштитен од негативното влијание на ниската флора, особено од плевелот. Во исто време поставена е камена плоча-праг при влезот од југоисточниот коридор во средишниот откриен дел на перистилот. Со примена на оваа постапка, се реши и проблемот со одводот на атмосферските води од североисточниот коридор. Тоа е постигнато со оставање поголема фуга од двете страни на прагот, преку кои би се одлевала водата низ средишниот дел на перистилот и пред северниот влез во него, би влегувала во каналот, преку кој би се одлевала надвор од објектот. Овој канал е автентичен, од времето кога објектот бил во функција, со тоа што во текот на реконструкцијата на подот, во средишниот дел тој е на повеќе места обновен и во целост фиксиран. Каналот оди од средината на средишниот дел на перистилот кон северниот влез со правец запад - исток, оттаму продолжува под него и оди кон североисточниот агол на северниот коридор. Тука излегува од објектот и под северниот периметрален ѕид, продолжува по линијата на неговата северна фасада, во правец кон исток. Со нешто понагласен пад од околу 6%, каналот слегува покрај Малите терми и влегува во нивната латрина на североисточниот агол. По каналот на латрината, кај југоисточниот агол, ги напушта Малите терми и оди кон градската клоака,[398] која се наоѓа паралелно со северниот периметрален ѕид на Големите терми и тоа на растојание од 1 м, северно од него, во правец кон Црна Река.

[398] Се мисли на главната траса на градска канализација.

Во тој контекст беше потенцирано, дека во сите фази при реализирањето на работите е водено сметка за решавањето на проблемот со дренажа т.е. одвод на атмосферските води надвор од објектот и негово целосно обезбедување.

- Апсида

Приоритет при реализација на заштитните интервенции на апсидата беше да се запази нејзиниот автентичен изглед и големина. Како малтер кој во себе содржи соединенија кои се најкомпатибилни со автентичниот, на конзервираните делови беше употребен продолжен малтер, при што завршните делови и фугирањето беа со употреба на цементен малтер во сооднос 1:2 цемент – песок. Во источниот и особено централниот дел на апсидата се изврши конзерваторски зафати на обрушените ѕидни камења, кои всушност беа дерутирани до нејзините долни зони (Д50). Истиот зафат беше предвиден да се одвива до највисоките запазени зони на апсидата. Со примената на заштитните мерки се дојде до повторна консолидација на тој дел од базиликата, и можноста истиот да биде соодветно презентиран (Д45).

- Наос

При повеќекратното нивелирање на теренот, под просторот на наосот, при реализација на југословенско-американскиот истражувачки проект, извршен е длабок откоп од неколку метри, при што се детектирани два урбани хоризонта на живеење на објектот. Всушност, во овој дел се пронајдени две подни нивелети од различен временски период: под од фаза на Синагога II и под од фаза на базилка I. На северниот перимеетрален ѕид од наосот е извршено перфорирање и е спроведен канал, кој оди по нивото на подот со мозаик и бетонската плоча на Синагога II с□ до погоре опишаниот одводен канал, по северната фасада на Синагога базилика и Малите терми. Трасата и каналот се автентични и со интервенцијата која е извршена во 1963 год. истиот е ставен во функција.[399] Целта на оваа интервенција се состоела во подобро собирање на водата од нивото на подот со мозаик, каде што истовремено е направена и шахта, од која започнува собирањето и одведувањето на атмосферската вода.

[399] Ж. Винчиќ, 1966, 6.

VIII. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Врз основа на изнесените резултати од археолошко-конзерваторските истражувања на Синагога - базиликата, извршени се заштитни интервенции на sидните платна и на дел од подните површини на градбата. Овие зафати се реализирани на позициите, кои се апсолвирани со претходните истражувања.

Изградениот христијански објект е базиликално конципиран како и останатите градби во Стоби, кои се со сакрален карактер. Градбата е трикорабна со наос, јужен и северен кораб, нартекс и атриум со предворје и фонтана. Олтарниот простор бил покриен со под од плочи во разни бои, а под нивото на подот се наоѓал реликвијар во форма на крст (Д32). Во перистилот бил поставен базен со правоаголна форма.

Опишаните архитектонски делови на градбата, т.е. нејзините sидни партии, се градени од кршен камен во хоризонтален слог, главно во opus incertum, со исклучок на апсидата, која е градена во техника на opus mixtum.

Според видот на заштитните интервенции, изготвените проекти за конзерваторско-реставраторски работи имаа за цел да ги спречат натамошните деструктивни појави и да обезбедат зачувување на автентичниот изглед, како и делумна реконструкција на поедини делови од градбата. Сепак, најзначаен изведен конзерватоски зафат е зафатот во перистилот, со извршена анастилоза на стилобатните sидови. Не помалку значајно беше изнаоѓањето решение за измирување на повеќе урбани фази кај sидните платна на Синагога - базиликата.

Голем проблем претставуваа различните висински коти на подните површини во циркуларните коридори на перистилот, но, исто така и позициите на подните опуси во централниот дел на градбата, како и подните површини на североисточниот и југозападниот кораб. Во таа смисла се постави прашањето, како и на кој начин ќе комуницираат просториите меѓу себе во делот на финалната презентација. Но сепак, со извршените детални анализи, се дојде до најдоброто решение кое во овој дел конзерваторски ја презентира последната фаза на Синагога - базиликата. На поедини делови беше извршена интервенција на sидните позиции кои беа градени во градежна техника на камен со кал. Во останатиот дел од објектот се извршија пломбирања на оштетените sидни платна, со што се спречи натамошниот деструктивен процес.

На sидните платна и подните површини беше применет класичен конзерваторски метод со примена на продолжен малтер. Фугите на подните површини се исполнуваа со течен цементен малтер кој, како конзерваторски метод, се применува подолг временски период и истиот има голем ефект во процесот на примена на заштитниот режим кај подните опуси.

Меѓутоа, во централниот кораб на градбата не се изведени предвидените конзерваторски интервенции, бидејќи тука се работи за поголем конзерваторски зафат, кој е условен со поголеми финансиски средства.

Проблемот се појавува и во делот на конзерваторските интервенции кои имаат различен пристап во решавање на поедини позиции, техника и метод на изведување при реализација на финалната конзервација. Тука пред с□ се мисли на презентацијата на неговите урбани фази, кои се наоѓаат на ралична висинска кота. Во овој дел исто така е проблематично различното решение на подните опуси, посебно на мозаикот кој, со својата поставеност, ја усложнува постапката во процесот на конзервација и финална презентација на sидните платна. Врз основа на овие констатации, на мислење сме дека е потребно изготвување на нов елаборат кој ќе ги содржи сите потребни елементи за финална презентација на Синагога - базиликата, особено во нејзините долните зони кои се дел од најстарата архитектура на градбата.

СЕДМА ГЛАВА

ВИНИЧКО КАЛЕ, ВИНИЦА

I. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИ

1. Локација

Градот Виница лежи на крајниот југоисточен дел на Кочанската котлина, на северниот брег на реката Брегалница, допирајќи се со планинските масиви на Плачковица и Голак. Низ Виница течат и повеќе помали реки, меѓу кои се Виничка и Градечка Река. Наодите од локалитетите во и околу Виница, укажуваат дека овој простор континуирано бил населен низ вековите. Во овој регион среќаваме наоѓалишта со културни слоеви од железното време па сè до раниот среден век или времето на големите преселби, но, исто така, и наоди (архитектонска пластика, керамички садови) од полниот и доцниот среден век.[400]

За постоењето и развојот на средновековна Виница особено биле значајни главните сообраќајници кои тука се вкрстувале од трите страни, придонесувајќи, особено во 14 век, за нејзино прераснување во важен трговски пункт. Околу оваа населба подоцна ќе се оформат селата Мородвис, Зрновци, Градец, Блатец и други.

Јужно од градот Виница, на доминантниот брег на Плачковица се наоѓа зарамнето плато, денес познато под називот „Виничко Кале“, со остатоци од утврдување (Ѓ1). Брегот е заштитен од три страни со стрмни падини. До неговото зарамнето плато постоел пристап само од неговата западна страна. Одбранбените ѕидови водат околу работ на целото плато и затвараат неправилна површина со издолжена форма.[401] На платото има остатоци од повеќе архитектонски градби. Со археолошките истражувања се откриени бедеми со кули, градби со станбен и јавен карактер. Според нивната стратиграфија и изведба забележливи се повеќе градежни фази.[402] Вонредната диспозиција на локалитетот му дава карактер на еден од најзначајните археолошки наоѓалишта во Источна Македонија, со предуслови за континуиран живот кој може да се следи низ повеќе милениуми.

---

[400] АК, ТОМ II, 1996, 87 - 88; И. Микулчиќ, 1999, 348 - 350; Ѓ. Малковски, 1998, 25 - 31.
[401] М. Гарашанин - Д. Гарашанин, 1959, 69.
[402] М. Велчовски, бр. 07 - 686/3, 1998.

Археолошкиот локалитет „Виничко Кале“ претставува доцноантичка утврдена населба со неправилен издолжен облик со димензии 250 х 100 м и површина од 2.5 хектари (Ѓ2). Возвишението е со релативно зарамнет врв но, искосен на едната и другата страна од сртот, со пад од највисоката до најниската точка во правец ј/и-с/з од најмалку десетина метри, односно од котата 443 на кота од приближно 430 м.[403] Со својата значајна стратешка позиција ја контролирал долината на реката Брегалница, особено делницата низ која минувал римскиот магистрален пат Хераклеа – Стоби – Пауталија – Сердика. Утврдувањето, во различни временски периоди, претставувало граничен пункт кој имал улога на одбранбена линија наменета за затварање на продорите од север и североисток, кон југ и југозапад, поточно кон Солун и градовите на Егејското и Јадранското приморје.[404]

2. Тек на истражување

Пред повеќе од четири децении, случајно, при обработување на лозјата што се наоѓале на овој простор, месните жители откриле релјефни плочи од керамика. Подоцна, при рекогносцирањето на овој терен се откриени неколку помали и поголеми фрагменти од такви предмети (подоцна наречени „теракотни икони“). Врз основа на овие податоци, во 1984 год. се отпочнати заштитни археолошки ископувања при што се откриени 26 подобро зачувани такви плочи со богати иконографски мотиви, како и голем број на фрагменти од такви предмети со иста иконографска содржина. Плочите се со рељефни престави од Стариот и Новиот завет придружени со латински натписи (Ѓ3).[405]

Според И. Микулчиќ, на оваа локација би можело да се лоцира гратчето Келенидин.[406]

Овие истражувања на археолошкиот локалитет „Виничко Кале“, биле мали по обем. Исто така, покрај северната и источната страна од средишниот дел од Калето биле пронајдени фрагменти од садова керамика, од различен временски период. Кога станува збор за ваквите археолошки содржини, треба посебно да се

[403] М. Велчовски, бр. 07 - 686/3, 1998.
[404] К. Балабанов - Ц. Крстевски, бр. 686/1, 1998.
[405] K. Balabanov, 1987.
[406] И. Микулчиќ, 1999, 348 - 350.

нагласи дека на повеќе места во истражениот простор била пронајдена раноантичка керамика со хеленизирани форми датирани од V и IV век пред н.е.[407]

Во овој период бил откопан дел од архитектонските објекти со профана и сакрална намена, кои при истражувањето се наоѓале во релативно добра состојба.

Од градбите со сакрален карактер, откопана е една ранохристијанска базилика, еден недефиниран објект со апсидално решение, крипта поставена непосредно до апсидата, како еднокорабна црква со мали димензии (Ѓ1). Околу оваа црква е откриен определен број елементи на архитектонска пластика: делови од столбови со бази и капители, делови од канцел, транзени и подни плочи. Движниот археолошки материјал бил застапен со керамички садови, предмети од бронза и железо, остеолошки материјал, монети и други наоди.[408]

Присуството на профана архитектура било застапено со повеќе откопани градби со различна намена. Карактеристично е дека на овие градби има голем број дозидувања и преградувања со sидни партии од пост-урбаната фаза на населбата.

Остатоците од материјалната култура, почнувајќи од праисторискиот период (неолит) па сè до средниот век, го осликуваат животот на луѓето кои живееле на овој простор, надополнувајќи ја на тој начин сликата за економските, социјалните и културно-уметничките прилики во урбаниот хоризонт на живеење на утврдениот град. Во првите три века од н.е., населбата била заштитена со бедем изграден од речен и приделкан камен во должина од 580 м и широчина од 1.10 м.[409] Без сомнение, во периодот на VI век, овој бедем се покажал како недоволно цврст за да ги издржи сè позачестените напади, така што тој бил зајакнат преку изградба на уште еден, со широчина од 1.55 м, кој бил прилепен до постојниот (Ѓ4). Со тоа, севкупната широчина на бедемското платно достигнала 2.65 м (Ѓ4а).

Раноримскиот период е застапен со малуброjни материјални докази, додека IV век, кога овој дел од Македонија влегува во римската провинција

[407] К. Балабанов - Ц. Крстевски, 1991, 5 - 18.
[408] К. Балабанов - Ц. Крстевски, 1991, 5 - 18.
[409] М. Велчовски, бр. 07 - 686/3, 1998.

Македонија Секунда, а подоцна и во Дакија Медитеранеа, е манифестиран преку побројни наоди од керамика, метал, стакло, монети и др.

Во досегашните истражувања раносредновековниот период сè уште не е археолошки потврден.

Полниот среден век (XI - XII век), е застапен со некропола, која ги „негира“ поранешните византиски градби, идентификувани во централниот сектор на утврдувањето. Гробовите од овој период се наоѓаат веднаш под површината на денешниот терен, поставени врз ѕидните партии на претходно изградените градби.[410]

3. Опис на утврдувањето

Стратешкото значење на населбата, нејзината големина, стопанските потенцијали, а на крајот и неговата културно-уметничка продукција, овозможуваат добивање податоци за животот на нејзините жители, но и на населението од поширокиот регион на овој дел од Балканот.

Утврдениот град е граден со високи бедемски платна кои се изведени од кршен камен врзан со варов малтер. На поедини позиции, бедемското платно е зајакнато со контрафори. Ваквиот градежен пристап, всушност го подвлекува значењето на населбата во одбранбениот систем, кој бил применет и кај други утврдувања од поширокиот регион, користејќи ја конфигурацијата на теренот, со што била добиена структура со издолжена и неправилна геометриска форма.[411] Досегашните ископувања, покрај другото, покажаа дека населбата на „Виничко Кале“ има јасно дефинирано урбано устројство, типично за утврдените населби.[412]

Откриени се повеќе сакрални и профани објекти, чија што височина на зачуваните ѕидови, често достигнува и до 1.50 м. (Ѓ5). Целиот простор е ископуван до здравица, при што се добиени податоци за целата стратиграфија на локалитетот. Примената на овој метод овозможи да се дојде до сознание дека наоѓалиштето има многу долга историја како населен простор кој иако не е во

---

[410] К. Балабанов - Ц. Крстевски, бр. 686/1, 1998.
[411] I. Balat - N. Tasić - P Medović, XII Simpozium SADJ, 1984 - 1986, 1 - 224.
[412] М. Велчовски, бр. 07 - 686/3, 1998.

апсолутен континуитет, во неколку историски периоди бил место каде што луѓето имале свои поголеми или помали населби.

Големата концентрација на профани градби ни дава за право да констатираме дека тука егзистирало важно утврдување кое мора да било континуирано населено, бидејќи долината на реката Брегалница била важна комуникација уште во предримскиот период. Во римско време тука поминувал добро познатиот пат Стоби - Астибо - Пауталија - Сердика.

4. Досегашни истражувања

На археолошкиот локалитет „Виничко Кале" најобемни истражувања се изведени при крајот на 80-тите години. Започнувајќи од 1985 год., тука се вршени ископувања, а паралелно со нив, во континуитет, и конзерваторско-реставраторски интервенции, и тоа сè до 2000-та година.

Со археолошките истражувања на локалитетот „Виничко Кале", во периодот од 1985 - 1987 год., во источниот сектор се откриени остатоци од повеќе градби и делови од бедемското платно со кули (Ѓ4). Но, за постоење на некои објекти и на поедини делови од бедемското платно, се знаело и порано, кога од страна на месното население биле откриени поедини делови од истите.[413]

Сепак, голем дел од истражениот простор не е во целост дефиниран и презентиран во јавноста од аспект на детерминирање на поедини урбани фази на градбите, како и инфраструктурното решение на утврдувањето. Ова особено се однесува во делот на решението за снабдувањето на утврдувањето со вода, односно начинот на кој тоа било изведено. До денес, сознанијата се нецелосни и без заклучни согледувања.[414]

- **Бедемско платно (Ѓ1: бр. 1)**

Во првите три века од нашата ера, како што погоре кажавме, населбата била заштитена со бедем изграден од речен и приделкан камен во комбинација со варов малтер, граден во градежна техника опус инкертум (Ѓ1: бр. 1). Во

[413] Ѓ. Малковски, 1998, II глава, 25 - 31.
[414] М. Велчовски, бр. 07 - 686/3, 1998.

рановизантискиот период, слепен до него во источниот дел на утврдувањето, изграден е нов бедем во должина од 95 м. На овој начин населбата била заштитена со бедемски платна чија вкупна дебелина во еден дел изнесувала 2.65 м. Ова зајакнување на бедемот било изведено на источниот и на мал дел од јужниот сектор од утврдувањето (Ѓ4 а; Ѓ30). Тоа всушност на некој начин го истакнува стратешкото значење на населбата во рамки на одбрамбениот систем, кој се состоел од повеќе слични тврдини во поширокиот регион. Ископувањата досега, покрај другото, покажаа дека населбата има јасно дефинирано устројство за утврдена населба.

За обѕидјето на „Виничко Кале“ постои техничка документација и фотографии направени за време на истражувачките работи. Тие даваат јасна претстава за неговите обележја, што е вклучено и во проектот за негова санација, конзервација, реставрација и реконструкција.

Обѕидјето е градено во градежна техника на opus incertum, со приделкан камен - песочник во комбинација со варов малтер. Внатрешноста на бедемското платно е работена во градежна техника на opus caementicum со употреба на средно-ситен дробен камен, кој бил вградуван без малтерно соединение. Либажните слоеви се изведени со обработен камен во права хоризонтална линија, додека длабочината на темелната партија е различна, условена од конфигурацијата теренот. На внатрешните лица од бедемските платна се наоѓаат правоаголни отвори во кои имало дрвени греди, но, не е утврдено дали тие служеле за поставување на градежно скеле или пак се „негативи“ од сантрач-конструкција во ѕидните јадра.

- Економски простории (Ѓ1: бр. 3)

Досега откриените простории укажуваат дека овој комплекс му припаѓал на економскиот дел од градот, каде што се наоѓале магацини со залихи од зрнеста храна и други материјални потреби за одбраната на градот за време на напади во бурните историски периоди. Овие простории се наоѓаат во источниот сектор на утврдувањето и се градени од обработен камен во комбинација со варов малтер (план на Ѓ1: 3; Ѓ6). Според начинот на изведба на градежните зафати овие ѕидни платна се градени во градежна техника на opus incertum.

II. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА УТВРДУВАЊЕТО

1. Вид и обем на истраженост

Истражувањата имале карактер на повеќегодишно систематско ископување. При тоа е опфатен простор од околу 1200 м^2 од урбаното јадро и појаси околу бедемските платна на северната страна во должина од 155 м и на западната страна во должина од 242 м.

- Профани градби

Профани градби се наоѓаат во југозападниот и во источниот сектор на утврдувањето. Градени се со обработен камен во комбинација со варов малтер, во градежна техника opus incertum. Височината на сочуваните ѕидови на места достигнува и до 3.50 м (Ѓ7). Со истражувањата се добиени конкретни резултати во смисла на потврда на долгата историја на овој локалитет како населен простор, кој и покрај тоа што не е во апсулутен континуитет, во одредени историски периоди бил место каде што луѓето од изминатите епохи формирале свои поголеми или помали населби.[415]

- Објект - Чешма

Ископувањата, организирани од страна на „Музеј на Македонија“, во 1985 год. се одвиваа во централниот дел на утврдувањето, поточно неговиот источен сектор. Во овој дел беше откриен дел од бедемот со полукружна кула, како и просторот меѓу ѕидовите 7 и 14 во кој, во непосредна билина на чешмата, се пронајдени наведените теракотни релјефни плочи (Ѓ1: 13).[416] Станува збор за исклучително раритетни и важни наоди датирани во V-VI век (Ѓ3).[417]

- Источна (потковичеста) кула

Источното обѕидје на утврдувањето во првата фаза е широко просечно 1.60 м, односно 2.60 м заедно со проширувањето од втората фаза. Зајакнато е со

[415] Ц. Крстевси - З. Белдедовски, 1981 - 82, бр. 7 - 8, 153 - 165.
[416] К. Балабанов, Археолошки преглед бр. 26.
[417] К. Балабанов, 2011, 177 - 184.

една кула со потковичеста форма со димензии од 7.50 м на источната и 4.45 м на западнта страна (Ѓ1: 4). Извиената лачна линија во внатрешноста на кулата, започнува на висина од 1.90 м, земено од котата на подната површина, додека нејзиниот радиус изнесува 2.35 м. Ширината на страничниот ѕид, на источната страна е 1.15 м, додека на западната е 1.30 м. Ширината на лачниот (т.е. челниот) ѕид е 1.50 м, кој е за 0.35 односно за 0.20 м поголем од страничниот (Ѓ8). Кон запад кулата се стеснува, т.е. едниот ѕид го следи правецот на искривена линија во однос на другиот, кој е условен со падот на теренот. Темелот на кулата е поставен на матична карпа, која стрмно се спушта кон исток. Градена е во техника на opus incertum при што, на поедини делови, се видливи обнови на нејзината површина во периодот на доцната антика. Зајакната е со три контрафори, кои се изградени истовремено со кулата, но, поради специфичноста на теренот, нивните темели се подлабоки во однос на темелите од кулата за 0.50 м.[418]

- Јужна кула

Во 1997 год., при реализација на археолошко - конзерваторските истражувања на тврдината, на ј/и дел од локалитетот е откриен дел од бедемот, како и дел од полукружната јужна кула, нотирана како ѕид 16, со вкупна должина на ѕидните платна од 9.50 м (Ѓ10 а). Со расчистувањето на теренот е утврдено дека ѕидната маса во источниот и јужниот дел на кулата е сочувана во негатив или само до еден ред на камења (Ѓ10).

Детектирани се две градежни фази и тоа во полукружниот дел од кулата. На нејзината северна и јужна страна бедемските платна го следат правецот на движење на двете градежни фази.[419] Широчината на ѕидното платно на кулата изнесува 1.50 м (Ѓ1: 5). Градена е од делумно обработен камен врзан со варов малтер. И покрај дерутираната состојба, зачувани се мали делови од кои може да се види начинот на градење, што беа искористени како модел за негова финална конзервација. Всушност, на кулата се надоврзува бедемот со правец север - југ, за кој се претпоставува дека продолжувал во должина од околу 10.00 м и тоа со

[418] М. Велчовски, Извештај, бр. 07 - 686/3, 1998.
[419] М. Велчовски, бр. 07 - 686/3, 1998.

широчина од 1.50 м (Ѓ.10 а). Ваквите претпоставки се потврдија со последните археолошки ископувања, кои целосно го детектираа правецот на движење на бедемското платно, при што се согледа и линијата на дозидување на бедемот од II градежна фаза, која истиот го следи на дел од јужната и на дел од источната страна.

- Сакрален објект (мала црква)

Сакралниот објект (мала црква) е откриен во 1957 год. од страна на диви трагачи по злато. Лоциран е во централниот дел од утврдувањето, фундиран на ронлив камен (песочник) така што го следи падот на карпата кон запад. Ориентиран е во оската исток - запад. Освен во темелните партии, на одредени места објектот бил зачуван на ниво од два до три реда камен над темелните партии (Ѓ1: 6). Бидејќи теренот е нерамен, ваквата состојба на објектот упатува на разни можни решенија во однос на висината на поедини негови ѕидови. Западниот дел на градбата не е целосно истражен, така што не се точно одредени неговите димензии. Западниот ѕид на нартексот бил зачуван во висина од 0.30 до 1.00 м, кој воедно го претставува западниот периметрален ѕид на објектот.[420] Северниот и јужниот периметрален ѕид, при откривањето биле сочувани во висина од два до три реда на камен.[421] Иста состојба на зачуваност на ѕидните партии е затекната и кај источниот и апсидалниот ѕид на градбата. Апсидата е мала и со полукружна форма. Внатрешната должина изнесува 1.90 м, а широка е 2.80 м. Сочувана била во еден ред камења со височина од 0.20 до 0.30 м. Целото внатрешно лице на апсидата го следи еден до два реда камен, според некои претпоставки остатоци од седиштa.[422] Апсидалниот дел е одвоен од наосот со олтарна преграда, од која се откриени носачите на парапетните плочи.

Објектот е граден во техника opus mixtum. Внатрешната површина на наосот е решена во форма на правоаголник. Датирана е од крајот на XI до почетокот на XII век.[423]

---

[420] М. Ивановски; Р. Петковски, бр. 08 - 725, 1989.
[421] М. Ивановски; Р. Петковски, бр. 08 - 725, 1989.
[422] М. Ивановски; Р. Петковски, бр. 08 - 725, 1989.
[423] К. Балабанов, 2011, 56 - 59.

Во 1989 год. биле извршени археолошко-конзерваторски истражувања на западниот дел од црквата со цел изработка на проект за конзерваторско-реставраторски интервенции (Ѓ9).

- Трикорабна базилика

Ранохристијанската базилика се наоѓа во југоисточниот дел од утврдувањето. Основата □ е концепирана вообичаено, како кај останатите ранохристијански базилики, но поради неравната конфигурацијата на теренот, објектот благо се спушта кон југозапад (план на Ѓ1: 7).

Пред отпочнувањето на конзерваторските интервенции на градбата се пристапи кон нејзино археолошко-конзерваторско доистражување, фокусирано на источниот ѕид од северниот брод. Со детално направените анализи се констатира дека во северниот дел на источниот ѕид на базиликата, непосредно до апсидата, има влезна партија со широчина 1.00 м (Ѓ11; Ѓ11а).[424] Треба да се нагласи дека вакви решенија на влезните партии од источната страна на северниот брод се поретка појава, особено за базиликите од нашите региони.

Според остатоците на подната супструкција од базиликата, констатирано е дека подлогата е изработена од песок со средна гранулација и толчена тула во комбинација со гасена вар. Според состојките на малтерното соединение, корабите на базиликата веројатно биле покриени со подни тули. Ваквата претпоставка се темели врз основа на малтерното соединение на подната подлога, како и на ѕидните платна и подните подлоги од соседните објекти, кои се градени во иста градежна техника, а временски кореспондираат со базиликата.[425] При реализација на археолошките истражувања во и околу просторот на базиликата, не се откриени траги на колонади од столбови или ѕидани столпци, ниту пак делови од камена пластика. Веројатно, по престанокот на функционирањето на базиликата, голем дел од нејзината ѕидна и камена структура е разѕидана и употребена, т. е., вградена во објектите од подоцнежен временски период.

Ѕидните платна на базиликата, пред одпочнувањето на конзерваторските интервенции, беа затекнати во доста лоша состојба. Во таа смисла се преземени

[424] М. Велчовски, бр. 07 - 686/3, 1998.
[425] М. Велчовски, бр. 07 - 686/3, 1998.

заштитни мерки со демонтажа на горните дерутирани видни платна, с□ до позиција на стабилно јадро.

- Неидентификуван објект - северно од малата црква

Во рамките на извршените археолошки истражувања во централниот сектор на утврдувањето (негов западен дел), откриена е градба со правоаголна форма, поделена во две правоаголни простории (Ѓ1: 15). Објектот е граден во техника на обработен камен врзан со варов малтер. До денес нејзината намена не е одредена. Врз основа на начинот на градење и истата висинска нивелета со малата црква, овој објект временски може да се датира во исто време со неа. Нивната непосредна близина и временската синхроност, дава можност за претпоставка дека би можело да се работи за пропратен објект на малата црква.

2. Анализи од археолошките истражувања

Стратешкото значење на населбата, нејзината големина, стопанските потенцијали а, на крајот, и неговата културно-уметничка продукција врзана за населбата на „Виничко Кале" овозможуваат добивање на значајни податоци за животот на населението во пошироките области на овој балкански регион.

Животот на локалитетот може да се следи низ повеќе милениуми - од праисторија па сè до средниот век. Најстарите траги се манифестирани преку неолитската керамика која припаѓа на Амзабегово-Вршничката културна група специфична за долината на реката Брегалница.[426] Натамошниот тек на живеење во населбата го согледуваме преку скромните керамички и бронзени наоди, кои временски и културно му припаѓаат на железното време (VII - V век пред н.е.), како и на класичниот антички период, датирани до доцниот IV век пред н.е. (Ѓ12).[427] На локалитетот се констатирани остатоци од сакрален објект, веројатно храм, од класичниот период (камени блокови од темелните партии и пластика).[428]

Во текот на последните четири кампањи од проектот за археолошки истражувања, реализирани во периодот од 2008 до 2012 год. откриени се над 950

[426] К. Балабанов - Ц. Крстевски, бр. 686/1, 1998.
[427] К. Балабанов - Ц. Крстевски, бр. 686/1, 1998.
[428] К. Балабанов, 2011, 75 - 129.

$м^2$ од просторот во внатрешноста на утврдениот град, како и 580 должни метри од бедемското платно со кули. Во централниот сектор на утврдувањето е откриена цистерна за вода, која е со правоаголна форма, од внатрешната страна обложена со водоотпорен малтер (Ѓ13). Во овој дел се откриени ѕидни платна на градби со недефиниран карактер. Ваквата состојба се должи на недоволно спроведените анализи на архитектурата на градбите и недефинираните урбани фази на ѕидните платна, кои во голем дел претставуваат единствена целина од историскиот развој на утврдениот град. Големото присуство во овој сектор на ѕидовите градени од камен и кал ја отежнуваат можноста за детерминирање на геометриската форма на ѕидните партии од постарите објекти, кои се градени во градежна техника со камен и варов малтер.

III. ГРАДЕЖНИ ФАЗИ НА ГРАДБИТЕ

1. Градежна фаза I

Во текот на 2000-та год. се изврши дополнителни археолошко-конзерваторски доистражувања во секторот на источното и јужното бедемско платно ориентирано во правец север - југ. Истражувањата имаа за цел да ги дефинираат двете градежни фази на бедемското платно.[429] Ѕидните површини од првата градежна фаза на локалитетот се градени од обработен камен во комбинација со варов малтер. Сите позиции од оваа фаза се означени на планот и претставуваат објекти со различна намена (Ѓ14).

Во непосредна близина на потковичестата кула, од внатрешната страна на бедемското платно од II градежна фаза, при отстранување на горните земјени пластови, се откри када која, според местоположбата, димензиите, изгледот т.е. формата и висинската кота, временски кореспондира со I-та градежна фаза од бедемското платно. Ѕидните партии на кадата се градени од тула во комбинација со варов малтер и толчена тула (хоросан), со применета градежна техника opus testaceum (Ѓ1: 10; Ѓ15).

Цистерната за вода се наоѓа во централниот сектор на утврдувањето и гравитира кон неговата источна страна. Во конструктивна смисла е со

[429] М. Велчовски, бр. 07 - 686/4, 2000.

правоаголна форма, градена во градежна техника на opus caementicum.[430] Според аналогии може да се датира во III век н.е., според што би припаѓала на I-та градежна фаза на утврдувањето (Ѓ1: 11; Ѓ16). Лицето на цистерната е со премаз од варов и хоросан малтер, во комбинација со песок со ситна гранулација, позната како градежна техника opus signinum.[431]

Економските простории се од I-та градежна фаза и го зафаќаат просторот на источниот, како и на јужниот сектор од утврдувањето (план на Ѓ1: 3). Поделени се во два поголеми комплекси на градба со повеќе правоаголни простории. Градени се во градежна техника на камен со варов малтер, без правилен хоризонтален слог на лицето од ѕидот и со неквалитетно обработен камен (Ѓ1: 3; Ѓ6). Според градежната техника, не сме во можност да го определиме опусот на градењењ кој веројатно е дел од локалната традиција.

2. Градежна фаза I - A

Оваа градежна фаза се карактеризира со дополнителни интервенции на бедемот. Одредени позиции на бедемското платно се зајакнати со контрафори во источниот и југозападниот дел на утврдувањето. Потребата за ваков вид на интервенција се должи на нестабилноста на теренот во тој дел од утврдувањето. За да се потврди претпоставката на која градежна фаза припаѓаат контрафорите (I - A фазата) се извршени дополнителни истражувања, кои ја детектираа нивната конструктивна врска со бедемското платно. Контрафорите прилепени до бедемското платно и нивните темелни партии се за 0.50 м под нивото на темелните партии од бедемот (Ѓ14; Ѓ17; Ѓ17а). Не се исклучува можноста истите да бидат датирани и во првата фаза, но, аргументите за ова се многу помали, бидејќи како контра-претпоставка се поставува прашањето, зошто бедемското платно од втората фаза не продолжува кон север, туку на десетина метри од првиот контрафор неговата градба е стопирана.

[430] V. Antonova, 1973,146 - INM, VI; M. Suić,1976,105 - 112.
[431] G. Luli, 1957, 44 - 49; М. Велчовски, бр. 07 - 1257/3, 2003.

3. Градежна фаза II

Бедемското платно од II -та фаза е градено во иста градежна техника како и платното од I -та градежна фаза. Неговата должината е 95.00 м, додека ширината изнесува 1.55 м, а истото е позиционирано во јужниот дел на источното бедемско платно, како и на неговото јужно крило. Според извршените анализи се датира кон крајот на VI век (Ѓ1: 2; Ѓ18).

Објектот со апсидално решение и крипта, се наоѓа во источниот сектор на утврдувањето (план на Ѓ1: 8). Граден е во градежна техника на камен со варов малтер. Просторијата со подно решение од тули се наоѓа веднаш до апсидата. Подната нивелета на оваа просторија е под висинската кота на подот од останатиот простор на објектот. Според истражувачите, неформално, се работи за гробница на некој великодостојник кој живеел на овој простор.[432] Ваквата претпоставка не сме во можност да ја потврдиме, пред сè, поради отсуството на конкретни архитектонски елементи но, исто така, и заради недостаток на остеолошки материјал. Во внатрешниот простор не се видливи отисоци или некакви други траги од скали или отвор преку кои би се спуштало во долната зона на криптата (Ѓ19).[433] Со извршените конзерваторски истражувања, на мислење сме дека во овој случај не се работи за објект со крипта, туку за просторија со квадратна форма, која претставува базен за вода. Ваквата констатација се темели врз основа на пронајдениот хидрауличен малтер, кој според дебелината (0.02 м) ги задоволува стандардите за базен во кои се чува водата.[434]

4. Градежна фаза III

Оваа фаза ја претставуваат sидните платна од пост-урбаниот период, кои при реализација на археолошките истражувања биле откриени под површината на истражениот простор. Големата концентрација на овие sидни платна укажува на континуираниот живот на ова утврдување (Ѓ20). Со реализација на археолошко-конзерваторските истражувања, голем дел од нив се отстранети, и тоа во интерес на презентирањето на урбаниот хоризонт од I и II -та фаза на утврдувањето. Треба

[432] К. Балабанов - Ц. Крстевски, бр. 686/1, 1998.
[433] К. Балабанов - Ц. Крстевски, бр. 686/1, 1998.
[434] М. Велчовски, бр. 07 - 686/4, 2000.

да се напомене дека пред отстранувањето на овие sидни платна, кои се наоѓаа врз постарите sидни партии, извршено е нивно целосно архитектонскоо документирање. Дел на оние кои не покриваа sидни платна од постарите градежни фази, конзерваторски се третирани со употреба на соодветен малтер.

5. Градежна фаза III-А

Периодот на XII и почетокот на XIII век, ја претставува последната фаза на континуираниот живот на утврдувањето. Ваквата претпоставка се темели врз пронајдените движни и недвижни археолошки содржини. Откриените гробни наоди индицираат прекин на постоење населбата во утврдувањето во овој период. Исто така, ова може да се согледа и преку градбите од сакрален и профан карактер. Малото црквиче, лоцирано во западниот дел на утврдувањето (јужен сектор), се датира во средновековната етапа од егзистенцијата на утврдената населба (Ѓ21). Во непосредна близинана на малата црква, на десетина метри северно од неа, се наоѓа објект од профан карактер, граден од обработен камен во комбинација со варов малтер, со ширина на sидните партии од 0.50 до 0.60 м. Висинската нивелета на оваа градба, коренспондира со висинската кота на теренот од малата црква. Градена во иста техника како и малата црква, така што со сигурност може да се датира паралелно со неа. Овие две градби можеби имаат релација со спомнатата некропола.

IV. ДОСЕГАШНИ ПУБЛИКАЦИИ

Првиот податок за постоењето на остатоци на археолошкиот локалитет „Виничко Кале“ е објавен во стручната литература во 1958 - 59 год., од страна на М. Гарашанин и Д. Гарашанин.[435]. Врз основа на извршеното рекогносцирање, таму се дадени основните податоци за местоположбата на утврдувањто и пронајдениот површински движен археолошки материјал. Прв подетален опис за движните наоди од од локлаитетот дава В. Санев кој го опишува рељефот на една вотивна плоча со претстава на Зевс и Хера, како и статуата со женска фигура од

[435] М. Гарашанин - Д. Гарашанин, Зборник - I, 1958-59, 67 - 68.

римски период.[436] Во 1978 год., од страна на Ц. Крстевски се внесени во археолошката евиденција дополнителни податоци за овој локалитет. Во оваа евиденција, авторот дава поконкретен опис на позицијата на утврдената населба. Нешто подоцна, истиот автор, заедно со З. Белдедовски, ги објавуваат резултатите од извршените рекогносцирања во и околу градот Виница.[437] Со овие рекогносцирања тие ги потврдуваат претпоставките на М. и Д. Гарашанин за постоење на утврдена населба од доцноантичко време но, исто така, ја потврдуваат и претпоставката за нејзиниот подолг временски период на егзистирање. Во таа смисла, даваат податоци за откриените видни површини, кои се градени со камен и варов малтер, како и за случајно откриената мала еднокорабна сакрална градба во чија непосредна близина е пронајдена расфрлена архитектонска пластика, остатоци од канцел, делови од профилирано мено и друфи елементи. Тука е даден првиот податок за „теракотните икони", кои авторите ги именуваат како „рељефни тули". Б. Алексова, во текстот посветен на Брегалница - словенски црковен и просветен центар на Балканот, го спомнува и „Виничко Кале", како дел од Брегалничката црковна епархија.[438] Поголемо внимание во нашата и во светската јавност, овој археолошки локалитет предизвика со откривањето на т.н. „теракотни икони". Особено голем интерес беше предизвикан со презентирањето на овие наоди во земјата и во светот. Врз основа на зголемениот интерес кај јавноста, во 1991 год. Е изготвен каталог со приказ на на овие релјефни плочи од страна на „Музеј на Македонија" во кој авторите Ц. Крстевски и К. Балабанов ги презентираат нивните иконографски претстави.

Овие предмети се опишани и иконографски идентификувани во делото на Е. Димитрова. Со извршената анализа на претставите и нивното симболичко значение, авторот, според типологијата, ги групира во два одделни формата: квадратен (димензии 31.0 x 29.0 x 4.5 см, со отстапки кон 30.0 x 28.0 x 4.0 см) и правоаголен (33.0 x 29.0 x 4.0 см, со отстапки кон 32.0 x 20.0 x 4.5 см). Исто така, укажува дека откриениот слој од врзивен малтер зачуван на нивното задно лице е

[436] В. Санев, Зборник - III, 1964, 24.
[437] Ц. Крстевски - З. Белдедовски, МАА, бр. 7 - 8, 1981 - 82, 153 - 165.
[438] Б. Алексова, МАА, бр. 9, 211 - 221, 1983 - 84.

со дебелина од 2.5 см, што ни дава за право да констатираме дека овие објекти служеле како апликативен декор на некоја градба, со соодветно иконографско значение. Сепак, треба да се нагласи дека авторот не навлегува во делот на археолошките толкувања, особено во стратиграфијата и хронолошкото детерминирање на теракотните икони, како и нивното потекло.[439]

Во 1998 год., во монографијата за Виница и виничко на Ѓ. Малкоски, во II-та глава е презентиран дел од археолошките истражувања на овој локалитет реализирани до 1997 год., како и постигнатите резултати од нив. Во оваа монографија е презентиран и дел од конзерваторските интервенции извршени заклучно со археолошко-конзерваторската кампања од 1998 год.

Во 1999 год., Иван Микулчиќ, во своето дело *Антички Градови во Македонија*, доцноантичката утврдена населба „Виничко Кале", ја поистоветува со античкиот град „Келенидин".[440] Во натамошниот текст од оваа публикација авторот ги потврдува анализите од извршените археолошки истражувања на стручниот тим од „Музеј на Македонија", под раководство на К. Балабанов.

Во 2011 год. е отпечатена публикацијата *„Виничко Кале" - митологија, религија и историја пишувани со глина*. Во ова дело авторот ги објавува сублимираните резултати и анализи од археолошките истражувања во периодот од 1984 до 2010 год. Посебен акцент е ставен на теракотните икони и нивната богата иконографија, која според авторот е многу побогата од иконографијата на теракотните икони од Тунис, датирани од ист временски период (V - VI) век.

V. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗИ ОД КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Пред отпочнување на изработката на проектот за конзервација и реставрација на археолошкиот локалитет „Виничко Кале" - Виница, извршени се дополнителни археолошко-конзерваторски истражувања, неопходни во процесот на изготвување на проектот. Ваквиот пристап на работа имаше за цел да ги дефинира позициите на sидните партии од објектите, нивниот начин на градење, и пред сè, дефинирање на урбаниот хоризонт на кој тие припаѓаат. Добиените

[439] Е. Димитрова, 2012, 13 - 269.
[440] И. Микулчиќ, 1999, 348 - 350.

резултати од истражувањата придонесоа истите правилно да бидат презентирани при реализација на конзерваторските интервенции.[441] При тоа е направена анализа на малтерните соединенија, кои биле употребени при изградбата на објектите што го сочинуваат утврдувањето. Врз основа на нив се издвоени градежните фази, а со самото тоа е извршена и нивна класификација.

- Зачуваност и состојба на целината

Откриената профана и сакрална архитектура со различна намена и содржина се наоѓа во внатрешноста на утврдувањето. Еден дел од овие градби, по извршените конзерваторски интервенции, е во релативно добра состојба, додека останатите, особено градбите откопани со поновите археолошки истражувања, се наоѓаат во доста лоша состојба. Бедемите со полукружните кули кои се претходно конзерваторски третирани, се во релативно добра состојба.

За разлика од нив, новооткриените површини на бедемското платно со кулите се во дерутирана состојба, со започнат процес на нивна целосна деградација (Ѓ22). Во лоша состојба е и внатрешноста на утврдувањето со објектите кои не се конзерваторски третирани: објекти за живеење, тремови, бања, писцина, магацински простории, канали за вода и други пропратни архитектонски содржини.[442] Дел од нив, позиционирани во источниот и јужниот сектор на утврдувањето, кои се конзерваторски третирани со примена на малтерни адетиви, се наоѓаат во добра состојба.

VI. ОПЕРАТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА

Користејќи ги расположливите информации, со цел за што подобро претставување на изворната состојба на неконзервираните позиции на „Виничко Кале“, беа предвидени следните активности. Конзервацијата и делумната реконструкција на бедемските платна со кулите е изготвена според архитектонските подлоги и постојната состојба. Надградбата и ѕидањето на зафатот беше предвидено да се изведува со камен - варовник, во варов малтер (на

[441] М. Велчовски, бр. 07 - 686/2, 1998.
[442] М. Велчовски, бр. 07 - 686/2, 1998.

местата каде за тоа имаше потреба) и тоа со проектирана јакост на притисок на малтерот од 1.0 MPa.

Поставените стандарди на конзерваторско работење, ги одредија понатамошните насоки во реализацијата на предвидените зафати. Секоја следна конзерваторска кампања, зависно од динамиката и условите на работа, беше условена со изработка на оперативна програма, засебно за секој сектор. Ваквиот метод ги постави темелите на конзистентност во пристапот, со што, истражените сектори предвидени за конзерваторска интервенција, пред отпочнување на зафатот, беа опфатени со изработката на Проект.

Во рамки на изготвената оперативна програма за реализација на работите, беа предложени истите методи и принципи од претходните конзерваторски интервенции, со посебен акцент на следниве позиции и насоки:

- Подобрување, односно осовременување на физичката и техничката заштита на локалитетот, вклучувајќи ја и II -та зона на заштита на дел од sидните партии, градени со камен и кал.

- За сите досега откриени објекти, како и нивни делови за кои досега не биле преземени конзерваторски мерки, беа изработени планови и програми за непосредна заштита.

- За конзервираните или делумно конзервираните објекти, е извршена анализа на состојбата и е изработен предлог за реконзервација со можност за примена на друг вид непосредна заштита.

- За новооткриените објекти или делови од градбите чие истражување целосно не беше завршено, преземни беа превентивни заштитни мерки.

- На соодветен начин, со пропишани мерки се организираа и повремено се презентираа откриените sидни платна, кои формираа површина на градба, и истите беа популаризирани во медиумите.

- Се изготвија правила за начинот на користење на недвижните и движните остатоци на целините што се наоѓаа in situ за потребите на научни и друг вид проучувања на домашни и странски истражувачи.[443]

[443] М. Велчовски, бр. 07 - 686/2, 1998.

Во понатамошниот дел, покрај воспоставениот принцип на конзерваторски метод, беше даден предлог за динамиката и начинот на спроведување на овие активности, со што во предвид се земаа следните позиции:

- При реализација на конзерваторските интервенции на бедемското платно и кулите беше применет истиот начин на градење како и кај автентичните сочувани делови од sидните партии.

- Каменот кој е откриен при археолошките ископувања, а истовремено е складиран во непосредна близина на градбите од локалитетот, повторно да се употреби при конзерваторските интервенции.

- Врзивното средство кое е употребено за конзерваторските интервенции е со приближно иста малтерна смеса, како и оригиналната.

- Утврдена беше постапката и начинот при реализација на конзерваторските интервенции на sидните платна од бедемот и кулите, при што, истите се издигнаа во висина за околу 0.50 до 0.80 м од постојната состојба на нивото на теренот.

Пред отпочнувањето на конзерваторско-реставраторските интервенции на sидните платна од утврдувањето, беше предложен соодветен метод на работење. При изведување на овие активности, а врз основа на донесени заклучоци и препораки, беа преземени долу наведените мерки. Според увидот и извршените анализи беа дадени следните насоки во одвивањето на конзерваторско-реставраторските интервенции при што беше заклучено дека:

- Реализацијата на предложените мерки за санација и конструктивно зајакнување на објектите, во целина ги задоволуваа пропишаните барања и критериуми за ваков вид културноисториско наследство. Во овој случај се работеше за конзерваторски интервенции на објектите и делумна реконструкција на бедемските платна, а не за целосна реконструкција, што условува прилагодување на условите на лице место (Ѓ23).

- Поради специфичноста на објектите и нивното значење како споменик на културата, беше препорачано при неговата санација да се обезбеди стручен надзор од стручни лица, кои на лице место би ги решавале проблемите, заедно со изведувачите, во случај доколку тие се појават.

- При инектирањето на камените ѕидови беше нагласено дека е потребно претходно да се извршат тестирања на смесите и материјалите со согласност на инженерот-конструктор, архитектот и изведувачот на работите на непосредната заштита. Исто така се нагласи дека е потребно да се врши континуирана контрола на квалитетот на вградените материјали и начинот на работење.

- Се потенцираше дека со отпочнувањето на работите согласно претходно предложените решениа, неопходно е да се оствари соработка со стручни лица од областа на конзервацијата, од областа на примената на материјали и изведбата на поедини позиции.

- Димензионирањето на темелните стопи се изврши врз основа на апроксимативна вредност на носивоста на подлогата од слични објекти од овој тип, со напомена дека е потребно да се извршат геомеханички истражувачки работи на подлогата, при што ќе се добијат податоци за носивоста на истата.

VII. КОНЗЕРВАТОРСКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

Во рамките на конзерваторските интервенции, беа применети градежни стандарди при конзервација и реставрација на стари градби, кои беа неопходни за стабилизирање на дерутираната ѕидна маса. Во таа смисла, направен е подетален план за реализација на овие активности. Продолжувањето на предвидените конзерваторски активности беше со планирана динамика, која за цел имаше доистражувачки активности на некои недефинирани позиции. Врз основа на дадените смерници, се извршија и дополнителни археолошко-конзерваторски истражувања, кои допринесоа за појасна детекција на културните слоеви на поголемиот дел од објектите.[444] На позициите од ѕидните платна, кои беа во доста лоша состојба, беа предвидени дополнителни интервенции со зајакнување на темелните и на ѕидните партии, с□ со цел стабилизирање на нивната состојба. Направена е целосна ретроспектива на конзерваторските зафати од претходните кампањи, кај кои се согледани извесни пропусти во изготвувањето на малтерните смеси, како и на пост - конзерваторскиот третман.

[444] М. Велчовски, бр. 07 - 686/2, 1998.

1. Постапност и технологија во изведбата на работите

- Во рамките на преземените активности, беше извршено отстранување на сите нестабилни остатоци во делот на објектите и беше изработен шлиц за поставување на армирано бетонскиот темелен серклаж (Ѓ24)

- Поставена е арматура за хоризонталната армирано бетонска греда и нејзино бетонирање со МБ30.

- Направено е оформување на местата за армирано бетонските стопи 1,50/1.00 м, кои се поставуваа во зависност од местоположбата

- Беше поставена вертикална арматура на столбовите а/а = 40/40.

- Бетонирањето е извршено со армирано бетонски серклаж со МБ30.

- Бетонирањето на армирано бетонските стопи и столбови, исто така е извршено со МБ30, според деталите.

- На поедини места од ѕидните платна, извршено е инектирање на сите пукнатини и направено е систематско инектирање на новата малтерна смеса.

- Ѕидањето на бедемскиот ѕид со камен во варов малтер беше направен до потребната висина.

- Изработен е армирано бетонскиот серклаж (греда) на потребната висина со армирање со потребната подолжна арматура 8Ф16 и узенгии Ф10/25 см, со изведен аголен столб (Ѓ25).[445]

Инектирањето на оштетените делови од ѕидовите беа изведени во согласност со досега применуваната методологијата, респектирајќи го правилникот за техничките нормативи за санација, зацврстување и реконструкција на објектите на високоградбата оштетени од земјотрес и за реконструкција и ревитализација на објектите од високоградбата,[446] при тоа имајќи го предвид материјалот од кој е изграден објектот, а тоа е камена ѕидарија во варов малтер, која се врши со примена на инекциона смеса на база на варов малтер, со можност за употреба на смеса на цементна основа, но не повеќе од 10%. Постапката која беше предвидена за санирање по пат на инектирање е следната:


---

[445] P. Gavrilovic, 1983, 99 - 131.


[446] Службен лист на СФРЈ бр. 52 од 1985 год., член 18 и 19.

По извршеното лоцирање на пукнатините, во истите е изработен шлиц 2/2 см во кој беа поставени инекциони цевчиња прицврстени со малтер на база на епоксидна смола, која се применува во случај на инекциона смеса на база од вар. Имајќи предвид дека инектирањето се врши под одреден притисок и постои реална можност смесата да протече лево и десно од инектирањето, беше намален интензитетот на протокот на смесата, а и пополнувањето на камената ѕидарија (Сл. 1). Во таа смисла, успешно беше извршен процесот на инектирање смеса во пукнатините на ѕидните платна. Во завршната конзерваторска интервенција, направена е обработка на овие површини со камена ѕидарија, кадешто претходно беше отстранет малтерот од фугите (по механички пат до длабочина од 2 см), и на подлогата (со чистење на контакт-површините со вода). Обработката на фугите е направена со модифициран варов малтер (основен малтер со додаток на бреча и „Хидрофоб“). Овој метод беше применет кај ѕидовите со поголема ширина од 0.50 м, но исто така, и кај ѕидните површини со сводови. Зафатот на овие ѕидни платна беше изведен во широчина од минимум 0.70 м, лево и десно од пукнатините.

- На поедини позиции каде имало случај на пукнатини поголеми од 10 мм, за санација на истите се употребија кламфи од железо со одредена форма вградени во цементна маса на местото на оштетениот блок од камен (Сл. 2).



Приказ сл. 1. изглед на камена ѕидарија



Приказ сл.2 изглед на железна кламфа

Замената на дрвениот материјал (либажните слоеви од дрво) беше предвидено да се изведе со димензии според постојните, кои требаа да се вглават

во ѕидовите од камен и истовремено да се импрегнираат и пломбираат. Оваа интервенција требаше да се изведе пред инектирањето на камените ѕидови. Врз основа на направената анализа, овој вид интервеција беше отфрлена како непотребна позиција, пред сѐ од аспект на нејзина нефункционалност. Постојните отвори каде што беа отпаднати дрвените греди (кушаци), беше предвидено да се исполнат со арматура и истите да се пломбираат со цементен малтер со што би се зголемила компактноста на зачуваните делови од камениот ѕид на бедемот (Ѓ26).

Претходно изведените конзерваторски интервенции на ѕидните платна на градбите од утврдувањето овозможија да се согледа постигнатиот квалитет на изведените конзерваторски зафати, гледано од денешно време и од аспект на нивната зачуваност и добра физичката состојба.

Последните конзерваторски зафати се однесуваа на објектите кои се од профан карактер, а со различна содржина и намена, позиционирани во источниот, централниот и јужниот дел од утврдувањето. Преземениот конзерваторски третман на овие објекти, како и на дел од источното и јужно бедемско платно, заедно со двете кули, се реализирани во текот на 1987, 1989, 1992, 1998 и 2000 год. На последните две конзерваторски кампањи за прв пат беа применети малтерни соединенија со адитиви кои покажаа ефикасни резултати во процесот на конзервација.[447]

2. Конзервирани објекти

- Сакрален објект (мала еднокорабна црква)

Во 1987 год. е извршена конзервација на малата еднокорабна црква која се наоѓа во централниот дел на утврдувањето. Конзерваторскиот третман се однесува на ѕидните површини од објектот каде се изведе надѕидување во просек од три до четири реда камен, или поточно надѕидување во просек од 0.60 до 0.80 м. Внатрешноста на ѕидните платна е исполнета со крупнозрнест камен во стил на opus caementicum, со врзивно средство продолжен малтер во сооднос 1:3, „Усјемал“ и сепариран песок 2. Фугите се изработени со цемент и сепариран песок 1, во сооднос 1:2.

[447] М. Велчовски, извештај, бр. 07 - 686/3, 1998.

Во 1989 год. е продолжено со конзерваторски интервенции на овој објект и тоа на западниот ѕид од наосот, кој ќе биде издигнат до висина од 0.60 м. Влезната партија е издигната за 0.25 м од нивото на затекнатата површина. Влезот во централниот дел е со ширина од 1.35 м. Ѕидната маса на сакралниот објект е изведена со изделкан камен во хоризонтален слог (план на Ѓ1: 6). Оваа постапка беше идентична со интервенциите на ѕидните маси од претходната конзерваторска кампања, каде е применета истата постапка и метод во процесот на конзерваторските интервенции. Заради насилно ископаната површина на наосот, не е детектирана висинската кота на подниот опус. Во овој случај нема потребни елементи за изгледот и формата на подот, освен можноста за определување на неговата висинска кота, преку позицијата на олтарната преграда.

Северниот и јужниот периметрален ѕид на сакралниот објект, пред отпочнувањето на конзерваторскиот третман, беа сочувани во два до три реда камен. Надѕидувањето е извршено во височина до 0.50 м (на поедини места) со што е нагласено визуелното доживување на објектот (Ѓ21).

Западниот ѕид е надѕидан во височина до 0.60 м, додека западниот влез на објектот е нагласен и издигнат со два реда камен над подниот опус, со ширина од 1.20 м. Целиот ѕид е изѕидан во правилен слог, со хоризонтална фуга.[448] На јужниот влез е применето истото решение како и на западниот (Ѓ21 а). На овие делови извршена е консолидација на подлогата, така што камените прагови се поставени во хоризонтална положба. Тука е применет класичниот начин на конзерваторска интервенција со употреба на продолжен малтер при надѕидувањето на ѕидните платна („Усјемал“ и песок, 1:3). Фугите се изработени со вдлабнатина од 0.02 м, додека смесата е од цемент и песок, во сооднос на 1:2.

- Економски простории

Во 1989 год. конзерваторски е интервенирано на економските простории кои се наоѓаат во централниот и источниот дел од утврдувањето. Тука е исто така применет принципот на конзерваторски третман како и кај еднокорабното црквиче (Ѓ1: 3; Ѓ27).

---

[448] М. Ивановски, извештај, бр. 08 - 1865, 1989.

Во 1992 год. е конзервирана просторијата со крипта за која, според досегашните анализи, се мисли дека е гробница на некој великодостојник кој живеел тука и управувал со утврдувањето.[449] Третманот на овој објект е изведен по принципот на таканаречена биолошка конзервација (Ѓ19). Употребен е класичен продолжен малтер во сооднос 1:3, „Усјемал" и сепариран песок со нумерација 2, а фугирањето е извршено во сооднос 1:2, цемент и сепариран песок со нумерација 1.

- Трикорабна базилика

Надсидувањето на источниот дел од базиликата, со претходна консултација и заедничко усогласено решение на истражувачот и конзерваторот, се реализира со зафат на надградба во висина од 1.20 м т.е. шест редови камен. Ваквиот пристап се избра пред сè поради конфигурацијата на теренот кој е со благ пад од исток кон запад (Ѓ28). Донесеното решение беше со цел да ги диктира натамошните конзерваторски интервенции, во кои треба да се земе предвид највисоката кота на конзервираниот дел и благиот пад кон запад сè до најниската точка, како репери за идните дополнителни конзерваторски интервенции, неопходни за целосна презентација на објектот (Ѓ1: 7).[450]

Во овие конзерваторски третмани се користеше класичниот продолжен малтер, со додаток на варово брашно, во комбинација со „У - врска". Смесата се импрегнира во исполнетите видни површини со крупнозрнест камен од самиот објект во сооднос на 1 : 3 : 1 : 100 ml („Усјемал", песок со гранулација 2, варово брашно и „У врска"). Фугите го задржаа истиот принцип на подготовка, со вдлабнување до 0.02 м. Материјалите кои се употребија во процесот на изготвување на смесата за фугирање се: цемент, варово брашно, сепариран песок со нумерација 1, бреча од двапати толчена тула и „Хидрофоб", во сооднос 1 : 1 : 2 : 200 gr : 100 ml.[451]

---

[449] К. Балабанов - Ц. Крстевски, бр. 686/1, 1998.
[450] М. Велчовски, бр. 07 - 686/4, 2000.
[451] М. Велчовски, бр. 07 - 686/3, 1998.

- Бањски комплекс до потковичестата кула

Непосредно до потковичестата кула се наоѓа просторот ограден со ѕидовите 6, 8 и 9, кој е лоциран во источниот дел од истражениот сектор. Овој дел е во врска со конзервираниот префурниум и претставува простор каде се сместени кади, меѓусебно одвоени со ѕид бр. 8 (Ѓ1: 14; Ѓ29). Просторот ограден со ѕидовите 6, 8 и 9 е со големина 3.35 х 2.45 м. Широчината на ѕидот бр. 8 изнесува 0.30 м. Кадите се премачкани со водоотпорен малтер. По неговата дијагонала со правец ј3/си се протегаат цевки - тубулуси, кои можеби се во врска со одводот за вода. Но, доколку се земат предвид и останатите ѕидни партии во овој дел (означени со бр. 7, 10, 12, 13, 14 и 17), тогаш со сигурност може да се констатира дека на ова место се наоѓал голем бањски комплекс. Како потврда за ваквата констатација се трите бази за столбови поставени врз ѕидот бр. 14. Просторот меѓу ѕидовите бр. 14 и бр. 7 го претставува преддворјето на главната просторија од бањата. Главната просторија се наоѓа меѓу ѕидовите 5 и 7, со чешма на јужната страна, слепена до ѕидот бр. 7. Челната страна на чешмата е со полукружна форма и градена од печени тули во комбинација со хоросан малтер. Тука е применета градежна техника на opus testaceum. На источната страна од овој дел е поставен ѕидот бр. 6 кој претставува преграден ѕид, а под него проаѓа одливниот канал од чешмата, со правец запад - исток.[452]

Во 1997 и 2000 год., во овој дел се извршени конзерваторски интервенции на нетретираните ѕидни површини, каде за прв пат во процесот на конзервација се употребени материјали - адитиви. Покрај употребата на класичниот продолжен малтер, како додаток се користеше варово брашно во комбинација со „У - врска". Изготвената смеса се импрегнираше во исполнетите ѕидни површини со крупнозрнест камен, во сооднос на 1:3:1: 100 ml („Усјемал", песок со гранулација 2, варово брашно и „У - врска"). Фугите се изработија во длабина до 0.02 м. Смесата од материјали која всушност имаше за цел да му даде поголема пластичност на малтерот, беше планирано да се употреби во завршните интервенции. Постапката на изготвување на смесата за фугирање се одвиваше брзо и едноставно, бидејќи направената формула ги даде посакуваните ефекти на брзо стврднување и едноставност при обработката на фугите (Ѓ30). Материјалите

[452] М. Велчовски, бр. 07 - 686/4, 2000.

кои се употребија во процесот на фугирање се: цемент, варово брашно, сепариран песок со нумерација 1, бреча од двапати толчена тула, „Хидрофоб“, во сооднос 1 : 1 : 2 : 200 грама : 100 ml.[453]

На просторот ограден со ѕидовите 6, 8 и 9, конзервацијата се состоеше во следното:

- Се изврши реконструкција на ѕидот бр. 8, во правец исток - запад, како и на ѕидот паралелен со него од северната страна (ѕид бр. 8а).

- Се дефинира влезот помеѓу ѕидовите бр. 6 и 9.

- Со реконструкција на ѕидовите бр. 8 и 8а, од внатрешната страна се изврши консолидација со водоотпорниот малтер од внатрешна страна.

- Префурниум

На источниот дел од утврдувањето, во 1992 год. е конзерваторски интервенирано на префурниумот. Тука е извршена реконструкција на делот кој служел како пред-простор во влезот на бањата, како и на лакот од префурниумот. Но, и покрај изведените конзерваторски интервенции, овој деталь како дел од една архитектонска целина, беше пронајден во доста лоша состојба. Причинители за овие оштетувања на арката и на дел од неговата конструкцијата, е предизвикан од страна на човечки фактор (Ѓ1: 12).

Со последните конзерваторски интервенции во 2000 -та год. се презедоа мерки со кои целосно се заштити овој архитектонски деталь од натамошните деструктивни појави (Ѓ31). Заштитните мерки беа во правец на оформување на лаковите од тули на префурниумот, каде на истите во централниот дел им се направија отвори, со димензија според дебелината на нумерирана армирана жица бр. 4. Внатрешниот дел од арките беше исполнет со продолжен малтер и варово брашно, додека фугите - со додаток на „Хидрофоб“ и два пати толчена тула, со веќе познатиот даден сооднос на материјалите.[454] Треба да се нагласи дека поврзувањето на тулите со армирана жица во внатрешноста на полукружните лаци, внимателно се поставуваше со цел истата да не биде видлива (Ѓ31 а). Од друга страна, се постигна ефектот на конструктивна јакост, како и на естетскиот

[453] М. Велчовски, бр. 07 - 686/3, 1998.
[454] М. Велчовски, бр. 07 - 686/4, 2000.

впечаток.[455] Денес, и после 15 години од направената интервенција, се гледа ефектот од изнуденият конзерваторски зафат на полукружните лаци од префурниумот, со што се докажа квалитетот и исправноста на употребениот материјал, бидејќи истиот се наоѓа во добра конзерваторска кондиција (Ѓ32).

- Објект за сместување војска

Таканаречениот објект за сместување војска, конзерваторски е третиран во 1997 год. Овој дел ја зафаќа југозападната страна од утврдувањето, во непосредна близина на јужната кула. Пред отпочнување на изработката на проектот, тој се наоѓаше во особено сложена ситуација, од аспект на недефинирани sидни површини и различни градежни фази (Ѓ33). Со детални анализи и претходно добро изработена документација, комисијата одлучи околу дефинирањето на позициите (кои sидни платна да бидат отстранети, а кои да се зачуваат и врз нив да се применат конзерваторски интервенции).[456]

Извршените археолошко-конзерваторски истражувања покажаа дека оваа градба е од I -та градежна фаза на утврдувањето т.е. истиот временски период кој соодветствува на постарото бедемското платно (Ѓ1: 9; Ѓ33). Поради претходно дефинираната градежна фаза, при реализација на конзерваторските зафати беа применети материјали за состав на вообичаен продолжен малтер со додаток на варово брашно и „У врска“.[457] Интервенцијата на sидните површини се реализира со вметнување на крупнозрнест камен, искористен од самиот објект, во сооднос 1 : 3 : 1 : 100 ml („Усјемал“, песок со гранулација 2, варово брашно и „У - врска“). Фугите го задржаа истиот принцип на подготовка со вдлабнување до 0.02 м. Материјалите кои се употребија во процесот на изготвување на смесата за фугирање го имаа истиот сооднос: цемент, варово брашно, сепариран песок со нумерација 1, бреча од двапати толчена тула и „Хидрофоб“, во сооднос 1 : 1 : 2 : 200 gr : 100 ml.[458]

---

[455] М. Велчовски, бр. 07 - 686/4, 2000.
[456] М. Велчовски, бр. 07 - 686/3, 1998.
[457] М. Велчовски, бр. 07 - 686/4, 2000.
[458] М. Велчовски, бр. 07 - 686/4, 2000.

Дел од ѕидните површини на овој сектор од утврдувањето беа изработени во градежна техника со камен и кал, а всушност ја претставуваа пост-урбаната градежна фаза на локалитетот. При тоа, со одлуката на комисијата истите не се отстранија туку, во конзерваторска смисла, се третираа засебно. Надѕидувањето на овие ѕидни платна беше во висина до 0.60 м т.е. со три реда камен. Смесата за конзервација која се подготвуваше за овие ѕидни платна беше според рецептурата на конзерваторот и за прв пат беше употребена на овие простори. За да се запази автентичноста на градежната техника со камен и кал, а истовремено да се добие и цврстина и отпорност, се подготви посебна смеса во процесот на надѕидување и во процесот на завршните работи. При реализација на надѕидувањето, во внатрешноста на ѕидот, покрај кршените парчиња камен, се вклучи смеса изработена од земја која беше трипати сеена низ сито, цемент, варово брашно, бреча, „У - врска“ со завршен елемент и додаток на „Фасил“. Соодносот на смесата беше: една количка земја, една лопата цемент, една фангла варово брашно и бреча, „У - врска“ 50 ml и 20 ml „Фасил“. Завршните работи се реализираа со истата смеса, но целата ѕидна површина се испрска со раствор на „Фасил“ и вода во сооднос 1: 5.

- Када до бедемското платно

Според направените анализи и извршената реконструкција (со оглед на тоа што се работи за када со мали димензии т.е. 1.10 м х 0.60 м) се покажа дека таа била наменета за исполнување на хигиенските потреби на некој воин од повисок ранг.[459] Остатоците од кадата, видливи по завршување на истражувањата, како и отисоците во просторот каде истата беше позиционирана, овозможија нејзина целосна реконструкција (Ѓ1: 10). Материјалите кои се употребија во процесот на изготвување на смесата за нејзина реконструкција се: „Усјемал“, варово брашно, сепариран песок со нумерација 1, природна бреча (донесена специјално за оваа потреба од непосредна близина на Делчево), и „Хидрофоб“, во сооднос од 1 : 1: 3 : 200 gr : 100 ml. Следниот ден, по завршените конзерваторски работи, целата површина од кадата се испрска со раствор на „Фасил“ и вода во сооднос од 10 dl „Фасил“ : 50 dl вода. Ваквиот пристап е најсоодветен, пред сè поради можноста,

[459] М. Велчовски, бр. 07 - 686/4, 2000.

изготвениот раствор да се импрегнира во порите на сè уште влажната смеса употребена во процесот на конзерваторските зафати, со цел тој да послужи како дополнителен зацврстувач и како водонепропустлив материјал (Ѓ34).[460]

- Источна потковичеста (централна) кула

Потковичестата централна кула која се наоѓа во источното крило на бедемското платно за прв пат конзерваторски е третирана во 1987 год. (Ѓ1: 4). Во оваа кампања бил конзервиран само северниот дел на кулата, додека на источната и западната страна била извршена само санација на дерутираните површини (Ѓ35). Внатрешноста на sидните платна е исполнета со крупнозрнест камен во стил на opus caementicum, со врзивно средство од продолжен малтер во сооднос 1 : 3, „Усјемал“ и сепариран песок 2. Фугите се изработени со цемент и сепариран песок со нумерација 1, во сооднос 1 : 2. Надsидувањето е изведено во висина до 2.50 м, на ист начин како и автентичниот опус на градба. Хронолошката припадност на градбата е определена според изгледот и начинот на изведените работи, големината на употребениот камен и хоризонталниот слог. Тие претставуваа и основа за дефинирање на градежната техника како opus mixtum.

Во 2000-та год. се извршени конзерваторско-реставраторски интервенции на истата кула каде беа преземени фугирања на конзервираните делови, кои претходно не беа реализирани. Горните конзервирани површини од кулата беа отстранети, с□ со цел да се овозможат и изведат конзерваторски зафати, со примена на надsидување во висина до 1.50 м. (Ѓ35 а). Поради добивање што подобра визура на потковичестата кула и конзерваторски третираното бедемско платно од источното крило на овој дел од локалитетот, пред просторот на овие градби се пристапи кон широк откоп на земја во длабочина до 1 м. (Ѓ36). Замисленият ефект беше постигнат како во поглед на визурата кон градот, така и на презентација на градбите.[461] Конзерваторската интервенција на sидната маса на кулата се реализира со вметнување кршен камен без лице, додека надворешните камења со лице, кои претходно беа класифицирани и издвоени за повторна употреба, се поставуваа во хоризонтален слог со употреба на смеса

[460] М. Велчовски, бр. 07 - 686/4, 2000.
[461] М. Велчовски, бр. 07 - 686/4, 2000.

изготвена во сооднос на 1 : 3 : 1 : 100 ml („Усјемал“, песок со гранулација 2 и 3, варово брашно и „У - врска“). Фугите го задржаа истиот принцип на подготовка како и кај останатите ѕидни површини, со воспоставениот метод на вдлабнување до 0.02 м. Изготвената смеса за фугирање го имаше истиот сооднос: цемент, варово брашно, сепариран песок со нумерација 1, бреча од двапати толчена тула и „Хидрофоб“, сооднос 1 : 1 : 2 : 200 грама : 100 ml. Истиот конзерваторски третман се примени и на четирите контрафори, изѕидани од надворешна страна на кулата, се со цел да се постигне дополнително зголемување на нејзината стабилност.[462]

- Јужна кула

Пристапот при реализација на конзерваторските интервенции во овој дел беше особено сложен и специфичен од аспект на потребата и начинот за негово соодветно презентирање. Извршената опсервација на овој дел од локалитетот, како и анализата за начинот на конзерваторските зафати, ги дадоа потребните насоки и решенија. Централниот полукружен дел на кулата од I -та градежна фаза конзерваторски се третираше со надѕидување до 0.40 м или два реда камен, додека делот од II -та градежна фаза се надѕида во висина до 0.60 м т.е. три реда камен (Ѓ1: 5; Ѓ37). Со натамошните конзерваторско - реставраторски работи се планира изработка на посебен проект кој ќе се однесува на издлабената фоса што се протега во овој сектор, веднаш под југоисточната кула, кој би вклучил целосна реконструкција на дрвен мост (pont levis) кој ќе ја поврзе југоисточната кула со соседното брдо[463] (Ѓ38). Треба да се напомене дека мостот веројатно имал две функции: преминување на војската кон соседното брдо и обратно, како и премостување на хидросистемот за спроевување вода во утврдувањето. Хидросистемот е направен со странично поставување на керамичките тубулуси со дијаметар на отворот од 0.12 м и должина на истите до 0.60 м. Утврдувањето се снабдувало со вода од изворот на планината Плачковица во правец југоисток-северозапад, со благ пад од 0.07% на 100 м должина. Овие показатели ни овозможуваат да ги потврдиме нашите претпоставки, бидејќи е извршена целосна детекција на археолошките содржини, како и на структурата на теренот и

[462] М. Велчовски, бр. 07 - 686/4, 2000.
[463] М. Велчовски, бр. 07 - 686/3, 1998.

неговата непосредна околина. Конзерваторската интервенција на ѕидната површина од југоисточната кула се реализира во периодот на археолошко-конзерваторската кампања во 1997 год. со примена на истиот метод на работа, како и кај потковичестата кула. Изготвената смеса малтер го имаше истиот состав и застапеност изразени во проценти на поедините елементи, како во процесот на конзервација, така и во делот на завршните работи.

3. Материјали употребени за конзервација на објектот

Во реализација на овие активности се применија следните материјали:

- Армирано бетонски елементи за зајакнување на стандардните арматурни профили (GA 240/360), стопи, столбови и армирано бетонска греда на одредена висина кои се бетонираа со МБ30, додека темелната армирано бетонска греда се бетонираше со МБ20.

- Малтерот кој се употребуваше за ѕидање на конструктивните елементи беше составен од варов малтер, на база на варово врзивно средство, инертно полнило со целосно контролиран гранулометриски состав и адитиви за регулирање на јакосните карактеристики, тиксотропност и водонепропусност и др. Приготвувањето на малтерот беше по машински пат. Проектираната јакост на притисок на малтерот за ѕидање изнесуваше fc=1MPa, која во текот на ѕидањето постојано се контролираше.

- За ѕидање на конструктивните елементи се употреби камен варовник, односно прилагодување на материјалот и начинот на ѕидање според зачуваните делови од камената ѕидарија.

4. Анализа на состојбата на напрегања и деформации на ѕидните површини со метод на конечни елементи

Врз основа на дефинираниот конструктивен систем на даденият објект и дефинираните конструктивни елементи на зајакнување на истиот, беше извршена статичка и еквивалентна сеизмичка анализа со метод на конечни елементи, користејќи го компјутерскиот софтверски пакет SAP 2000 (Structural Analysis

Program, US Berekely, California).[464] Имајќи ја предвид сложеноста и специфичноста на конструктивниот систем и вградените материјали во моделот на ѕидните површини од една страна, и можностите кои ги има програмскиот пакет од друга, направен е обид за дефинирање на модел со конечни елементи што најсоодветно ќе ја репрезентира конструкцијата на градежните објекти. Притоа беше усвоена средно-густата мрежа од вкупно 419 елементи со која беа опфатени глобалните геометриски карактеристики на моделот (дел од бедемскиот ѕид). Носивите масивни ѕидови се моделирани со тродимензионален конечен елемент Solid со осум јазли, односно вкупно 384 елементи. Армирано бетонските вертикални и хоризонтални елементи за зајакнување беа моделирани со 3D-Frame и тоа со вкупно 35 елементи.[465] За вака моделираната конструкција беше извршена статичка анализа од дејство на сопствена тежина и еквивалентни сеизмички сили пресметани според прописи, при што за специфичните тежини на ѕидаријата и дрвениот материјал беа усвоени следните вредности:

- армиран бетон со $\gamma = 25.0\ KN/m^3$
- камена ѕидарија со $\gamma = 22.5\ KN/m^3$

Модули на еластичност на соодветните употребени материјали кои се усвоени:

- бетон со $E = 31.000.000\ KN/m^2$ (KPa)
- камена ѕидарија со $E = 1.500.000\ KN/m^2$ (KPa)

Влезните геометриски и физичко-механички карактеристики на соодветните елементи, како и излезните резултати на напонско деформационата состојба се дадени во прилог, соодветно за двете конструктивни целини.[466] Врз основа на добиените резултати усвоени се профилите на арматурата кои се приложени во проектот за архитектура.

[464] П. Гавриловиќ и други, 1983, 99 - 131.
[465] Ј. Маневски, 2006 - 2012, 1 - 4.
[466] Ј. Маневски, 2006 - 2012, 1 - 4.

VIII. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Откриените објекти во рамки на градските ѕидови во целост опфаќаат само 1/3 од површината на населбата. Нивната истраженост е целосна или делумна единствено во хоризонтот на доцната антика.

Со жалење можеме да констатираме дека незначителни се истражувањата кои ги третираат претходните историски периоди. Поради овие изнесени констатации, посебен акцент во насока на реализација за понатамошните археолошки истражувања, треба да се стави на површините и слоевите кои се од постар период. Со тоа, ваквиот пристап на работење би овозможил сите истражени позиции конзерваторски да се третираат како една целина, со презентирање на сите урбани хоризонти на живеење на овој локалитет. Од досега направените анализи со сигурност можеме да кажеме дека комплексноста на овој археолошки локалитет создава нови страници во археологијата на Македонија, а секако и во поширoки рамки.

Изработената оперативна програма за конзервација на бедемското платно во источниот сектор на утврдувањето имаше за цел целосен конзерваторски третман на бедемските платна од двете градежни фази. Со примена на ваквиот пристап на работење се изведе поврзување на двете кули во тој сектор, т.е. поврзување на потковичестата со југоисточната кула. Надворешното бедемско платно кое е од II -та т.е. помлада градежна фаза е слепено со бедемот од постарата т.е. I -та градежна фаза. На бедемското платно од помладата фаза, конзерваторски се интервенираше со надѕидување во висина од 0.80 м до 2.40 м во правец на југоисток-северозапад.[467] Бедемското платно од постарата т.е. I градежна фаза го претставува внатрешниот ѕид на бедемот. Поради добивање ефектна визура и издвоеност на двете градежни фази датирани од различен временски период, надѕидувањето на внатрешниот ѕид се реализира со поставување на повисока завршна кота на конзервација во однос на надворешниот ѕид. Завршната конзерваторска линија на внатрешниот бедем во однос на надворешниот е повисока во просек од еден до три реда камен, т.е. од 0.20 м до 0.60 м, диктирана од конфигурацијата на теренот. Овој процес на

[467] М. Велчовски, бр. 07-686/1, 1998.

конзерваторско-реставраторски работи се одвиваше во две кампањи, во 1998 и 2000 година.

Конзерваторските зафати во 1998 год. го имаа третманот на примена на „биолошка“ конзервација. Внатрешноста на sидните платна се исполни со крупнозрнест и кршен камен, во стилот на opus caementicum. Употребено беше врзивно сретство на продолжен малтер, во сооднос 1 : 3 („Усјемал“ и сепариран песок 2), додека фугите се изработени со цемент и сепариран песок со нумерација 1, во сооднос на 1 : 2.

Понатамошните интервенции реализирани во 2000 год., всушност го продолжија правецот на поврзување на бедемските платна од северозапад кон југоисток т.е. од потковичестата кон југоисточната кула. Се продолжи со истиот принцип на работење, но примената на новите состојки кои се употребија во смесата за малтер дадоа една нова димензија во пристапот на конзерваторскиот третман на градежните објекти во Република Македонија.

Конзерваторскиот зафат на sидната маса од бедемските платна се реализира со поставување на крупнозрнест кршен камен без лице, во внатрешноста на sидовите. Надворешноста на бедемските платна се sидаше со камења со лице кои претходно исто така беа класифицирани и издвоени за повторна употреба. Истите се поставуваа во хоризонтален слог со употреба на претходно изготвена смеса во сооднос на 1 : 3 : 1 : 100 ml („Усјемал“, песок со гранулација 2 и 3, варово брашно и „У - врска“. Фугите го задржаа истиот принцип на подготовка како и кај останатите sидни површини, со воспоставениот метод на вдлабнување до 0.02 м. Изготвената смеса за фугирање, го имаше истиот сооднос на: цемент, варово брашно, сепариран песок со нумерација 1, бреча од двапати толчена тула и „Хидрофоб“ во сооднос 1 : 1 : 2 : 200 грама : 100 ml.

Денес, изгубениот кодекс во однос на непринципиелна примена на воспоставениот стандард за конзерваторски интервенции по реализирани археолошки истражувања, го доведоа археолошкиот локалитет „Виничко Кале“ во многу незавидна позиција. Имено, со последните истражувања од 2008 до 2012 год. се отворени големи површини од утврдувањето, при што на нив не е содветно инетрвенирано од конзерваторски аспект. Се поставува прашањето, дали со примена на непринципиелноста, која е наметната во последно време со

форсирање на археолошките истражувања во однос на конзерваторските интервеции, овој локалитет ќе го задржи статусот на заштитено добро, или пак истиот ќе биде загрозен од забот на времето и покрај неговата специфичност. Тоа, пред сè, зависи од грижата и приоритетите на надлежните институции.

Евидентно е дека денес, третираните видни површини се наоѓаат во добра состојба и повеќе од една и пол деценија од извршените заштитни интервенции благодарејќи на примената на посочените иновативни конзерваторски методи.

Во рамките на уредувачката политика за „Виничко Кале", поведени се повеќе иницијативи за негово инфраструктурно и ентериерно уредување. Изготвени се неколку апликации за меѓународни проекти, од кои се добиени значителни средства за предвидените активности. Еден од поголемите проекти за уредување на овој археолошки локалитет, беше изработен од ДОЕЛ „АС - Инженеринг" - Виница. Во овој проект беа дадени позициите за уредување на локалитетот со помошните објекти, пристапни патеки, опрема и осветлување на бедемите и просторот (техн. бр. 77/09). Голем дел од овој Проект е реализиран со сретства за меѓугранична соработка. Во рамките на овие сретства е асфалтиран пристапниот пат до локалитетот каде, во долната зона од западната страна на подградието на локалитетот, е направено проширување за паркинг. За жал, и покрај направените напори за уредување на локалитетот, денес поставеното осветлување за бедемските платна и просторот во „Калето" не се во функција. Останатите предлози за уредување на туристички патеки на локалитетот не се реализирани, па од тие причини движењето на посетителите во сегашни услови не е безбедно за неорганизирани посети, особено не по последните археолошки истражувања.

Од аспект на конзерваторска презентација, во денешни услови тоа е невозможно, бидејќи 70% од локалитетот е незаштитен, т.е., конзерваторски не е интервенирано на новооткриените површини. Во таа смисла се направи голем вакум во однос на заштитата која целосно беше занемарена, пред с□, заради непринципиелниот однос на министерството за култра кое ги финансираше само археолошките истражувања, насловени како владини Капитални Проекти.

Понатамошниот процес на уредување на археолошкиот локалитет „Виничко Кале", со поставување на ограда, камери, табли за информација и други

пропратни содржини, се предвидува по реализација на конзерваторските интервенции на бедемските платна со кулите и внатрешните објекти со различна содржина. Во таа смисла се предвидува и реконструкција на pont levis мостот кај југоисточната кула, каде во антиката била направена вештачка фоса во контекст на одбранбен систем. Со реконструкцијата на овој мост ќе се долови и дел од амбиентот за снабдување со вода на самиот локалитет, донесена од изворите на планината Плачковица.

ОСМА ГЛАВА

ЦРКВИШТЕ, МОРОДВИС

I. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

1. Местоположба на локалитетот со комплексот цркви

Селото Мородвис се наоѓа на 7 до 8 км јужно од Кочани, сместено во подножјето на планината Плачковица, на јужното крајбрежје на река Брегалница, така што, со самата местоположба доминира над Кочанското поле (Е1). Ова е една од причините кои допринеле на ова место да биде подигнат црковен комплекс, но, исто така и античко утврдување кое се наоѓа во негова непосредна близина.

Археолошкиот локалитет „Црквиште“ е едно од неколкуте археолошки наоѓалишта во атарот на селото Мородвис кој со својата местоположба и значење се издвојува од останатите. Расположен е на едно плато во централниот дел на селото. Локалитетот е денес заобиколен од локалните селски патишта при што неговата површина изнесува околу 2000 $м^2$. Вистинската површина на некогашниот комплекс била поголема на што упатуваат остатоците од архитектура и гробови откриени во околните селски дворови.[468]

Основните информации со кои располагаме за локалитетот, укажуваат на неговиот долг временски период на егзистирање. Според стратиграфијата на теренот, констатирано е дека периодот на хеленизмот и периодот на првите три века од нашата ера се само индицирани, за што засега не постојат посериозни докази, кои би биле поткрепени со соодветни археолошки наоди.

За разлика од претходниот, за доцноримскиот период постојат јасни показатели кои говорат за организиран живот на овој пункт во рамките на провинциите Македонија Секунда и Дакија Медитеранеа. Врз основа на историските извори, локацијата на денешното селото Мородвис досегашните

[468] Ж. Винчиќ, бр. 08 - 1403, 3, 1991.

истражувачи ја поврзуваат со доцноримските градови Армонија или Келенидин.[469]

Рановизантискиот период (V - VI век) е период кога населбата доживува процут, при што се врши и покрстување на местното население, што е потврдено со откривањето на ранохристијанската базилика, придружена со крстилница (Е2), и со голема подземна засведена гробница (Е9). Подемот на населбата траел с□ до наездата на аваро - словенските племиња од првите децении на VII век кога во неа престанува да егзистира византискиот политички, воен, црковен и економски живот.

Засега не се откриени археолошки содржини кои би можеле да го дефинираат егзистирањето на оваа населба за време на словенските населувања и нивната стабилизација на овој простор до IX век, ниту пак периодот за време на владеењето на Отоманската империја.

2. Тек на истражување на комплексот цркви

Комплексот цркви во село Мородвис, неколку години во текот на 80-те горини бил археолошки истражуван од страна на стручните тимови на „Музеј на Македонија“ и на РЗЗСК.

Првите систематски археолошки истражувања се извршени во 1980 год. од страна на стручна екипа од „Музеј на Македонија“. Реализирани се во временски период од 26 дена, со кои е потврдено постоење на сакрални градби и средновековна некропола. Во рамките на овие истражувања детектирани се повеќе урбани хоризонти, меѓу кои посебно се издвојуваат основите на три црковни градби (Е3). Врз основа на направените анализи, овие градби се технички докуметирани и нумерирани од 1 до 3, односно според извршените откопи т.е. слоевите на вертикалната стратиграфија (Е3а). Сакралниот објект бр. 1, е од типот на централни градби со подно решение од керамички плочи. Опусот на ѕидаријата е од обработен камен врзан со варов малтер, опкружен со тула во техника на „opus klauzone” (Е4). Оваа градба е придружена со богата архитектонска и декоративна пластика, но, исто така е и со остатоци од богат

[469] К. Трајковски, бр. 7, 1989, 89 - 94.

фрескоживопис во внатрешниот простор. Според податоците со кои располагаме, хронолошката рамка на подигање на црквата е крајот на XIII, т.е. почетокот на XIV век.[470]

Под оваа градба се наоѓа постар објект (исто така црковна градба), означена со бр. 2 која, според согледувањата на истражувачите, всушност претставува епископско седиште на Брегалничката епархија. Оваа црква е со најголеми димензии, исто така sидана во "opus klauzone". Применета е најраната фаза на овој опус (врамување на каменот е со по една тула) која главно се датира до крајот на XI почетокот на XII век, што укажува и на староста на оваа градба. Епископската црква налегнува врз градба која, според архитектонската концепција, припаѓа на објектите од базиликален тип (градба бр. 3). Таа е со поголеми димензии и архитектонска концепција која што е сосема поинаква од претходните. Подот □ е работен во традиционалната, добро позната, античка техника на opus sectile, sидните платна се работени во техника на opus mixtum (Е5), додека внатрешноста на sидните платна е исполнета во opus caementikum. Кровната конструкција на објектот била потпрена врз солидно изработени столпци. Основната концепција на истражениот источен дел ја сочинуваат централната апсида со синтронос, како и двете странични апсиди, кои имале функција на пастафории.

Со истражувањата изведени во текот на 1981 год. е констатирана средновековна некропола со гробови со камени конструкции (тип циста) и тоа со четири нивоа на погребување (Е6).[471] Покрај остеолошкиот материјал, во гробовите е откриен и накит, бронзени монети и делови од ткаенина проткаена со жица. Со мал иклучок, гробовите се со ориентација запад-исток и со хронолошки распон од XIV до XVIII век.[472]

Со извршените рецентни нивелации во последните две децении од XX век, и со поставувањето на дел од селскиот водовод, локалитетот бил во голема мера оштетен.

---

[470] К. Трајковски, 1983, 133 - 143.
[471] К. Трајковски, бр. 01 - 652, 1980.
[472] К. Трајковски, бр. 01 - 652, 1980.

Во текот на 1981 год., по извршените сондажни истражувања, локалитетот бил ограден со жичена мрежа до линијата на селскиот пат. Поради можноста за полесно одржување, на јужната страна е поставена двокрилна врата наменета за комуникација со објектите и пристап на потребната механизација (Е7).

3. Опис на локалитетот (комплекс - цркви)

Досегашните истражувачки резултати покажаа дека се работи за голем археолошки комплекс, чија што површина досега го надминува обемот од 10 хектари. Судејќи според засега констатираната вертикална стратиграфија, тој имал долг урбан живот, временски сместен во периодот на доцната антика и доцниот среден век.[473]

Со овие истражувања е потврдено дека археолошкиот локалитет „Црквиште“ е античка и средновековна населба со комплекс на цркви, кои се наоѓаат во центарот на денешното село Мородвис. Во рамките на истражената површина се откриени три цркви изградени една врз друга. Овие градби се градени во различен временски период, почнувајќи со најстарата од V - VI век, која претставува ранохристијанска базилика, потоа епископската црква која е градба со најголеми димензии, датирана во XI век (Е8), па с□ до најмладата која е крстообразен храм изграден во периодот на XIII – XIV век, сместен во средишниот дел на епископската црква. Според архитектонската содржина најатрактивна е епископската црква, чија внатрешност била украсена во духот на тој период. Како составен дел од архитектонската содржина на ранохристијанската базилика е и подземната ѕидана гробница, која е прилепана до нејзиниот јужен перимеtрален ѕид, со влезна партија од западната страна (Е9; Е9а; Е9б).

[473] С. Саржовски, бр. 08/94/1, 1 - 2, 1984.

II. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА АРХЕОЛОШКИОТ КОМПЛЕКС ЦРКВИ ВО С. МОРОДВИС

- **Вид и обем на истраженост**

Истражувањата имале карактер на повеќегодишно систематско ископување во рамките на редовната програма на „Музеј на Македонија". При тоа е опфатен простор од 750 м^2 што е дел од севкупната површината на урбаното јадро кое, според направените сонди, изнесува 2000 м^2.

Врз основа на досега истражените објекти и денешниот назив на селото, со сигурност може да се каже дека на овој простор се наоѓала доцноантичка населба која подоцна ја наследува црковно-политичкиот центар Моробиздон, познат од пишаните извори. За постоењето на овој град говорат византиските извори кои го споменуваат како значајна населба уште во VI век, за во подоцнежниот период т.е. полниот среден век тој да се појави и како епископско седиште.[474]

Неколкуте археолошки кампањи во текот на 80 -те и 90 -те години од минатиот век, како и горе изнесените убикации, го наметнале фактот за прогласување на овој локалитет за споменик на културата од особно значење за источниот регион на Република Македонија.

Во текот на 1987 год. биле извршени археолошко-конзерваторски истражувања, при што се откриени повеќе ѕидни платна на градбите дефинирани како комплекс на црковни објекти. Во овој период на истражување е откриен јужниот ѕид на црквата бр. 2 во целата негова должина. Истражувањата се одвивале и на потегот на јужниот влез на црквата бр. 1, т.е. најмладиот објект од сакралниот комплекс на цркви, каде што биле откриени неговиот источен и западен довратник (Е10).

Во 1990 год. се направени теренски проспекции од помал обем на веќе познатите археолошки пунктови „Градиште" и „Гробјански рид" во атарот на село Мородвис, како и археолошко - конзерваторски доистражувања на локалитетот „Црквиште". Во овој период археолошко - конзерваторските

[474] С. Саржовски, бр. 08/94/1, 1 - 2, 1984.

истражувања се одвивале на површина од 50 $м^2$ и тоа на северната половина на епископската црква (Е11).

Во 1999 год., по повеќегодишна пауза, се извршени археолошки истражувања со цел заокружување на повеќегодишните кампањи, т.е. дооткривање на влезните партии во објектот „Црква 2“ по целата ширина но, исто така и дооткривање на западната sидна партија од нартексот во должина од 10 м. При тоа биле истражени и документирани гробни конструкции, оформени на висинското ниво кое е поврзано со „Црква 2“. Со анализите од овие истражувања е констатирано дека погребувањата оштетиле архитектонски остатоци од повеќе урбани фази, кои имале различни решенија на влезните партии во нартексот и во егзонартексот (Е12).[475] Sидовите на нартексот и егзонартексот на оваа црква, биле зачувани во темелните партии во висина од 0.50 м. Во различен временски период, истите биле градени со различна градежна техника од камен со варов малтер до камен во сувоsид. Подното ниво на „Црква 2“ во првата фаза било решено со мермерни плочи кои се сочувани во северозападниот дел од истражениот простор.

III. ГРАДЕЖНИ ФАЗИ НА ЛОКАЛИТЕТОТ (КОМПЛЕКС ЦРКВИ)

Материјалните податоци со кои располагаме, добиени врз основа на археолошките истражувања, се база преку која делумно може да се реконструира урбаниот развој на локалитетот „Црквиште - Моробиздон“ во село Мородвис. Според направените анализи, во него може да се констатира постоење на организиран живот во текот на VII - VI век пред. н.е. при што врз основа на досегашните податоци, сé уште не може со сигурност да се каже дали се работи за населба со градски или рурални карактеристики, бидејќи на истражуваниот простор, освен керамичкиот материјал, не се пронајдени други археолошки содржини. Постојат индиции дека јадрото на оваа населба се наоѓало јужно од локалитетот „Црквиште“.

[475] К. Трајковски, бр. 7, 1989, 89 - 94.

Нашите согледувања се фокусирани на комплексот цркви, кои влегуваат во темата на овој труд поради извршените конзерваторски интервенции. Со археолошко - конзерваторските истражувања е направен целосен пресек на градбите кои се изградени во различен временски период, а истовремено е констатирано и дека се со различни димензии во основата и изведени во различна градежна техника. Во таа смисла, хронолошки фазите би ги подредиле според урбаниот развој на градбите:

1. Градежна фаза I (ранохристијанска црква)

Како најстара црква од овој комплекс е ранохристијанскиот сакрален објект (V - VI век н.е.), кој е граден во техника на opus mixtum. Во рамките на овој објект е откриена и писцина за крштевање, а на јужната страна, до овој објект е прилепена ранохристијанска засведена гробница (E13).

2. Градежна фаза II

Епископската црква од XI век ја претставува втората урбана фаза. Градена е во техника на opus caementicum, при што голем дел од истата налегнува на ранохристијанскиот сакрален објект (E14). Според квалитетот на градење, истата не заостанува во однос на останатите епископски цркви од истиот временски период. Во источниот дел на големата апсида бил сместен синтроносот.

3. Градежна фаза III

Оваа урбана фаза е претставена со крстообразната црква од XIII - XIV век, која е градена во техника на opus klauzone (E15).

IV. ДОСЕГАШНИ ПУБЛИКАЦИИ

Во рамките на досега објавената литература за археолошкиот локалитет „Моробиздон“, с. Мородвис, Кочани, К. Трајковски е единствениот истражувач кој подетално и аналитички се посветил на решавање на урбаниот хоризонт на живеење на локалитетот. Во своите публикации авторот укажува на важноста на овој локалитет за македонската археологија и особено за Брегалничкиот регион. Врз основа на своите сознанија, во едниот од публикуваните текстови, тој ги

поврзува историските извори за овој регион со пронајдените археолошки содржини од неговите ископувања.[476] Во објавениот текст од 1989 год. авторот посветува внимание и на доцноримската гробница сметајќи ја за интегрален дел од ранохристијанската базилика.[477] Во даденият опис за гробницата, ја потенцира импресивноста на нејзината внатрешност со својата височина од над 2 м., во зенитот на сводот. Наведува дека е градена во техника на камен со варов малтер, а во горниот дел завршува со свод кој е изграден од тули.

На меѓународниот конгрес за словенска археологија одржан во Киев во 1985 год. К. Трајковцки учествува со свој труд во кој го лоцира археолошкиот локалитет „Мородвис“ и посветува посебен акцент на словенско-аварските наезди во Источна Македонија, поради што смета дека била покрај него била изградена и голема фортификација која се наоѓа над денешното село Мородвис.[478] Натаму, во текстот дава општи податоци за фортификацијата, со опис на нејзините бедемски платна и кули, цистерните и малата гарнизонска црква, за кои смета дека треба да бидат предмет на комплексни археолошки истражувања.[479] Во оваа публикација се приложени резултатите од направените пробни сонди на овој локалаитет, под слојот на деструкција, со што е констатиран керамички и нумизматички материјал од втората половина на VI век.[480]

Во публикацијата од 1983 год. авторот изнесува аналогии за откриените храмови преку нивна споредба со познати споменици од регионот, чиј основен архитектонски корпус, техника на градење и декорација се многу слични со „црква 1“ од Мородвис. Според него најблиски аналогии се Св. Атанас во Варош крај Прилеп, Св. Никола во Костур, Св. Ѓорѓија во тврдината на Ангелокастрон и др.[481] Во таа смисла, направената анализа на архитектонската концепција, како и времето на подигање на споменатите цркви, му даваат повод за датирање на „црква 1“ во XIII век.[482]

---

[476] К. Трајковски, 1989, 89 - 94.
[477] К. Трајковски, 1989, 89 - 94.
[478] К. Трајковски, 1985, 89 - 94.
[479] К. Трајковски, 1985, 89 - 94.
[480] К. Трајковски, 1985, 89 - 94.
[481] К. Трајковски, 1983, 133 - 143.
[482] К. Трајковски, 1983, 133 - 143.

Во однос на постарата градба од црковниот комплекс К. Трајковски го потврдува нејзиниот базиликален концепт, чиј источен простор со пиластри и столпци е расчленет во три дела. Според него, основата на базиликата е sидана од делумно делкан камен кој, според големината и редот на поставување, не е спроведен во строги рамки.[483] Врз основа на приложените аналогии „црква 2“, која е со базиликален концепт, може да се спореди со костурските „Бесребеници“ и Дио Еклесиес во Стамнас.[484]

Во публикацијата од 1985 год. се дадени податоците од истражувањата од заштитен карактер, па во тој контекст и хронолошки се поставува периодот на урбаните хоризонти на егзистирање на локалитетот.[485]

V. ДОСЕГАШНИ КОНЗЕРВАТОРСКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

1. Прва фаза

Оваа фаза од конзерваторските интервенции на локалитетот „Црквиште“ - Мородвис е реализирана во текот на 1986 год., под раководство на Ж. Винчиќ. Таа година е извршена целосна опсервација на состојбата на веќе откриените објекти, врз кои е изведена делумна превентивна конзервација.[486] Конзерваторски интервенции во оваа кампања се спроведени на синтроносот и на епископскиот стол (Е16).

2. Втора фаза

Конзерваторските интервенции од оваа фаза се реализирани во 1987 год. Овие интервенции се изведени на круните на sидните платна од откриените објекти, како и пломбирање на дел од откриените sидни површини (Е17). Во оваа конзерваторска кампања е интервенирано на јужниот sид од средната црква (бр. 2), при што sидот е третиран по целата негова должина. Извршена е и анастилоза на западниот и источниот довратник на јужниот влез од црквата бр. 1.[487]

---

[483] К. Трајковски, 1983, 133 - 143.
[484] К. Трајковски, 1983, 133 - 143.
[485] К. Трајковски, 1985, 176.
[486] Н. Петров, бр.07 - 783/2, 1999.
[487] Ж. Винчиќ, бр.08/972, 1987.

3. Трета фаза

Интервенциите од оваа фаза се поврзани со годишната програма на РЗЗСК за 1990 год. при што, во последното тромесечје од истата, била предвидена програмска активност за конзервација и презентација на сакралниот комплекс на локалитетот „Црквиште". Во таа смисла е отпочнато со третата фаза на конзерваторски интервенции во 1991 год., со посебен акцент на подниот опус во црквата бр. 1, кој е изработен од тули со или без декорација (Е18).[488]

4. Четврта фаза

Конзерваторските интервенции од оваа етапа се изведени во текот на 2003 год., под раководсто на М. Велчовски, како дел од редовните активности на РЗЗСК. Во оваа кампања е интервенирано на западниот ѕид од епископската црква во должина од 16.50 м и просечна висина од 0.60 м, додека дебелината на ова ѕидно платно изнесуваше во просек до 0.70 м (Е19).

VI. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗИ ОД КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Претходните години, паралелно со археолошките истражувања, во континуитет се вршеле и конзерваторските истражувања со целосни анализи на секој архитектонски детаљ поединечно. Врз основа на овие истражувања изготвена е архитектонска документација со приказ на сите урбани фази, поединечно за секој објект (Е.20). Според дадените насоки од изработениот и одобрен проект, биле предложени и реализирани следниве позиции:

- Нивелација на горната површина од северната и јужната база на најстарата црква од комплексот, нумерирана под бр. 3.

- Делумна реконструкција на делот од торусите и трохулусите на јужната и особено на северната база, каде е применета рецептура составена од цементно врзиво со примеса на толчен мермер, поточно мермерно брашно.

- Проширување на отворите во базите, пред с□ поради вметнување и заливање на железни клинови со должина од 0.10 м, со пресек од 1.5 см.

[488] Н. Петров, бр.07 - 783/2, 1999.

- Заливање на поставените клинови во базите со растопено олово.

- Поставување на монтажно скеле - конструкција за исправање и подигање на предвидените столбови од гранит.

- Нивелирање на столбовите по вертикала со нужно кајлување и подглавување на местата каде за тоа имало потреба.

- Затварање на фугата помеѓу базата и столбот кај сите поставени столбови.

На овој начин е извршена анастилоза на двата столба во западниот дел на наосот од најмладата црква (бр. 1). Во текот на реализирање на работните активности е одржувано потребното ниво на влажност кај позициите каде се изведувале конзерваторските интервенции и анастилозата.[489]

2. Зачуваност на сакралните градби

Со последните конзерваторски интервенции на комплексот цркви во 2003 год., кај голем дел од sидните платна е запрен процесот на деструкција. Овие интервенции се покажаа како едни од најквлаитетните (во конзерваторска смисла) дотогаш изведени на сакрални градби, пред с□ заради примена на адитиви во малтерните соединенија. На овој начин е постигната поголема пластичност, а воедно и поголема отпорност во однос на временските прилики. Во таа смисла, и денес - по 14 години од извршените конзерваторски интервенции, истите се наоѓаат во добра конзерваторска кондиција.

VII. ОПЕРАТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА И НЕГОВА РЕАЛИЗАЦИЈА

Во оперативната програма, како следна мерка предвидена со изработката на проектот, биле насоките на кој начин да се изврши пломбирање на ранохристијанската гробница.[490] Во рамките на програмата се дадени следниве позиции кои биле подоцна и реализирани.

---

[489] Ж. Винчиќ, бр. 08 - 1403, 3,1991.
[490] Ж. Винчиќ, бр. 08 - 1403, 3,1991.

- Пред отпочнувањето на работите, извршено е отстранување на наноси од земја и шут, како и дополнително чистење на контактните површини предвидени за пломбирање.

- На источниот ѕид од гробницата е извршена демонтажа на дерутираните делови од ѕидот, а истовремено е извршено и негово чистење.

- На дел од источниот ѕид на гробницата, во истиот опус со хоризонтален слог и соодветна големина на каменот, како заштитна мерка е извршена реконструкција и пломбирање.[491]

Со предвидената програма е изведена заштитна интервенција со што е сопрен процесот на натамошно обрушување на овој дел, а со самото тоа и можните негативни појави на деструкција кај целиот комплекс.

Следната археолошко-конзерваторска кампања е реализирана веќе наредната година, со отпочнувањето на стандардниот процес на отстранување од објектите на наноси од земја и ослободување од средна и ниска флора. Покрај овие активности реализирани се и следниве позиции.

- Извршена е нивелација на подлогата и пополнување на просторот испразнет со археолошките истражувања.

- Поставена е бетонска плоча која всушност претставува носач на подот, на која било предвидено да се изврши реконструкција на павиментот со дел од автентичните и новоизработените тули според постоечките димензии.

- Извршено е целосно евидентирање и складирање на архитектонската пластика, која е пронајдена во пониските слоеви (Е21; Е22).

Извршените систематски археолошки истражувања создадоа денивелација на површината од 1 м под нивото на подот од црква бр. 1.[492] По извршените археолошко-конзерваторски анализи, исполнувањето на овој простор е извршено со природен и сепариран чакал, кој беше со големина на гранулат бр. 4 (40 mm). Ваквото позитивно решение и пристап, придонесе за одбегнување на повторното насипување со земја, неизбежното набивање, и особено поставувањето бетонска плоча на неслегнатата и природно одлежена земја. На овој начин, од статички

[491] Ж. Винчиќ, бр. 08 - 1403, 3,1991.
[492] К. Трајковски, Н. Петров, бр. 08 - 1164/3, 1995.

аспект, се постигнати далеку подобри ефекти, со употреба на мал дел од поскапите компоненти во процесот на повторно насипување земја.

Поради можноста за полесно одржување на локалитетот, на јужната страна е поставена подвижна двокрилна врата преку која би се комуницирало и би можело да се доведе потребната механизација.

На површината каде е извршена интервенција, зафатнината е приближно околу 60 м^2, со употреба на наведениот материјал од околу 30 м^3.[493] Во долната зона, пред насипувањето на материјалот, поставена е дренажна цевка со профил од 70 mm.[494] Таа започнува од изведената шахта, чија западна страна е во линија на апсидата на црква бр 2, во нејзиниот централен дел и тоа во длабочина од 0.60 м, под нивото на подот на црквата нумерирана под бр. 1. Линијата на движење на оваа цевка продолжува долж источниот периметрален апсидален ѕид на објектот, продолжувајќи кон североисточниот и северозападниот крак на црква бр. 2, каде го пробива нејзиниот источен ѕид и излегува од неговата надворешна страна во насока кон конструкцијата на гробната циста, од која било зачувано само западното чело.[495] За да се добие зголемен ефект во одлевањето на атмосферските води, меѓу шахтата и дренажната цевка е изѕидан канал со профил од 0.20 x 0.15 м., кој всушност ги спојува шахтата и дренажната цевка.[496] Примената на овие зафати, всушност придонесе за успешно одлевање на атмосферските води од целата површина на конзервираните подови.

Постапката за изведување на конзерваторските зафати на подот на црква бр. 1, поради претходно извршените систематски археолошки истражувања, бараше поставување бетонска плоча и тоа пред с□, од аспект на статичка стабилност на површината предвидена за интервенции. Извршените анализи ги дадоа потребните насоки за решение при изведба на конзерваторските работи, во смисла на падот на нивото на подот од тули од едниот до другиот крај на објектот. Оваа постапка е реализирана во рамките на максимално дозволениот пад од 0.5%, во правец кон шахтата. На целиот овој потег се вградени 7 м^3 бетон,

[493] Ж. Винчиќ, бр. 08 - 1403, 3, 1991.
[494] Ж. Винчиќ, бр. 08 - 1403, 3, 1991.
[495] К. Трајковски, Н. Петров, бр. 07 - 783/2, 1999.
[496] Ж. Винчиќ, бр. 08 - 1403, 3, 1991.

ознака за марка (200 мб). Пред реализацијата на реконструкцискиот зафат на подот од тули е поставената бетонска плоча која потоа беше перманентно полевана со вода, за да се спречи прегорувањето на употребеното бетонско соединение.[497]

Пред отпочнувањето со реконструкцијата на подот од тули кој е работен во градежна техника на опус спикатум, извршени се повеќе проби на малтерната смеса. Според дадениот резултат, како најсоодветен состав на малтерната смеса се покажа онаа која во себе содржи цемент, песок, крупнозрнеста бреча и окераста земјена боја. Усвоениот сооднос на материјалот кој бил употребен при изработката на малтерната смеса е во дадена мерка единица со sидарска фангла со следните параметри: цемент, песок, крупнозрнеста бреча и земјена боја - 1 : 2.5 : 0.5 : 200 грама.[498] На овој начин е обезбедена морфолошката автентичност, како и потребната ефикасност во колоритот, каде што посебна евиденција е водена за јачината на тулата и нејзината издржливост. При тоа, за првпат во нашата конзерваторска пракса, на лице место се изработувани подни тули врз основа на претходно земени нивни оригинални димензии и материјален состав.[499] Во реализацијата на конзерваторските интервенции, единствена дилема постоеше во делот на прифаќањето на потребната димензија на фугите односно растојанието меѓу тулите. Различните димензии во широчината на фугите изнесувале од 0.5 до 1.0 см, а на поедини места и до 2.0 см. Необични и карактеристични, биле насоките на самите фуги, кои оделе според главните страни на светот.[500] Според подоцнежните извршени археолошко-конзерваторски анализи, констатирано е следното: ваквата состојба се должи на подоцнежните градежни интервенции, и пред с□ на недоволно професионалниот пристап и неможноста за вклопување на новоизграденият дел во постоечкиот.

Презентацијата на останатите елементи од постарата црква нумерирана под бр. 2, како што е остатокот од мозаичниот под изработен во техникана opus sectile, кој се наоѓа во влезниот дел на олтарот, а всушност го зафаќа апсидалниот

[497] Ж. Винчиќ, бр. 08 - 1403, 3, 1991.
[498] Ж. Винчиќ, бр. 08 - 1403, 3, 1991.
[499] Ж. Винчиќ, бр. 08 - 1403, 3, 1991.
[500] Ж. Винчиќ, бр. 08 - 1403, 3, 1991.

простор на црквата бр. 1, до денес не е заштитен, т.е. конзерваторски не е интервенирано на потребното ниво, пред с□, заради неизвршената предвидена реконструкција на црквата бр. 1.

Во наредната археолошко-конзерваторска кампања реализирани биле следните позиции:

- Извршена е консолидација на западната зона на комплексот, просторот на нартексот од црквата бр. 1, со посебен акцент и третирање на остатоците од црквата бр. 2, како и фиксирање на одделни гробни конструкции од типот циста составени од камени плочи.[501]

- Изнајдено е и реализирано решението за комуникација од западната страна на комплексот во насока кон наосот од црква бр. 1.

- Изнајдено е и реализирано соодветното премостување на просторот што го заземал нартексот од црква бр. 1, со цел презентација на содржините откриени преку археолошките истражувања (остатоци од црква бр. 2 и гробните конструкции).

- Извршена е конзерваторска интервенција на кровната конструкција од ранохристијанската гробница, и е направена реконструкција на подот во проскомидијата на црква бр. 2.

- Извршено е фиксирање на делови од подниот опус, во северниот дел на црква бр. 2.

- Поради недоволно квалитетно извршената конзервација од претходната конзерваторска кампања, повторно е изведена рекомпозиција на партерниот дел на синтроносот.

- Извршената реконструкција на седиштата од синтроносот до висина на третиот ред е последниот конзерваторски зафат кој е реализиран со оваа кампања.

Тргнувајќи од концепцијата на претходните археолошко-конзерваторски тимови (според која треба да се заштити с□ што ќе биде откриено), во изминатите кампањи беа извршени обемни конзерваторски зафати, со што дури е

[501] Ж. Винчиќ, бр. 08 - 1464, 3, 1993.

реализирана и делумна реставрација на крстообразната црква од XIII - XIV век, а останатите делови се финализирани до висок степен на презентација.[502]

Во текот на 2003 год. конзерваторската екипа, со оглед на отсуството на истражувачот, имаше дополнителни активности, особено околу утврдувањето на архитектонско-конструктивните односи на комплексот, а во тој контекст и неговиот развој, како и фазите и нивниот хронолошки распон. Имајќи ги предвид дотогашните сознанија и севкупната архитектонско - техничка и фото - документација, но и резултатите од конзерваторските истражувања, беше одлучено да се продолжи со реализација на конзерваторските активности, во делот на предвидените позиции.[503]

Поагајќи од резултатите на археолошко - конзерваторските истражувања кои се извршија пред отпочнувањето на конзерваторските активности, а за потребите на главниот Проект, се изготви оперативна програма со упаства и насоки за работење.

Во програмата поединечно беа дефинирани позициите кои, врз основа на состојбата на теренот, ја означуваа границата на комплексот. Посебен акцент беше ставен на неговиот западен дел, каде беа извршени дополнителни археолошки ископувања. Овој простор не беше конзерваторски третиран, така што, деградираната состојба на ѕидните платна бараше примена на итни заштитни мерки. Изработената програма имаше за цел да бидат опфатени сите детали поединечно за секое ѕидно платно или под, пред се од аспект на важноста во делот на презентирањето различни временски урбани хоризонти од комплексот.

Во таа смисла, сите споменички содржини се третирани рамноправно, а таквата улога ја задржаа и во текот на самата конзервација. Дадените позиции и насоки од оперативната програма ги содржеа следните компоненти.

- Ѕидаријата ја задржа структурата од постоечките ѕидови, а при обликување на круната се тежнееше спојниците да овозможат исцедување на водениот талог.

- Беше извршено демонтирање на дерутираните сектори од круната до ниво каде што севкупната ѕидарија покажа консолидирана состојба.

---

[502] Ж. Винчиќ, бр. 08 - 1464, 3, 1993.
[503] М. Велчовски, бр. 07 - 122, 2003.

- Се изврши двоење на материјалот за повторна употреба.

- Се изврши подготвување на контакт-површините за оформување на круната на ѕидовите.

- Се изврпи пломбирање по целата должина на комплексот каде што за тоа имаше потреба.

Сличен умерен третман имаа и столпците со тролистна форма во основата, лоцирани западно од комплексот цркви (веројатно остатоци од егзонарексот на епископската црква).[504]

Реализираните мерки послужија за амбиентализација на комплексот, врз основа на која неговата функција ќе биде препознатлива и за обичниот посетител, во придружба со останатите мерки.

Конзерваторските интервенции се изведоа во опишаниот опус и материјал, при што, разликата помеѓу затекнатото и надѕиданото се нагласи при реализација на конзерваторските зафати, со посебно врзиво, особено во фазата на фугирање.

Придржувајќи се до опишаниот начин на ѕидање, при конзерваторскиот третман се употребија следните врзивни елементи.

- Цементно млеко за инектирање во празнини и оштетувања во сооднос на дебелината и масата на ѕидот.

- Малтер за ѕидање: цемент, „Усјемал“ и песок, во сооднос 1 : 3 : 12, што се јавува како замена на класичниот продолжен малтер, кој може да се користи при поголеми надѕидувања, особено кај подебелите ѕидови.

- Малтер за фугирање: цемент, песок и бреча, во сооднос 3 : 6 : 1.

Меѓу другото, во рамките на расположивите можности, овој сакрален комплекс ќе се презентира како целина, во која секоја негова фаза ќе се препознава до оној степен колку што тоа го овозможуваат остатоците на теренот и нивната состојба. Кон предложениот концепт се пристапува согласно професионалните принципи кои треба да ги поттикнат максималното зачаувување и претставување на сите фази од историската и архитектонска егзистенција на овој комплекс цркви.

---

[504] М. Велчовски, бр. 07 - 122, 2003.

По целата основа на епископската црква, конзерваторски се интервенираше на круните на sидните платна. Запазени се ширината на западното sидно платно, кое во просек изнесуваше 0.70 м. Анализирајќи го секој детаљ на овој sид, а имајќи ги предвид претходните решенија и конзерваторски третмани, самата ситуација на теренот ги наметна следните конзерваторски решенија:

- Во западниот sид на северниот брод, по целата негова должина се запазени двата реда камења градени во техниката камен брqзан со варов малтер, и тоа над нивото од подниот опус од тули. Решението на влезната партија во централниот брод на наосот е лоцирана на југозападниот дел од северниот sид.

- Надворешната влезна партија на северниот брод од епископската црква која конзерваторски е веќе презентирана, се наоѓа на северната страна.

- Западниот sид на наосот е конзервиран во должина од 9,00 м и со просечна висина од 0.50 м. Влезната партија се наоѓа во централниот дел и е со ширина од 1.70 м и просечна висина на надsидување од 0.30 м.

- западниот sид на јужниот брод е конзервиран во должина од 3,75 м и со просечна висина на надsидување од 0.70 м. Влезната партија се наоѓа во неговиот централен дел и, за разлика од северниот брод, има директна комуникација со нартексот.[505]

VIII. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

На локалиетот „Црквиште“ во село Мородвиц, каде што е лоциран епископскиот комплекс со археолошките истражувања, беа констатирани повеќе културни слоеви, започнувајќи од железното време па с□ до средниот век. Најгорниот слој од комплексот цркви е дефиниран како прв културен хоризонт во кој е сместена крстообразната црква бр. 1 од XIII - XIV век.

Во вториот културен хоризонт, покрај епископската црква од XI - XII век (објект бр. 2), а од ист временски период, се датираат и гробните конструкции со пронајдениот движен археолошки материјал.

Третиот културен хоризонт го претставува најдолниот слој од комплексот цркви, кој се карактеризира со архитеконските остатоци на ранохристијанската

[505] М. Велчовски, извештај бр. 07 - 122, 2003.

базилика од V - VI век, претходно означена како сакрален објект бр. 3. Во оваа временска рамка се поставени и писцината (базенот) за покрстување, како и ранохристијанската засведена гробница.

Доцноримскиот хоризонт на истражениот простор нема остатоци од архитектонски партии, туку дислоциран градежен материјал, фрагментирана садова керамика, пршлени, монети др.

Преостанатиот период од крајот на XIX и почетокот на XX век, па се до денешто време излегува од можностите на нашите стручни и научни истражувања.

Конзерваторските истражувања покажаа целисходност и оправданост на реконструкциониот зафат кој, покрај заштитата на објектот означен под бр. 1, обезбеди соодветна заштита и на останатите делови на комплексот. Во исто време, во контекст на низа околности, делумната реставрација на објектот бр. 1, придонесува и за поконкретно осознавање на економскиот, културниот и политички живот во текот на посочените периоди, во овој дел од Република Македонија. Без да навлегуваме во сите елементи од предлогот за реконструкција на објектот бр. 1, во кој беше предвидена интервенција на сите негови градежно-архитектонски детали, како специфичен зафат ќе го истакнеме конзерваторкиот третман на нејзината крстообразна основа и предложеното решение за негово покривање со кровна конструкција со купола.[506] Со овие постапки се запазени сите архитектонско-конструктивни соодноси на градбите и е јасно и прецизно нагласено (со лента од оловен лим) издвојувањето на постојното од реконструираното. Доследно е спроведено почитувањето на постојните соодноси и опуси, како и градежниот материјал, со цел запазување на автентичните морфолошко - естетски вредности на објектот.

Секако дека овој вид на активности им останува отворен и достапен на идните проучувачи и истражувачи, дотолку повеќе што археолошко-конзерваторската екипа не го присвојува правото да го каже последниот збор. Напротив, идната презентација на комплексот ќе овозможи негово натамошно проучување, а со тоа ќе ги натера истражувачите да проучуваат со поголема динамика. Доколку се земат предвид извршените анализи базирани врз сите

[506] М. Велчовски, бр. 07 - 122, 2003.

поединечни сегменти, се добива појасна слика за функционирањето на градбите, нивната специфичност и комплексност, а во тие рамки и за историјата, материјалната и пред с□ духовната култура на Македонија во текот на доцната антика, ранохристијанскиот период и средниот век.

Во рамките на добиените резултати од архелошките истражувања, констатирано е дека овој локалитет е со поголем хронолошки распон, и истиот заслужува поефикасна и трајна заштита. Во рамките на конзерваторските зафати, потребна е превентивна интервенција и консолоидација на sидните партии. Како неопходен зафат при реализација на конзерваторските интервенции се предвидува посебен третман на објектот бр. 1, кој ќе биде имплементиран во засебен проект за негова реконструкција и ревитализација. Постојат убедувања дека со реализацијата на овој проект, месното население би се стекнало со верски објект, кој истовремено би го сменил и нивниот однос кон овој простор. Втората алтернатива предвидува целосна конзервација на откриените градби и доделување на локалитетот во владение на месната заедница, односно локалната самоуправа и тоа како археолошки парк т.е. музеј под отворено небо.

ДЕВЕТТА ГЛАВА

ИСАР, МАРВИНЦИ

I. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

1. Локација на акрополата

Археолошкиот локалитет „Исар" е лоциран на зарамнето возвишение што се протега југозападно од селото Марвинци, со доминантен поглед кон Валандовската Котлина, текот на река Бојмица (Анска Река) и околните планински масиви на Кожув, Граешка Планина и Плавуш.

На локалитетот се констатирани остатоци на античка населба, чија што егзистенција може да се следи од старото железно време, па се до ранохристијанскиот период. Многубројните наоди откриени до сега на локалитетот (остатоци од градби, камена пластика, натписи врежани во камен, керамички материјал, предмети од бронза и др.), како и податоците од античките извори, наведуваат на претпоставки дека се работи за остатоци од антички град. Врз основа на расположливите факти изнесени се претпоставки дека би можело да се работи за градовите Идомене или Гординија.

Градската акропола е со облик на четириаголник, формиран од рамни бедемски платна со правец на протегање северозапад - југоисток и североисток - југозапад (Ж1: бр. 4). Судејќи според денешната состојба, се чини дека платото во минатото не било нивелирано, туку делумно приспособено за изградба на акрополата и тоа само во рамки на нејзиниот средишен дел. Акрополата е укрепена со одбранбени ѕидови и како таква егзистирала низ целиот хеленистички период. Приодите кон неа се наоѓале на источната и северната страна, со решенија кои биле адаптирани според конфигурацијата на теренот.[507]

2. Тек на истражување на акрополата

Врз основа на резултатите од рекогносцирањата изведени во текот на1961 год., Б. Драгоевиќ и В. Соколовска организираат прво археолошко истражување

[507] И. Микулчиќ, 1999, 23 - 30.

во помал обем, при што врз основа на добиените резултати, во следните кампањи локалитетот бил вклучен во научно-истражувачкиот проект „Долината на Вардар во I милениум". „Музеј на Македонија", во рамките на неколку свои кампањи организираа истражувања на остатоците од архитектурата на акрополата, како и на гробните содржини на некрополата лоцирана на нејзините јужни падини. При тоа се постигнати значајни резултати, не само во смисла на утврдување на стратиграфската состојба на локалитетот, неговите хронолошки и културни рамки, туку и во откривањето на дел од градската фортификација.[508] Откриени се значајни објекти, како што е храмот, градбата наречена „палата", подземниот премин, градскиот бедем којшто ја опкружува акрополата, водоводната инсталација и остатоците од градби со станбен и стопански карактер. Досега откриеното, како во поглед на движниот, така и во поглед на недвижниот археолошки материјал, укажа на потребата за сериозно третирање на овој локалитет како значаен споменик на културата.

Првите сондажни ископувања се изведени во 1961 год. кога бил откриен праг од порта, дел од бедем со две ниши, како и прво скалило од монументален објект определен како пагански храм.[509]

Првите систематски ископувањата (во секторот I) започнале во 1978 год., а биле насочени кон неговиот северен дел (Ж2). Реализирани се како дел од проектот „Долината на Вардар во I милениум".[510] Во рамките на програмската содржина на овој проект било планирано да се изведат ископувања на повеќе археолошки локалитети од југоисточниот регион на Македонија. Проектот е финансиран од страна на Заедницата за научни дејности, а првата негова фаза се изведувала до 1980 год.

Во текот на ископувањата се истражувани културните слоеви до здрава земја (Ж3). Најмладиот хоризонт се карактеризирал со слој од жолта земја натрупан со шут, кој всушност бил создаден по уривањето и напуштањето на градот во втората половина на VI век (Ж4).[511]

---

[508] В. Санев - М. Ивановски, бр. 08 - 1894, 1993, 1 - 4.
[509] В. Соколовска, 1986, 97 - 109.
[510] С. Саржовски, бр. 04 - 587, 1978, 1 - 4.
[511] В. Соколовска, 1986, 97 - 109.

Констатирано е дека се работи за населба и некропола со континуитет на живеење од тринаесет века и тоа VII век пред н.е. до VI век н.е. Најстарите етапи од животот на населбата се всушност најдобро претставени преку некрополата „Лисичин Дол" која датира од железното време (VII - VI век пред н.е.) (Ж5; Ж5а).[512] При ископувањата (регуларните, но пред тоа и нелегалните), во неа е пронајдена двослојана некропола со плитко вкопани гробови богати со археолошка содржина. На помладиот слој му припаѓаат гробови од типот цисти, додека постарите гробови се со слободен укоп, без одредена конструкција (Ж6; Ж6а).[513]

3. Опис на акрополата

Истражениот простор во кој се наоѓа акрополата е ограден со одбранбени бедемски платна, кои формираат приближно правоаголна површина од околу 5600 м^2.[514] Во североисточниот дел, е откопан бедем во должина од 95 м кој заедно со откриената градска порта денес јасно го обележува некогашниот влез во градот (Ж7 и 7а). Бедемските платна кои ја опкружуваат акрополата во поголемиот дел се со широчина од 2.30 м., при што северозападниот е со широчина од 1.70 м. (Ж8).[515] Оваа разлика се појавува како последица од потребата за поставување скали кои воделе кон врвот на бедемот, т. е. во најисфрлениот дел на градот, кој всушност бил негова најслаба одбранбена точка. Поради тие причини, истиот бил заштитен со поцврст бедем. Остатоците од овие бедемски платна беа зачувани во темелните партии, додека мал дел од нив, во висина од два до три реда на камен, над темелната партија. Градската порта била двокрилна и се отварала кон внатре (Ж. 7). Од портата е зачуван масивен праг од два бели камени блокови со нееднаква големина: должината на едниот изнесува 1.90 м., на вториот 1.70 м., а нивната широчина 0.30 м. Во внатрешноста на акрополата се констатирани остатоци од ѕидови на станбени и економски простории, градени во градежна техника на обработен камен со варов малтер.

---

[512] V. Sokolovska, 1982, 2.
[513] В. Соколовска - Д. Митревски, бр. 03 - 839/2, 1997.
[514] В. Соколовска, 1986, 97 - 109.
[515] М. Велчовски, бр. 07 - 213/1, 2000.

II. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА АКРОПОЛАТА И НА ДЕЛ ОД НЕЈЗИНАТА ФОРТИФИКАЦИЈА

1. Вид и обем на истраженост

Истражувањата имале карактер на повеќегодишно систематско ископување во рамките на горе наведниот научно истражувачки проект. При тоа е опфатен простор од околу 980 м^2 од урбаното јадро и појасите околу бедемските платна (на североисточната страна во должина од 95 м, на југоисток во должина од 66 м и на северозапад во должина од 38 м). Површината опфатена со археолошките ископувања изнесува 6270 м^2.

2. Градби со јавен и станбен карактер

По неколку години прекин, во 2015 год. е продолжено со археолошките истражувања во централниот дел на акрополата (сектор I), при што во него се потврди значителна концентрација на градби од времето на нејзиниот најголем економски и културен подем (Ж2). Во наредните пасуси ќе дадеме основни податиоци за нив.

3. Јавна градба во јужниот дел на акрополата

За да се остварат зацртаните цели, истражувањата биле започнати на две локации во внатрешноста на утврдувањето. На првата, во централниот дел на утврдувањето, била отворена сонда со димензии 8 х 2 м, во правец североисток-југозапад. Поставувањето на оваа сонда било со цел дооткривање на просторот отпочнато со поранешните археолошки ископувања. Сознанијата дека тука се наоѓа јавна градба снабдувана со вода од градскиот водовод, дополнително ги поттикна археолозите да продолжат со нивните истражувачки активности (Ж9: бр. 7; Ж10).[516]

Првата поставена сонда била со издолжена форма во правец североисток-југозапад, следејќи го правецот на ѕидот и каналот, кој водел кон неистражуваниот простор. Во рамките на овие ископувања не се добиени очекуваните резултати, кои всушност имале за цел детектирање на функцијата на

[516] Ј. Клековски, бр. 03 - 54/2, 2015.

оваа градба, која е снабдувана со вода и била составен дел од комплексот градби на тој простор. Сепак, со нив бил откриен западниот ѕид на градбата, граден во техниката opus mixtum.[517] Истиот е покриен со варова малтерна обвивка со дебелина од 1 см, која е оообено сочувана во долната зона, каде што на одредени места има врежани (ѕидарски) декорации, кои се позиционирани под површината на подното ниво. Во архитектонска смисла, на површината од ѕидот се видливи траги на дозидувања, но не и на преградување.

Извршените истражувања дадоа нова димензија во поглед на ставањето вон употреба на оваа цивилна градба. Со нив се покажа дека таа всушност била намерно затрупана и тоа на брз и ефикасен начин.

4. Североисточен бедем со градска порта

Секторот I го опфаќа укрепениот дел од градот кој е со речиси правоаголна форма, чии што подолжни страни се протегаат во должина од околу 95 м, додека покусите - од 66 м. Северозападниот бедем, во должина од 38 м, го следи правецот на акрополата, додека југоисточниот, конфигурацијата на теренот. Всушност, двата бедема паралелно се спуштаат од северозапад кон југоисток затворајќи го зарамнетото плато во делот на неговата најниска точка. Североисточниот бедем е целосно откопан, заедно со централниот влез во акрополата кој е пробиен речиси на неговата средина (Ж11). На обата краја од влезот се издлабени отвори во кои биле всадени греди што ја носеле портата. Според големината на масивниот праг, тука била поставена двокрилна врата, која се отварала кон внатрешноста на градот. Од внатрешната страна, од двете страни на влезната партија, бедемот има по три испусти, со кои биле формирани по две правоаголни ниши, со различна големина (Ж7: бр. 2; Ж9: 2).[518]

Бедемското платно е градено од делумно обработен речен камен во комбинација со варов малтер. Според градежната техника може да се определи како opus incertum (Ж11а). Во внатрешноста било исполнето со средно дробени камења измешани со големо количество варов малтер (градежна техника opus

[517] Ј. Клековски, бр. 03 - 54/2, 2015.
[518] В. Соколовска, 1986, 97 - 109.

caementicum). Во непосредна близина на портата, во бедемот се вградени масивни блокови од бел камен, појава што е во изразит контраст со останите делови од бедемското платно. Овие блокови се употребени секундарно така што се вsидани во аголните завршетоци, фланкирајќи ја на тој начин портата.[519] Врз основа на анализите од археолошките истражувања, обновувањето на градските бедеми може да се поврзе со последната фаза од животот во градот.

5. Југоисточен бедем

Истражувањата на ова бедемското платно биле насочени во правец на ј/и - с/з во должина од 66 м, следејќи ја неговата ширина од 1.60 м. Според начинот на градење може да се констатира дека е изграден исцело во еден зафат и тоа за краток временски период. Овој бедем ја следел конфигурацијата на теренот, при што не се раководел од постарите вообичаени правила на градење на воени утврдувања.[520] Недостатокот од источен влез, косо ориенитраните бедеми, начинот на градење и недостатокот од улици се само дел од фактите кои ги менуваат досегашните теории дека се работи за римски кастел формиран при основањето на тука лоцираниот римски град.[521]

На југоисток овој бедем завршува со кула, која со овие археолошки истражувања била откопана само површински (Ж9: бр. 11). На прв поглед, кулата делува идентично како и претходно откриените две (северната и источната), кои се со скоро исти димензии и организација на просторот. И покрај нецелосната истраженост, откриен е правецот на протегање на југоисточниот бедем (Ж12). Со тоа, за прв пат е означена површината на утврдувањето и неговото протегање низ теренот.

Конфигурацијата на теренот им овозможувала на сите кули потполна контрола и надзор врз безбедноста и одбраната на утврдувањето, додека висинската доминантност на бедемите обезбедувала вистинска стратешка предност. И покрај обемните археолошки зафати, засега не е возможно прецизно

[519] В. Соколовска, 1986, 97-109.
[520] Ј. Клековски, бр. 03 - 54/2, 2015.
[521] P.Grimal,1960; Ð. Lugli, 1967; Ј. Клековски, бр. 03 - 54/2, 2015.

датирање на нивната изградба. Се препоставува дека тоа се случило во раноримскиот период, заедно со градбите од централниот дел на акрополата.

6. Храм

Постоењето на овој храм е детектирано уште во 1957 год., кога од страна на М. Ќорнаков, а потоа и од страна на Б. Јосифовска, е објавен натписот врежан во архитравната греда на храмот. Од натписот дознаваме дека истиот е подигнат од страна на еден македонијарх, кој го посветува на својата татковина (Ж13).[522]

Храмот е лоциран во северниот агол на сектор I, на издигнато плато, кое му овозможувало доминација над околниот простор. Фундиран е врз здрава геолошка подлога составена од матичната карпа на возвишението, врз која се изградени останатите објекти на акрополата (Ж7: 4; Ж9: 4). Градбата е со правоаголна форма, со широчина од 9.70 м и должина од 16.60 м. Подигната е на висок постамент, според римската концепција на градење објекти од овој вид, задржувајќи ги при тоа и хеленските традиции на градење храмови од типот на prostilos (Ж13а).[523] Предната фасада била решена со отворен трем кон кој воделе седум скалила. Од нив во in situ позиција бил констатиран само првиот степеник и еден блок од вториот, но од податоците на Б. Јосифовска во 1957 год., е евидентно постоењето и на дел од третиот.[524] Преку челната колонада (секако составена од 4 столбови) се преминувало во тремот, длабок 3.5 м, преку кој се влегувало во наосот на храмот, со внатрешни димензии 5.40 х 5.30 м. Влезната партија во наосот ја карактеризира масивен праг широк 2 м, кој се состои од два камени блока од бел мермер, на средината поврзани со спојници.[525] Довратниците биле изработени во иста профилација како и прагот, со по три фасции, на ист начин како и архитравните греди, но, во овој случај со помали димензии (Ж14). Ѕидовите на наосот и антите се масивни, на северната и на јужната страна широки 1.40 м, додека оние на источната и на западната страна се потесни и изнеуваат 0.15 м. Од надворешната страна овие ѕидни платна се градени од делкани камени

[522] В. Соколовска, 1986, 97 - 109.
[523] В Лилчиќ, 2001, 226-243. На оваа реконструкција претходеле претпоставки дека се работи за храм од типот templum in antis, И. Микулчиќ, 1999, 23 - 30.
[524] В. Соколовска, 1986, 97 - 109.
[525] Ж. Винчиќ - М. Ивановски, бр. 08 - 3599, 1979; В Лилчиќ, 2001, 226 - 243.

блокови со правоаголна форма, додека во внатрешноста е употребена техника на implektum, со вметнување на необработен камен без малтерно соединение (Ж14а). При градењето на наосот е применета техниката opus mixtum, со поставување на четири реда тули како либажен слој, добро зачувани особено од надворешната страна.[526] Карактеристичен архитектонски детаљ е зајакнувањето на аголните делови на наосот изградени само од тули, на тој начин, што појасите од по четири реда тули се градени скалесто (Ж15). Оваа градежна техника е карактеристична за втората половина на II век н.е. и во текот на III век н. е., позната во архитектонско - конзерваторската наука како „опус на волчји заб".[527] Од внатрешната страна на ѕидот бр. III (Ж7: 4), се зачувани мали ниши со ширина од 0.30 м. Во наосот се видливи траги од три подни нивоа од различен временски период, со јасно дефинирана разграниченост според составот и висинските нивелети.[528] Најстарото подно ниво е за 0.40 м под подното ниво од најмладата фаза, а истото е составено од бел малтер поставен како основа за поплочување со мермерни плочи. Средното ниво е формирано од подни тули, поставени врз слој од ситно дробен бигор.[529] Последниот, т.е. подот од најмладата фаза, е формиран од цврсто набиена земја.

Неколкуте бази и капители пронајдени во просторот на храмот, како и останатата архитектонска пластика, укажуваат на тоа дека се работи за класичен пример на Витрувиевата концепција на римски храм од типот на јонски простилос.[530] Од останатите пронајдени мермерни блокови може да се заклучи дека над архитравот бил поставен издаден масивен венец, богато декориран со линеарна профилација и дентикули (Ж24; Ж25).[531] Според извршените анализи е констатирано дека кровната конструкција била изведена на две води, на чиишто краеви стоеле керамички антефикси во форма на палмети од кои, во текот на истражувањата, биле пронајдени четири примероци.

---

[526] Ж. Винчиќ - М. Ивановски, бр. 08 - 3599, 1979.
[527] Н. Катаниќ, 1957, 217 - 225; М. Велчовски, бр. 07 - 213, 2000.
[528] М. Велчовски, бр. 07 - 213, 2000.
[529] Ж. Винчиќ - М. Ивановски, бр. 08 - 3599, 1979.
[530] В. Соколовска, 1986, 97 - 109.
[531] В. Соколовска, 1986, 97 - 109; В Лилчиќ, 2001, 226 - 243.

Архитектонската пластика и другите остатоци пронајдени при истражувањата, овозможуваат да се констатира дека храмот претставува класичен пример на Витрувиевата концепција.[532]

7. Цистерна

Во текот на 2016 год., истражувањата на локалитетот беа фокусирани кон откривање на објектот работно наречен „Цистерна", лоциран непосредно до храмот, од неговата јужна страна. Објектот има правоаголна форма со засводен коридор изведен од тули, со отвор од северната страна (Ж9: 8). Откопите на овој објект биле до одредена висинска нивелета, која се до последните археолошки истражувања од 2005 и 2007 год. не била точно прецизирана. Всушност, со последните истражувања е констатирано дека таа надминува скоро ¾ од должината на објектот.

При археолошките истражувања, во цистерната е детектиран интактен слој на под кој бил целосно сочуван од едниот до другиот крај на градбата. Истиот е формиран врз нивелиран слој на мрсна земја и глина врз кој бил истурен слој од варов, а потоа и од хидростатичен малтер. Со овие истражувања јасно е констатирано дека воочените столпци никогаш не функционирале како архитектонски елемент на цистерната, туку истите биле дел од соседната просторијата (Ж16). Ваквата теорија е потврдена со натамошните ископи во овој објект при што се констатирани нови архитектонски елементи. Во таа смисла, идентификувани се ѕидните платна од соседната просторија, изградени во различна градежна техника, од кои две (јужен и западен) во opus mixtum и едно (источно) во opus incertum. Се покажа дека на северната страна, просторијата била директно поврзана со „Цистерната" (Ж16а).[533]

Направените анализи укажуваат на тоа дека просторијата е изградена во подоцнежна фаза во однос на цистерната, со под-фаза на дозидување и промена на намената. Начинот на нејзиното градење сепак целосно се совпаѓа со датирањето на натписот од цистерната (III век),[534] со откриените движни наоди,

[532] И. Микулчиќ, 1999, 23 - 30.
[533] Ј. Клековски, бр. 03 - 358/4, 2016.
[534] С. Бабамова, 2005, 136.

но и со двојниот ѕид на градбата. Погоре во текстот нагласивме дека источниот ѕид на цистерната целосно го следи западниот ѕид на „Јавната градба", а ваквата пракса на двојни паралелни ѕидови најчесто се поврзува токму со овој временски период.[535]

Сепак, деструктивните појави кои ги претрпел овој град на крајот од IV- от век не ја поштедиле ниту оваа градба, барем не директно. Нема никакви индиции дека истата била опожарена, уништена или оштетена, но, сигурно тоа е периодот кога таа била ставена вон употреба за подолго време. Нејзината позиција како најниска точка од градот претставувала одличен простор за складирање на градежниот шут од градбите кои директно настрадале при уривањата. Затоа, во неа бил пронајден само градежен шут и земја и тоа пред се камен и малтер. На поедини места од градбите во централниот сектор, имаме ретки примероци на малтер на кои сé уште се видливи траги од црвен пигмент со кој биле украсувани ентериерите на домовите и на јавните градби во населбата.[536]

III. ГРАДЕЖНИИ ФАЗИ НА ЛОКАЛИТЕТОТ

Стратиграфските податоци укажуваат на три односно четири хоризонти на живеење, од кои повеќето се уништени по пат на уривање.[537] Најстариот хоризонт е откриен во Кв. 7А, 8А и 8Б, а всушност претставува слој со присуство на опожарување кој, условно, би можел да се датира во почетокот на III век пр. н.е. и да се поврзе со уништувањето на градот во времето на келтската наезда од 279 год. пред н.е. (Ж17).

Според движниот археолошки материјал може да се претпостави дека акрополата имала континуиран живот, без некои позначителни прекини. Ваквата констатација се темели врз атичката роба, којашто во овој регион започнува да се јавува во последните три деценија на V век пред н.е., а продолжува да се увезува и во текот на IV век пред н.е. Во текот на IV век пред н.е. среќаваме локални керамички производи со нагласени месни обележја, како и локално имитирање на

[535] Ј. Клековски, бр. 03 - 358/4, 2016.
[536] Ј. Клековски, бр. 03 - 358/4, 2016.
[537] В. Соколовска, 1986, 143 - 148.

грчките форми што укажува на општ просперитет.[538] Преку движниот археолошки материјал можеме да констатираме дека во овој период старите традиции се повеќе се напуштаат, а постепено се прифаќаат хеленистичките културни придобивки.

Последната хеленистичка фаза од истражениот простор се манефистира со едновремено уривање на објектите. Ваквата појава била со поголеми размери, што ќе предизвика одредена стагнација во развојот на населбата.

Во времето на раното римско царство населбата се развива, а со тоа се зголемува и површината на градската фортификација. Според добиените резултати од истражувањата, се чини дека западниот крај од акрополата во овој период сé уште не бил населен.[539] За разлика од него, во североисточниот дел се пронајдени траги на живеење. Во I век н.е. населбата имала статус на автономна општина - polis, каде што постоел конвент на доселени Римјани.[540]

Судејќи според обилниот керамички материјал, најголем интензитет на живеење, локалитетот доживува во периодот на III век н.е.. Во овој период се изградени најголемиот број станбени и сакрални објекти, како и водоводната мрежа која поминувала покрај нив. На северозападната тераса е констатиран објект со под во изведен во техника opus sectile.[541]

На југозападното подножје од акрополата е откриен храм подигнат од страна на еден македонијарх, а посветен на Херакле, односно на императорот Комод.[542]

Врз основа на досегашните истражувања, одделни архитектонски блокови откриени во сектор I, вградени во ѕидовите на подоцнежните објекти, укажуваат дека во периодот на III век н.е., во непосредна близина постоеле и други квалитетно градени јавни и приватни објекти.

Во текот на III и IV век н.е. јужната некропола се користи повторно како простор за погребување. Со погребувањето од ова време се уништени многу

[538] В. Соколовска, 1986, 143 - 148.
[539] В. Соколовска, 1986, 143 - 148.
[540] В. Соколовска, 1986, 143 - 148.
[541] В. Соколовска, 1986, 143 - 148.
[542] В. Соколовска, 1986, 143 - 148.

постари гробови. Последните археолошки истражувања и откриените археолошки содржини, го потврдуваат функционирањето на акрополата и во текот на V и VI век н.е.

1. Градежна фаза I

Оваа фаза го опфаќа периодот на I и средината на II век н.е. Всушност, таа претставува период на протогенатa фаза на акрополата. На оваа фаза припаѓаат следните долу претставени градби или нивни делови.

- Јавна градба

Врз основа на констатираните градежни интервенции може да се заклучи дека оваа градба имала најдолга историја. Во таа смисла, најзабележителни се трагите на североисточниот ѕид, каде се видливи елементи од најстарата градежна фаза, застапена со столпци изведени од печени тули кои во горниот дел завршуваат со арки (Ж18). Со извршените археолошко-конзерваторски истражувања, констатирани се позиции на североисточното ѕидно платно од градбата кои, во наредните фази од истражувањата, треба да се определат во смисла на неговата техника на градење. Потребата за дефинирање на ова ѕидно платно, поради можноста да се одговори на прашањето, дали во овој случај се работи за бифора или трифора, или пак во продолжение на ѕидот имало сосема друго решение (Ж19). Врз основа на овие позиции ќе се детектира функцијата на оваа градба.[543] Ова е значајно и за неговата натамошна презентација (Ж21: 5). Во првата фаза, овој дел од објектот добил и под од различни кршени мермерни плочи, кој е во духот на opus segmentum. Запазеноста на овој под е релативно добра, но, тоа не значи дека конзерваторски не треба да се изврши нивелирање на подниот опус.

- Бедем со градска порта

Североисточното бедемското платно со градската порта, кое е во должина од 95 м., според техниката на градење спаѓа во протогенатa фаза на акрополата, т.е. од периодот на нејзината прва градежна фаза (Ж20). Како што посичивме,

[543] М. Велчовски, бр. 07 - 213, 2000.

граден е во техниката opus incertum, со вметнување во внатрешноста на средно дробени камења со употреба на варов малтер (opus caementicum). Бедемот од оваа фаза е со дебелина од 1.70 м и со правоаголни кули со следните димензи: северна кула 6.60 х 6.40 м и источна кула 7 х 6 м (Ж21).

2. Градежна фаза II

Втората градежна фаза се карактеризира со интервенции врз градбите од првата градежна фаза и со изградба на нови објекти во централниот дел на акрополата. Таа го опфаќа периодот на втората половина од II, целиот III, и почетокот на IV век н.е.

- Јавна градба

Во оваа фаза ќе се изгради североисточниот ѕид на оваа градба кој е од кршен камен во комбинација со варов малтер, со слободен слог во хоризонтална линија. Во истата фаза ќе бидат пополнети интерколумниите на ѕидовите од првата, а делумно и на оние од втората фаза и тоа само во долните две третини, односно во оние делови каде што ѕидовите се градени од кршен камен во варов малтер. Нивото на комуницирање и живеење на оваа фаза, а условно и на претходната, се следат на длабочинаод 0.60 м под сегашното ниво на теренот. Под овој слој има големо присуство на фрагменти од тули, а во помала количина се пронајдени и кршени парчиња од имбрекси и градежен камен. Всушност, ова ниво одговара на нивото на теренот пред храмот, односно неговиот долен степеник, као и нивото на градската порта, што мора да се има предвид при конечните презентациони зафати на комплексот градби (Ж22: 5).

- Храм (prostilos)

Веќе посочивме дека градбата има правоаголна форма, подигната е на висок подиум, при што се применети традициите на хеленската архитектура при изградба на еден храм. Според основата и начинот на изграденост, истиот може да се постави во категоријата на храмови од типот prostilos.[544] Неколку градежни

[544] В Лилчиќ, 2001, 226 - 243.

решенија применети при изградбата на овој објект, дозволуваат негово сместување во II -та градежна фаза од урбаниот развој на акрополата. Структурата на ѕидната површина на храмот е градена во духот на две најзастапени градежни техники, од кои првата т.е. надворешната е градена од мермерни правоаголни блокови во техника на opus qvadratum, сместени во долната зона на градбата. За разлика од неа, ѕидаријата од втората структура ја зафаќа внтрешноста на храмот и се однесува на внатрешните периметрални ѕидови, кои се во горната зона, и истите се градени во градежна техника на opus mixtum. Во горната зона на оваа ѕидарија, има аголни зајакнувања кои се изведени од печени тули во форма на буквата С (Ж22: 4).

- Одводен канал

Одводниот канал, со правец на протегање север - југ, се наоѓа на просторот помеѓу храмот и палатата. Се простира од правоаголниот објект што се наоѓа во непосредна близина на подземниот премин од каде директно навлегува во објектот наречен „Јавна градба". Граден е од кршен камен со издолжена правоаголна форма во комбинација со варов малтер (Ж22: 6).

- Јавна градба во јужниот дел на акрополата

Оваа градба, сместена во јужниот дел (сектор I), преку градскиот водовод била директно поврзана со „Цистерната". Според начинот на градење и висинската нивелета, таа припаѓа на II-та фаза од урбаниот развој на акрополата. Поголемиот дел од неа е изграден во техника на opus mixtum, додека на поедини делови се констатира градежна интервенција изведена во opus testaceum (Ж22: 7).

- Подземен премин

Се работи за специфичен објект, засега единствен од ваков вид на територијата на Р. Македонија. Неговата грандиозност, од аспект на димензиите и градежната изведба, покажуваат дека припаѓал на градбите со сложен карактер, кои можат да парираат на врвните згради од останатите делови на Римската империја. Според конфигурацијата на теренот и неговата висинска нивелета, но,

исто така и периодот на неговото функционирање, може да се датира во втората половина на II век н.е. односно во II -та градежна фаза од урбаниот развој на акрополата (Ж22: 9).

- Цистерна

Објектот, работно наречен „Цистерна", се наоѓа во непосредна близина на храмот, од неговата јужна страна. Има правоаголна форма, а граден е од полуобработен речен камен во комбинација со варов малтер. Изѕидан е во техника на opus mixtum, а на јужната страна е во директна комуникација со градбата работно наречена „Подземен премин". Заедно со останатите објекти од овој дел може да се датира во II-та градежна фаза од урбаниот развој на акрополата (Ж22: 8).

3. Градежна фаза III

- Јавна градба

Во претходните поглавја напомнавме дека третата т.е. најмладата фаза има две подфази кои, според квалитетот на нивната изведба, ниту приближно не соодветствуваат на рамништето на претходните две фази, особено од аспект на анахроните конструкциони решенија. Не е можна конечна наменска идентификација на овој објект, без разлика на сите морфолошки автентичности на нејзините составни делови, кои во помала или поголема мерка се запазени.[545]

Ѕидовите од третата фаза кај овој објект се градени од кршен камен во кал со тоа што се забележуваат обиди за хоризонтално структурирање на слогот. Кај ѕидовите од оваа фаза исто така се забележува тенденција за протегање под прав агол во однос на ѕидовите од првата, односно од втората фаза, при што ваквото настојување изведувачите очевидно не успеале да го достигнат (ѕидови означени со црвена боја на објектот под бр. 5 на Ж23). Во принцип, се работи за брза и недоволно стручна „рационализација" на затекнатиот простор и негово ултимативно пренаменување.

---

[545] В. Соколовска во својот извештај од 1997 год., Јавната градба работно ја нарекува „Палата - Принципата", В. Соколовска - Д. Митревски, бр. 03 - 839/2, 1997.

Во архитектонско-историскиот развој на овој објект засега се воочени три основни фази, со тоа што третата фаза, како најмлада, може да има две подфази (подфаза а и подфаза б).

IV. ДОСЕГАШНИ ПУБЛИКАЦИИ

Локалитетот за прв пат е објавен во стручната литература по рекогносцирањата спроведени од страна на М. Грбиќ во текот на 1950-1953 год.[546] Подоцна, од страна на К. Томовски и Д. Ќорнаков се објавени неколку случајни наоди, откриени од месното население. Поголемо внимание на овој локалитет ќе му посвети Б. Драгоевиќ-Јосифовска, која ги има проучено и објавено поголемиот дел од наодите, особено натписите и монетите. Врз основа на резултатите од теренските истражувања, анализата на археолошкиот материјал, податоците од античките извори, како и обидите за локализирање на античките градови од средниот и долен тек на Аксиос, Б. Јосифовска доаѓа до констатација дека остатоците од населбата на „Исарот", би требало да се идентификуваат со античко - македонскиот град Идомене.[547]

Прва публикација во која локалитетот е означен како „Идомене" е делото на Ф. Папазоглу „Македонски градови во римско доба" каде што авторката ги анализира претходните хипотези за локацијата и името на овој локалитет. Нејзин став е дека се работи за античкиот град Идомене, што го темели врз пишаните извори (Страбон и Табула Појтингеријана).[548] Во оваа публикација, во позиционирањето на локалитетот се земени предвид и мислењата на Хан и Томашек, како и на Киперт, кои античкиот град го сместуваат на други локации.[549]

Во 1993 - 95 год. Г. Микулчиќ и Г. Карапетков, во рамките на истражувачкиот проект „Долината на Вардар во I милениум", ги опишуваат гробните содржини пронајдени во јужното подножје на акрополата, со посебен акцент на засведената гробницата од „македионски тип" од III - II век пред н.е.[550].

---

[546] М. Грбиќ ГМКД. 1954.
[547] Б, Драгоевиќ - Јосифовска, ГЗ бр. 19, 1967.
[548] Ф. Папазоглу, 1957, 132 - 133.
[549] Ф. Папазоглу, 1957, 132 - 133.
[550] Г. Микулчиќ - Г. Карапетков, МАА 1993-95, 67 - 75.

Авторот К. Ристов се обидува да ја поврзе трасата на магистралниот Повардарски пат со другите патни насоки, без конкретно да навлезе во убикацијата на населбите што тој ги поврзувал.[551] Во оваа публикација е нотиран проблемот во однос на неговото попрецизно трасирање во делот на делницата Стенае - Тауријана.

Авторот И. Микулчиќ, акрополата на „Исарот" ја идентификува како античкиот град Гординија, додека Идомене го лоцира на местото на денешно Валандово, користејќи ги при тоа податоците од географот Страбон.[552] Ваквата теза ја гради врз основа на двата натписа, од кои едниот е ископан во 1932 год. како сполиум во североисточниот ѕид на кастелот, додека вториот е откриен во 1984/5 год. како дел од еден милјоказ.[553] Во неговиот труд се дадени податоци за временскиот распон на културните слоеви на акрополата, врз основа на извршените археолошки истражувања на стручната екипа од „Музеј на Македонија".

За разлика од истражувачкиот тим од „Музеј на Македонија", И. Микулчиќ го формулира типот на храмот како templum in antis кој, според начинот и техниката на градење, би можел да се датира од крајот на II до почетокот на III век н.е. (Ж24).[554] Во текстот е даден опис на храмот и техниката на градење, каде што посебно се потенцира дека стилобатот е граден во opus quadratum од правилно делкани блокови од бигор со врамен профилиран венец во горната зона, оставајќи широк опход околу коработ. Ѕидните партии на коработ биле градени од крупен кршен камен во комбинација со варов малтер, зајакнат со појаси од тули (серклажи) од по четири реда. Градени се во техниката opus mixtum која, како градежен слог, припаѓа на најраната фаза од примената на оваа техника во античка Македонија (III век н.е).[555]

Најобемни и најдетални информации за локалитетот „Исар", Марвинци, добиваме од неговиот долгогодишен истражувач В. Соколовска. Во нејзините публикации се дадени бројни информации за акрополата, за некрополите кои се

[551] К. Ристов, МАА 16, 1997 - 1999, 125 - 148.
[552] И. Микулчиќ, 1999, 23 - 30.
[553] И. Микулчиќ, 1999, 23 - 30.
[554] И. Микулчиќ, 1999, 23 - 30.
[555] И. Микулчиќ, 1999, 23 - 30.

наоѓаа во непосредна близина, а се дел од историјата на населбата. Текстуалниот дел ги опфаќа истражените површини на локалитетот до периодот од 1986 год.[556] Направените анализи од страна на авторот во делот на градежните фази се во голем дел прецизни. Исклучок е формулацијата во однос на типот на храмот за што приложува соодветни аналогии.[557]

Во електронската монографија за населбата кај Марвинци В. Соколовска ги сумира резултатите од археолошките истражувања со кои во изминатите децении и самата раководела.[558] Во оваа монографија е даден генерален преглед на архитектонските содржини на населбата, како и примената на градежните техники во даден временски период, заедно со историјатот и урбаниот развој на градот.[559]

Во однос на храмот и неговата архитектонска пластика најдетално се осврнал В. Лилчиќ. Во рамките на описот на градбата, според типот на основата, тој го дефинира како римски простил-тетрастил, поставен на висок подиум со скалила.[560] Во натамошниот текст дава податоци кои ја докажуваат вредноста на овој храм, изграден во втората половина на II век н.е. со богата мермерна архитектонска декорација. Приложена е детална техничка документација (изглед пресеци, димензии, реконструкции) на архитравот, базите, капителите, запчестите венци, акротериите, деловисе од столбовите и др. (Ж25). Врз основа на соодветни анализи, направен е обид за реконструкција на храмот, за кој авторот посочува дека бил конципиран според Витрувиевиот пропорциски однос за градбите од римскиот период (Ж26).[561]

---

[556] В. Соколовска, 1986, 21 - 142.
[557] Според неа се работи за храм од типот тетрастилос, простилос или периптерос, односно псевдопериптерос (В. Соколовска, 1986, 97 - 109).
[558] В. Соколовска, 2015, 37 - 64.
[559] В. Соколовска, 2015, 37 - 64.
[560] В Лилчиќ, 2001, 226 - 243.
[561] В Лилчиќ, 2001, 226 - 243.

V. ДОСЕГАШНИ КОНЗЕРВАТОРСКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

1. Прва фаза

Оваа фаза од конзерваторските интервенции на локалитетот „Исар“ е реализирана во текот на 1972 год. под раководство на Ж. Винчиќ. При тоа е интервенирано на градбата, тогаш определена како „пагански храм“, како и на дел од североисточното бедемско платно со главната влезна партија на акрополата.

- Храм

Во рамките на наведената кампања од 1972 год. изведени се конзерваторски интервенции на периметралните ѕидови од наосот при што, пред отпочнувањето на овие активности, дерутираните ѕидни партии биле отстранети. Со отстранувањето на нестабилните делови од ѕидната маса, овие површини биле доведени во позиција на консолидирана состојба. Затекнатите автентични периметрални ѕидови, кои биле изѕидани во техника opus mixtum, се третирани според постоечката ѕидна структура т.е. постоечкиот опус на ѕидање. При реализација на конзерваторските интервенции се поставени четири реда на ново обработени правоаголни тули во функција на либажен слој (Ж27; Ж27а). Во исто време извршени се и помали нивелациони зафати, но, не се навлегувало во решавање на подниот опус. Изведена е и реставрација на пристапните скалила на храмот. Иако нема сомневање дека извршената конзервација ја остварила својата цел, сепак во врска со неа мора да се напомене следното.

Извршената реконструкција на влезните скали во храмот не е реализирана според воспоставените стандарди за ваков тип на градби (Ж13). Имено, аголот на наклонот на скалилата е премногу остар и не соодветствува со воспоставените стандарди во античкото градителство. При реализација на конзерваторските интервенции со реконструкциски зафат веројанто е додаден уште еден степеник, со што се зголемил аголот на скалилата. Камените блокови од бигор коишто во реставрациона смисла беа поставена во висина на еден ред од левата и десната страна на објектот, се положени врз подлога од варов малтер. Употребата на варов малтер кај камен од видот бигорот е најсоодветна, пред с□, поради карактерот на бигорот и неговите природни состојки. Овој процес на делумна реставрација на ѕидните платна од храмот е посебно специфичен, пред с□, заради

карактеристичната обработка на камените блокови од бигор, извадени од матичната карпа на прастар начин со постојано долевање на вода во отворите на карпата.

- Бедем

Конзерваторските интервенции на бедемското платно, кои беа реализирани во 70-те год. од минатиот век се изведени со продолжен малтер и цементна фуга (Ж28). При реализација на овие зафати, конзерваторски се третирани и запците (т.е. пиластрите) оформени во централниот дел од североисточното бедемско платно каде се наоѓа и централниот влез во акрополата (Ж29).

2. Втора фаза

Оваа фаза од заштитните интервенции беше изведена на храмот и тоа на неговите периметралните ѕидови и на дел од објектот со влезна арка, работно наречен „Палата". Овие конзерваторски интервенции се реализирани во 1978 год. од страна на Ж. Винчиќ и С. Саржоски.

Конзерваторски интервеции во оваа кампања се спроведени и на североисточното бедемско платно каде е извршено исполнување на празнините преку финално фугирања со малтерно соединение.

3. Трета фаза

Оваа фаза беше спроведена на периметралниот северен и јужен ѕид од наосот на храмот со надѕидување на еден ред камени блокови од бигор. Конзерваторски е третиран и северниот ѕид на објектот наречен „Палата". Во оваа фаза, конзерваторски е интервенирано и на водоводната инсталација, која е лоцирана помеѓу објектот „Јавна градба" и храмот. Овие конзерваторски интервенции се реализирани во 2000 год., под раководство на М. Велчовски.

- Јавна градба

Северниот ѕид на објектот наречен „Палата", конзерваторски е третиран со поставување тули на одредено растојание врз горната површина на ѕидот, со цел

да се прикаже дека тој, по целата должина, бил со аркадно решение. Се работи за ѕидна површина со решение на трифора, која ја сочинуваат столпци изведени од тули чија што основа формира квадрат.

- Храм

Во истата година е спроведена конзерваторска кампања на северозападниот и југозападниот ѕид од храмот. При тоа конзерваторски е интервенирано на неговите периметрални ѕидови каде е поставен еден ред обработени камени блокови од бигор врз постоечките, кои се наоѓаа во добра состојба. Лицето на камените блокови беше обработено според добиените димензии од постоечките, притоа формирајќи правоаголна површина. Процесот на нивна обработка беше започнат со нивно континуирано наводнување и отцепување од матичната карпа, пронајдена во непосредна близина на локалитетот. Мајданот со камен од видот бигор се наоѓа во подножјето на манастирот Св. Ѓорија, близу градот Валандово.

- Останати градби

Заштитни интервенции се спроведоа и на оштетените ѕидни платна од останатите градби, кои се наоѓаа во непосредна близина на храмот. Овие интервенции се реализирани со примена на веќе воспоставената конзерваторска пракса во која се употребува малтерно соединение од продолжен малтер со додаток на „У - врска“.

VI. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗИ ОД КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

1. Конзервирани објекти

- Градски бедем со порта

Во североисточниот дел на градот е конзервиран и презентиран дел од градскиот бедем во должина од 20.23 м, заедно со градската порта со што, од амбиентален аспект, јасно се акцентира влегувањето во самиот град. Дебелината

на бедемското платно изнесува 1.70 м, а должината 66.00 м. Масата на бедемското платно е градена во кршен и притесан камен во варов малтер.

На најдоминантното место, со особено впечатлива визура кон Валандовската котлина, се наоѓа северозападната правоаголна кула откриена со последните археолошки истражувања од 2016 год. Составот на нејзината sидарија е со иста структура како и бедемското платно, а димензиите на внатрешниот простор се 4,80 х 4,30 м и површина од 20.64 м^2.

- Подземен премин

Со археолошките истражувања од 2000 - 2001 год., во непосредна близина на храмот и западно од палатата се откри подземниот премин со голема арка од печени тули, во широчина од 4,92 м и височина од 1.95 м на отворот од влезот, земено од нивото на цоклето. Денес сé уште не може да се дефинира намената на овој објект, бидејќи претстојат дополнителни археолошки истражувања од неговата јужна страна.

- Одводен канал

Одводниот канал е откриен во должина од 20.26 м и широчина од 0.50 м. Се наоѓа на просторот помеѓу храмот и палатата и дирекно навлегува во правоаголниот објект што се наоѓа во непосредна близина на подземниот премин. Граден е од кршен камен со издолжена правоаголна форма, во комбинација со варов малтер (Ж7:6; Ж9: 6).

- Правоаголен објект („цистерна“)

Објектот се ноѓа веднаш до подземниот премин. Намената сé уште не му е дефинирана, поради што е работно наречен „цистерна“. Ваквата претпоставка се темели врз правецот на градскиот водоводен канал кој излегува од оваа градба и води во права линија кон „Јавната градба“ лоцирана на јужната страна (на најниската точка од акрополата). Граден е во техника на камен со варов малтер. Внатрешните димензии на оваа правоаголна просторија се 6.30 х 6.30 м, а нивото на зачуваност е во височина од околу 6.00 м (Ж9: 8). Нејзината поврзаност со

подземниот премин дополнително го оневозможува дефинирањето и намената на овие два објекта.

- Храм

Според начинот на градење може да се датира при крајот на II и почетокот на III век н.е.[562] Постоењето на овој паганскиот храм, е потврдено со натписот објавен во 1957 год.

Со правоаголниот план на основата и диспозицијата, која обезбедува тесна врска со градската фортификација, храмот сигурно не играл подредена улога во одредувањето на урбанистичката физиономија на градот (Ж7: 4). Неговите периметри (со димензии 16.60 х 9.70 м) се фундирани на претходно зарамнета карпеста здравица, на што упатува природниот пад на теренот.[563] Масивните ѕидови се со дебелина од 0.87 м, 0.90м и 1.03 м, градени од притесан камен и тула во варов малтер од речен песок со средна гранулација. Ѕидните платна се градени во техника на опус микстум, сочувани релативно ниско. Микстумот го карактеризираат поставените либажни слоеви од по четири реда тули.[564] Аглите на наосот се изведени од тула во вид на серклаж, кој всушност претставува нивно зајакнување, кое се појавува на почетокот на II век н.е. и се применува во текот на III век н.е.[565] Градбата се карактеризира со употреба на обработен бигор и сполии, при што јасно е видлива секундарната употреба, односно нивно користење при изградбата на претходната фаза на храмот, или пак на некој постар објект (под него или во близината). Во просторот на наосот се констатирани три подни нивоа, но нивните опуси не се дефинирани. Најдолниот под е изведен од варов малтер и е делумно зачуван. Средниот најверојатно бил решен со мали керамички плочи, додека горниот е од набиена печена земја која е слабо кохерентна. Прагот на влезот во наосот е изведен од масивни блокови од делкан камен поврзани со спојници. Подот во тремот бил решен со камени плочи, слободни по форма, поставени на подлога од хидрауличен малтер. На теренот е зачуван сосема мал фрагмент од оваа подлога, кој укажува на под од камени плочи. Линијата што се

[562]М. Велчовски, бр. 07 - 213, 2000.
[563]М. Велчовски, бр. 07 - 213, 2000.
[564]М. Велчовски, бр. 07 - 213, 2000.
[565] Н. Петровиќ, 1957, 131 - 135.

гледа од надворешната страна на прагот кон наосот, овозможува да се потврди оваа констатација.[566] Влезната партија на храмот е зачувана во висина на последниот степеник од пристапните скалила. Со мултиплицирање на постојните мерни елементи се потврди дека влезниот ансамбл на храмот имал скалило со седум степеници. Ова може да се потврди со споменатите мерни податоци и тоа на просторот помеѓу зачуваниот најдолен степеник, и подното ниво на тремот. Степениците биле изведени од мермерни блокови, вградени во солидна супструкција, изведена од кршен камен и варов малтер. Останува отворено прашањето дали антите на храмот имале соодветно профилирана мермерна оплата, а задниот дел на тремот – дополнителни носачи на масивната архитравна греда со декоративен венец над неа. Споменатите носачи – столбови, на овој начин би го фланкирале влезот во наосот, кој е изведен од делумно зачуваните масивни довратници, а секако и ист таков надвратник од кој засега не се пронајдени делови.

- „Палата"

Со археолошките ископувања, во рамките на наведениот научно-истражувачкиот проект, скоро секоја година (од 1977 до 2000 год.) се работеше на доистражување на овој објект, чие функционално определување допрва претстои.[567] Неговата денешна состојба е мошне сериозно загрозена, особено на јужниот и западниот ѕид каде што притисокот на големата земјена маса предизвикал девијација. Во делот на анализата на ѕидните партии, со сигурност може да се констатираат повеќе интервенции на дозидување, но, не и во рамките на разни урбани фази. Во внатрешноста на централната просторија се поставени квадратни бази (од мермер) со нееднаква форма и димензии, организирани во две редици со фиксирано меѓусебно растојание (Ж9; Ж18).

2. Зачуваност на објектите и општа состојба на акрополата

Во внатрешноста на акрополата (секторот I) се откриени профани и сакрални градби со различна содржина и намена. Еден дел од овие градби се

[566] М. Велчовски, бр. 07 - 213, 2000.
[567] М. Велчовски, бр. 07 - 213, 2000.

наоѓа во релативно добра состојба, особено по конзерваторските интервенции изведени во 2000 год., додека останатите, посебно оние ископувани во рамките на поновите археолошки кампањи од 2015 и 2016 год., се во мошне лоша ситуација. Бедемите со квадратните кули кои претходно не се конзерваторски третирани, исто така се прилично девастирани.

Кај новооткриените ѕидни партии од градежните објекти кои сé уште не се дефинирани, ниту пак конзерваторски третирани, започнат е процес на деградација. Алармантна е состојбата кај објектот „Цистерна“, кој е во многу лоша состојба, со веќе одминат процес на дерутација, при што од неговата надворешна страна се видливи повеќе вертикални пукнатини. Посебно загрижува наталожената земја која врши голем притисок врз објектот.

Пукнатини се појавени и кај радијално поставените тули на арката, кои се со поголеми димензии, очевидно наменети за градење на поголеми објекти. Овие оштетувања се особено присутни во централниот дел на арката, во линија која се протега по речиси целата нејзина должина.

Состојбата на објектот работно наречен „Јавна градба“, лоциран на неколку метри јужно од претходниот објект, е сосема поинаква. Нејзиниот источен ѕид, кој е конзерваторски третиран, се наоѓа во добра кондиција, како и останатите ѕидни платна откопани само од внатрешната страна, но со јасно видлив профил на ѕидаријата.

Од сите објекти на акрополата храмот е во најдобра состојба откако, со извршените конзерваторски интерванции, е заштитен поголемиот дел од неговата површина со главните архитектонски елементи. Ова се однесува и на неговите скалила, кои се реставрирани (во делкани блокови од автентичен материјал - бел мермер) во првата конзерваторска кампања.

Сегашната состојба на денивелираност на теренот е произлезена од систематските археолошки истражувања. Поради несоодветниот заштитен режим, особено присутен по 2000 год. одредени делови на градбите се наоѓаат во прилично лоша кондиција.

VII. ОПЕРАТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА

1. Методи и активности

По извршените археолошко-конзерваторските истражувања, беа преземени дополнителни активности во рамките на проектната програма, во која беа дадени општи податоци и насоки за изработка на проект за конзерваторско-реставраторски работи. При тоа беа земени општи податоци за секој објект поединечно, со претходно испланирани позиции за конзерваторска интервенција. Врз основа на веќе воспоставените методи за изработка на оперативните програми, беа преземени следните активности:

- Од истражувачите беше обезбедена документација со општи податоци од претходно извршените археолошки ископувања и истражувања.

- Преземени се активности за изготвување подлога за архитектонска документација на постоечката состојба.

- Изготвена е фото-документација на постоечката состојба.

- Земени се примероци од малтери за физичко-хемиски анализи.

- Во рамките на геомеханичките истражувања беше извршена анализа на стабилноста на објектите.

Наведените активности беа извршени врз основа на претходно изготвен и усвоен оперативен план.

2. Конзервирани објекти

Преземените активности за изработка на проектната програма имаа за цел применување заштитен режим на дел од неконзервираните видни партии од истражените објекти во акрополата. Во таа смисла акцент се стави на следните делови од археолошкиот локалитет.

- Северозападен зид на храмот

Во врска со северозападниот зид на храмот се наметнаа прашања околу конзерваторски интервенции во реставрациона смисла, со посебен акцент на изработката на камените блокови од бигор, кои се поставија по целата должина на северозападниот зид.

- Југозападен ѕид на храмот

На оваа позиција од објектот беше предвиден истиот конзерваторски третман како и на северозападниот зид. Врз основа на претходно изготвените анализи од археолошко-конзерваторските истражувања, треба да се истакне дека храмот има две градежни фази. Помладата фаза е со помала површина од постарата и е со послаб квалитет на изведба. Празнината помеѓу периметралните зидови од северната и јужната страна на храмот градителите ја исполниле во градежна техника на камен и кал. Ѕидовите кои што се изведени од кршен камен во малтер од кал се предвидува да се демонтираат во висина од 0.3 - 0.4 м, по целата должина на дерутираните сектори од круната и тоа до ниво на кое вкупната ѕидарија ќе покаже консолидирана состојба.

- Североисточен зид на објектот наречен „Јавна градба“

За овој дел од објектот се предвидува конзерваторска интервенција по сета должина, така што демонтирањето на дерутираните сектори би се извршило по целата должина и во висина од 20 - 30 см, с□ до нивото каде што вкупната ѕидарија ќе покаже консолидирана состојба. Во централниот дел на североисточниот зид од објектот се предвидува надзидување во висина од 50 - 80 см. При тоа, на истражувачот му се остава можност, овој дел да го дефинира поконкретно т.е. да ја разреши дилемата дали во овој дел се наоѓаат остатоци на бифора или трифора (Ж18). Во овие партии се предвидува конзерваторска интервенција со продолжен малтер и адитиви кои би содржеле соодветни состојки најблиски до варовиот малтер.

- Дел од бедемот во правец североисток - југозапад

Беше предвидена реконзервација на североисточното бедемско платно, поради долго отсуство на интервенции, во смисла на одржување на веќе конзервираната ѕидна површина во 70 -те години на минатиот век. На северозападниот правец од бедемското платно беше предвидено да се извршат конзерваторски истражувања, но истовремено и консолидација на ѕидната површина, која се наоѓа во дерутирана состојба.

- Ѕидни партии од просторија меѓу храмот и бедемот

Овие ѕидни партии се наоѓаат меѓу храмот и североисточниот бедем од акрополата и истите се со еден агол на спојување во североисточниот дел. Правецот на нивно протегање е север - југ и североисток - југозапад (Ж7а). На овој простор се предвидува конзерваторска интервенција по целата должина, во висина од 20 - 30 см, каде ѕидаријата треба да ја задржи затекнатата структура од постоечкиот ѕид.

3. Применети принципи и подготвителни работи

Во рамките на оваа програма беше предвидено конзерваторските интервенции да опфатат третман на истражените објекти, кои беа извршени во периодот до 1999 год.[568] За остварување на оваа цел, проектот за конзервација ги зацрта следниве принципи на работење.

- Доследно применување на барањата врзани за подготвувањето на одделни делови од северниот ѕид на објектот "Палата", без да се исклучи ниту една фаза од неговото егзистирање, и потоа нивна конзервација, без оглед на степенот и важноста на истата.

- Почитување на постојните конструктивни односи, како израз на архитектонско-историскиот развиток на самиот објект.

- Респект кон автентичните морфолошки карактеристики на сите елементи кои конзерваторски ќе се третираат.

- Сите интервенции кои ќе бидат изведени во оној дел што го предвидува проектот, треба да имаат за цел обезбедување на естетиката, автентичноста, како и трајноста на истиот.

- Рамноправно третирање на сите делови од објектот наречен "Јавна градба", храмот, ѕидните платна на просториите, подните опуси и друго, кои се израз на многукратните вредности што ги поседуваат овие објекти.

- Минимални реконструкциони зафати во средишниот дел од северниот ѕид на објектот наречен „Јавна градба", како и максимални пломбирања по целата негова површина каде што има потреба од интервенција.

---

[568] М. Велчовски, бр. 07 - 213, 2000.

За локалитетот и постојните објекти се изработи општ ситуационен план во М = 1:50. За сите конзервирани ѕидови се изврши техничка документација со изгледи и пресеци во М=1:50, додека деталите беа изработени во М = 1:10 и 1:20.

Проектирани се и можни идни пристапи насочени кон зголемување на музеолошките квалитети на објектите

- Намена на објектите: предвидено е, со натамошните археолошки ископувања и истражувања, да се изврши презентација на сиот комплекс како единствена целина и тоа во насока на подобра перцепција од страна на посетителеите.

- Функција: во контекст на функцијата не се менува ништо, бидејќи сите ѕидови, кои се градени во техника на варов малтер со камен, се конзервираат до степен на потребната висинска нивелета за презентација.

- Конструкција: во конструктивна смисла беше предвидено да се интервенира преку надѕидување, фугирање и пломбирање.

- Уредување на непосредната околина: решение на приодот до самиот локалитет и објектите, кој во оваа фаза на проектот не беше предвидена да се реализира, поради недоистраженоста на истиот. Сите интервенции се одложуваат с□ додека не битар реализирани комплетно археолошките истражувања на дадените локации.[569]

4. Хемиска анализа на малтерите

При изработката на проектната програма за конзерваторско - реставраторски интервенции на градбите од археолошкиот локалитет „Исар“ Марвинци, направени се хемиски анализи кои беа неопходни за реализација на конзерваторскиот проект.

Потребните податоци за примената на соодветно врзиво се дадени врз основа на земените примероци од малтери, добиени преку хемиско-квантитативни анализи, користејќи комплексометриски и гравиметриски методи.

[569] М. Велчовски, бр. 07 - 213, 2000.

Нерастворлив остаток	58,50 %
Хигроскопна влага	0,47 %
Губиток при жарење 1000 С	15,25 %
Калциум оксид CaO	20,10 %
Магнезиум оксид MgO	1,50 %
Тешки оксиди R_2O_3	4,36 %
ВКУПНО	99,70 %

При тоа се земени пет примероци на малтери од различни локации.

- Објект наречен "Јавна градба":

Проба 1. малтер од ѕидната партија од најмладата фаза.

Проба 2. малтер од ѕидната партија од самата бифора.

Проба 3. малтер од внатрешната страна на објектот.

- Други објекти:

Проба 4. малтер од II-та фаза на храмот.

Проба 5. малтер од бедемот.

Проба 5

Примерокот има светло кафена боја; слаба механичка јачина, односно лесно ронлив; гледано под микроскоп забележано е дека полнилото има ситнозрнеста структура. Хемиските анализи ги дадоа следните резултати:

При додавање на хлороводородна киселина пробата бурно реагира што укажува дека врзивната материја е карбонатна. Процентот на калциум оксидот (CaO), кој што е пропорционален со варовитата содржина на првобитниот малтер, е 20.1%. Полнилото, кое е пропорционално со нерастворливиот остаток, изнесува 58.5 %. Со претворање на тежинските проценти во волуменски делови, добиваме сооднос 1 : 4 меѓу врзивото и полнилото.

- Примерок бр. 2


Примерокот има светло кафена боја; лесно е ронлив; со ситнозрнеста структура на полнилото. Хемиските анализи ги дадоа следниве резултати:

Нерастворлив остаток	57,7%
Хигроскопна влага	0,63%
Губиток при жарење 1000 С	16,46%
Калциум оксид CaO	18,6%
Магнезиум оксид MgO	1,70%
Тешки оксиди (R_2O_3)	4,55%
ВКУПНО	99,01 %

- Примерок бр. 3

Примерокот од малтер има три слоја:

- *прв слој*. сидарски малтер со дебелина 1.5 цм; светло жолта боја; гледано под микроскоп забележано е присиство на древен јаглен;
- *втор слој*. дебелина на слојот 1 цм; сива боја; присутен дрвен јаглен
- *трет слој*. хоросан малтер, црвенкаста боја од присутна дробена цигла.



Целиот примерок е многу цврст, со голема механичка јачина така што многу тешко се раздробува. Слоевите се јако компатибилни и тешко е (скоро неможно) да се раздвојат. Полнилото е со ситнозрнеста структура, а врзивната материја е карбонатна, на што укажува бурната реакција со HCl.

Хемиските анализи ги дадоа следниве резултати:

	1	2	3
Нерастворлив Остаток	64,2 %	73,0 %	63,2 %
Хигроскопна Влага	0.82 %	2,25 %	3,12%
Губиток при жар. 1000 С	14,12%	10,24 %	14,07 %
Калциум оксид CaO	16,55 %	8,73 %	11,95 %
Магнезиум оксид MgO	1,03%	2,87 %	4,2 %
Тешки оксиди R_2O_3	3,77 %	4,9 %	7,9 %
Вкупно	99,67 %	99.74 %	99,27 %
Врзиво:полнило	1:2	1:3,5	1:2.4

Процентот на тешките оксиди R_2O_3 (PerOз, АкОз,...) е доста висок. Содржината од 7.9% во третиот слој е најверојатно од присутната дробена цигла. Влагата во ѕидот расте од внатрешноста кон површината на ѕидот.

Примерок бр. 4

Примерокот има светло кафена боја; лесно е ронлив, со ситнозрнеста структура на полнилото. Хемиските анализи ги дадоа следниве резултати:

Нерастворлив остаток	81.4%
Хигроскопна влага	0.43%
Губиток при жарење 1000 С	6.2%
Калциум оксид CaO	6.9%
Магнезиум оксид MgO	1.15%
Тешки оксиди R_2O_3	3,2%
ВКУПНО	98.85 %
Врзиво : полнило	1 : 5.8

Примерок бр. 5

Примерокот има светло кафена боја; не е лесно ронлив; крупнозрнеста структура. Хемиските анализи ги дадоа следниве резултати:

- Предлог

Врз основа на добиените хемиските резултати, даден е предлог од страна на лаборантот, со натамошните насоки. При тоа се укажува на неопходноста да се направат минеролошко-петролошки анализи, за да се добијат потребните податоци за составот на полнилото. Понатаму, во делот на извештајот, се предлага метод преку кој може да се добијат резултатите за потеклото и квалитетот на варта. За да се добијат овие податоци, потребно е да се изврши комплетна анализа за да се види и добие уделот на микро-елементите, користејќи пламенфотометрија или ICP - метод.

Во интерес на подетална карактеризација на малтерите, неопходна е примена и на други аналитички техники кои ќе дадат информации за мултиелементниот состав, одредување на присуство на елементи во траги, како и одредување на минералошко-петрографската припадност на малтерите.

Ваквите истражувања може да се постигнат со повеќе комплементарни техники како што се на пример: ICP - MC, AAC, CEM - EDX, XRD, микро - XRF и сл. Со други зборови, со продолжување на хемиските истражување ќе се добијат аналитички податоци кои ќе ја карактеризираат варта, употребена како врзивна компонента, но и силикатниот полнител (песокот). Добиените податоци, не само што ќе бидат значајни за самиот градежен материјал кој се употребувал во соодветниот временски период, туку и за натамошните споредбени анализи со материјали од градби лоцирани на други археолошки наоѓалишта.

VIII. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Со реализација на археолошките истражувања на акрополата на антички град лоциран на локалитетот „Исар“ кај с. Марвинци, откриен е значителен фонд на движен и недвижен археолошки материјал: садова керамика, монети, метални предмети, како и бројна архитектонска и декоративна пластика (бази, делови од столбови и капители, фрагменти од архитрави и др). Најголемиот дел од спомнатата пластика се врзува за храмот, но, во последниот урбан хоризонт на населбата таа се среќава во секундарна или терцијална употреба.

Храмот, кој е во централниот дел на градската фортификација, секако играл решавачка улога во урбанистичката физиономија на градот. Оваа градба се карактеризира со употреба на обработен бигор и сполии, при што последното јасно укажува на нивна секундарна употреба, односно нивно користење и при изградбата на претходната фаза од храмот или некој друг постар објект.

Парцијаланта конзервација на локалитетот, која е досега спроведувана, бара повисок степен на надзор и одржување. Видливи се повеќе фази од урбаните хоризонти на живеење на самиот храм, како и подфазите, кои биле неопходни како интервенција пред с□, од аспект на негов градежен опстанок.

Конзерваторските интервенции на дел од североисточното бедемско платно со градската порта го стабилизираа процесот на деградација на овој дел од акрополата. Со реализација на археолошко-конзерваторските истражувања беше одреден и правецот на протегање на бедемското платно.

Во 2000 -та год., со изработката на проектот за конзервација, е сугерирано до раководителот на археолошките истражувања, во најбрз временски период да ги отстрани наносите земја создадени над површината на подземниот премин, пред с□, заради намалување на тежинскиот притисок врз оската на објектот, која е доста ослабена поради извршените откопи во неговата внатрешност.

Направените студиски анализи за локалиетот ја потврдија неговата посебност, пред с□, од позиција на неговата положба, но, исто така и од позиција на архитектонските содржини кои во одредени аспекти се единствени на територијата на Р. Македонија. Од архитектонските содржини посебно место заземаат храмот и подземниот премин, за кои дополнително треба да се изготви студија за целосна реставрација, која би била претставена преку макета или компјутерска анимација. Богатата архитектонска пластика на храмот треба да доживее делумна анастилоза. Позициите на подниот опус ќе треба да бидат претставени во сите негови фази.

Во рамките на конзерваторските интервенции потребна е и превентивна мерка со поставување на кровна конструкција која ќе има за задача да го штити храмот од временските непогоди.

Од посебно значење и ексклузивитет е тоа што во овој археолошки компклекс се зачувани класични раноримски градби, кои се квалитено sидани, со обемна примена на тула, во духот на римската градежна традиција. Дел од овие градби се зачувани со се сводните партии, за кои е потребна итна превентивна заштита со поставување на кровна конструкција која истите ќе ги заштити од атмосферските води.

Во рамки на изготвувањето студија за заштита, неопходно е преземање мерки за нивелирање на земјиштето околу градбите, како и изработка на дренажни канали за одвод на атмосферската вода. Студијата треба да содржи и поставување туристички патеки за движење, изградба на мала дрвена платформа како видиковец, оформена на највисоката точка на локалитетот. Исто така, потребно е да се направи ограда околу комплексот, како и систем за видео-надзор. Најновите археолошки истражувања покажуваат присуство на голем раноримски комплекс, кој го опфаќа целиот простор пред храмот, така што дел од него можеби ќе може да биде достапен од позиција на сутеренско ниво на разгледување. Ваквите мерки кои би се остварile во иднина, ќе овозможат многу поголема посетеност на локалитетот од страна на домашните, но секако и на странските туристи, кои се движат по ближната магистрала кон Грција.

Сепак, треба да се истакне дека локалитетот, кој истовремено е со статус на споменик на културата на Р. Македонија, не е соодветно заштитен според стандардите и критериумите кои ги заслужува. За ваквата состојба пред с□, се одговорни институциите кои не ги исполнуваат критериумите на спомениците според нивната категоризација.

ДЕСЕТТА ГЛАВА
СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН - БОРЧЕ, НИКИФОРОВО

I. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИ

1. Локација на комплексот цркви

Селото Никифорово се наоѓа во Мавровскиот крај, поточно на бреговите на Мавровското езеро, сместено на едно тесно плато помеѓу селата Маврово и Леуново, на падините на планината Бистра. На 1 км северно од селото Никифорово се наоѓа месноста „Борче", каде што е лоциран комплексот Св. Пантелејмон (од месното население третиран како „манастир"). Се работи за мало возвишение со зарамнет врв, лоцирано веднаш крај југозападниот брег на Мавровското Езеро. Денес, на оваа локација, покрај реставрираното црквиче, на површината се видливи остатоци од ѕидни партии на постари градби. Потекнуваат од различен временски период, почнувајќи од V - VI век, па се до XVII век. Кај сите градби, употребен е ист градежен материјал, но не и иста градежна техника. Комплексот цркви е граден на извор на вода со што целиот комплекс добил статус на агијазма т.е. света вода. Во близината на манастирскиот комплекс имало бунар (точната локација не е позната) кој се полнел со бистра вода преку канал од извор лоциран високо на планината Никифорица.[570]

Месноста „Борче" го добила името според високите борови, кои тука растат, а се стари стотици години. Се зборува дека ги има само тука и на Света Гора, односно оттаму, наводно, ги донеле монасите кои служеле во овој манстир.[571]

Кај населението од овој крај сé уште се свежи сеќавањата на верската активност во манастирот помеѓу двете светски војни. Според едни преданија тој бил запален во 1943 год., додека според други, се урнал сам од себе, па оттогаш во него замрел и монашкиот живот.

Манастирот Св. Пантелејмон во Никифорово не спаѓа во онаа група црковни споменици за кои постои богат историографски материјал, ниту пак порани описи кои би овозможиле реконструкција на неговиот претходен изглед. Во РЗЗСК, постои податок дека во непосредна близина на комплексот, кај месноста наречена „Борче", мештаните пронашле делови од мермерна камена пластика, која е датирана во V - VI

[570] А. Филиповски, 2008, 171 - 172.
[571] М. Машниќ - Н. Шентевски, Бр. 08 - 1886/1, 1989.

век. Истата, како таква, била заведена во книгата за евиденции на културно наследство при оваа институција.[572]

За прв пат во 1988 год. стручен тим од страна на РЗЗСК извршил рекогносцирање на посочената локација при што е констатирано постоење на остатоци на ѕидни партии од повеќе градби со различни димензии и временски период.

2. Тек на истражување на комплексот цркви

Пред отпочнувањето на археолошките истражувањата на локалитет „Борче", во 1994 год., над земјата биле зачувани остатоци од мала црквичка со апсида, олтарен дел со чесна трпеза, ѓаконикон и проскомидија. Архитектонските остатоци од малата црквичка, во источниот дел биле зачувани во висина и до 2.50 м, додека на западниот дел биле видливи остатоци на влезна партија со по едно рудементирано столпче од страните (З1). Во правец на западната страна, биле констатирани остатоци на дел од ѕидни структури од постари градби.

Стручниот тим на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, под раководство на М. Ивановски, врз основа на претходно воспоставените методолошки принципи, применија четири основни степени во процесот на археолошките истражувања. Во таа смисла, бил применет методот на широк откоп со изработка на фото- и техничка документација, како и анализа со конечна интерпретација на објектите и непосредната околина.[573]

Првичните истражувања на археолошкиот локалитет, дадоа одредни показатели за архитектонско-просторната структура на комплексот цркви, со што беше потврдена констатацијата од извршените рекогносцирања дека на оваа позиција постојат постари градби, кои се со поголеми димензии. Имено, покрај откриената црква со помали димензии, на западниот дел е пронајден „конгломерат" од ѕидни партии зачувани нешто над темелната зона, кои најверојатно претставувале дел од постари градби. Градени се со ист градежен материјал (бигоров камен обработен во форма на правоаголни блокови) со додаток на варов малтер (З2). Овие ѕидни партии се наоѓаат на приближно иста висинска кота со ѕидовите од малата црква. Во недостиг на пишани извори и архивски материјал, како и документација од претходни археолошки истражувања, вниманието беше насочено кон делумно сочуваните архитектонски

[572] М. Машниќ - Н. Шентевски, бр. 08 - 1886/1, 1989.
[573] М. Иваноски - М. Велчовски, бр. 04 - 192/2, 1994.

елементи и расфрлениот градежен материјал околу остатоците на градбите.[574] Со извршените анализи е констатирано дека архитектонските остатоци на едната од постарите црковни градби можела да има базиликална основа. Ваквите претпоставки се темелеа врз основа на состојбата на теренот, каде што дел од sидните партии на најголемата градба, датирана од XII - XIII век,[575] налегнуваа врз sидовите од оваа постара градба, кои беа градени во техника на опус микстум.[576] Оваа состојба се рефлектира и во источниот дел на комплексот градби каде што, во текот на археолошките истражувања во 1994 год., се костатирани остатоци на sидни површини со апсидално решение кои имаат поголеми димензии од олтарот на денес зачуваната црква (33).[577] И покрај тоа што овој елемент упатува на можноста дека најстарата градба од комплексот е ранохристијанска базилика, сепак сметаме дека сé уште нема доволно аргументи кои би ја потврдиле оваа хипотеза. Покрај северниот периметрален sид на најстарата градба (претпоставената ранохристијанска базилика), откриен е гроб ориентиран во правец југоисток - северозапад. Скелетот бил вкопан во јама и тоа без гробна конструкција. Покривањето е изведено со една монолитна камена плоча. Под главата на покојникот имаше камено „перниче“. Должината на гробната јама изнесуваше 2.00 м, а широчината 0.47 м, додека должината на скелетот - 1.60 м.

Извршените археолошки истражувања овозможија да се добијат резултати за површината на црковниот комплекс, неговата просторна диспозиција и архитектонска структура. Се покажа дека станува збор за компклекс од црковни објекти градени во разни врменски периоди и тоа еден до друг и еден над друг. На територијата на Р. Македонија се познати повеќе објекти со слична хоризонтално структурирана стратиграфија, како на пример оние во Мородвис, Св. Леонтиј во Водоча, Св. Пантелејмон на Плаошник во Охрид и др.

---

[574] М. Иваноски - М. Велчовски, бр. 04 - 192/2, 1994.
[575] М. Машниќ - Н. Шентевски, Бр. 08-1886/1, 1989.
[576] М. Иваноски - М. Велчовски, бр. 04 - 192/2, 1994.
[577] М. Иваноски - М. Велчовски, бр. 04 - 192/2, 1994.

II. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Вид и обем на истраженост

Систематските археолошки истражувања на локалитетот реализирани во 1994 год. дадоа показатели за големината на комплексот, за неговата просторна поставеност и архитектонската структура на неговите градби. При тоа е опфатен простор од 600 м^2, што претставува само дел од севкупната површина на платото со површина од 1500 м^2.

Истражувањата биле организирани на два фронта, со широк откоп, при што, ископувањето на површината од комплексот цркви се одвивало и од внатрешната и од надворешната страна на зачуваните ѕидови. Длабината на откопите изнесувала од 0.30 м до 0.50 м, мерено од горната површина на платото.[578] Овие истражувања биле спроведени поради конзервација и реставрација на црковниот комплекс, односно имале за цел откривање на основата на објектите и на ѕидните платна, како и нивно хронолошко дефинирање односно определување на припадноста на секој ѕид кон некоја од фазите на комплексот. Овој пристап при водењето на археолошките ископувања, но и нискиот степен на зачуваност на културните слоеви, е причина за отуството на поквалитетна археолошка документација (следење на вертикална стратиграфија врз основа на откопи проследено со сигурно датирани наоди). На ова се должи условната хронологија на градбите која тука ја претставуваме врз основа на извештаите на археолошкиот тим и неговите соработници иако сме свесни дека тој не може да се потврди преку соодветни археолошки наоди.

Според посочените извештаи комплексот се состои од три цркви градени во различен временски период и со различна големина. Најраниот објект (објект бр. 2) е веројатно подигнат во ранохристијанскиот период (V - VI век) (310), додека најголемата црква (објект бр. 1) била градена во XII - XIII век (311). Последната фаза од егзистенцијата на овој комплекс се поврзува со изградбата на малата црква во XVII век (објект бр. 3) (312). Врз основа на позицијата, правецот на протегање на ѕидовите, нивните висински коти, употребениот градежен материјал и техниката на градење, извршено е раздвојување на ѕидните платна на објектот од XII - XIII во однос на оној од V - VI век. Најмладата фаза во ова смисла не претставуваше никакв проблем поради повисокиот степен на зачуваност на ѕидовите од најмладиот објект (310; 311; 312).[579]

---

[578] М. Иваноски - М. Велчовски, бр. 04 - 192/2, 1994

[579] М. Иваноски - М. Велчовски, бр. 04 - 192/2, 1994.

2. Резултати и анализи од конзерваторските истражувања

Црквата св. Пантелејмон е мала еднокорабна црква со полукружна апсида, со димензии 6.30 х 4.55 м. Пред конзерваторските зафати нејзините остатоци биле зачувани во височина од 0.60 м на јужната, северната и западната страна, како и во височина од 1.60 м., на источната страна (34). Една плинта од приделкан шкрилец ја дели однадвор апсидата по хоризонтала на долен полукружен дел (во височина од 0.60 м) и горен тристран дел (35). Надворешното лице на апсидата е вертикално расчленето со плитки пиластри, при што на нејзината оска е пробиен тесниот апсидален прозорец.

Пред влезот на црквата се констатирани две монолитни рудиментирани столпчиња, грубо изделкани од бигор, кои се со кружна форма, зачувана височина од 0.60 м и база со форма на квадрат во височина од 0.20 м. Наосот на црквата има правоаголна форма. На источната страна се издвојува апсидалната конха (широка 1.56 м, зачувана во височина од 1.39 м), во чиј долен дел е вметната камена плоча која има улога на чесна трпеза. Лево и десно се офомени помали ниши на проскомидијата и ѓаконикон, со мала разлика во широчината, чии полукалоти се изведени од соодветно изделкан каменен блок (3.6).

Објектите се градени во градежна техника опус микстум, со по еден ред обработен каменен блок од бигор, поставуван во хоризонтална линија, како и еден ред тула користена како либажен слој, помеѓу редовите на блоковите од бигор (37). Кај ѕидовите од XII - XIII век е користена техника со по еден ред бигор во хоризонтална линија но, во овој случај, на поедини места, со по два реда тула и фуга помеѓу редовите на растојание од 2 до 5 cm. Хоризонтално поставената тула имала за цел да ги нивелира редовите од бигор и делумно обработениот камен. Во комбинација на бигор и тула изведен е лачниот завршеток на апсидалната конха. На некои места, посебно на западниот ѕид, применет е „opus klauzone", особено изразен на ѕидните платна од најамладата црква (38). Во in situ состојба, која се наоѓа на западната страна, ѕидот е сочуван во висина од 0.90 м и должина од 0.90 м, идентичен со дебелината на ѕидовите на објект бр. 1. На западната страна, на самиот влез е сочуван малку издигнат каменен праг и ниска мермерно скалило на нивото на подот. Во пределот на олтарот се констатирани две големи подни плочи од камен со димензии 1.30 х 0.56 м (39).

Останатите површини на оригиналниот под денес се наоѓаат под бетонска плоча поставена во 1939 год.[580]

III. ГРАДЕЖНИ ФАЗИ

Според досегашните сознанија од извршените археолошки истражувања, може да се заклучи дека комплексот е граден во три фази. Врз основа на достапните извештаи, првата градежна фаза е најверојанто претставена преку трокорабна базилика од V - VI век (објект бр. 2). Оваа претпоставка се темели врз техниката на ѕидање (опус микстум), но и врз дел од евидентираната камена пластика, која денес на локалитетот не може да се констатира. Втората градежна фаза е застапена преку црква со нејасна основа, со трибелон на западната страна, која, според пронајдените архитектонски елементи и опус на градење, се датира во XII - XIII век (објект бр. 1). Последната и воедно најмала градба припаѓа на типот еднокорабни цркви, а се датира во XVII век (објект бр. 3).

Одделните хоризонти на живеење на комплексот се одразени преку хоризонталната и вертикачлната стратиграфија, но и преку движниот археолошки материјал кој, за жал, е мошне скуден. Сепак, ваквата констатација се потврдува преку архитектонската содржина имплементирана во овие градби, која го отсликува периодот на нивната појава и егзистирање.[581] И покрај тоа што се од различен временски период, сите објекти се градени со ист градежен материјал (варов малтер со обработен бигор, локален камен – песочник и печена тула), но со примена на различен дијапазон на површини и разни техники на градење.

1. Гадежна фаза I

Најстарата градба, како што спомнавме погоре, според досегашните сознанија може да пртставува ранохристијанска трикорабна базилика, подигната во V - VI век.[582] Оваа градба е изградена со употреба на правоаголен изделкан бигоров камен врзан со варов малтер, во градежна техника на опус микстум (310). На западната страна би требало да се наоѓа егзонартексот на базиликата, кој во подоцнежно време бил адаптиран и користен како трем на црквата од XII - XIII век, со трибелон како влезна

[580] М. Машниќ - Н. Шентевски, Бр. 08 - 1886/1, 1989.
[581] М. Велчовски, бр. 08 - 628, 1996.
[582] М. Иваноски - М. Велчовски, бр. 04 - 192/2, 1994.

партија.[583] Во централниот дел на базиликата голем дел од нејзините sидни партии е уништен со поставувањето на поднатa подлога и подот од поновата градба, составен од камени плочи со неправилна форма.

2. Градежна фаза II

Врз остатоците на трикорабната ранохристијанска базилика, во XII - XIII век е изградена црква со трибелон на западната страна. Според зачуваните елементи на основата, со димензии 20.00 x 9.50 м, не може да се дефинира решението на нејзиниот наос, односно дали се работи за вписан крст или едно засведување (311). Според техниката на градење, работена е исто како и базиликата, во опус микстум, но во овој случај со употреба на тули помеѓу редовите од бигор кои се делумно обработени, и истите се поставени хоризонтално во својство на либажен слој. Западниот дел на оваа градба не е целосно истражен па, во таа смисла, се остава простор за дополнителни анализи, како од просторен т.е. архитектонски, така и од хронолошки аспект.

3. Градежна фаза III

Најмладиот, а воедно и најмал објект е црквата од XVII век, која е еднокорабна и со една тростpана апсида (312). Овој обект е изведен со ист градежен материјал како и постарите градби, составен од бигор врзан со варов малтер. Граден е во техника на "opus klauzone" со поставување на два реда тули во хоризонтална линија како либажен слој. Овој принцип се повторува и по вертикална линија со што е извршено опкружување на изделканите камени блокови од бигор. Оваа техника е карактеристична за временскиот период од XIV до XVII век.

IV. ДОСЕГАШНИ ПУБЛИКАЦИИ

Досега не е објавен стручен труд кој подетално би ги анализирал наодите од комплексот цркви на локалитетот „Борче" кај с. Никифорово. Оттука, во ова поглавје се користени исклучиво податоците од извештаите на извршените археолошко-конзерваторски интервенции (архифирани во Ин-док центарот на НКЦ - Скопје), кои даваат покомплесна слика за манастирскиот комплекс.

Единствена издадена публикација каде се спомнува археолошкиот локалитет „Борче", с. Никифорово е монографијата на авторот А. Филиповски. Во неа се

[583] М. Велчовски, бр. 08 - 628, 1996.

искористени сознанијата на дел од извршените археолошки истражувања, но, со погрешна детерминација на постарите градби, каде што горната хронолошка граница на претпоставената базилика се поставува во VII, а не во VI век, додека најраната фаза на средновековната црква се датира од IX до XI век, наместо тука предложеното датирање во XII - XIII век.[584]

V. ДОСЕГАШНИ КОНЗЕРВАТОРСКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

1. Прва фаза

Првата фаза од конзерваторските интервенции на археолошкиот локалитет „Борче", с. Никифорово е изведена во рамките на годишната програма на РЗЗСК, за 1989 год. при што е интервенирано со реставраторски зафат на најмладата црква. Овие конзерваторско-реставраторски интервенции се реализирани од страна на стручен тим од оваа установа, под раководство на архитектот Н. Шентевски. Изведениот зафат се однесувал на позициите на страничните ѕидови до кота на автентичната висина на објектот (313; 314).

2. Втора фаза

Втората конзерваторска фаза е спроведена во 1995 год. со поставување на кровната конструкција на најмладата градба, како и обнова на дел од внатрешното лице на ѕидовите Овие зафати се извршени од страна на стручен тим од РЗЗСК, под раководство на архитектот А. Јовановски (314). Во овој период се извршени и пломбирања на оштетените ѕидни партии на постарата црква од XII - XIII век (314 а).

3.Трета фаза

Третата конзерваторска фаза е изведена во 1996 год., под раководство на М. Велчовски, археолог-конзерватор од РЗЗСК. Во оваа кампања се извршени конзерваторски интервенции на периметралните ѕидови од постарите градби од V - VI век (315) и XII - XIII век (316). Во западниот дел се реализирани конзерваторско-реставраторски интервенции на столпците од трибелонот (317; 318).

---

[584]А. Филиповски, 2008, 171 - 172; М. Машниќ - Н. Шентевски, Бр. 08 - 1886/1, 1989.

VI. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗИ ОД КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Анализите на архитектонско-конструктивниот дел на површината со градби, имаа за цел да ги решат дилемите за припадноста на sидните платна на конкретната градба (т.е. хронолошка фаза) комплексот. Во таа смисла, со извршените археолошко-конзерваторски истражувања се издвоени и селектирани основите и sидните партии на постарите градби. Со изготвување на дескриптивната документација и фото-документацијата, а истовремено и со примена на резултатите од истражувачките активности, во конзерваторскиот проект беа детектирани фазите на sидните платна од постарите објекти, кои беа презентирани според нивната временска припадност.

Прелиминарните истражувања, како и анализите на архитектонските стилски елементи по пат на компарација, овозможија да се добие една појасна слика за автентичниот изглед на градбите. Врз основа на овие показатели беше отпочната заштитната постапката, со примена на основните конзерваторски принципи.

Со археолошките истражувања изведени во 1994 год. се откриј архитектонски остатоци од повеќе градби на исто место, односно повеќе фази на градење на сакралните христијански објекти.[585] Структурниот систем претставува едноставен и логичен одраз на основите на комплексот, чија што форма е речиси правоаголна, со рамни sидни платна, каде полукружните елементи, се видливо наслонети на нив, и даваат позиција на куполно решение.

На западниот дел од комплексот имаше повеќе sидни остатоци, кои се дел од двете постари градби. Врз основа на овие истражувања се констатира дека западниот простор на објектот нумериран како бр. 2, т.е. ранохристијанската базилика, служел како егзонартекс. Во подоцнежно време, врз темелните партии од западниот sид на егзонартексот на овој објект, било извршено преградување и просторот бил искористен како трем на црквата од XII - XIII век.[586] Преградувањето било извршено со столпци кои најверојатно формирале трибелон (318).

2. Зачуваност на сакралните градби

Со последните конзерваторски интервенции на комплексот цркви изведени во 1998 год., кај голем дел од sидните платна е запрен процесот на деструкција. Овие

[585] М. Иваноски - М. Велчовски, бр. 04 - 192/2, 1994.
[586] М. Велчовски, бр. 08 - 628, 1996.

интервенции се покажаа како едни од најквлитетните, кои дотогаш биле изведени на сакрални градби, пред с заради примената на адитиви во малтерните соединенија. На овој начин е постигната поголема пластичност, а воедно и поголема отпорност на временските прилики. Во таа смисла и денес, 21 години од извршените интервенции, sидните партии се наоѓаат во добра кондиција. Воедно, преку примената на овој конзерваторски метод, е констатирано дека употребата на наведената малтерна смеса има најмалку негативни инпликација во однос на употребениот бигор.

VII. ОПЕРАТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА И НЕГОВА РЕАЛИЗАЦИЈА

Со изработената оперативна програма беше предвидено да се заштитат досега откриените делови на sидните платна од постарите објекти на археолошкиот локалитет „Борче“, с. Никифорово, кои беа истражени во претходните години.[587]

Од северната страна на комплексот е направен насип од земја, за да се заштити локалитетот од навлегување на вода, во периодите кога се подигнува нивото на Мавровското Езеро. Но, последниот пат кога водостојот на езерото се подигнал, водата сепак навлегла во комплексот и оштетила значителен дел од архитектурата.

Реконструкцијата на црквата од 17. век е реализирана во 1995 год., со тоа што откриените оригинални делови од sидните партии се одвоени со оловна лента од реконструираните (319). Конзерваторските работи се изведени со употреба на локален камен, врзан со продолжен малтер. Како што беше посочено, реконструираната градба припаѓа на типот мали етнокорабни цркви со мала однадвор полигонална апсида. При реставрацијата е изведен кров на две води, додека влезот на западниот sид е реализиран со лачна завршница и слепа ниша над него, на која подоцна, во мозаична техника, е претставен патронот на црквата Св. Пантелејмон (320).

Откако беа утврдени методите за пристапување кон конзерваторските интервенции, се започна со реализација во западниот дел од објектот бр. 2 (претпоставената ранохристијанската базилка), каде беше интервенирано на столпците од северозападниот и југозападниот агол од влезот во тремот. Тука беа надsидани два до три реда на камени блокови од резан бигор со правоаголна форма, употребен како лице на sидните платна (321; 321а). Во внатрешноста на овие столпци, се изврши

[587] М. Велчовски, бр. 08 - 1575, 1993.

исполнување со речен камен помешан со продолжен малтер и крупнозрнест песок. Овој конзерваторски третман го следи основниот концепт на римската градежна техника позната како опус емплектум (322).

На јужниот периметрален ѕид од објектот бр. 1 беше извршена демонтажа на горниот ред дерутирани редови од камен, како и подготовка на контактните површини за нивно повторно враќање на местата од каде што беа извадени (323). На позициите од ѕидните платна каде што недостасуваа камени блокови од бигор беа изработени нови со структура, димензии и форма исти како оние затекнати на локалитетот.

Конзерваторски третмани беа применети и на просторот пред западната фасада на објектот бр. 3 и ѕидот на објектот бр. 1. На просторот помеѓу објектот бр. 1 и објектот бр. 3, на северната страна, како и на дел од јужната страна помеѓу објектот бр. 1 и објектот бр. 2, со претходно изработениот конзерваторско-реставраторски проект, беше предвидена интервенција на подните површини со поставување на камени плочи. Јужниот ѕид е искористен како темелна партија на објектот бр. 1, кој што налегнува врз ѕидот од објектот бр. 2.[588] Овие констатации се дадени врз основа на дополнителните истражувања изведени при расчистувањето на овој дел, и неговата подготвока за конзерваторски интервенции.

При изведувањето на работите за презентација на комплексот, најмногу е водено сметка во однос на карактеристичниот опус на градење застапен кај сите објекти (тула во алтернатива со камен - бел бигор), најмногу поради тоа што стилско-хронолошката припадност на еден објект се одредува и врз основа на опусот на ѕидање (324).

Поради несоодветните климатски услови, при оваа кампања за прв пат беа применети адитиви кои ја зајакнаа цврстината и отпорноста на врзивното средство. Како дополнително полнило, во продолжениот малтер беше употребена толчена тула, и соодветни адитиви („У - врска“, „Хидрозим“, „Хидрофоб“ и „Фасил“). За да се добие подобар процес на врзување, во самиот малтер беше додаден препаратот „У - врска“ и „Хидрозим“. Употребата на овие адитиви беше неопходна поради ниските температури за време на интервенциите, затоа што тие го спречуваат замрзнувањето на изготвената малтерна смеса. При завршната постапка т.е. изведбата на фугирањето, како дополнителен зацврстувач е употребен „Хидрофоб“ и два пати толчена тула.[589]

---

[588] М. Велчовски, бр. 08 - 628, 1996.
[589] М. Велчовски, бр. 08 - 628, 1996.

По завршените интервенции, на целата конзервирана површина беше извршено прскање со растворен „Фасил“ - средство кое дополнително го оневозможува навлегувањето на вода и влага во заштитената површина. Овие адитивни полнежи во малтерот беа употребувана според соодветно применета рецептура на конзерваторот. Поради ниските температури, секојдневно, по завршувањето на дневните активноси, третираните површини беа покривани со најлонска фолија и вреќи од јута. Оваа превентивна постапка се применуваше со цел заштита на конзервираните површини од замрзнување.

VIII. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Примарната цел на тука претставените зафати се состоеше во запирање на деструктивните процеси на ѕидните партии од градбите. Во тек на овие интервенции се доби и една појасна слика за историјата на комплексот, временските рамки на градбите што го сочинуваат и нивните конструктивни односи.

Во рамките на досегашните археолошко-конзерваторски активности, се извршени интервенции на ѕидните партии од најстарата градба (претпоставената ранохристијанска базилика од V - VI век), како и на ѕидните партии на црквата од XII - XIII век. При реализацијата на овие конзерваторски интервенции, за прв пат во Р. Македонија се применети адитиви кои придонесоа за подобрување на малтерната смеса во однос на поголема отпорност при зимски услови. На најмладата градба од XVII век е извршена целосна реконструкција, а по барање на месното население и адаптација прилагодена за изедба на верски потреби. Направени се и дополнителни интервенции на просторот околу градбите, со изработка на пристапни скалила од камен и монтирање канделабри со електрично осветлување. Со тоа се овозможи поголема и поквалитетна посетеност на објектот од страна на домашните и на странските туристи кои престојуваат во атрактивниот Мавровски регион.

Врз основа на презентираните факти може да се заклучи дека научните, музеолошките и туристичките потенцијали на локалитетот не се исцрпени. Не треба да се занемари дека, и покрај извршените археолошки истражувања и други досегашни анализи, градбите од комслексот „Св. Пантелејмон - Борче“, сé уште не се прецизно датирани, односно предложената датација не е аргументирана со соодветна археолошка граѓа, особено во делот на претпоставената најстара градба од ранохристијанскиот период. Овој недостаток би можел да се поправи преку идни нови

посовршено реализирани ископувања на поширокаta зона на комплексот. Евентуалното пронаоѓање на други простории од откриените цркви или на нови придружни градби на евентуалниот манастриски комплекс би значело и проширување на постојната зона на конзервирани градби во комплекс со поголеми размери прилагоден за поорганизиран систем на туристички посети.

ЕДИНАЕСЕТТА ГЛАВА
ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

Содржината на овој докторски трудот е составена од вовед, девет глави и завршни согледувања.

Во **воведот** се елаборирани тематските рамки на трудот (географски, хронолошки и други) како и целите т.е. мотивите што го оправдуваат неговото создавање, а кои се однесуваат на следењето, проценката и документирањето на досега спроведните конзерватрските интервенции на некои археолошки локалитети во Република Македонија, откривањето на локалните специфики во оваа сфера и пренесувањето на овие информации и искуства на соодветните стручни лица од новите генерации.

Во **првата глава** е обработена стручната терминологија која се однесува на темата на трудот, а во тие рамки се определени и основните поими, и тоа во релација со меѓународната номенклатура. Ова е направено со тежнеење за примена на терминологија компатибилна на светските стандарди. Натаму се претставени и дефинирани (од хемиско - технолошки и терминолошки аспект) основните материјали кои се применуваат во конзерваторските постапки. Од една страна тоа се автентичните материјали користени во минатите епохи, и од друга - современите материјали кои се препорачуваат и користат во пропишаната конзерваторска пракса во светот. Значително место им е дадено и на базичните принципи според кои се реализираат постапките на конзервација и реставрација. Конкретно, се работи за принципот на афтентичност, принципот на научна заснованост и принципот на транспарентност. Претставени се исто така и методите на превентивна заштита на градежните објекти, проследено со вредување на досега применуваните практики и нивниот ефект во релација со климатско-еколошките особености на дадените локации. Посебно внимание е посветено на долните зони на археолошки откопаните градби кои, иако невидливи за посетителот, имаат пресудна улога во конзервацијата на горните зони и тоа во смисла не нејзиниот квалитет и трајност. Станува збор за темелните супструкции на ѕидовите, на подовите (обичните и мозаичните) како на останатите периферни елементи на зградата и нејзината околина (инфраструктура, придружни објекти). Покрај автентичните решенија од минатото, тука се претставени и

современите конзерваторски техники усмерени кон зацврстување и стабилизирање на старите градби.

Поголем простор им е отстапен на методите на конзервација и реставрацијата на ѕидните платна. Од конретните конзерваторски постапки презентирани се следните техники: отстранување на дерутираните партии на ѕидовите, нивно консолидирање, фундирање, инектирање, фугирање, дозидување и надѕидување. Елаборирани се и техниките на анастилоза односно враќање на своето автентично место на каменатa пластика. Покрај другото, претставени се и одредени вакви постапки и искуства досега применувани кај нас и во светот, со сугестии и предлози за соодветни оптимални решенија.

Во наредните девет глави се детално претставени и анализирани конкретните конзервирани и делумно реставрирани градежни објекти кои се предмет на овој докторски труд. Секоја од нив ги вклучува резултатите од археолошките и конзерваторските истражувања на дадениот објект, хронологијата т.е. фазите од неговото егзистирањње низ време, досегашните публикации и научните согледувања на претходните истражувачи и, на крајот, самите постапки на нивна конзервација и реставрација.

Во **втората глава** се дадени резултатите од археолошко - конзерваторските интервенции на објектот **Базилика Екстра Мурос**, лоцирана надвор од обѕидјето на античкиот град **Стоби**. Во првото поглавије се дадени основните информации, локацијата, опис на градбата и текот на истражувањата. Во наредното поглавје се претставени резултатите од истражувањето на објектот кои биле започнати во 1992, а завршени во 2004 год. Врз основа на овие археолошки и археолошко-конзерваторските истражувања, е констатирано дека објектот - базилика, е фундиран врз темелни партии на раноримска вила рустика.

Овие констатации се изведени според опусот на градење. Opus incertum е застапен кај страничните ѕидни платна, западниот ѕид од наосот е ѕидан во opus mixtum, при што аглите се зајакнати со тули во форма на буквата „с“. Ваквата форма на зајакнување на аглите на ѕидните платна е позната во текот на II и почетокот на III век. Дел од конзерваторите, оваа техника на градење ја нарекуваат „опус на волчји заб“. Темелните партии од постарата градба (вила рустика) се пошироки во однос на темелите од објектот - базилика. Начинот на градење и квалитетот на изградеността на двата објекта јасно укажуваат на нивното настанување во два различни периоди. При тоа, градежниот материјал, вграден во постарата градба е несомнено со подобар

квалитет отколку кај поновата. Направени се и анализи на начинот на снабдување со вода на овој објект, при што е откриен систем на водоводна мрежа, кој се состои од шахта - таложник и три разводни канали.

Кога станува збор за урбаниот хоризонт на оваа градба, со сигурност може да се каже дека базиликалниот комплекс се развивал во три јасно изразени фази, кои не влијаеле на промената на карактерот и неговата функција. При тоа е констатирано дека овие градежни фази се разликуваат пред сé според начинот, т.е. техниката на градење (посебно во поглед на ѕидаријата и употребеното врзиво), а делумно и според промените на диспозицијата на одредени простории, согласно состојбата во која биле откриени (дозидување, надѕидување, поставување нови подови), што може да укаже и на измени во нивната функција. Извршената детекција на првите две хронолошки фази на базиликалниот комплекс укажува на периодот од крајот на IV па сé до крајот на VI век н.е. при што, во рамките на досегашните истражувања (поради нивната временска лимитираност), не е во целост извршено хронолошко разграничување на двете посочени фази. Третата фаза јасно се издвојува од претходните две, но за разлика од нив, нејзината хронологија е понеизвесна, и покрај тоа што постојат индиции за нејзино сместување во доцниот среден век.

Врз основа на добиените резултати од археолошко-конзерваторските истражувања, беше изработен проект во кој беа предвидени позициите на конзерваторски интервенции на ѕидните платна од базиликалниот комплекс. Во проектот беше предвиден начинот на конзервирање на ѕидните платна градени од камен врзан со варов малтер и камен со кал, а исто така и соодветната употреба на потребните адитиви, како дополнителни полнила за зајакнување на малтерните соединенија. Овој проект беше реализиран во текот на 2004 год.

Во **третата глава** се претставени резултатите од археолошките истражувања и археолошко-конзерваторските интервенции на објектот **Палата на Перистерија** - градска вила лоцирана во античкиот град **Стоби**. Врз основа на овие истражувања е констатирано дека се работи за комплексна градба, како во поглед на нејзината основа и импозантните димензии, така и во поглед на содржината и намената на нејзините простории. Земајќи го предвид високиот процент на истраженост на објектот, во организацијата на неговиот внатрешен простор со сигурност може да се препознаат три комплексни, но, според својата намена различни сектори, и тоа станбен, индустриски и комерцијален. Преку извршената анализа на хронолошките фази на градбата е констатирано дека таа има два културни слоја од кои кај првиот се констатирани три

градежни фази, додека кај вториот културен слој само една градежна фаза. Трите главни градежни фази можат да се издвојат врз база на градежните елементи, односно ако се земе предвид врската на постојните конструктивни ѕидни партии. Во протогенатa фаза, кога започнува градењето на палатата, може да се издвојат две урбани фази, кои истовремено можат да се сместат во една главна фаза и една подфаза, или да се позиционираат како фаза I -а и фаза I -б. Во овој период, градежните интервенции се со мала временска дистанца и можат лесно да се детектираат, и тоа според опусот на градење, како и според реализацијата на самите архитектонски решенија. Најраната градежна фаза се датира од периодот на III до периодот на I век пред н.е., додека втората, која може да се позиционира како фаза I -а и фаза I -б, е од периодот на II до VI век н.е. Последните градежни интервенции на објектиот припаѓаат на постурбаната етапа од постоењето на Стоби (крај на VI, а според некои податоци и почетокот на VII век н.е.), во текот на кој, како врзиво, се употребува малтер од кал. Направените анализи од истражувањата помогнаа во изработката на проектот, во кој беа дадени насоките и концептите на конзерваторските интервенции. Во таа смисла, како појдовна точка беше утврдена потребата за доследно почитување на утврдената методологија на работа со примена на претходно дадените и потврдени позиции, како што се: максимална и точна валоризација на културните, наменските и хронолошките вредности на објектот, како и негово комплетно третирање од аспект на архитектонската и скулптурална пластика, мозаикот, фрескоживописот и др. Извршена е анализа на претходните конзерваторски интервенции, при која е констатирана примена на „методот со цементна капа“. Конзерваторските зафати на објектот се водени во текот на 2001 - 2004 год. Интервенциите на ѕидните платна, како и подните решенија, се изведени со класичен метод, според принципите на „биолошката конзервација“. Но, во изведувањето на завршните делови и фугирањето, покрај продолжениот малтер е употребен адитив „Хидрофоб“. Внатрешноста на писцината од перистилот е импрегнирана со хидростатичен малтер, во кој е содржана толчена тула, а истиот има својство на смеса отпорна на влага. Во текот на неколкуте конзерваторските кампањи, извршена е анастилоза на столбовите кај југоисточниот и југозападниот стилобатен ѕид на перистилот.

Во **четвртата глава** се претставени резултатите од археолошките истражувања, како и изведените конзерваторски интервенции на **Резиденцијалната градба („Коцкарница“)** лоцирана во **Стоби**. Најпрво се презема целосна елаборација на претходните археолошки истражувања, како и на извршените конзерваторски

интервенции од поранешните кампањи. Извршена е и анализа на градбата која е организирана околу внатрешниот атриум на чија ј/и страна се наоѓа главната просторија во функција на оекус т.е. триклиниум, којашто на југоисточниот крај завршува апсидално. На средината од триклиниумот стоела осумаголна украсна фонтана, оплатена со мермерни плочи и со преливно каналче, обложено со тули. Подот во триклиниумот бил покриен со мозаик, изведен од крупни тесели, со претстава на едноставни геометриски мотиви, што упатува на доцниот III век н.е.. Покрај јужниот периметрален ѕид на триклиниумот, подот од мозаик е изработен во техника на opus tesselatum. Во просторија бр. 5 се согледани позиции на две подни нивоа од различен временски период, а помеѓу нив биле откриени две инсталации од оловни водоводни цевки. Со последните истражувања е констатирано дека објектот има две главни градежни фази и неколку подфази од протогениот период. Последната фаза од неговото функционирање е фазата од постурбаниот период, која укажува на третирањето на градбата аналогно како и на останатите објекти во Стоби. Во таа смисла е потврдена констатацијата дека објектот има богат хронолошки развој низ историјата, како од аспект на архитектурата, така и од аспект на културните хоризонти. Во рамките на изработката на конзерваторскиот проект, направени се анализи за составот на градежниот материјал со кој е тој изграден. Констатирано е дека градбата е изведена од масивни ѕидови од обработен и полуобработен камен, мермер, печена тула и др. Конструктивниот систем се состои од ѕидови со дебелина од 0.60 до 0.90 м. Како врзивно средство е применет варов малтер, а на поедини места му е додадена и толчена тула. Бидејќи археолошките доистражувања на овој објект, заедно со конзерваторските, се вршени сукцесивно истите се поделени во три фази. Во I -та фаза, во 2001 година, е изведена конзервација и делумна елевациска реконструкција на ѕидовите од големата централна просторија бр. 1 (триклиниум), со посебен акцент на ѕиданите столпци, градени во техника opus mixtum. Во II -та фаза, во 2002 година, е реализирана конзервација и делумна елевациска реконструкција на ѕидовите од просториите „Б“ и „В“, како и решавање на подот од камени плочи на јужната банкина во просторија „В“. Во III -та фаза, во 2003 година, е изведена реставрација на октогоналната фонтана во апсидалната просторија; решение на влезната партија со прагот; анастилоза на столбови меѓу просторија „Б“ и интерната бања; конзервација и делумна елевациска реконструкција на сите ѕидови од бањата, вклучително со источниот крак од тремот; делумна реставрација на малата када; конзервирани и делумно реконструирани се и ѕидовите од новооткопаниот источен дел со ложиштето

на префурниумот. Конзервација и делумна реставрација е реализирана и на источната латрина. Со последната конзерваторска кампања на овој објект во 2004 година, изведена е анастилоза на централниот столб во источниот влез на атриумот. Во рамките на извршените археолошко-конзерваторски истражувања констатирано е следното: дека градбата е специфична и посебно атрактивна во поглед на архитектонските решенија и содржини кои се применети како дел од нејзината целина; дека истата, според начинот на градење и големината, како и содржините кои ги има, не е карактеристична само за локалитетот Стоби, туку и во пошироко. Како архитектонско решение е уникатен, бидејќи овој концет на градба до сега кај останатите антички градови во Р. Македонија не е констатиран.

Петтата глава е посветена на **Цивилна Базилика** - трикорабна ранохристијанска базилика, исто така лоцирана во античкиот град **Стоби.** Извршени се анализи од досегашните археолошки истражувања, како и од конзерваторските интервенции. Долгиот временски период на нереализирани археолошки истражувања, наложи да се извршат нови, дополнителни, кои имаа за цел да придонесат за попрецизна детекција на урбаните хоризонти на конгломератот градби. Врз основа на преземените мерки, направени се и детални анализи на употребениот материјал, но, исто така и на материјалот кој требаше да биде вклучен во конзерваторската интервенција. Резултатите од археолошките истражувања укажаа дека е можно овој објект хронолошки и функционално да бил поврзан со соседната синагога-базилика и тоа во нејзината најрана фаза. На просторот каде е сместена оваа базилика, откопани се градби од различен временски период, и истите се со различен начин на толкување во делот на нивната функција и архитектонска содржина, досидувани и преградувани низ периодот на нивното функционирање. Всушност, се работи за сложен објект со повеќе градежни фази, кои заемно се преклопуваат и негираат. Според добиените резултати од истражувањата, најголемата градба од овој конгломерат на градби, припаѓа на периодот од IV - V век н.е., додека на длабочина од 2 м се пронајдени мали делови од репрезентативната куќа која, според досегашните сознанија, е од времето на раното римско градежништво, поточно од II и III век н.е.. Во рамките на конструктивното поврзување на sидните платна кои се затекнати на приближно иста висинска нивелета, констатирани се два сакрални објекта чии габарити не се поклопуваат. Поради појасно толкување на урбаните фази, кои се од различен временски период, а истовремено истите се наоѓаат на различна висинска кота, извршено е нивно обележување со букви и нумерација. Во таа смисла, архитектонските остатоци од најстарата градежна фаза

хронолошки можеме да ги поврземе со најраните фази на антиката, почнувајќи од архајскиот, класичниот и хеленистичкиот период.

Врз основа на добиените резултати на археолошко - конзерваторските истражувања, изработен е проект за конзерваторски интервенции. Како дел од него е приложен техничкиот опис, во кој се дадени интервенциите на масивните ѕидни платна, кои се градени од кршен камен во комбинација со варов малтер, но, истата постапка е нагласено дека важи и за ѕидните платна од пост-урбаниот период, доколку тие имаат своја идентичност и намена. Во рамки на реализацијата на овие активности во 2002 год. процесот се состоеше во доследно почитување на стандардните постапки при работење кои беа однапред дадени со соодветни упатства и позиции. На површините изѕидани во градежна техника на камен со варов малтер, е конзерваторски интервенирано со замена на автентичниот материјал во висина од 0.40 м до 1.00 м. При реализацијата била употребена следнава рецептура: продолжен малтер, варово брашно („Усјемал“) 0.5 : 2 : 6, песок 0.2 од сепарација, „У врска“ - 200 мл, „Хидрофоб“ 300 мл.

Шестата глава е посветена на т.н. **Синагога Базилика**, лоцирана во античкиот град **Стоби** која воедно претставува последен обработен објект од овој археолошки локалит. Извршените анализи од археолошко-конзерваторските истражувања, ја потврдија тезата за постоење под базиликата на објект од постар период, кој може да се согледа особено во долните зони на ѕидните платна. Во конструктивна смисла тој не може да се поврзе со базиликата, па затоа го идентификувавме со терминот „најстара градба“. Таа, според структурата и техниката на градење, би можела да се датира најдоцна во периодот од I-та фаза на градскиот театар (од крајот на I и почетокот на II век н.е.), а можеби и порано - во хеленистичкиот период. Ваквата констатација се потврдува и кај подниот опус, каде што, во централниот дел на наосот од градбата, е констатиран под од мозаик, кој има изменета фактура, односно подоцнежна санација, со примена на погрубо кршени тесери. На западниот ѕид од наосот била поставена мозаична лента со широчина 0.30 м, која на својата северна половина се карактеризирала со ситни тесери (големина до 0.05 м). Тесерите се со бела, окер, црвена и сино-сивкаста боја и формираат плетенка со ширина од 0.08 м. Бордурата претставува дел од фризот чија што метопа со геометриски орнаменти е пресечена со поставување на северозападниот ѕид на базиликата. Во шутот се пронајдени фрагменти од ѕидно сликарство изведено во техниката al secco. Основата е со темнозелени, црвени, црни, жолти и бели стилизирани геометриски форми.

Според скромните градежни остатоци може да се заклучи дека синагога I била голема околу 15.00 х 15.00 м и претставувала приватна куќа адаптирана за верски потреби. Во оваа фаза објектот сочинува единствена целина со Палатата на Полихарм, на што упатуваат мозаикот во наосот, како и ѕидовите кои се откриени во подолниот слој на југоисточниот, централниот и северозападниот дел од Синагога - базилика.

Во подоцнежниот период, врз остатоците од старата Синагога I, во доцниот III и почетокот на IV век н.е. била подигната нова, втора синагога со правоаголна форма. Ѕидовите на синагогата од II фаза биле украсени со фрески и со геометриски орнаменти, а на југозападниот ѕид била врежана менора. Подот во наосот од оваа фаза бил покриен со мозаик со геометриски мотиви. Во II -та фаза на објектот Синагога II, најголема промена е направена при обновата на перистилот. Во првата фаза тој се наоѓал во центарот на надолжната оска на објектот и имал соодветен базен со многу поголеми димензии. Со археолошките истражувања е утврдено дека дел од базенот е уништен при обновата од II -та фаза. Од направените анализи на вградениот материјал, е констатирано дека градежната изведба на I -та фаза е со поголем квалитет, што е особено воочливо преку подот на базенот, неговите ѕидови, и стилобатните ѕидови на перистилот. При обновата во II -та фаза биле употребени архитравни греди, додека на северозападниот ѕид, во I -та фаза би требало да се претпостави решение со употреба на столбови. Од поранешната дескрипција на наосот на базиликата, треба да се издвои решението со бази и столбови, кои припаѓаат на II -та фаза. На мислење сме дека во тој период интерколумниите, веројатно биле премостени со архитрави. На стилобатите се поставени бази со различна основа. Врз основа на затекнатата ситуација, видливо е дека на просторот кај интерколумниите на стилобатите имало градежни зафати во периодот на постурбаната фаза. Олтарниот простор бил покриен со под од плочи во разни бои, а под нивото на подот се наоѓал реликвијар во форма на крст. Во перистилот бил поставен базен со правоаголна форма. Во текот на V век н.е., синагогата била напуштена и урната, а во доцниот V, односно почетокот на VI век н.е., над неа била подигната трикорабна ранохристијанска базилика. Архитектонски делови на градбата, т.е., нејзините ѕидни партии, се градени од кршен камен во хоризонтален слог, главно во opus incertum, со исклучок на апсидата, која е градена во техника на opus mixtum.

Според видот на заштитните интервенции, изготвените проекти за конзерваторско-реставраторски работи, имаа за цел да ги спречат понатамошните деструктивни појави, зачувување на автентичниот изглед, како и делумна

реконструкција на поедини делови од градбата. Сепак, најзначаен изведен конзерватоски зафат е зафатот во перистилот во 1996 год., со извршена анастилоза на стилобатните ѕидови. Не помалку значајно беше изнаоѓањето решение за измирување на повеќе урбани фази кај ѕидните платна на Синагога - базиликата. На ѕидните платна и подните површини, беше применет класичен конзерваторска метод со примена на продолжен малтер. Фугите на подните површини се исполнуваа со течен цементен малтер, кој како конзерваторски метод се применува подолг временски период, и истиот има голем ефект во процесот на примена на заштитниот режим кај подните опуси.

Во **седмата глава** е претставен локалитетот **„Виничко Кале“ - Виница**, доцноантичка укрепена населба со неправилен издолжен облик со димензии 250 x 100 м и површина од 2.5 хектари. Возвишението е со релативно зарамнет дел на врвот, но, искосен на едната и другата страна од сртот со пад од највисоката до најниската точка, во правец ј/и - с/з од најмалку десетина метри, односно од котата 443 на кота приближно до 430 м. Со својата значајна стратешка позиција таа ја контролирала долината на реката Брегалница, особено делницата низ која минувал магистралниот пат Хераклеа - Стоби - Сердика. Утврдувањето, во различни временски периоди, претставувало граничен пункт кој имал улога на одбранбена линија наменета за затварање на продорите од север и североисток, кон југ и југозапад, поточно кон Солун и градовите на Егејското и Јадранското приморје.

Во првите три века од нашата ера, населбата била заштитена со бедем изграден од речен и приделкан камен, во должина од 580 м и широчина од 1.10 м. Без сомнение, во периодот на VI век н.е. овој бедем се покажал како недоволно цврст за да ги издржи сè позачестените напади, така што тој бил зајакнат преку изградба на уште еден со широчина од 1.55 м, кој бил прилепен до постариот. Со тоа севкупната широчина на бедемското платно достигнала 2.65 м. На поедини позиции, бедемското платно е зајакнато со контрафори. Ваквиот градежен пристап всушност го подвлекува значењето на населбата во одбранбениот систем, кој бил применет и кај други утврдувања од поширокиот регион, користејќи ја конфигурацијата на теренот, со што била добиена структура со издолжена и неправилна геометриска форма. Врз основа на на извршените истражувања е констатирано дека животот на локалитетот „Виничко Кале“ може да се следи низ повеќе милениуми - од праисторија па сè до средниот век. Најстарите траги се манифестирани преку доцнонеолитската керамика која припаѓа на Амзабегово - Вршничката културна група, специфична за долината на реката

Брегалница. Во централниот сектор на утврдувањето е откриена цистерна за вода, која е со правоаголна форма, од внатрешната страна обложена со водоотпорен малтер, и истата е градена во градежна техника на opus caementicum во текот на III век н. е. Лицето на цистерната е со премаз од варов и хоросан малтер, во комбинација со песок со ситна гранулација, позната како градежна техника на opus signinum. Во овој дел се откриени ѕидни платна на градби со недефиниран карактер. Ваквата состојба се должи на недоволно спроведените анализи на архитектурата на градбите и недефинираните урбани фази на ѕидните платна, кои во голем дел претставуваат единствена целина од историскиот развој на утврдениот град. Во основа, утврдувањето има три главни урбани фази, кои можат да се издвојат, а на тој начин да се презентираат.

Пред отпочнувањето на конзерваторските интервенции предвидени со проектот, направена е анализа на малтерните соединенија, кои биле употребени при изградбата на објектите што го сочинуваат утврдувањето. При изведување на овие активности и врз основа на донесени заклучоци и препораки, беа преземени мерки со кои се изврши санација и конструктивно зајакнување на објектите, кои во целина ги задоволија пропишаните барања и критериуми за ваков вид културно историско наследство. Направена е целосна ретроспектива на конзерваторските зафати од претходните кампањи, кај кои се согледани извесни пропусти во изготвувањето на малтерните смеси, како и на пост-конзерваторскиот третман. На последните две конзерваторски кампањи од 1998 и 2000 година, за прв пат беа применети малтерни соединенија со адитиви, кои покажаа ефикасни резултати во процесот на конзервација. Интервенцијата на ѕидните површини се реализира со вметнување на крупнозрнест камен, искористен од самиот објект, во сооднос 1 : 3 : 1 : 100 ml = „Усјемал“, песок со гранулација 2, варово брашно и „У - врска“. Материјалите кои се употребија во процесот на изготвување на смесата за фугирање на ѕидните платна од камен со варов малтер, го имаа истиот сооднос: цемент, варово брашно, сепариран песок со нумерација 1, бреча од двапати толчена тула и „Хидрофоб“, во сооднос 1 : 1 : 2 : 200 gr : 100 ml. При реализација на надѕидувањето кај ѕидните платна од камен и кал, во внатрешноста, покрај кршените парчиња камен, се стави смеса изработена од земја која беше трипати сеена низ сито, цемент, варово брашно, бреча и „У - врска“ со завршен елемент и додаток на „Фасил“. Сооднесот на смесата беше: една количка земја, една лопата цемент, една фангла варово брашно и бреча, „У - врска“ 50 ml и 20 ml „Фасил“. Завршните работи се реализираа со истата смеса, но, целата ѕидна површина се испрска со раствор на „Фасил“ и вода во сооднос 1: 5.

Понатамошниот процес на уредување на археолошкиот локалитет „Виничко Кале“, со поставување на ограда, камери, табли за информација и други пропратни содржини, се предвидува по реализација на конзерваторските интервенции на бедемските платна со кули и внатрешните објекти со различна содржина. Во таа смисла се предвидува и реконструкција на pont levis мостот кај јужната кула, каде на тој дел од утврдувањето, во антиката била направена вештачка фоса како дел од одбранбениот систем. Со реконструкцијата на овој мост ќе се долови и дел од амбиентот за снабдување со вода на самиот локалитет, донесена од изворите на планината Плачковица.

Осмата глава е посветена на локалитетот **„Црквиште“ - с. Мородвис**, лоцирано на 7 до 8 км јужно од Кочани. Сместено е во подножјето на планината Плачковица, на јужното крајбрежје на река Брегалница, така што, со самата местоположба доминира над Кочанското Поле. Наоѓалиштето е расположено на едно плато во централниот дел на селото. Основните информации со кои располагаме за локалитетот, укажуваат на неговиот долг временски период на егзистирање. Според стратиграфијата на теренот е констатирано дека периодот на хеленизмот и периодот на првите три века од нашата ера се само индицирани, за што засега не постојат посериозни докази, кои би биле поткрепени со соодветни археолошки наоди. Врз основа на историските извори, локацијата на денешното селото Мородвис досегашните истражувачи ја поврзуваат со доцноримските градови Армонија или Келенидин. Подемот на населбата траел сé до аваро-словенските наезди од првите децении на VII век, кога во неа престанува да егзистира византискиот политички, воен, црковен и економски живот.

Во рамките на археолошките истражувања, детектирани се повеќе урбани хоризонти, меѓу кои посебно се издвојуваат основите на три црковни градби. Врз база на направените анализи, овие градби се докуметирани и нумерирани според извршените откопи, т.е. културните слоеви во профилот на вертикалната стратиграфија. Најгорниот слој од комплексот цркви е дефиниран како прв културен хоризонт во кој е сместена крстообразната црква (објект бр. 1) од XIII - XIV век.

Во вториот културен хоризонт, се наоѓа епископската црква од XI - XII век (објект бр. 2), а во истиот временски период се датираат и гробните конструкции со пронајдениот движен археолошки материјал.

Третиот културен хоризонт го претставува најдолниот слој од комплексот цркви, а се карактеризира со архитеконските остатоци од ранохристијанска базилика

од V - VI век, претходно означена како сакрален објект бр. 3. Во оваа временска рамка се поставени и писцината (базенот) за покрстување, како и засведената гробница.

Опусот на ѕидаријата на помладите градби е од обработен камен врзан со варов малтер, опкружен со тула (opus klauzone). Најстарата градба е со поголеми димензии и е со архитектонска концепција која е поразлична од претходните. Подот е работен во традиционалната добро позната античка техника на opus sectile, а ѕидните платна се работени во техника на opus mixtum, додека внатрешноста на ѕидните платна е исполнета во техника opus caementikum.

Со проектот за конзерваторско-реставраторски интервенции се изведени следниве позиции (реализирани во 1986 и 1987 год.): нивелација на горната површина од северната и јужната база на најстарата црква од комплексот; извршена е делумна реконструкција на делот од торусите и трохулисите на јужната и особено на северната база, каде е применета рецептура составена од цементно врзиво со примеса на толчен мермер, поточно мермерно брашно; проширување на отворите во базите, пред сé поради вметнување и заливање на железни клинови со должина од 0.10 м, со пресек од 1.5 см; нивелирање на столбовите по вертикала со нужно кајлување и подглавување на местата каде за тоа имало потреба и др. Во текот на реализирање на работните активности е одржувано потребното ниво на влажност кај позициите каде се изведувале конзерваторските интервенции и анастилозата. Конзерваторските истражувања покажаа целисходност и оправданост на реконструкциониот зафат кој, покрај заштитата на објектот означен под бр. 1, обезбеди соодветна заштита и на останатите делови на комплексот. Во исто време, во контекст на низа околности, делумната реставрација на објектот бр. 1 (реализирана во 1991 год.), придонесува и за поконкретно осознавање на економскиот, културниот и политички живот во текот на посочените периоди, во овој дел од Република Македонија. Последната конзерваторска интервенција е изведена во текот на 2004 год., при што се извршени интервенции на западниот ѕид од епископската црква.

Во **деветтата глава** е презентиран локалитетот **„Исар“ - с. Марвинци,** лоциран на зарамнето возвишение што се протега југозападно од селото, со доминантен поглед кон Валандовската Котлина, текот на река Бојмица (Анска Река) и околните планински масиви на Кожув, Граешка Планина и Плавуш. На локалитетот се констатирани остатоци на античка населба, чија што егзистенција може да се следи од старото железно време, па се до ранохристијанскиот период. Градската акропола е со форма на четириаголник, формиран од рамни бедемски платна со правец на протегање

северозапад - југоисток и североисток - југозапад. Акрополата е укрепена со одбранбени ѕидови и како таква егзистирала низ целиот хеленистички период. Констатирано е дека се работи за населба и некропола со континуитет на живеење од тринаесет века и тоа од VII век пред н.е. до VI век н. е. Бедемското платно е градено од делумно обработен речен камен во комбинација со варов малтер. Според градежната техника може да се определи како opus incertum. Во внатрешноста тоа било исполнето со средно дробени камења измешани со големо количество варов малтер, во градежна техника на opus caementicum. Во непосредна близина на централниот дел на северното бедемско платно е градската порта (конзервирани 1970 год.) кај која се вградени масивни блокови од бел камен. Овие блокови се употребени секундарно со нивно вградување во аголните завршетоци, фланкирајќи ја на тој начин портата. Во самата акропола се откриени повеќе објекти со различна архитектонска содржина, кои се изградени во различен временски период. Најатрактивни градби од акрополата се: Правоаголниот објект („Цистерна“), храмот со основа на prostilos, објектот „Палата“, објектот работно наречен „Јавна градба“ и „Подземниот премин“. Од сите објекти на акрополата, храмот е во најдобра состојба, откако со извршените конзерваторски интерванции (1978 и 2000 год.) е заштитен поголемиот дел од неговата површина со главните архитектонски елементи. Ова се однесува и на неговите скалила, кои се реставрирани (во делкани блокови од автентичен материјал - бел мермер) во првата конзерваторска кампања. При изработка на проектот за конзерваторско-реставраторски интервенции, земени се примери од малтерни соединенија за хемиски анализи, при што, во интерес на нивна подетална карактеризација, е констатирана потребата од други аналитички техники, за да се придонесе во детектирањето на мултиелементниот состав, како и одредувањето на минеролошко-петрографската припадност на истите. Со други зборови, со продолжување на хемиските истражување ќе се добијат аналитички податоци кои ќе ја карактеризираат варта, употребена како врзивна компонента, но и силикатниот полнител (песокот).

Парцијаланта конзервација на локалитетот која е досега спроведувана бара повисок степен на надзор и одржување. Видливи се повеќе фази од урбаните хоризонти на живеење на самиот храм, како и подфазите кои биле неопходни како интервенција, пред сé од аспект на неговиот градежен опстанок. Конзерваторските интервенции на дел од североисточното бедемско платно со градската порта, како и на с/и ѕидно платно од објектот „Палата“, го стабилизираа процесот на деградација на овој дел од акрополата. Сепак, треба да се истакне дека локалитетот, кој истовремено е

со статус на споменик на културата на Р. Македонија, не е соодветно заштитен според стандардите и критериумите кои ги заслужува.

Во **десеттата глава** се елоборирани истражуавањата и конзервацијата на објектите лоцирани на локалитетот **„Св. Пантелејмон-Борче“ - с. Никифорово**. локалитетот „Борче“ се наоѓа 1 км северно од селото Никифорово, кадешто е лоциран комплексот св. Пантелејмон (од месното население третиран како манастир). Денес, на оваа локација, покрај реставрираното црквиче, на површината се видливи остатоци од sидни партии на постари градби. Потекнуваат од различен временски период, почнувајќи од V - VI век н.е., па сé до XVII век н.е. Според извршените анализи од археолошките истражувања, комплексот се состои од три цркви градени во различен временски период и со различна големина. Најраниот објект е веројатно подигнат во ранохристијанскиот период (V - VI век) и е граден во техника на opus mixtum, додека најголемата црква е од XII - XIII век, градена во техника на најраната фаза на opus klauzone. Последната фаза од егзистенцијата на овој комплекс се поврзува со изградбата на малата црква во XVII век, што припаѓа на типот еднокорабни цркви, градена во техника на opus klauzone, која е од последната фаза на нејзина употреба.

Во рамките на изработениот проект за конзерваторско-реставраторки интервенции, составен од неколку фази, во првата (1989 год.) е изведен реконструкциски зафат на најмладата црква. Во следните фази од конзерваторските кампањи, извршени се конзерваторски интервенции на sидните платна од постарите градби (1996 год.). Поради несоодветните климатски услови, тука за прв пат беа применети адитиви кои ја подобрија цврстината и отпорноста на врзивното средство. Во овој процес, како дополнително полниво во продолжен малтер, беше употребена толчена тула и адитиви („У - врска“, „Хидрозим“, и „Фасил“). При завршната постапка, т. е. изведбата на фугирањето, како дополнителен зацврстувач е употребен „Хидрофоб“ и два пати толчена тула. Примарната цел на тука претставените зафати се состоеше во запирање на деструктивните процеси на sидните партии од градбите. Во текот на овие интервенции се доби и една појасна слика за историјата на комплексот, временските рамки на градбите што го сочинуваат, како и нивните заемни конструктивни односи.

КРАТЕНКИ

АДЈ - Археолошко Друштво Југославије - Београд

АКМ - Археолошка карта на Македонија - Скопје

Е.Л.У. - Енциклопедија Ликовних Умјетности - Загреб

К. Н. - Културно Наследство - Скопје

ГЗФФ - Годишен Зборник на Филозовски Факултет - Скопје

МАА - Macedoniae Acta Archaelogica - Скопје

МАП - Македонски Археолошки Преглед - Скопје

ГСНД - Гласник Скопског Научног Друштва - Скопје

САДЈ - Симпозиум Археолошког Друштва Југославие - Београд

SAD - Српско Археолошко Друштво - Београд

САНУ- Српска Академија Наука и Уметности - Београд

МПК - Muzej na Plovdivskata Kultura - Пловдив

ИАИ - Izvesti® na Arheologi~eski Instut- Sofi ®

ГМГБ - Годишњак Музеја Града Београда - Београд

ЗАМ - Зборник на Археолошкиот Музеј - Скопје

ЗЗСК - Завод за заштита на спомениците на културата - Скопје

ЗРНМ - Зборник Радова Народног Музеја у Београд - Београд

ЗТ - Зборник на трудови, Охрид 1989

SAS - Studies in the Antiquites of Stobi - Veles

AI - Archaeologica Iugoslavica

AP - Arheološki Pregled, Beograd

GPMN - Glasnik v Plovdivskiot Naroden Muzej - Пловдив

JAZU - Jugoslovenska akademija znanosti i umetnosti, Zadar

ZRVI - Zbornik radova Vizantološkog Instituta, Beograd

ZZSK - Zbornik zaštite spomenika kulture, Beograd

БИБЛИОГРАФИЈА

Adam Jean-Pierre, *La Construction Romaine*, Paris, 1984.

Ashurst J.,Francis G. Dimes "Conservation of Buildings & Decorative Stone",London 1998.

Antonova V. INM VI, Sofija, 1973.

Babamova S., Istob, Stobi, 2012.

Balabanov K., AP 26, Vinicko Kale, Ljubljana, 1986.

Balat I. - Tasić N. - Medović P., XII Simpozium SADJ, Novi Sad, 1984 -1986.

Blitzer H. Nave 5, W - MZ, Berlin, 1971.

Boardman, P., The Worlds of Patrick Geddes: Biologist, Town-planner, Re-educator, London, 1978.

Brguljan V., Međunarodni sistem zaštite kulturnih i prirodnih dobara, Zagreb, 1985.

Celada G. - F. Colombo - V. Di Batista, - P. L. Paullo, Architettura di riuso in cita italiane, Milano,1980.

Chen J., Poon C., Photocatalytic construction and building materials: from fundamentals to applications, Build Environ, 2009.

Duval N. - Metzger C., Tables et reliquaires du Louvre/20 Deux tables cloturves de sale a manger, Зборник народног музеја XVI - 1, Београд, 1996.

Farmakovski M.V., *Konzerviranje i restauriranje muzejskih zbirki*, Zagreb, 1973.

Fitch, J. M., Historic preservation, New York, 1982.

Gavrilovic P. и група автори, ***„BUILDING CONSTRUCTION UNDER SEISMIC CONDITIONS IN THE BALKAN REGION, UNITED NATIONS INDUSTRIAL DEVELOPMENT ORGANIZATION“, VIENNA,*** 1983. 99-131, grupa avtori.

Ilakovac Boris, *Radovi Instituta JAZU u Zadru*, Aqvaductes Aenonane, Zadar, 1969.

Ivančević R., Interpolacija: međuvrijednost među vrijednostima ili krivotvorine, Arhitektura, Zagreb, 1983.

Krstić Branislav, Spomenička Baština Svjedočanstvo i Budućnost Prošlosti, 1990 - 2010, Beograd, 2010.

Kitzinger Ernst, *A survey of the Early Christians Town of Stobi*, Старинар 8 - 9, Београд, (1933 - 1934).

Lugli Giuseppe, *Tecnica edilizia romana*, Roma,1957.

Lugli Giuseppe, Grupa Avtori, Antićki *Rim - Panorama Jedne civilizacije, Beograd-Ljubljana, 1967.*

M....Macedonija Acta Archaelogica br. 7- 8, Skopje 1987.

Materijali, Tehnike i Strukture - Predantićkog i Antićkog graditeljstva na istoćnom Jadranskom Prostoru - Zagreb 1980.

Marasović Tomislav, *Zaštita i uređenje graditelskog nasleđa*, Opatija, 1979.

Marasović Tomislav, *Zaštita graditelskog nasleđa*, Zagreb - Split, 1983.

Marasović Tomislav, *Aktivni pristup graditeljskom nasljeđu*, Split, 1985.

Maroević Ivan, *Dokumentiranje graditeljskog nasljeđa*, Zagreb, 1976 - 77.

Medić Milan, Tehnique, materials and conservation of the mosaics of the large basilica at Heraclea Lyncestis, *Хераклеја*, 3, Битола, 1967.

Medić - Ćanak M., Priprema suvremenih tehnickih sredstva u konzervatorskoj sluzbi, Zbornik 8, Zagreb 1957.

Medić - Ćanak, Gamzigrad, Beograd, 1978.

Minissi F., Conservazione dei beni storici artistic e ambientali, restauro e musealizzazione, Roma, 1978.

Morozzi G., Interventi di restauro, Firenze, 1979.

Nenadović M. S., Zastita graditelskog nasleđa, Beograd, 1980.

Petrićioli I. - Vezić P., Izvestaj o istrazivanju i konzervaciji ostataka bazilike sv. Tome u Zadru, G I Zadar, 1975.

Petrović Spremo N. „Proporciski odnosi u basilikama ilirske prefecture", Beograd, 1971.

Poehlam W., *The Poliharmos Inscription and Sinagogue I at Stobi*, SAS III, Велес, 1981.

Polič Radovanovič Suzana, Ristič Slavica, Jegdič Bore, Nikolič Zoran, Metodološki i Tehnički Aspekti Primene Novih Tehnika u Zaštiti Kulturne Baštine, Beograd, 2010.

Prelog M., Prostorno planiranje i kulturna bastina jadranske obale, Arhitektura, XXI, Beograd, 1967.

Rendić - Miočević Duje, Antički teatar na tlu Jugoslavije (saopštenja sa naučnog skupa), Novi Sad, 1981.

Rnjak Dusan, ***Antički Teatar na Tlu Jugoslavije*** (saopštenja sa naučnog skupa), Novi Sad, 1981.

Riding, R., ***Microbial carbonates: the geological record of calcified bacterial-algal mats and biofilms,*** Sedimentology, 47, pp. 179-214, London, 2000.

Snively Carolin S., *The Early Christian Basilicas in Stobi, Veles, 1972.*

Sokolovska V. Stadion Stone from Isar - Marvinci, AJ XXII - XXIII, Beograd, 1982 - 1983.

Suić M., Antički grad na istoćnom Jadranu, Zagreb, 1976.

Vaćeva K. Za terminologiata na stroitelnite tehniki prez antićnosta, Софија, 1977.

Viner A., *Материјали и техника мозаичнои живописи*, Pariz,1953.

Vitruvius Marcus Pollio, *Десет књига о архитектури*, Sarajevo, 1957.

Алексова Б., МАА, бр. 9, Скопје, 1983 - 84.

Археолошка Карта на Македонија, ТОМ II, Скопје 1996.

Бабамова С., Епиграфски споменици од Република Македонија датирани според македонската провинциска ера, Скопје 2005, стр. 136, бр. 82 Т. XXIII

Балабанов К., Виничко Кале, Скопје, 2012.

Бобчев Сава Н., *Смесаната зидарија в римските и рановизантиискиte строежи*, Софија 1952.

Вајзман Џејмс, *Стоби, водич низ античкиот град*, Титов Велес 1973.

Винчиќ Ж. Станковски Ј., Прилог кон проучувањето на објектот „Коцкарница" во Стоби, Скопје, 2005.

Гарашанин М. - Гарашанин Д., Зборник - I, Штип, 1958 - 59.

Георгиев Зоран, *CASINO/КОЦКАРНИЦА-Стоби*, Археолошки истражувања во 2005 година, Културно Наследство, 32 - 33, Skopje, 2006 - 2007.

Герасимовска Дафина, Улогата на живеалиштето во културата на живеење низ антиката во Р. Македонија, Скопје, 2009.

Герасимовска Дафина, Антички куќи во Македонија, Скопје 1996.

Грбиќ М. и др. 1954 - Археолошки наоѓалишта во НР Македонща, Скопје 1954.

Димитрова Е., Скопје, Керамички рељефи од Виничко кале, Скопје, 2012.

Иванов Т., *За некои преустроиства в укрепителната система през рановизантиската епоха (IV – VI в.)*, Археологи®, IX, Софи®, кн. 4, 1973.

Коларић Александар и Петровски Момчило, Технички набљудувања врз мозаиците во Стоби) R. Kolarik, M. Petrovski, Technical Observation on Mosaics at Stobi, (Резиме: А. Коларић и М. Петровски, Технички набљудувања врз мозаиците во Стоби) // *Studies in the Antiquities of Stobi*, Vol. II, Beograd, 1975.

Кораћ Војислав, Јовић Видојко, Богдановић Коста, Билбија Ненад, Јанчић Миодраг, Срејовић Драгослав, Карамата Стеван, Пантић Никола, Костић Александар, Симић Војислав, Група Автори, *Човек и Камен*, Белград, 1990.

Крстић Петар П., *Архитектонске Конструкције I*, III - ће издање научне књиге Београд, 1963.

Кузманов Горги, *Римска бања в Пауталија*, МПК, Пловдив,1972, кн. 4.

Лилчиќ Виктор, *Античка градежна керамика во Република Македонија*, Скопје 1996.

Лилчиќ Виктор, Македонскиот камен за боговите, христијаните и за живот по животот, ТОМ II, Скопје 2002.

Македонски Археолошки Преглед 1, Скопје 2008.

Малковски Ѓ. Монографија за Виница, II глава, Виница, 1998.

Мано Зиси Ѓ., Studies in the Antiquites of Stobi I, Titov Veles, 1973.

Микулчиќ Иван, *Антички градови во Македонија*, Скопје 1999.

Микулчиќ Иван, *Стоби*, Скопје 2003.

Мирчев Митко; *Римские терми в Варна*, Actes du Premier congres international des etudes sud – est europeennes, II, Варна 1969.

Несторовић Б., Старинар II Српског археолошког друштва, Том VI; Београд, 1931.

Несторовић Б., *Архитектура старог века*, Београд 1974.

Одбранбени системи у праисторији и антици на тлу Југославие, Симпозиум САДЈ, Нови Сад 1984 (1986) (група автори).

Папазоглу Фанула, *Македонски градови у римско доба*, Скопје 1957.

Пашиќ - Винчиќ Радмила, *Археолошки ископувања на Полихармосовта палата резиденција на црковните великодостојници во Стоби*, ЗАМ 4-5, Скопје 1966.

Петровски Момчило, *Технички особини на подните и ѕидните мозаици во Стоби*, *Студии за старините во Стоби*, Т. III, Титов Велес, 1981.

Петров Константин, *Истражување на водоводниот систем во рановизантиско Стоби*, ГЗФФ 19, Скопје 1967.

Петров Константин, *Смешано ѕидање на неколку згради во Македонија од III-VI век*, ЗАМ, кн. I, Скопје 1956.

Петровиќ Јозо, *Истраживања у Стобима 1931*, Старинар 7, Београд 1932.

Петровиќ Јозо, *Стоби 1932*, Старинар VIII і IX Београд, 1933-1934.

Петровић Н. Zbornik zaštite spomenika kulture, Beograd, 1977.

Ристов Јован, *Интегрирана заштита на културното наследство*, Скопје, 2008.

Санев В., Зборник - III, Штип, 1964.

Службен лист на СФРЈ бр. 52 од 1985 година, член 18 и 19.

Соколовска В., Стоби, Перистеријева Палата, Археолошки Преглед 7, Београд, 1965.

Соколовска В. „Investigations in the House of Peristerias", SAS II, Beograd, 1975.

Соколовска В., Исар - Марвинци и повардарието во антика, Скопје, 1986.

Симић В., Деспић А., Костић А., Станковић С., Човек и камен, Београд, 1990.

Суиќ Мате, *Антички град на источном Јадрану*, Загреб, 1976.

Трајковски К., Археолошки Преглед, Љубљана, 1985.

Трајковски К., Средновековниот град Мородвис во Македонија, ВМКЦА, Киев, 1985.

Трајковски К., Зборник (1979 - 1982) Книга X - XI, Скопје, 1983.

Трајковски К., Ранохристијанска гробница во Мородвиз, Зборник на трудови, Лихнид 7, Охрид, 1989.

Чаусидис Никос, *Занаетчиски Технологии и Конзервација*, Филозофски Факултет,Скопје, 2011.

Шурбаноска М., Санев Г., Јакимовски А., Археолошки ископувања - Стоби 2001, МАА 18, Skopje, 2008.

И З В Е Ш Т А Ј И

Екстра Мурос
Санев, Извештај бр. 07 - 166/9, 2003.
В. Санев, Извештај бр. 07 - 166/110, 2004.
М. Велчовски, Проект бр. 07 - 166/88, 2004.
М. Велчовски, Проект 07 - 166/47, 2004.
Ж. Винчиќ, М. Велчовски, Програма бр. 08 - 1238, 1994.
Б. Пејковски, Програма бр. 07 - 30/14, 2005.
М. Велчовски, Л. Чуковска, Проект бр. 07 - 166/47, 2004.
М. Велчовски, Б. Пејковски, Извештај бр. 07 - 111/11, 2006.

Палата на Перистерија
М. Велчовски, бр.07 - 1257/3, 2003.
М. Велчовски, бр. 07 - 166/46, 2004.
М. Велчовски, Програма бр. 07 - 166/89, 2004.
М. Велчовски, бр. 07 - 166/90, 2004.
Ж. Винчиќ, Извештај бр. 6480/2, 1965.
Т. Станишева, бр. 1324, 7, 1973.
В. Соколовска, бр. 6480/1, 1965.
R. Kolarik, бр. 06 - 1296/1, 1976.
Ж. Винчиќ, С. Саржовски, Извештај бр. 6497/1, 1968 - 69.

Резиденцијална градба (Коцкарница)
З. Георгиев, Извештај бр. 07 - 1387/1, 2003.
З. Георгиев - Б. Пејковски, Програма бр. 07 - 30/14, 2005. З. Георгиев, бр. 07 - 166/97, 2004.
З. Георгиев, Извештај бр. 07 - 111/13, 2005.
З. Георгиев, Извештај бр.07 - 124/1, 2006.
З. Георгиев, Културно наследство, Скопје, 2006 - 2007, 155.
М. Велчовски, С. Мамучевска, Проект бр, 07 - 166/47, 2004.
М. Петровски, Програма бр. 07 - 1387/1, 1973.

Цивилна Базилика
Ж. Винчиќ - М. Велчовски, Програма бр. 08 - 3515 бр. 07 - 82/24, 2003.
М. Велчовски, Извештај бр. 07 - 1257/3, 2003.
М. Петровски, Прогрма бр. 321 / 22, 1994.
М. Ивановски, Извештај бр.07 - 111/2, 9 - 12, 2005.
М. Ивановски, Проектна Програма бр. 07 - 166/5, 2004.
Ж. Винчиќ - М. Велчовски, Програма бр. 08 - 3515, 21 - 22, 1994.
Ж. Винчиќ, Извештај бр. 07 - 30/3, 1998.
Ж. Винчиќ - М. Велчовски, Програма, бр. 07 - 52/1, 30 - 32, 1996.
Б. Пејковски, План и Динамика бр.07 - 30/14, 2005.
В. Боцевска, Проектна Програма бр. 07 - 166/87, 2004.

Синагога базилика
Ж. Винчиќ - М. Велчовски, Програма бр. 08 - 33/5, 1994.
Ж. Винчиќ - М. Велчовски, Извештај бр. 08 - 33/6, 1994.
М. Велчовски, Извештај бр.07 - 1257/3, 2003.
Ж. Винчиќ, Проект бр. 4015/2, 1966.

М. Велчовски, Извештај бр. 08 - 1358, 1996.

Виничко Кале - Виница
К. Балабанов - Ц. Крстевски Извештај бр. 686/1, 1998.
М. Велчовски, Проект бр. 07 - 686/2, 1998.
М. Велчовски, Извештај, бр. 07 - 686/3, 1998.
М. Ивановски - Р. Петковски, Извештај бр. 08 - 725, 1989.
М. Велчовски, Извештај бр. 07 - 686/4, 2000.
М. Велчовски, Извештај бр. 07 - 1257/3, 2003.
М. Ивановски, Извештај, бр. 08 - 1865, 1989.
Ј. Маневски, Анализи на стабилност бр. 5, во 2006 - 2012, 1 - 4.


Црквиште - с. Мородвиз
Ж. Винчиќ, Извештај бр.08/972, 1987.
Ж. Винчиќ, Извештај бр. 08 - 1403, 3, 1991.
К. Трајковски, Извештај бр. 01 - 652, 1980.
С. Саржовски, Извештај бр. 08/94/1, 1 - 2, 1984.
Ж. Винчиќ, Извештај бр. 08 - 1464, 3, 1993.
К. Трајковски - Н. Петров, Извештај бр.07 - 783/2, 1999.
М. Велчовски, Извештај бр. 07 - 122, 2003.

Исар с. Марвинци - с. Марвинци
В. Санев - М. Ивановски, бр. 08 -1894, 1993, 1 - 4.
С. Саржовски, Извештај бр. 04 - 587, 1978, 1 - 4.
В. Соколовска - Д. Митревски, Извештај бр. 03 - 839/2, 1997.
М. Велчовски, Проект бр. 07 - 213/1, 2000.
Ј. Клековски, Извештај бр. 03 - 54/2, 2015.
Ж. Винчиќ - М. Ивановски, Извештај бр. 08 - 3599, 1979.

Св. Пантелејмон - Борче, с. Никифорово
М. Машниќ - Н. Шентевски, Извештај бр. 08 - 1886/1, 1989.
М. Велчовски, Извештај бр. 08 - 1575, 1993.
М. Иваноски - М. Велчовски, Извештај бр. 04 - 192/2, 1994.
М. Велчовски, Програма бр. 08 - 628, 1996.

ВТОРА ГЛАВА

БАЗИЛИКА ЕКСТРА МУРОС, СТОБИ




А1. Изглед на базиликата пред одпочнување на доистражувачките работи.



А2. Рушевини од ѕидот на апсидата




А3. Приказ на паднати столбовите и арки од стилобатните ѕидови на базиликата (1992 год.)




А4. Водоводен канал со приклучок кон просторија 1, поглед од западна страна



А5. Изглед на баптистериум по извршени истражувања во 1992 година




А6:а.Основа на базиликата со поставени сонди, план 1.




А6:б. Основа на базиликата по извршени конзерваторски интервеции со означени sидни партии, план 2.




А7. Остатоци од првиот влез во ходникот пред нартексот, со делови од доградба, поглед од северна страна







А8: а, б. Водоводен канал со покривни плочи, поглед од јужна страна



А9. Остатоци од водоводна мрежа со базен таложник во сонда 5 и 6, поглед од северна страна.



А10. Деталь - базен таложник, сонда 5.



А11 а. Канал 2 непосредно до ј/з агол на нартексот, поглед од југ



А11 б. Канал 1 непосредно до ј/з агол на нартексот, поглед од југ



А12. Пастафорија 3, северен влез, рушевини од покривни материјали (тегули, имбрекси и плочи)



А13. Изглед на Пастафорија 2, северната страна е пресечена со изградба на бетонскиот потпорен ѕид, снимено од север



А14. Пастафорија 2, остатоци од водоводна инсталација со тубули



А15. Простор пред северниот влез во нартексот со остаток од под или подна подлога







А16: а, б. Пастафорија 3, северен влез, поглед кон делови од источниот и јужниот ѕид со видливи градежни интервенции



А17. Источен ѕид на пастафорија 3, југ, детаљ од истражувањата каде не се откриени делови на водоводна инсталација во подот на просторијата



А18. Западен ѕид во просторот пред северниот влез во нартексот




А19. Пастафорија 3, североисточен агол на сонда 1, изглед на канал прилепен т.е. пресечен со ѕидот од север



А20. Недефиниран ред од камења во делот покрај јужниот периметрален ѕид на крстилницата




А21: а.Источен ѕид на баптистериумот со одводен канал




А21: б. Деатаљ од opussectilena подот од презбитериум



А22. Изглед на opustesellatum со геометриски и зооморфни форми во подот од наосот на базиликата



А23. Западен влез во нартексот со приказ на евидентни измени во поставувањето на несоодветни прагови



А24. Кружна писцина sидана од кршен камен врзан со варов малтер




А25. Дислоцирана фонтана на баптистериумот со конична форма



А26. Можен катехумениум, јужно крило на нартексот




А27. Капител со коринтски стил, веројатно донесен од горниот кат на скената од театарот.



А28. Оформени контакт површини во апсидалниот дел на базиликата




А29. Конзерваторски интервенции на апсидалниот sид (означен под реден бр. 1 на план 2)



А30. Северен периметрален ѕид во тек на конзерваторски интервенции означен на план 2 под реден бр. 3




А31. Конзерваторски интервенции на западен периметрален ѕид на нартексот ѕид бр. 5 означен на план 2




А32. Конзервација на ѕидни партии на баптистериумот




А33. Западна интерколумнија на северен стилобатен ѕид (опус спикатум), по извршени конзерваторски интервенции




А34: а, б. Изглед на јужен стилобатен ѕид од јужниот брод на базиликата(снимени се внатрешната и надворешна страна пред одпочнување на конзерваторските активности)



А35: а. Изглед на северен стилобатен ѕид на наосот, пред одпочнување на конзерваторски интервенции (снимено од надворешна страна)




А35: б. Изглед на северен стилобатен ѕид на наосот, пред одпочнување на конзерваторски интервенции (снимено од внатрешна стран




А36:а, б. Иизглед на јужен надворешенsид на базиликата поизвршени ископувања (снимено од надворешна и внатрешна страна)




А37. Изглед на ѕид од олтарна преграда пред одпочнување на конзерваторскиинтервенции (снимено од внатрешна страна)




А38: а. Изглед постојна состојба на јужен ѕид од јужниот кораб на базиликата, пред одпочнување на конзерваторски активности (снимено од внатрешна страна)




А38: б. Изглед постојна состојба на јужен ѕид од јужниот кораб на базиликата, пред одпочнување на конзерваторски активности (снимено од надворешна страна)




А39: а, б. Изглед на постојна состојба насеверен ѕид на северниот брод од базиликата (снимен од внатрешна и надворешна страна)




А40: а, б. Изглед на постојна состојба на западен ѕид нанаосот на базиликата (снимено од внатрешна и надворешна страна)







А41: а, б. Изглед на јужен стилобатен sид од јужниот брод на базиликата со даден предлог за конзервација (снимени се внатрешната и надворешна страна пред одпочнување на конзерваторските активности)




А42: а. Изглед на северен стилобатен sид на наосот со даден предлог за конзерваторскаинтер (снимено од внатрешна страна)




А42: б. Изглед на северен стилобатен sид на со даден предлог законзерваторска интервенција(снимено од надворешна страна)




А43. Изглед на јужен надворешен sид на базиликата со даденпредлог за конзервација (снимено од надворешна и внатрешна страна)




А44. Изглед на преграда со даден предлог за конзервација (снимено од внатрешна страна)




А45: а. Изглед состојба на јужен sид од јужниот кораб на базиликата, по даден предлог за конзерваторски активности (снимено од внатрешна страна)




А45: б. Изглед состојба на јужен ѕид јужниот кораб на набазиликата, активности и извршенареализацијапо даден предлог за конзерваторски (снимено од надворешна страна)



А46. Даден предлог за конзерваторски интервенции на северниот ѕид од северниот кораб на базиликата (снимено од внатрешна и надворешна страна)




А47: а,б. Изглед на западен ѕид нанаосот од базиликата (снимено од внатрешна и надворешна страна) со даден предлог за конзервација и негова реализација



А48. Источен изглед на апсида, на јужен и северен брод од базиликата со даден предлог за конзерваторска интервенција (снимено од надворешна страна).


ТРЕТА ГЛАВА

ПАЛАТА НА ПЕРИСТЕРИЈА, СТОБИ



Б1. Централен дел на палатата, подна површина оформена


од камени плочи



Б2. Изглед на трапезоидна основа на Перистериевата палата



Б3. Централен дел на палатата со перистил





Б4: а, б. Позиција на insitu паднати тули врзани со варов малтер, укажуваат на можноста дека горната зона на североисточниот периметрален ѕид од палатата бил решен со арки од тула




Б5. Слепен ѕид со иста дебелина, непосредно до бањскиот простор во источниот дел на палатата




Б6. Југоисточен стилобатен ѕид на Перистилот




Б7. Изглед на североисточен коридор со влезни партии во перистилот, приказ на процес во тек на конзерваторски интервенции.




Б8. Североисточен дел на перистилот со приказ на прочистителна шахта







Б9: а, б. Одводен канал во североисточниот дел на перистилот, кој се протега од запад од правец на базенот, долж североисточниот стилобатен ѕид кон источниот агол на југоисточниот стилобатен ѕид




Б10. Југозападен и југоисточен стилобатен ѕид на перистилот, по извршени конзерваторски интервенции и анастилоза



Б11. Изглед на писцината во перистилот, по извршени конзерваторски интервенции.



Б12. Видливи отвори во телото на базенот, вметнатните керамички садови - (резонатори) се во функција на добивање мелодичност при жубуркањето на водата



Б13. Изглед на преливен канал кај писцината, заграден со парапетни плочи.






Б14: а, б. Северозападен коридор во тек на конзервација и североисточен коридор по извршена конзервација.




Б15: а. Јужен триклиниум I, аерофото на триклиниумот со мозаик и фонтана, снимено во 70-години од минатиот век.




Б15: б. Sидни платна на јужниот триклиниум I, градени во техника на опус микстум



Б16. Мозаик во јужен триклиниум I, изведенво opus tessallatumподелен на осум полиња, врамени со плетенки во кои се преставени различни сцени.




Б17: а. Довод од оловна цевка која е под нивото на подот од јуниот коридор на перистилот, и оди во правец кон фонтаната од триклиниумот I,под прагот на неговата влезна партија.




Б17: б. Изглед на оловна цевка за довод на југозападниот коридор од перистилот.




Б18. Под од камени плочи во југозападен триклиниум II, процес во тек на конзерваторски интервенции со поставена сонда во источниот агол



Б19. Под од асиметрично поставени камени плочи во југозападниот дел на северниот триклиниум



Б20: а. Ѕид од делкан камен врзан со кал во просторија бр. 10, констатиран веднаш под преградниот влез од улицата ViaPrincipalisInferior




Б20: б. Изглед на цврсто набиена темно кафена глинеста земја во просторија 10, поставена како подлога (субструкција) за попдно ниво






Б21 : а, б. Влезна партија од втората градежна фаза во североисточниот дел на палатата, каде што влезот бил отворен и директно се влегувало од улицата Via Axia





Б22: а, б. Одводен канал, кој ги собирал атмосферските води од горниот дел дел на градбата и ги спроведувал во главниот одводен канал на улицата ViaAxia.



Б23. Основа со прикажани урбани фази од различен временски период.



Б24. Sидни партии од пост урбан период, сместени во југозападниот дел на палатата.



Б25. Археолошко-конзерваторски истражувања во југоисточниот дел на просторија 10, пронајдени се 108 керамички макари (употребувани во функција на вертикално sидно греење).




Б26. Извршена конзервација на скалилата и ѕидните платна во просторија бр. 19.




Б27. Субструкција од камени плочи на улицата Via Axia, со обрушени тули од североисточниотниот ѕид на Перистериевата, кои се пронајдени во in sity позиција во полукружна форма.



Б28. Постапка каде се отстранети дерутираните делови на sидната маса кај источниот sид, со што е добиена состојба на ниво на стабилност



Б29. Престава на конзерваторски интервенции на sидна маса во источниот дел од палатата



Б30: а. Извршена корекција на подниот опус на предходно изведен конзерваторски зафат во просторија бр. 10



Б30: б. Извршени археолошки истражувања во просторија бр. 10., по отстранување на подните камени плочи




Б31. Конзерваторски решени sидни платна со косина и пад на круништето на sидот



Б32. Поставени јутени вреќи врз крунишетето на ѕидот, конзерваторска постапка која го успорува предвременото согорување на малтерот.



Б33. Постапка на поставување на подниот опус во перистилот, процес пред одпочнување на завршната фаза со фуирање.




Б34. Извршена финална конзервација на базенот во перистилот, со една комплетна реконструкција на сите содржини



Б35: а. Огниште во југоисточниот дел на палатата со полукружен отвор, направен од двојна арка со радијално редени тули




Б35: б. Постапка на отпочнување на конзерваторско-реставраторските интервенции на префурниумот.






Б36: а, б. Фаза во тек на конзерваторски интервенции и позиции на реализирани зафати во северозападниот и североисточниот коридор на перистилот



Б37. Поставување на подлога од песок за нивелирање на подната површина во северниот триклиниум, процес пред поставување на камените плочи




Б38. Анастилоза на столб во просторија бр. 1



Б39: а. Југоисточен стилобатен ѕид на перистилот во процес на конзерваторски интервенции и анастилоза на столбови.




Б39:б. Отпочнат процес на анастилоза во југоисточниот стилобатен ѕид



Б40: а. Анастилоза на столб кај југозападниот стилобатен ѕид




Б40: б. Извршена анастилоза на југозападниот стилобатен ѕид од перистилот




Позиции на конзерваторски интервенции во 2001год.

Б41. Дадени позиции на конзервирани површини




Б.42. дадени позиции на конзервирани површини




Позиции на конзерваторски интервенции во 2003 год.
(втора фаза, под од тули)

Б43. Дадени позиции на конзервирани позиции




Позиции на конзерваторски интервенции во 2003 год.

Б44. Дадени позиции на конзервирани површини




Позиции на конзерваторски интервенции во 2004 год.


Б45. Дадени позиции на конзервирани позиции




Б46.Изглед на постојна состојба на префурниумот од приватната бања во Перистериевата Палата, лоциран во источниот дел (видлив детаљ на ѕидот работен во градежна техника на opusmixtum).




Б47.Изглед на југозападниот стилобатен ѕид од перистилот, по извршени конзерваторски интервенции и анастилоза на столбови




Б48. Прво ниво на откоп, основа на постојна состојба на северозападен периметрален ѕид на палатата




Б49. Второ ниво на откоп, основа на постојна состојба на северозападен периметрален ѕид на палатата.




Б50. Изглед на ѕидни партии во ин ситу позиција, пред одпочнување на конзерваторски интервенции, југозападен дел на палатата




Б51. Внатрешно лице на југозападен ѕид од Перистериевата палата



Б52. Внатрешно лице на северозападен периметрален ѕид од Перистериевата палата




Б53. Изглед на основа и конзервирани ѕидни површини во северозападниот дел од палатата




Б54. Изглед на основа на просторија со печка во југозападниот дел од палатата.

ЧЕТВРТА ГЛАВА

РЕЗИДЕНЦИЈАЛНАГРАДБА (КОЦКАРНИЦА), СТОБИ




В1. Изглед на голема када од интерната бања на Резиденцијалната градба во просторија бр.4 (коцкарница)




В2. Изглед на базиликално компонирана основа на резиденцијалната градба (Коцкарница).




В3. Просторија бр. 3, дефинирана од постарите истражувачи како северен трем на перистилот



В4. Sидна површина на апсидалниот дел од резиденцијалниот објект, приказ каде е применета градежна техника на опус микстум




В5. Графички приказ на основа со ситуационен план на објектот коцкарница во Стоби (според З. Георгиев)




В5а. Графички приказ на основа со ситуационен план на објектот коцкарница во Стоби (според И. Микулчиќ)



В6. Претстава на едноставни геометриски форми во просторија бр.7, изведени со крупни тесали, мотиви што упатуваат на временски период во текот на втора половина на IV и почетокот на V век.



В6 а. Источен трем на атриумот, послан со мозаик во техника на opustessalatum




B7. Основа на објектот со престава на неговите главни простории А, Б и В, со изглед на октогонална фонтана во триклиниумот




В8. Мозаичен под изработен во техника на opus tessalatum, откриен во југоисточниот дел на триклиниумот, просторија бр. 1




В8а. Фрагменти од подниот мозаик во триклиниумот, работен во градежна техника на opus tessalatum, изведен со крупни тесали



В9. Изглед на дел од откопана површина на Атриумот, со подно решение од камени плочи




В10. Изглед на внатрешно лице на базенот, кадешто ѕидовите на рамката од базенот се градени со локален камен и варов малтер.



В10а.Изглед надното на базенот, послан со редени камени плочи кои се во целост сочувани



В11. Автентичен под од мермерни плочи во просторија бр.3, поставен врз хидроизолациски слој од хоросан со дебелина од 4-6 см




В12. Изглед на постар ѕид во просторија бр. 3, работен во градежна техника на камен и варов малтер, негиран со поставување на подот од мермерни плочи на последната употребна фаза на објектот




В13. Инсталации од оловни водоводни цевки, откриени помеѓу двата пода во просторија бр. 5 на сл.5



В14. Откриен мозаичен под со крупни геометриски форми под слој од парчиња искршени керамиди во просторија 7




В15. Покривни керамиди кои паднале врз земјан под од последната употребна фаза



В15а. Истечен канал граден од тули во просторија бр. 8

лок „СТОБИ"
објект: КОЦКАРНИЦА
ѓрефур-иум



арка на источен sид
ѓред конзервација


0 20 40 60 см

ЛЕГЕНДА:


тула

малтер


B16 .Арка на источен sид од просторија бр. 10




В16а. Приказ на префурниум во просторија бр. 10, каде е констатирано постоење на остатоци од подот од последната употребна фаза, формиран од помали камени плочи и парчиња тули



В17. Западен крај на просторија бр. 11 - северен трем завршувал со скалила по целата широчина на тремот




В18. Главен влез во атриумот (просторија 12), поставен во источниот стилобатен ѕид, кој бил надсводен со двојна арка со централна положба на мермерен столб, што го делел влезот на два дела




В19. Заеднички јужен ѕид на просториите бр.13 и бр.14, кој ги дели тие простории, и е во форма на буквата Т




В20. Делови од фреско малтер поставени врз подлога од кал, кои одпаднале од ѕидовите на просторија 14.



В21. Интарзиран дрвен предмет со бројни сегменти (разнобојни видови камен, горски кристал и др.), кој целосно изгорел во пожарот, пронајден во просторија бр.16




В22. Ортоганален изглед на када оплатена со плочи од бел мермер и сивозелен шкрилец во просторија бр.4








В23. Мермерни рељефни плочи со престава на грифон, пронајдени во внатрешноста на големиот базен, кој се наоѓа во западниот дел на атриумот




В24. Просторија бр.6, северно диспонирана од атриумот со функција на латрина, прилепена зад грбот на када бр. 1







В25. Три ѕидани и со мермер оплатени кади, кои се наоѓаат северозападно од просториите Б и В на план сл.7



В26. Просторија „Б“, Сл. 7.е со правоаголна форма и е послана со мермерни плочи, се наоѓа с/з од триклиниумот



В27. Просторија бр.10 со ложница, која се наоѓа на с/и страна (источно од малата када).




В28. Просторија „В“, (се наоѓа с/з од триклиниумот, со димензии 4.5 х 5.5 м., и е со две фази на поплочување, изглед на северен ѕид на триклиниумот со пет излези кон север, меѓусебно разделени со ѕидани столбци



B29. Градежни интервенции од последната употребна фаза на градбата



B29a. Просторија бр. 18, позиција на две подни нивелети, обете формирани од дијагонално редени тули.



В30. Јужен ѕид на големата апсидална просторија со главен влез од западната страна и споредeн влез од јужната страна



В31. Јужен стилобатен ѕид на југозападен трем каде е констатирано неколку кратно пресидување поправање, видлив детаљ на пост урбан период




В32. Просторија бр. 17, мал калдариум со две полукружни кади, кои според техниката на градење припаѓаат од првата градежна фаза




В33. Извршена делумна елевациска реконструкција на ѕидовите од просториите „Б и В“, решавање на под од камени плочи




В34. Изглед на состојба во просторија бр. 3, пред одпочнување на затрупување на археолошка сонда со тампон од чакал до ниво на автентичниот земјен под




В34а. Изглед на просторија бр. 3 по извршени конзерваторски интервенции на подниот опус



В35. Графички приказ на фонтаната во триклиниумот пред отпочнување на конзерваторските интервенции



В35а. Осумаголна фонтана во централниот дел на триклиниумот по извршена конзервација.



В36. Поставени автентични камени плочи врз горен слој од сепариран песок и долен слој од чакал во просторија бр.5, фугите се залеани со течен цементен малтер.




В37. Под со измешан слог од поголеми и помали камени плочи и парчиња од антички тули во просторија бр. 10.




В38. Под во просторија бр. 3 со измешан слог од поголеми и помали камени плочи и парчиња од антички тули.




В39. Извршена конзерваторска елевација на столбците на источен, северен и јужен стилобатен ѕид на атриумот во просек за 0.45 м.




В40. Јужен ѕид на просторија 6, по извршени конзерваторски интервенции




В41. Графички приказ на мозаикот изработен од крупни тесали со геометриски мотиви откриен во источниот трем на атриумот.




В42. Графички приказ на изглед на малата када, позиција на консолидирана состојба.




В42а. Графички приказ на извршена делумна реставрација на малата када.




В43. Сидани столбци на с/и sид од триклиниумот, градени во градежна техника на опус микстум.



В44. Големата када од интерната бања пред одпочнување на конзерваторските интервенции.



В44а. Големата када од интерната бања по извршени конзерваторски интервенции.




В45. Графички приказ со пресек на извршена конзервација на фонтаната во триклиниумот

ПЕТТА ГЛАВА

ЦИВИЛНАБАЗИЛИКА, СТОБИ



Г1. Видлива позиција на отстапување на видните партии во однос на основната ориентација за 5°,6' према оската североисток-југозапад.




Г2. Објект базилика Б, градба со нешто поинаква ориентација од базилка АІ.




Г3. Конгломерат на sидни платна од постари градби.




Г4. Изглед на горниот слој карактеристичен според начинот на градење, каде имаме наизменично поставување на камен и тула, додека во долните зони на sидните маси, ваквиот стил не е застапен.




Г5. Откриени видни површини од различен временски период.



Г6. Скалила и под од правоаголни камени плочи во с/и агол на ѕидот А II15.




Г7. Изглед на основи на sидни површини со приказ на градежни фази од различен временски период.



Г8. Југозападен дел на централен брод, идентификација наподен опус изработен од делкани камени плочи.




Г9: а. Архитектонска пластика од постар објект употребена во поновиот како градежен материјал (снимено од северо-запад).




Г9: б. Архитектонска пластика од постар објект употребена во поновиот како градежен материјал (снимено од југо-исток)




Г10. Видни површини од објектот, кои во источниот дел се во градежна техника на варов малтер и делкан камен, додека во западниот дел кадешто имаме појава на мали простории, истите се градени во градежна техника на камен и кал




Г11. Слој со остатоци од фрески каде се насетуваат флорални мотиви.




Г12. Фрагменти од видно сликарство.




Г.13. Под подот откриен sид во должина од 1м., а со ширина од 0.5 м.




Г14. Изработена основа со нумерирани простории, видни партии и сонди на конгломератот од градби со различен временски период.




Г15. Основен модул кои рационално го изрзува правоаголникот од шема 1.




Г16. Во шема-прилог 2, претставена модуларната мрежа на Цивилната базилика.



Г.17. Во шема прилог 3, дадена е предпоставка колку и каде би стоеле столбовите на стилобатните ѕидови.




Г.18. Шема – прилог 4, се однесува на решавањето на апсидата, каде со дијагоналата на коработ се формира правоаголник ABCD кои ја опфаќа и апсидата.



Г19. Источен периметрален sид со апсида, темелниот sид е проширен за околу 0,50 м. од надворешна страна, така што вкупната дебелина изнесува 1. 30м.




Г20. Темели од базиликата на длабочина од 2.80 м. од нивото на површината.



Г21. Детектирана влезна партија кај северниот периметрален ѕид од северниот кораб.




Г22. Видни партии од пост урбан период во западниот дел на базиликата.




Г23. Архитектонски остатоци од различен временски период.



Г24. Состојба пред одпочнување на конзерваторските активности на северниот ѕид од сверниот брод на базиликата.




Г25. Состојба по извршени конзерваторски активности на крунатa на северниот ѕид на базиликата.



Г26. Состојба по извршени конзерваторски активности на круната на јужниот ѕид на базиликата.






Г27: а, б. Подготвена контакт површина и конзерваторски интервенции на апсидалниот дел од базиликата.




Г28. Јужен периметрален ѕид на базиликата, негова внатрешна страна, изглед на состојба по отстранети дерутирани ѕидни површини.




Г29. Конзервирани видни површини во источниот дел на базиликата.

ШЕСТА ГЛАВА


СИНАГОГА БАЗИЛИКА, СТОБИ



Д1. План на Стоби




Д2. Основа на Синагога базилика со поставени сонди и пресеци



Д2а. Основа на Синагога базилика со поставени сонди и прикажани површини со мозаик




Д3. Внатрешен простор на базиликата со дадените димензии е рационално поделен на два дела, така што на југоисточниот дел му припаѓа приближно идеална половина, а додека вториот дел т. е. северозападниот, е со нееднаква поделеност



Д3а. Пресек на југозападното крило на базиликата.



Д4. Изглед на наосот и неговите кораби по извршени археолошко-конзерваторски интервенции, каде што е видлива вообичаена поделба на корабите со нагласени стилобатни sидови



Д5. Изглед на нартекс кој се наоѓа во централниот дел на базиликата, а по неговата надолжна страна, истиот во распонот се поклопува со трите кораби




Д6. Северозападна страна на базиликата на која се наоѓа атриумот кој е со перистилно решение




Д7. Централен влез на базиликата, кој се наоѓа во средината на североисточниот периметрален ѕид




Д8. Изглед на западен агол од југозападниот ѕид на Синагога базилика и западен агол од северозападниот ѕидот на Полихармосовата палата, видлива позиција на нивно раздвојување со нагласена вертикална фуга



Д9. Профил на земјени слоеви во централниот дел на базиликата каде се поставени две сонди бр. 1 и 2, во тој дел откриени се постари архитектонски остатоци од хоризонтот на базиликата



Д10. Детал на мозаик од централниот дел на базиликата со изразени слободни геометриски форми, во делот на структурата, истиот е комбиниран со два вида на тесери




Д11. Централен главен влез на перистилот кој се наоѓа на југоисточната страна, со извршени преградувања од различен временски период



Д11а. Во подоцнежен период централниот влез на перистилот бил дозидан со довратни ѕидови, со што бил намален неговиот обем.



Д12. Sидна преграда во западниот дел на северозападниот коридор од перистилот, за кој се мислело дека ја затвара комуникацијата со Полихармосовата палата




Д13. Северозападен циркуларен коридор од перистилот на базиликата




Д14. Североисточен периметрален ѕид на базиликата кој во неговиот северен агол има влезна партија, која со по две скалила се симнува во просторот на северозападниот циркуларен коридор на перистилот




Д15. Југозападен ѕид на базиликата кој е слепен до североисточниот ѕид на Полихармосовата палата, врз основ на оваа позиција постои теза дека двете градби конструктивно биле поврзани меѓу себе



Д16. Влезната партија во централниот дел на југоисточниот коридор е решена со два влеза кои се во директна врска со нартексот на базиликата




Д17. Sидна партија со правец југоисток-северозапад, пласирана во продолжение на јужниот sид на перистилот, пресечена со изградба на југоисточниот sид на југоисточниот коридор, како и со изградбата на северозападниот sид на нартексот на базилика II, представува остаток од предходно решение на перистилот на базилика I



Д18. Југозападен коридор на перистилот, со изглед на југозападната страна која ја сочинуваат две простории



Д19. Западна просторија на југозападниот коридор на перистилот, која е со стилобатно решение на нејзиниот источен ѕид



Д19а. Изглед на југоисточна просторија бр. 1, која преку нејзиниот влез директно комуницира со нартексот на базиликата



Д20. Изглед на североисточен коридор чија што североисточна страна претставува североисточен периметрален ѕид на базиликата




Д21. Југозападен ѕид на североисточен коридор со влезна партија во централниот дел на перистилот



Д22. Изглед на писцината во перистилот на базиликата со поставени две архитравни греди од црвенкаст мермер




Д23. Југозападен ѕид на базиликата подигнат во втората фаза, истиот нема директна комуникација со Полихармосовата палата




Д24. Влезовите во наосот на базиликата се со иста димензија, со таа разлика што централниот влез има довратници, од кои е сочуван само левиот




Д25. Изглед на наосот со страничните кораби кај кои е извршена поделба со стилобатни ѕидови, изведени во дебелина од 1 м.



Д26. Изглед на поставените бази во корабите на базиликата, кои се со кружна форма



а) квадратна форма




б) полигонална форма

Д26а. Изглед на базите кои се со квадратна и полигонална форма, поставени на стилобатните ѕидови од базиликата




Д27. Изглед на базите во интерколумниите на стилобатните ѕидови на базиликата, кои се изработени од делкан камен во комбинација со варов малтер, истите се надѕидани со истиот камен, но, во комбинација со кал




Д27а. Графички приказ на остатоци на ѕидарија од тула, кои припаѓаат на арката во северозападниот агол на наосот




Д28. Изглед на централниот простор кој на југоисток завршува со апсидално решение




Д29. Графички приказ на архитектонска пластика, пронајдена во пред олтарниот простор на базиликата




Д30. Мозаична техника на opus sektile, изработен со неправилна слободна форма




Д31. Сонда бр. III е поставена во источната просторија на Полихармосовата палата




Д32. Крстовиден реликвијар (ossarium sanctum), се наоѓа во просторот помеѓу апсидата и олтарната преграда




Д33. Столбови со капители кои имаат стилизирани акантуси, со нешто повеќе оштри рабови, имаат седум лобуси и сместени се во два реда, градејќи ја на тој начин површината на капителот




Д34. Детали од прозорска пластика, пронајдена источно до самата апсида




Д35. Прозорска пластика – меноа, пронајдени до апсидата



Д36. Изглед на изведено стеснување на северниот влез од базиликата



Д37. Југоисточен стилобатен ѕид на базиликата, кој е ѕидан во градежна техника на камен со кал, во висина до три реда на камен




Д38. Предлог за презентација на мозаикот во централниот кораб на базиликата




Д39. Изглед на подната конструкција на базенот од последната протогена фаза на базенот




Д40. Подот во нартексот е изведен од тули во последната протогена фаза на ранохристијанската базиликата од доцниот V век




Д41. Приказ на sидните платна од I фаза на урбаниот хоризонт на Синагога - базилика



Д42. Приказ на sидните платна од II фаза на урбаниот хоризонт на Синагога - базилика



Д43. Приказ на sидните платна од III фаза на урбаниот хоризонт на Синагога - базилика



Д44. Приказ на sидните платна од IV фаза на урбаниот хоризонт на Синагога - базилика




Д45. Извршена конзервација на источната фасада на базиликата, каде имаме темелна конзервација со превез од четири реда на тули




Д46. Состојба на ново изработените тули по 20 години од нивното поставување во североисточниот кораб



Д46а.Состојба по извршени конзерваторски интервенции во југозападниот кораб на базиликата



Д47. Мермерна плоча со кружна форма на која е испишан текст со старогрчки букви, пронајдена во југозападниот коридор, по отстранување на подните плочи и тули.




Д48. Фрагменти од керамички садови на домашна керамика со различен тип, карактеристична за IV век од н.е.




Д49. Одпочнат процес на конзерваторски интервенции во североисточниот кораб на базиликата со поставување на бетонска подлога, која има за цел да го носи теретот на подниот опус (смешан спикатум), составен од камени и мермерни плочи со тула.




Д50. Одпочнат процес на конзерваторски интервенции во централниот дел на апсидата, при што предходно е извршено одстранување на дерутираните позиции од ѕидната маса.




Д51. Реализирани конзерваторски позиции



Д52. Реализирани конзерваторски позиции



Д53. Реализирани конзерваторски позиции




Д54. Реализирани конзерваторски позиции

СЕДМА ГЛАВА

ВИНИЧКО КАЛЕ, ВИНИЦА




Ѓ1. Графички приказ на платото на археолошкиот локалитет „Виничко Кале“ - Виница




Ѓ2. Изглед од птичја перспектива на доцноантичкото утврдување кое е со неправилен издолжен облик и вкупна површина од 2.5 хектари




Ѓ3. Теракотни релјефни плочи од ранохристијанскиот период



Ѓ4. Графички приказ на остатоци од ѕидни партии на објекти и поедини делови од бедемско платно откриени во периодот 1985 - 87 год., конзервирани во 1997 год.



Ѓ4а. Приказ на бедемската платна од I и II фаза, со правец на протегање с/з - ј/и, источен сектор на утврдувањето



Ѓ5. Дел од профаните објекти во источниот сектор со приказ на сочувани видни партии во височина до 1.50 м




Ѓ6. Дел од економските простории, кои се наоѓаат во источниот сектор на утврдувањето (прва градежна фаза)



Ѓ7. Профани објекти во југозападниот сектор на калето, каде е истражувано до здравица.Висината на sидните партии достигнува до3.50 м



Ѓ8. Источен дел на бедемското платно со потковичеста кула, кое во периодот на VI век од н.е., е дополнително зајакнато со уште еден, слепен до него




Ѓ9. Изглед на малиот сакрален објект сместен во западниот дел на утврдувањето, датиран кон крајот на XI и почетокот на XII век




Ѓ10. Изглед на ѕидната маса од темелните партии на јужната кула, кои се сочувани во негатив




Ѓ10а. Изглед на јужната кула со приказ на двете нејзини градежни фази



Ѓ11. Изглед на влезна партија од источната страна на трикорабната базилика




Ѓ11а. Основа на трикорабна базилика со можни решенија на sидните партии




Ѓ12 .Керамички наоди од класичниот антички период, датирани во доцниот IV век пред н.е.




Ѓ13. Состојба по извршени археолошки истражувања на цистерна, лоцирана во централниот сектор на утврдувањето.Има правоаголна форма, а внатрешноста е обложена со хоросан малтер



Ѓ14. Ѕидни површини од I и Ia градежна фаза на утврдувањето




Ѓ15. Када лоцирана во источниот сектор на утврдувањето која временски кореспондира со I градежна фаза од бедемското платно




Ѓ16. Цистерна за вода во централниот дел на утврдувањето, внатрешниот дел е обложен со хоросан малтер



Ѓ17. Изглед на откриени контрафори во источниот дел на бедемското платно по извршени археолошко-конзерваторски истражувања




Ѓ17а. Денешен изглед на контрафорите во источниот дел од бедемското платно (Iа градежна фаза)



Ѓ18. Видни површини од II-та градежна фаза на утврдувањето




Ѓ19. Објект со апсидално решение кој на јужната страна има правоаголна просторија (крипта) која е слепена со апсидата




Ѓ20. Видни површини од IIIа и IIIб градежна фаза на утврдувањто




Ѓ21. Еднокорабна црква лоцирана во западниот сектор, според истражувачите го претставува средниот век на утврдувањето



Ѓ21а. Основа на еднокорабна црква лоцирана во западниот сектор на утврдувањето




Ѓ22. Состојба на западното бедемско платно по извршени археолошки ископувања




ИЗГЛЕД НА БЕДЕМ СО КОНСТРУКТИВНИ ЗАЈАКНУВАЊА


Ѓ23. Изглед на основа на бедемско платно со приказ на конструктивни зајакнувања во северниот дел.



Ѓ24. Приказ на детал на армирано бетонско платно на аголен столб




Ѓ25. Изглед на детал од столб на бедемско платно со приказ на темелна стопа и темелна греда даден врз основа на изработка на Проект за конзерваторско-реставраторски работи




ОСНОВА НА БЕДЕМ СО КОНСТРУКТИВНИ ЗАЈАКНУВАЊА


Ѓ26. Изглед на основа на бедемско платно со приказ на конструктивни зајакнувања во источниот дел



Ѓ27. Извршени конзерваторски интервенции со два до три реда камен над стабилизираната состојба од sидните платна на економските простории, кои се наоѓаат во источниот дел на утврдувањето



Ѓ28. Извршени конзерваторски зафати на апсидата и источните видни партии од трикорабната базилика



Ѓ29. Прикажана основа на просторот ограден со ѕидовите 6,8 и 9 во источниот сектор од истражениот простор




Ѓ30. Смесата за фугирање која беше употребена во завршниот конзерваторски процес се покажа како многу ефикасна, бидејќи со употреба на адитивите се доби поголема пластичност и издржливоаст на малтерот



Ѓ31. Преземени мерки на заштита на лакот од префурниумот




Ѓ31а. Извршена реконструкција пред влезот на бањата со конзерваторски зафати на лакот од префурниумот




Ѓ32. Изглед на состојба на префурниум пред извршена конзервација и изглед по извршена конзервација и делумна реконструкција



Ѓ33. Дел од објектот за сместување на војска, лоциран во југозападниот дел на утврдувањето



Ѓ34. Извршена конзервација на када покрај бедемското платно, каде за прв пат по реализираните активности е употребен „Фасил“ како дополнителен зацврстувач на водонепропустливиот материјал



Ѓ35. Изглед на пресек на потковичестата кула со приказ на нејзината постојна состојба



Ѓ35а. Извршени конзерваторски зафати на потковичестата кула со надѕидување во висина до 1.50 м



Ѓ36. Изглед на изведен широк откоп на земја во длабочина до 1 м со правец кон северната страна на бедемското платно




Ѓ37. Извршени конзерваторски интервенции на источната кула со приказ на двете градежни фази




Ѓ38. Изглед на издлабена вештачка фоса која се наоѓа на јужниот дел од утврдувањето

ОСМА ГЛАВА


ЦРКВИШТЕ, МОРОДВИС




Е1. Карта на Република Македонија, Брегалнички Регион



Е2. Остатоци од писцината (базенот) на ранохристијанската базилика (објект 3) која служела за покрстување




Е3. План на делумно откриениот комплекс цркви во Мородвиз
(според К. Трајковски)



Е3а. Основи на трите цркви со дадени димензии во кроки изведба




Е4. Опус на ѕидарија кај сакралниот објект бр. I, кој е во градежна техника на opus klauzone



Е5. Изглед на опус на ѕидарија кај ранохристијанската базилика, градена во техника на opus mixtum




Е6. Средновековна некропола со гробови од типот на камени цисти, со четири нивоа на погребување




Е7. Извршена превентивна заштита со поставување ограда со која е обезбедено јадрото на локалитетот




Е8. Изглед на источниот дел од епископската црква по извршени археолошки истражувања, датирана во XI веки со најголеми димензии во комплексот




Е9. Изглед на внатрешен простор на рановизантиската засведена гробница, по извршени археолошки истражувања




Е9а; 9б. Пл. 2 и 3, дел од внатрешноста на ранохристијанската гробница




Е10. Јужен влез на црквата бр. 1, т.е. најмладиот објект од сакралниот комплекс на цркви




Е11. Изглед на северниот периметрален ѕид на црква бр. 2, снимено од запад




Е12. Изглед на архитектонски остатоци од повеќе урбани фази, кои имале различни решенија кај влезните партии во нартексот и егзонартексот




Е13. Ѕидни партии од постар објект и дел од архитектонски остатоци од ранохристијанска базилика, како и основа од засводена ранохристијанска гробница, датирани во периодот V - VI век




Е14. Основа на епископска црква датирана во XI - XII век, која е од II урбан хоризонт на комплексот цркви



Е15. Основа на крстообразна црква датирана во XIII - XIV векkоја ја претставува III -та урбана фаза на комплексот цркви




Е16. Изглед на конзервиран и делумно реконструиран олтарен простор од епископската црква



Е17. Изведени конзерваторски интервенции на круните на sидните платна од откриените објекти на црковниот комплекс




Е18. Декоративна подна тула




Е19. Дел од конзервиранато западно ѕидно платно на епископската црква


ЛОКАЛИТЕТ-ЦРКВИШТЕ
МОРОДВИС



Е20. Предлог решение на основите на комплексот цркви, даден според состојбата на теренот и по извршените анализи од археолошко-конзерваторските истражувања




Е21. Архитектонска пластика од комплексот цркви пронајдена во пониските слоеви (според К. Трајковски)



Е22. Остатоци на архитектонска пластика од комплексот цркви, керамопластично чанче, декоративна тула, покривни керамиди и градежна тула (според К. Трајковски)


ДЕВЕТА ГЛАВА

ИСАР, МАРВИНЦИ




Ж1. План од археолошкиот локалитет „Исар“ с. Марвинци (според И. Микулчиќ)

ЛОКАЛИТЕТ ИСАР - МАРВИНЦИ




Ж2. Сектор - I, Храм и палата; Сектор - II, Акропола; Сектор - III, јужна некропола




Ж3. Изглед на профил Iод сектор I, со приказ на културни слоеви истражени до здрава земја

ИСАР - МАРВИНЦИ
СЕКТОР I - ПРОФИЛИ 1 И 2

ПРОФИЛ 2




Ж4. Изглед на профил IIод секторI, со приказ на културни слоеви истражени до здрава земја



Ж5. Поглед од акрополата кон некрополата „Лисичин Дол“, датирана во железно време (VII - VI пред н.е.)



Ж5а. Откриени гробни конструкции од некрополата „Лисичин Дол“




Ж6. Изглед на некрополата „Јанкови лозја“, пред отпочнување на археолошките истражувања




Ж6а. Откриени гробни конструкции од некрополата „Јанкови лозја“ или„Јанкова Чешма“, железно време (VII - VI век предн.е.)


ИСАР - Марвинци




Ж7. Сектор I од истражениот простор на акрополата, со основи на откриените градби и бедемското платно со градската порта



Ж7а. Изглед на североисточното бедемско платно со градска порта, конзервирани 1972 год.



Ж8. Северозападен бедем на акрополата (ширина 1.70 м)




1. Североисточен бедем на утврдувањето
2. Изведено зајакнување на североисточниот бедем во форма на забци
3. Градска порта на акрополата
4. Пагански храм
5. Градба работно наречена „Принципала“
6. Одводен канал
7. Јавна градба која е во јужниот дел на Сектор I
8. Цистерна
9. Подземен премин
10. Северна кула


10а. Источна кула

11. Југоисточен бедем


Ж9. Основен план на акрополата изработен заклучно со последните археолошки истражувања во 2016 год.



Ж10. Јавна градба лоцирана во јужниот дел на Сектор I од акрополата



Ж11. Изглед на североисточното бедемско платно со централен влез (градска порта) во акрополата, снимено од запад




Ж11а. Изглед на бедемско платно градено од делумно обработен речен камен во комбинација со варов малтер (градежна техника opus incertum). Внатрешноста е исполнета со средно дробени камења (opus caementicum)




Ж12. Правец на протегање на југоисточниот бедем, снимено од северозапад




Ж13. Натпис врежан во архитравот на хармот од кој дознаваме дека истиот е подигнат од еден македонијарх кој го посветил на својата татковина. Во позадина - реконструкција на скалилата на храмот




Ж13а. Основа на откриениот храм (тип prostilos), со постојната состојба на архитравните елементи (според В. Лилчиќ)




Ж14. Изглед на влезната партија во наосот која ја карактеризира масивен праг, широк 2 м, кој се состои од два бели камени блока, на средината поврзани со спојници




Ж.14а. Изглед на југозападен ѕид од храмот каде, од надворешната страна, се употребени делкани камени блокови со правоаголна форма, додека во внатрешноста е употребена техника на implektum, со вметнување на необработен камен без малтерно соединение




Ж15. Аголното зајакнување во наосот, изградено само од тули на тој начин што појасите од по четири реда тули се градени скалесто



Ж16. Изглед на позиционирани столбци во делот меѓу цистерната и подземниот премин, изградени од печена тула (opus testaceum), за кои со сигурност е констатирано дека не се архитектонски детаљ од цистерната




Ж16 а. Просторија со sидни платна градени во различен опус




Ж17. Графички приказ на најстариот хоризонт на акрополата откриен во Кв. 7А, 8А и 8Б




Ж18. Изглед на североисточниот ѕид на објектот „Јавна Градба“, кој е со видливи елементи од најстарата градежна фаза, застапена со столбци изведени од печени тули кои во горниот дел завршуваат со арки




Ж19. Графички приказ на внатрешната и надворешната страна од североисточното ѕидно платно на објектот „Јавна Градба“




Ж20. Изглед на североисточното бедемско платно со централен влез на акрополата, кои се од периодот на I-таградежна фазана акрополата




Ж21. Прва градежна фаза од урбаниот развој на акрополата




Ж22. Втора градежна фаза од урбаниот развој на акрополата




Ж23. Трета градежна фаза од урбаниот развој на акрополата



Ж24. Реконструкција на храмот (според И. Микулчиќ)




Ж25. Приказ на архитектонска пластика од храмот (според В. Лилчиќ)




Ж26. Графички приказ на реконструкција на челниот и бочниот изглед на храмот,


(според В. Лилчиќ)




Ж27. Процес на конзерваторски интервенции на западниот периметрален ѕид на храмот



Ж27а. Извршена конзервација на западниот периметрален ѕид од храмот



Ж28. Изглед на дел од североисточното бедемско платно, позиција со консолидирана состојба пред отпочнување на конзерваторските интервенции




Ж29. Позиција на конзервирани испусти (запци) од внатрешната страна на североисточното бедемско платно

ДЕСЕТТА ГЛАВА
СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН-БОРЧЕ, НИКИФОРОВО




31. Остатоци на апсидални и странични ѕидни пртии од објект бр. 1, со централна влезна партија и рудементирани столбови и со плоча која има улога на чесна трпеза




32. Остатоци на видни партии од постари градби во централниот и западниот дел на археолошкиот локалитет




33. Остатоци на видни партии на апсиди од двете постари градби



ПРЕСЕК 1-1 М=1:50



ИСТОЧЕН ИЗГЛЕД



ЗАПАДЕН ИЗГЛЕД
М=1:50

34. Изглед и пресек на постојна состојба од источниот дел на најмладата градба, датирана во XVII век




35. Изглед на апсидата од малата црква (објект 3) која во долниот дел е полукружна, додека во горниот дел е тристрана




36. Источен дел на црква (објект бр. 3), со апсидална конха и вдлабени ниши на проскомидија и ѓаконикон, кои на горната страна имаат полукружен профилиран каменов завршеток




37. Изглед на дел од ѕидно платно на објект 2, градено со употреба на еден ред правоаголен обработен камен бигор и еден ред тула, поставена во хоризонтална положба помеѓу блоковите од бигор




38. Изглед на остаток на ѕид од јужна фасада на објектот бр. 1, граден во градежна техника на опус клаузоне




39. Изглед на две големи подни плочи во пределот на олтарот




310. Графички приказ на основа на објект 2 (датиран во V - VIвек), со дел на претпоставените ѕидни партии и апсидата




311. Графички приказ на основа на објект 1 (датиран во XII – XIII век), со предпоставена површина на апсидалниот дел




312. Графички приказ на основа на објект 3 (датиран во XVII век)



313. Изглед на пресек на постојна состојба на јужната и северната фасада од најмладата градба, датирана во XVII век



314. Извршен реставраторски зафат на најмладата црква од XVII век




314а. Внатрешна страна на јужен ѕид на нартексот од објект бр. 1, по извршено пломбирање на дел од неговата површина



315. Јужен ѕид од наосот на ранохристијанската базилика, по извршени отстранувања на дерутираните делови и припрема за конзервација



316. Северен ѕид на објект бр. 1, по извршени конзерваторско - реставраторски интервенции




317. Југозападен дел на тремот, столбец од објект 1 во тек на конзерваторско - реставраторски интервенции




318. Западна половина на северен ѕид од објект 1, во тек на конзерваторско-реставраторски интервенции на северниот ѕид од објект 2 и столпците во западниот дел од истиот објект




319. Изглед на состојба кадешто оригиналниот дел на црквичето е издвоен од реконструираниот со поставување на оловна лента




320. Изглед на реконструираната црква од XVIIвек, со слепа ниша над западниот влез каде е поставен мозаик со претстава на св. Пантелејмон, патрон на црквата



321. Графички приказ на основа на столпци, изградени во западниот дел на објект 1, кои формираат трибелон од тремот на црквата




321 а. Графички приказ на изглед на конзервирани sидни платна на столпци од западниот дел на објект 1 (внатрешна страна), со изведено надsидување од два до три реда со блокови од бигор



322. Конзерваторски процес на еден од столпците од објект 1, каде е применето исполнување на внатрешноста со речен камен помешан со продолжен малтер и крупнозрнест песок



323. Изглед на јужен периметрален ѕид од објект 1 со извршена демонтажа на горниот ред дерутирани редови на камен и подготовка на неговата контакт површина за конзерваторска интервенција



324. Изглед на остаток на ѕид од јужна фасада на објектот - лево од влезот на објектот датиран од XII-XIII век